Стојан Кочов

НОВЕЛА ЗА ТАЛКАЧИТЕ



Стојан Кочов

НОВЕЛА ЗА ТАЛКАЧИТЕ

Издавач
ПАНИЛИ
Скопје, Република Македонија
тел: 02 2321 138; 3230 358
http://www.knizarskosokace.mk

За издавачот
Никола Павлески, директор

Главен уредник
Раде Силјан

Ликовен уредник
Кочо Фиданоски

Лектура и компјутерска подготовка
Зорица Велкова

Електронска реализација
Методија Николовски

Печат
Графостил
Скопје
2017

Тираж
500

Изданието е финансиски помогнато од
Министерството за култура на Република Македонија

Стојан Кочов

НОВЕЛА ЗА ТАЛКАЧИТЕ

ПРОГОН НИЗ ГОЛЕМИОТ ПОЖАР

ВОВЕД

ЗА ПУСТИНАТА КОЈА СЕГА ВЛАДЕЕ ВО РОДНИОТ ЕГЕЈ И ЗА ИЗГУБЕНИТЕ ИЛУЗИИ НА ТАЛКАЧИТЕ НИЗ ВИОРОТ НА СУДБИНАТА ВО ГОДИНИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945 – 1949), КОГА ОГНОВИ ПАЃАА ОД ВИСИНАТА НА ОБЛАЦИТЕ

СКОПЈЕ, 2017

МОТИВОТ ЗА ДА СЕ НАПИШЕ КНИГАВА СЕ РОДИ УШТЕ ОДАМНА, ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

Почнав во 1951 година во Ташкент, но НОВЕЛАТА не ја довршив. Останав замаен со мислите. Тукy речи до длабока старост. До ден-денес се прашyвам! Истото прашање мy го поставив на Павле Раковски:

– *Што нè натера да го завештиме животош!?*

Но принyдно и масовно тоа го сторија сите Македонци под Грција, токмy во Граѓанската војна (1945 – 1949) г., токмy под агитација на организациите НОФ, АФЖ И НОМС.

Ми се чини оттогаш останав без јасен одговор. Сè до денес барам одговор на таквиот лажен идеолошки масовен потфат.

Надежта дефинитивно не е исто што и оптимизмот.

Неизбледени останаа и сеќавањата за моите соборци и клетвата за Македонија. Ме печат сеќавањата и изгубената крв.

Изгубена низ смртоносните акции – ***Низ кои нè водеа идеолошките активисти,*** низ црвеното губилиште, – сè до пеколот...

До ден-денес ми ги будат дамарите. Осаменоста настапува во оној миг кога не можам да зборувам со луѓето за нештата што ни беа и останаа важни.

СТОЈАН КОЧОВ

Од истакнат национален борец
до жртва на комунистичкиот режим.

Книгава ја посветувам на:
Павле Раковски-Гоце

син на Мара и Мијаиле кој по смртта не доби свој гроб во својата татковина Македонија затоа што не ги прифати лагите на своите соборци-поданици.
Рехабилитација доби по смртта.
Неговата лична приказна е доста необична и интересна: од селско дете воловарче, стигнал до политички робијаш во логорите на Берија–Сталин во Сибир...
Како?
Последиците стануваат јасни и разбирливи само со добро познавање на причината. Досега не било можно неговите постапки да станат јасни и разбирливи, без расветлување на политиката што го предизвика да стане „македонски националист“ и робијаш во Сибир.

ПОКОРУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИДЕОЛОШКИ ПРОПАГАНДИСТИ. ВО ТОА ВРЕМЕ НЕЗНАЕЊЕТО БЕШЕ НЕВИДЛИВА СИЛА НА ПОТЧИНЕТОСТ ПОД НЕЧИЈ ВЛАДЕТЕЛ НА ЦРВЕН ДВОР, А ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ НАРОД СЕ ОПРАВДУВАА СО ИЗРЕКАТА „ТАКА Е РЕШЕНО ОД ГОРЕ“
(Сите тајни акции на идеолошкиот активизам што се случија во едно време на лаги (1945 – 1949) над македонскиот човек од страна на македонските организации НОФ и АФЖ преку идеолошката демократија собрани на едно место)

„Прогонетиот е подобар, од гонителот“ Барух де Спиноза

ГЛАВА ПРВА

ТАЛКАЧИТЕ СЕ ВРАЌААТ НА КОРЕНИТЕ

Автомобил–комбе подзастана пред големата железна порта. Набрзо ја отвори службеник, кој се поздрави само со возачот. До целта стигна веднаш, возејќи забрзано преку една уличка и застана точно меѓу две бараки. Во дворот бесцелно шеткаа мажи и жени со разновидна облека: руска, полска, чешка и унгарска, и кога ги видоа новодојдените, повеќето од нив се стрчаа кон возилото, а неколкумина останаа на плочникот да се расправаат за националниот развој на Унгарците во заткарпатскиот дел, под романска власт. Домарот на прифатилиштето стоеше пред влезот број три, со врзоп клучеви, и чекаше. Новодојдените слегуваа со куфери и разни торби, маж кој вешто држеше во забите „папироска“, облечен во азијатска топлогрејка и бујна руска форашка, а по него беа две жени со дете што одеше со војнички чекор. Возачот сврте со автомобилот и си замина намигнувајќи му на детето. Низ ходникот се слушаше само одот на домарот кој носеше тешки потковици. Тој им подаде клуч од собата тринаесет; соба со асиметрична положба и пет кревети, мијалник и оштрбено огледало.

Домарот, кога оцени дека Добрин Сувогорски е глава на семејството, му подаде список да потпише и да ја прими состојбата во собата. Им покажа во која просторија се дели храна и им го кажа времето што беше определно во согласност со режимот на прифатилиштето. Откога излезе овој, секој по своја желба седна; креветите се затресоа и почнаа да крцкаат, а еден кревет остана празен. Румена Сувогорска, пред да седне, здогледа по чаршавите дамки од мрсни капки, а на секое ќоше од чаршавите и перниците имаше печат, втиснат од

управата. Штиците на подот беа намачкани со црно изгорено масло, чешмата капеше, закачалката беше на самата врата. Над вратата стоеше закачен изразито робусен звучник, малку накривен од кој се слушаше тивка музика. Румена го сврте погледот кон таванот и се загледа во светилката од која, чиниш со мака, излегува светлина, цинично се потсмевнува и гледа во Добрина.

Прифатилиштата насекаде се исти! Десет години талкаме од едно во друго... Туѓи чаршафи, кревети расклатени од бес, излигавени перници и заеднички нужници. Мирисам на туѓа мочка. До кога? – му се обрати на Добрина.

– До кога ќе чекам пред вратата на колективен нужник? Не дочекувам да излезе испостраната, па јас да клекнам. Преку трулите штици да слушам машко шуркање, или некој мене да ме слуша како се пнијам...

– Детето ми мириса на дезинфекција, на хлор и на дидитиви, – стана бесна и отиде кон огледалото над мијалникот. Се чешлаше и постојано зборуваше. – Го хранам со лажици од кои јаделе луѓе заразени од сите видови болести, разни идиоти. Погледни го! – му се сврти на Добрина. – Ми личи на агитатор. Дури и неговите екстремитети ја загубиле симетријата. Не знае да заигра, се врти околу нас, смрдливците. Навикна и тоа да прислушкува и да шепоти во доверба „само тебе“... чиниш илегалец е. А, што да речам што цели десет години ме следат погледите на сенилни старци? Понекогаш полни со злоба, затоа што станале немоќни, – иронично се смее, префрлувајќи ја долгата коса преку рамото на Добрина предупредувачки – ми се здодеа од шалтерите и чекалните. Молби, таксени марки, изјави и докажувања. Десет крштелни имам со различни датуми. Кое е точно!? – се смее на глас. Првото, во кое нè заведоа со презир и туѓо име? Во другото само датумите се грешни.

Добрин тргна кон неа и подвикна: – Зошто толку сакаш да ме разубедиш?

– Знам, има луѓе со две лица, едното за жената, другото за другите луѓе. Јас не сум виновен што револуцијата создава и такви. Знам, и сега жените не се создадени за да бидат разбирливи, туку да бидат љубезни, гулабице моја!

Мајка ѝ ја гледаше Румена како се чешла пред огледалото, ѝ се доближи со нежност и ја погали по лицето.

– Румено, мајкина, иако си минала низ маки, имаш убава лика, – ѝ рече мајка ѝ Петра, која веќе со нив беше уште од петтото по ред прифатилиште. Румена, чиниш небаре доби полет, се сврте детински: – Ах, мори мамо! Ако Добрин имаше малку љуов за мене како што се фалеше кога ме зеде, јас не ќе имав време да се исчешлам. – Хм, каде би била мојата моќ, кога не би постоела машка револуционерна вообразеност? Тие, таквите, кога ќе дојдат на власт, стануваат префинети егоисти. Мамо, жената која повеќе не е сакана, треба да прави сè само да не плаче, нели сум жена на револуционер? Тој знае да ме убеди дека секаков раскош го расипува човекот. Убедувањата му биле такви. Така бил задоен како револуционер – одмавна со главата и чешлето ѝ падна. Добрин сега сè повеќе молчеше. Не ги слушаше луѓето и во разговор не се мешаше, па затоа и за него сè помалку знаеја. Се чувствуваше виновен за неуспехот, но сега, слушајќи ја Румена нестрпливо изговори: – Јас само ти предложив, а ти имаше право да си бираш маж. Румена, чиниш одвај чекаше, веднаш се одѕва, но сега како и таа да носеше некаква вина: – Ете, те избрав. Си бил убав, си бил големец, а сега и јас имам толку право на радост и среќа, колку што тебе ти признаваат другите... И што ни останува како што велиш „Вистината ќе победи“. Но, не губи надеж дека лагата и клеветата можат да навратат и тука, и тука мој Добрине! Ти, Добрине, си одлежал осум години во логорите. Гледаш, животот ни мина само во сурова борба, во талкање и искуство – разлутено ја притегна славината што постојано капеше и со видна гримаса на очај ја тресеше рака-та.

– Сега очекувај да ни минат во сеќавање прифатилиштата и логорите, а ги има доста миличок, само присети се на: Елбасан, Бурели, Варшава, Вроцлав, Згордзелец, Љубљанка*, Бутирка*, Лефортово*, Краснојарск, Иркуцка, Варкута, Алма Ата, Ташкент, Крајова и уште ли? За нас правдата задоцнила. – Јас имам такво чувство.

Добрин сакаше да ѝ пристапи, но остана како стаписан.

– Ти сигурно очекуваше пречек каков што им следува на ослободители? Па, што ако сум пречекан како обичен? Сакам да сум ослободен од сечија милост. Милоста за мене е понижување, човек ни самиот себе си не смее да си доделува милост. Тогаш се чувствува како заробеник.

– Ти мислиш од тебе зависеше пречекот, мој Добрине? Не, не од тебе, туку од други зависиш за таквата твоја несакана милост. Тоа требаше да го кажеш.

– Јас бев војник и му служев на својот народ ако сега е прерано да ми се признае, тогаш што? Но, ти со својот песимизам, знај еднаш засекогаш дека не можеш да ме очаеш. А јас, навистина не можам да најдам начин ти повеќе да ме сакаш. Ти гледаш дека сега сум ништо... И навистина ти толку многу сонуваше што сега сè помалку почна да веруваш во мене, – се врати до креветот и легна да дремне. Ја спушти капата на очи и процеди низ заби:

– Доста!

– Јас ќерко, кон татко ти имав право да ја извршувам својата должност. Ти не личиш на мене, кога страдав за татко ти бев среќна. Сега штом ќе се вратам во Лерин ќе му раскажам. Татко ти на грчките острови животот го мина. Што треба јас да барам од него? И знај дека мажот гледа подалку, – ѝ рече мајка ѝ Петра Прстенарова.

– Јас тоа го правев десет години по овие прифатилишта. Ме ставаа на должност како што бараа другите. Сакам да бидам жена! Тоа веќе не е моја должност што сакаат другите!

---

* Комплекс од затворите во Москва.

Румена нервозно средуваше, вадеше од куферите, преместуваше и речиси сите придремуваа, а таа понекогаш очајно фрлаше поглед по ѕидовите, ги гледаше разните гребнатинки, шари, потписи, кој од кај дошол и отишол, а мислите не ѝ сопираа:

„Ох каде и да погледнам, каде и да ги вперам моите очи и мисли, никаде не ме очекува радост. Смрди на гнила истрошеност, сѐ е старо, сиво...

Нешто ми ги задушува чувствата. Длабока опасна безволност ме води сѐ до гнасниот пекол на очајот и чувствувам празнење на срцето, а јас сум жена што треба да го живееее времето во надеж, оти сум жена на револуционер, а сега веќе него го сметаат за излитен пустеник... Прифатилишта! Секаде се исти. Ист мирис, сѐ е исто, и домарот и звукот на чиниите, музиката обилува од маршеви, а син ми слушајќи ја си го загуби својот природен од... Ќе рече ли Бог да опуститe! Ох, не, луда ли сум што зборувам, син ми е роден во нив. Не, тој ги сака“.

Сево ова време, телото на Румена собираше накаква вознемиреност. Немаше маса ни телефон.

Се доближи до прозорецот, потоа фрли поглед над наткасната, ја зеде в раце тетратката во која Добрин водеше разни белешки.

„Словените нѐ оставија на мртва стража
чекаме фрлени во заборав
ушите од пред Самоила живееме
во грчот на времето што лачи злоба ...“

Вичо, 1947 год.

Превртe неколку листови и пак се задлабочи да чита.

„Велат дека личиме на мумии
побакарени од бронзеното време...“

– Па добро Добрине! – воздивна и се загледа некаде далеку низ прозорецот. „Види го ти поетот мој“. Потоа, ја обзеде некакво смеење и се пласна на креветот. Сите ги разбуди кога продолжи на глас да вика:

– Еј, поету мој! Навистина сега личиме на мумиии. Добрин ги протри очите и смирено им се обрна на сите:

– Сонував чуден сон. Сакате да ви го раскажам. Румена гледајќи отсутно, рече: – Ти пак нешто идеализираш? Имаш право, живееме со надеж. Значи, има што да се сонува... Велат дека надежта е втората душа. Ајде да ти го слушнеме последниот сон. Добрин се почувствува неудобно и завладеа тишина. – Велиш, идеализирам? – Хм, – изусти со чувство на вина. – Ти треба да знаеш, кој страсно си го сака татковинското, тој е чувствителен за она што му припаѓа, возбудлив е на навредите, но возвишен е и горд што издржува!

Румена го поглена попреку и му рече: – Ех, мој Добрине – и остана така да го слуша сонот, но Добрин веќе го симна погледот и поцрвене. Тој сега не можеше ништо да ѝ каже, омразата му го стегна грлото, а сепак реши да ја праша, придавајќи му на својот глас жалосен тон, повеќе отколку што чувствуваше. – Си ја мразела ли мајка ти во животот? А, зошто сум ја мразел јас? Да, мене ми се случи да ја мразам својата родена мајка.

Сега сите се свртеа кон Добрина и го гледаа.

– Кога бев ученик, сè до завршувањето на гимназијата ја грдев, зашто таа не знаеше да зборува грчки. Ех, толку ме имаше опиено учителот. Кога велеше овие домородците се од варварско потекло, се чувствував понижен оти сум роден од такви родители, но при крајот на студиите во Солун, почувствував голема вина на душата што и ден-денес ја носам. Сите го гледаа заинтересирано.

– Но, зборот ми беше за сонот. Сонив дека држам предавање за националното прашање во Лерин, пред многу народ. Добив толку апалузи, што на крај се втурнаа многу старци да ме бакнуваат. Јас оттогаш се преродив, но веќе се срамев пред

мајка ми и татко ми. Тој туѓ грев уште го носам, бидејќи некој ми го натрупа во крвта и сакаше да ме одроди. И сè така ми течеше сонот во осознавање. А ете сега и летото четириесет и деветата година, во одблесокот на големиот воен пожар бев осуден заедно со други како шпион и предавник на револуцијата и ми беше отворен вториот картон од раководството на грчката партија. Првиот картон ми беше од владиниот режим на Грција, за моето осознавање што сум ги будел маситe од македонскиот народ.

Румена иронично го погледна и му рече:

– Си сонувал тоа што не треба – и почна гласно да се смее.

– Голема среќа е да не се зне точно на каков свет се живее. Прадедовите огништа тивко вистината ја покажуваат.

ГЛАВА ВТОРА

ВО ИСТОРИЈАТА НЕМА РЕВОЛУЦИЈА БЕЗ ЖРТВИ

Во ходникот нечија врата силно тресна, но полека исчезнуваше заглушувачката бучава. Тишината се поврати во собата и Сувогорски посака да ја искаже својата мисла.

– Никогаш човек не знае каде ќе го одведат времето и животот. Тој ги крена рамениците, така давајќи до знаење дека работата е јасна. – Секоја револуција се плаќа со жртви, без жртви нема револуција. Целокупната историја на човештвото е историја на жртви. Румена само слушаше и трепкаше со очите.

– Понекогаш, сè изгледа дека е многу просто, едноставно, човек да се определи да биде комунист. Годините минуваат како река што банално тече и сето тоа се собира во еден грст спомени, и не знаеш дали ти е криво или мило, – се расприкажа неочекувано Добрин. Му паѓаа на ум разни работи, важни и безначајни... Воздивна, и почна да ја слуша Румена, ужасно збунет, кога таа го прекина без да го причека крајот на објаснувањето.

– Ох Добрине! – рече Румена набирајќи ги веѓите, па продолжи: – Чувај го тоа за да пишувам мемоари. Јас ја познавам твојата душа. Во тебе гледам и ја ловам секоја морница кога ти навираат спомените, а за иднината, пак чекаш да те распореди партијата.

Тој се занесе и седна на креветот, се почувствува како да ја загубил меморијата. – Па, што сакаш да кажеш? – ја запраша Добрин. – Што е ова? Ти помина во антикомунизам. Како тоа?

Румена си го фати лицето со двете раце и замолча. Но, постепено нејзината лутина спрема Добрина попушташе.

– Вие комунистите, сте тврди како орев, но и тврдоглави.

– Жити господ, – рече тој.

– Ти си уште и фанатик и многу им веруваш на другарите, и воопшто не мислиш на нашата иднина. Тоа беше работа на партијата. Твоите соборци сега седат пред колор-телевизори и витрините им се полни со неотворени книги.

– Има толку многу работи на кои мислиш ти, а јас не мислам, бидејќи ќе ми требаат уште два живота да бидам на висока партиска функција.

– Јас мислам, тоа е најлесна печалба...

– Ох, тие твои проклети пари, – рече тој и му исчезна насмевката.

– Јас само зборувам, – рече таа. – Многу полесно ми е кога зборувам. Неотиштото сакам да ти здодевам, туку сакам заедно да ѝ погледнеме на вистината в очи. Прифатилиштата станаа, наши универзитети и не треба да молчиме.

– Но ти никогаш не ми кажа како си станал комунист?

– Добра идеја, – ѝ одговори и на усните му се оцртуваше веќе јасна насмевка, па потикнат од прашањето, продолжи:

– Си припомнувам. Од Првата светска војна запомнив само топовски грмежи од Солунскиот фронт и како домашните го криеја телето од разни интендатури на завојуваните војски. Кога француските војски си заминаа, настапи мир во селото, но по малку се наполни местото, сè до Лерин, со Срби и Црногорци и рекоа дека отсега тие ќе бидат власт. Шест месеци правеа пиши-бриши и со полна уста пцуеја сè живо и мртво на дофат од триста метри околу куќата. Ама тие Црногорците, не беа такви. Имаше еден Вељко, висок колку за двајца наши луѓе. Тој велеше дека тука е Господов рај, земја и зеленило да ти се наполнат очите, а не камењар. Имаше желба да си ја донесе љубената и да му изнароди повеќе од десет деца и ете ти една мала Црна Гора. Можеби и така си умре, со надеж.

Едно утро во тринаесеттата, се помрднаа накај Битола и уште не бевме здивнале, кога од недоапица се рапашаа грчките војници. И тие наново почнаа со бриши-пиши, на луѓето

по вера. Ги обележуваа луѓето сѐ додека не им го покажаа ценемот, а во дваесет и четвртата се појавија во селото првите доселеници – Мацири, заедно со Астиномот*.

Спанос Петракис. Тој во Клештина дојде без многу врева. Дојде во новоизградената куќа на Геле Бизговски, што беше оддалечена на два ќоша од нашата. Астиномот на баба Риса ѝ покажа официјално писмо, напишано на една хартија. Таа прво дотрча до нас. Дедо ми Иљо, не разбирајќи ја што му зборува, ѝ се обрати: „Кој е тој маж“? „Големец“, му одговори ожалостено баба Риса и продолжи. „Стави маса и столови, и со голем клинец ја закачи сликата на нивниот цар, која ја донесе со себе“.

„Бре, бре... Од каде е овој, неканет началник? Тоа не го правеа и достоинствените турски аги. Ние нема да му веруваме нему...“, самоуверено и одговараше на баба Риса. „Ама тој вели, дека отсега е астином на Клештина...“ , го уверуваше возбудено баба Риса.

Мајка ми Марија беше убава и умна жена. Ме држеше за рака. Таа умееше да се грижи за мирот и срќата на семејството. Нејзиното око го чувствував како ме боде сѐ до длабочината на срцето.

Народот се слеваше накај сред село, а мене стравот ми го стегаше срцето кога го гледав дедо ми како воинствено чекори во пресрет кон човекот од власта.

Астиномот се сврте кон нас, ни го покажа оловното лице, долго гледаше и на крајот проговори:

„Селани! Именувам сум за Астином во ова село...“, но ние не разбравме дали ни зборуваа нам или на Мацирите. Тие беа Грци и Туркофони од Пондија и знаеја грчки, бидејќи коренот им бил од некојси заскитани луѓе Грци по род, и им велеше дека ќе им подели од празните куќи и ниви. Некои од нив беа како живи скелети, жените стегнати во шалвари, со омлитавена поцрнета кожа, со огромни очи во кои поигруваше не-

* Началник на милиција

каква лакомост за приграб. Во селото имаше празни куќи од пред неколку дни, кога петнаесетина исламизирани македонски семејства беа речиси насилно откорнати и натоварени во вагони и со втренчен ум протерани во видвиделија...

Ние ги викавме „Торбеши“, ама беа добри и секогаш покорни, како да носеа вина, а дедо ми ги сакаше и велеше дека тие се наши луѓе, од иста крв, само верата ја примиле кога пред двесте години во селото бил лошиот Чауш Калиман. Го зборуваа јазикот наш, и по некоја реченица турски како и сите ние. Заради верата ги протераа во Анадолија. Плачеа, пустеа, ама повеќе не им се виде крајот.

Дедо ми Иљо зачекори пред сите и на астиномот му изнаречe сѐ до ситници, дури и зошто тие луѓе ги викале „Торбеши“, дека нивните куќи и ниви се од памтивека, а дури и најлошите Турци така не нѐ вознемируваа.

Ние, децата, во отсуство на поинтересни нешта исто така се придруживме кон дедо Иљо.

Спанос Петракис, со рацете на грбот, со истопорени гради, украсени со надворешни џебови и светкави копчиња, ги стисна вилиците и му рече со некакво јарење: Молчи песу! Молчи!

Настана мртва тишина, и на дедо Иљо како да му се врати младешката сила. Направи чекор напред и одважно му рече: „Зарем затоа ги протеравте, тие наши добри луѓе. Па што ако се од друга вера, кога тие се од наша македонска крв... Сега на овие што ги донесовте ни вера им знаеме, ни јазик. Кој господ Бог ќе помогне да се разбереме... Оваа земја треба да се ора, да се копа... овие со голи раце, ми личат на готовани. Нека ми прости Господ, но зошто така ги мешате луѓето? А можеби овие се нечии жртви?

Молчи!“, извика астиномот и извади од градниот џеб свиткана хартија и ја одвитка. Потоа се загледа во лицата на новодојдените што беа наседнати како скитници чекајќи да ги прозива и да им ги покаже куќата и поседот. Но подолго погледот го задржа кон тие што ги полнеа устите со пченка-

рен леб и конзерви од коњско месо, а најмногу се задржа на помладите жени што држеа цицалчиња обесени на млитавите дојки, смирувајќи ги да заспијат.

Астиномот, подзанесен, извика вознемирено: „Наредувам да се уапси овој бунтовник поради противставување на оваа благородна грижа што ја дава кон овие луѓе неговото величество царот на Елада.

Овие луѓе се измачени од нашите крвни непријатели – Турците! Наместо да им се подаде рака, овој бунтовник и познат комита, за слободата на некава обединета Македонија, го поставува прашањето зошто овие добри и изнапатени луѓе дошле во својата матица Елада?

Овој бунтовник, сака да ја погани нашата вера, а не знае, дека и тој е останат тука само поради тоа што е рисјанин...“

„Ej, господине! Вие така мислите, но и тие некогаш биле рисјани. Само народ без своја држава се знае...“, му возврати дедо Иљо.

„Те апсам, во името на законот!“

„Ти си во заблуда, астиноме!“, загрме дедо Иљо.

На сред село неколку хорофилаци* викаа терајќи го дедо ми, со камшик, а тој собран како крпа се бранеше.

Жените викаа „Аман, кирие!... Аман кирие!“

Ете, историјата ги зачува доказите дури и на самото крајче од моето паметење. Пред моите очи дедо Иљо лежеше помодрен, завиткан во пресна кожа од саканото теле. Но во еден миг одеднаш срцето го клоцна силно, па се оттегна, борејќи се за воздух. Ги отвори очите, тие се уште сјаеја бледи и црвени, но тој повеќе не проговори... И ден-денес, еден таинствен шепот уште ми звони во душата по тој старец.

---

* Полицајци.

ГЛАВА ТРЕТА

МОЛК СО ЧУВСТВО НА ВИНА...

Румена дојде уште поблиску до него, тој нешто промрмори и ја праша:

– Да замолкнам?

– Нема зошто да молкнеш. Сакам да ја дознаам твојата свест што те натера да се бориш за своето сопствено убедување, а не за некакви апстрактни идоли, за пароли што политичарите можат да ти го свртат лево или десно умот според околностите... – му рече Румена со многу сериозност.

– Мајка ми ме сакаше со сета преданост, а тоа во мене влеваше силен устрем. Таа ме надари со смиреност, со внатрешен мир и волја, никогаш да не ја загубам надежда.

– Но, зошто вие комунистите се движите во сферата во која претпазливоста и сомневањето ви се мудрост во животот... – го запраша испитувачки Румена и пак се поднамести на креветот што крцкаше поради олабавените пружини.

– А зошто вие жените посакувате да бидете во средиштето на вниманието и тоа ви е како услов за вашето расположение, – и одговори насмеано Добрин.

Настана пауза.

– Ех, најголемата грижа што уште ме мачи е дека ми недостигаше доверба во самата себеси. И сега ми се случува во моментите на потиштеност.

– Низ овие години на емиграција, во душата ми се вовлече нејасно чувство дека не можам да успеам во ништо што работам. Можеби затоа што дури и пријателите со своите погледи ме укоруваа што сум жена на непријател на партијата. Јас бев несреќна, додека ти беше испратен во Сибир. Јас во Полска лунѕав по работничките ресторани облежана. Можеби

затоа сум агресивна. Многу време минав несреќна токму во младите години, кога се зацврстува во душата тоа што човек си го носи вечно – замолкна и се навали на рамката од железниот кревет.

Добрин се почувствува виновен за нејзината несреќа. Тоа силно чувство на вина толку го печеше што дури несвесно почна да се однесува, небаре посакува некаво вербално празнење со цел да го неутрализира внатрешниот немир.

– Човек без „Верујy“ не бидува! – мој Добрине. – Но вие политичарите исто така знаете да подметнете и вештачки религии; Хитлер го натурил национал-социјализмот, Мусолини – фашизмот, Сталин – болшевизмот... – Ах, многу ти изнареков... Но, сите што се искачија на врвот од пирамидата останаа сами...

– Јас никогаш не сум помислил на тоа, – ѝ одговори Добрин со некаква сериозност и продолжи. – И што сакаш да сторам сега? – ја праша со чудење.

– Продолжи да ми раскажуваш за себе, сакам да знам. Во тебе имав верба и надеж.

– Политиката во крајна линија е вештина на живеење. Стара вистина е дека народ не може да постои без имагинации, па и без религии, без идеологија која прикажува подобро утре не само за човештвото, туку и за вселената... Си спомнувам на човекот што се викаше Василију, водач на леринските скаути, ми се приближи и ми тутна неколку скаутски книги.

„Прочитај ги“, ми рече. Книгите беа полни со написи, практични и од полза. Па така станав скаут. Меѓутоа, брзо соучесниците ме убедија дека скаутите се „буржоаска“ организација. Па ја напуштив. Но, долго останав да размислувам за друштвото што би сакал да го имам. Еден ден Теохаридис ми предложи да се зачленам во комунистичката младина ОКНЕ*. Откажав и му реков: „Не сакам да ги напуштам родителите и гимназијата и да се занимавам со револуционерна работа“.

* Организација на комунистичката младина на Грција.

Тој се насмевна и премолчи. Но, во април 1933 станв петиот член на ОКНЕ.

ИЗБЕГНУВАВ ДА РАЗМИСЛУВАМ ЗА ТОА и времето ми минуваше чудесно. По завршувањето на гимназијата, директорт Теодорос Котронис ме замоли како претставник на леринската гимназија, да положам венец на гробот на Павлос Мелас во селото Статица, каде што беше и убиен. Котронис ме убедуваше дека ние сите мораме да ги почитуваме нашите „ослоботидели“ и настојуваше да покаже блискост со зборовите.

„Вистина, ти си зачекорил во самостоен живот, но сепак, ти си наш воспитаник“, ми зборуваше директорот. „Ќе смислиш неколку одбрани зборови и ќе положиш венец. Јас сум сигурен дека достојно ќе ја претставуваш нашата гимназија“. Помислив на дедо ми Иљо и посакав да се откажам, но најмногу ми недостигаше доверба во себе си. Можеби затоа што многу време минав, додека бев помал, чувствувајќи се несреќен, што го изгубив дедо Иљо.

Мајка ми ми рече: „Оди, запиши се во гимназијата. За трошоците, некако ќе се снајдеме...“

Моите родители, најверојатно, од некаде дознаа дека јас како дете на „Ксенофони“ само симболично ќе плаќам за упис и за тримесечните испити.

Чудна беше грижата на Теодорос Котронис, примамлива и катадневно чувствував како ми влеваше вера во свеста.

Низ целото школување ми се потврдуваше класичното правило – условите и целите што ги одредуваа како да постапувам. Сега немам сомневање за луѓето како станале „торбеши“, за нивното душевно погубување и како ги снема – фатија видвиделија по Анадолија.

– Значи, Котронис добро знаеше дека без вера не е можно да му се угоди кога и да било на Бога, – Румена насмеана, го прекина Добрина, во најтажното припомнување и продолжи:

– Смири се, смири се! Значи сепак, најсудбоносното застршување не беше лесноверието, туку празноверието, зашто

жртва на лесноверието може да биде и чесен човек, а празноверието го наказува и човекот. Ех, мој Добрине, ете како може да биде мал човекот – „и кога е голем е мал...“

Добрин остана збунет, но по малку продолжи да објаснува за своите искуства, што пред него беа поставени како замка. Можеби искушението не е грев, само прилика за грев... Но, тоа во мене го разреши мојот пријател кога ми рече: „Глупости, собери се и оди напред! Тоа го бара животот...“

Другиот ден изутрината се најдов на собирното место. Вриеше од претставници на воените, полициските, судските, државните власти, на Клеросот и Општината, на синдикатите, фудбалерите и другите клубови. Цела колона автомобили. Тоа беше голем собир. Многу попови и архиереи, офицери и сериозни господа со бели јаки од Лерин и Костур. Секоја година беше така, а се знае почестите кон мртвите, тоа е превоспитување на живите.

Кога попскиот хор заврши со верската церемонија, еден со писклив глас прочита краток реферат за делото на Мелас и го нарече ослободител на Македонија. Потоа, со по неколку збора поминаа повеќе луѓе ставајќи венец. Тоа го сторив и јас, и уште не знам зошто така лесно го погазив дедо ми Иљо.

Во еден момент, излезе еден во грчка андартска униформа и тогаш се случи нешто неверојатно. Човекот полагајќи го венецот, пред толку полицајци, официјални лица и народ, проговори на наш јазик:

– Павле, мил Павле!, извика човекот и продолжи: „Дали помниш кога бевме заедно кај стрина Јованица, па ни даде топол леб и младо сирење? Ех, бре Павле, Павле! – воздивна длабоко и заврши со зборовите: „Ајде, еонија и мни!“ Потоа, чекорејќи гордо, се врати на своето почесно место. Некои од жените се фатија за уста, а другите го гледаа зачудени. Од официјалните лица, некои најдоа за потребно да изразат осуда, тоа се виде спрема лицата, но повеќето покажаа разбирање и олабавено се насмевнаа.

Тој му бил соборец на Мелас, мртвиот водач на грчките Андарти во Македонија. Му се доближив и го запрашав шепотејќи: „Од каде си бре, чичко?“

„Од Черновишта, а ти?“, и продолжи: „Јас сум другар на Коте од Руља“.

Почувствував дека рацете му се испрскани со крв и за малку ќе го запрашав:

„Заедно ли му ја сечевте главата на Лазе Поптрајков?“

Го гледав човекот облечен во андартската униформа и ми се раѓаа морници, ме потсетуваа на бледите очи на дедо ми Иљо. Во себе си реков, човекот врши предавство спрема својот народ и не е свесен за тоа.

Не може да се види дека личи ни на карикатура за да рече некој дека е Грк. Го навредувам човекот, а и јас положив венец на херојот, на тој што ги убиваше нашите војводи.

Си реков – „Можеби условите и целите одредуваат како човекот треба да постапува, против својата волја и совеста...“

Во тој миг дрвјата се стресоа од грмежот со стравичен одек и се истури силен дожд. Гробиштата останаа пусти под тешкиот дожд, а цвеќињата и венците пливаа во матна вода.

„Сигурно севишниот ги казни што се собираат на туѓ гроб...“, промрмори едно старче гледајќи во нас како во разулавено стадо.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ЗАНЕМЕ ХОДНИКОТ ПО ТИШИНАТА НА СТАПАЛКИТЕ

Седеа на креветите.

Во нејзиното молчење тој читаше старо исчекување. Меѓутоа, познавајќи го добро нејзиниот карактер, тој очекуваше дека целиот живот ќе го измачува со нови и нови барања. Румена беше вистинска убавица и небаре Добрин на сè премолчуваше. Одекот на грациозните чекори на дежурниот полека замираа по должината на големиот сив ходник.

– Ја слушаш ли? – го запраша Румена.

– Што? – се занесе и тој да слуша.

– Тишината на стапалките, – и гракна да се смее.

– Времето продолжува да тече... Го чекаме нашето испитување. Но ниту еден од нас не може да проникне во иднината што нè чека, можеби и ние нечујно ќе исчезнеме во тишината.

Румена го укоруваше поради неговата партиска припадност. Таа го омаловажуваше и почнуваше жестоко да го напаѓа, дека тој ѝ ја запустил младоста, со неговата ограничена совест и зошто тој на луѓето не им раскажува за неговата кариера, а тоа страшно ја мачеше до невиден бес. Слушаше како вели дека тоа очигледно му било должност, во една револуција, на секој да го стори, да даде сè од себе, а по револуцијата сè ќе си дојде само по себе... Страв ѝ го стегаше срцето и ужас ја мачеше од помислата, ако останат на листата на чекање. Можеби нивните надежи некој ги избришал како со рака.

– Велиш дека ова било време без љубов? – и одвај ѝ се оцрта нејасна насмевка кај Добрина.

– Токму така, – одговори таа. – Веќе е време да почнеш да го следиш животот. Не сум те видела да направиш молитва пред јадење, ниту молитва по јадење.

– Но, ти знаеш дека четириесет години јасно се оцртани во линијата на религијата со празнина и сега по прифатениот од на политиката и марксистичката идеологија најпрактичен е само атеизмот, а ти ме тераш на молитва. Смешно, нели?

– Тоа го тврдите вие кои посакувате да се идентификувате – државата е иста со партијата; и апаратот и сите заедно сте некој бесмртен... Инспиратори и организатори на еден систем на телесна и духовна контрола врз луѓето. Кај вас се е некако чудно; недовербата и сомневањето доаѓаат од апсолутна моќ до патолошко сомневање. И таквата власт е како причина за проникнување и прекинување на комуникацијата со обичните потреби за релаксација на душата. Власта ви е како наѓон. Само во тебе таа семка некој ја откорнал, а без тој наѓон си обичен наивко.

– Не, – рече тој. – Тоа е твоја оцена.

– Така е, ни останува само да се надмудруваме со глупави и празни расправии, кога знаеме дека иднината ни зависи од други, а веруваме дека луѓето се раѓаат со својство на човечност, не со својство на партиска идеологија, – му рече и се испружи на железниот кревет, покажувајќи дека таа никогаш не се плаши од маж.

– Румено! – ѝ се обрати питомо, без закана, – мислиш дека некој од овие иследници би можел да ме сфати? Но нашите соборци знаат дека сме тука, се разбира дека знаат. Но, знаеш што! Носејќи ја со години низ сибирските затвори, во длабината на душата тајната желба, посакувам да се вратам кај мајка ми. Си припомнувам, тоа беше во летото 1934 година. Измачен од безнадежноста и бесперпективната положба во која се наоѓав по завршувањето на гимназијата, се враќав дома со полна глава црни мисли. Мајка ми чекала долго и кога ме виде, откако ручекот мој од варени компири го сокрила во скришната камара, ми рече: „Оди и наручај се...“ Но, кога не најдов ништо од ручекот, бидејќи помислив оти моите огладнети сестрички го изеле, постојав и не ги обвинив, а кога

излегов во дворот, се чу гласот на мајка ми: „Јадеше?“ Ѝ одговорив: Да, да јадев...

Самоубиството ми се покажа како единствен излез. Се погрижив и го најдов пиштолот на татко ми. Имаше само пет патрони. Доволен беше еден во слепоочницата. Решив тоа да го сторам во визбата. Вратата бесшумно се затвори и останав сам во бетонскиот кафез, обидувајќи се да ја совладам клаустрофобијата. Сива светлина на магливо леринско утро, сонцето одвај понекогаш ја минуваше таа тенка граница. Цврсто ги стегав клепалата иако некаде длабоко внатре биеше чудно звоно. Стравот пред вистината ме натера да си ја претставам мајка ми како ме здогледува испружен со растурен мозок. Каков удар за неа! Во семејството само јас бев машко и таа се гордееше. Ќе истраам. Како доказ го прифатив поразот на немоќта пред прстот на судбината. Во тој миг бев се, само не немоќен. Се качив во собата и почнав да читам нешто од религијата, оти знаев дека тоа е вештина на живеење. Таа отвора пред човекот застрашувачко море на можности во визбите на психата. Читав за аскетизмот, кој восхитува со својот прагматизам, за фрустрираноста и сите нагласени особини на нарцизам, чувство на семоќ, а од следбениците се бара апсолутна доверба, послушност, аскетизам, сексуално воздржување, постење, рано станување пред изгрејсонце, молитви, неупотреба на алкохол и опојни средства, а забрането е и самоубиство. Се сторив жива вода од потење, а прочитав дека тие верници поседуваат фасцинантни способности на вешти полемичари и обично проповедаат толерантност и социјална правда, но и тоа дека тие се со контролирана агресивност.

Размислував и посакав да станам даскал, па и самиот да проповедам добри работи.

На први септември 1934 година се запишав на Педагошката академија во Солун. Набрзо успешно го започнав животот како студент, но со воениот закон бев повикан на отслужување на воената обврска. По шеснаесет месеци се вратив од

Атина со офицерски чин на грчката армија – антиполохагос*. Се чувствував сигурен и повеќе не посакував да влезам во просторијата на замисленото злосторство. Но, ме погодуваше гневот в очи бидејќи новиот директор ме имаше испишано од натамошните студии кога разбрал дека мојот предок е од домородците. Тоа беше во времето на владеењето на Метаксас.

Кога се појавив пред него, ми се обрна со зборовите: „ А, значи, вие сте тој... за жал, драги господине, немате право...“

Се вратив во Лерин со тешко срце... Што сега?

Единствениот што ме пречека беше пак тој стар пријател. Одвај го кренав погледот, го чув како ми вели: „Во Лерин утре доаѓа кралот Георгиос Втори, во обиколка на Македонија.“ Се присетив на неговите зборови: „Глупости, собери се и оди напред! Тоа го бара животот...“

Утредента, стокмен во својата офицерска униформа, побарав прием. Зборував кратко за самоволието на директорот. Заклучив: „Јас отидов да ѝ служам на татковината, а директорот настојува да бидам казнет за тоа!“

Кралот погледна во писмото што го држев и праша:

„Пишувате за случајот во писмото?“ Му одговорив: „Да“. „Оставете ми го и бидете без грижа!“

Го зеде писмото и го стави на масичката до него. Ми ја подаде раката. При ракувањето ми ја стисна раката со одвај забележителна насмевка. Изгледа дека навистина можев да бидам без грижа.

Во ноќта на четврти август беше извршен државен удар. Лерин вриеше од воени и полициски патроли и тенкови. Се вршеа масовни апсења. Напнато, очекував да бидам уапсен, сè до утрото. Но, не бев! Ми олесна. Тоа беше доказ дека уште не сум во црните списоци на Асфалијата** како член на ОКНЕ.

Истиот ден добив и официјално известување од кабинетот на кралот, дека мојот случај е позитивно решен.

---

* Водник.

** Државна безбедност.

Кога се јавив кај директорот на Педагошката академија, ме пречека со широка насмевка, како да се радува што ме гледа и на неговите очи се читаше: „Кој би помислил оти располагаш со толку големи врски!“ – Значи, таков бил патот за највисокиот знак на достоинството? – го запраша Румена со нерешителен глас.

– Чудно, – промрморе Добрин. – Но едно е вистина, дека во моето школување намерно се всадуваше единственото прашање: непоколебливо верување во чистотата и единството на грчкиот народ, јазик и култура.

Воспитувањето ми всадуваше претстави. Секоја година на училишната парада по повод востанието против „Турците“, приказната започнуваше со грчкиот генерал кој отепал толку многу поробувачи во еден ден, та на неговиот меч треба да му се оддаде посебно признание. Сите школски книги ги величеа оние византиски кралеви кои успевале да ги задржат надвор од империјата на дивјаците од Исток.

Сите епохи имаа по некој прилог кон листата на хероите кои се бореле за чистотата на Грција.

Кога сфатив дека таквото образование единствено резултира во интелектуална ароганција и морална сиромаштија, дојдов до сознание дека во раните култури на Егејот постоело силно афроазиско лијание. Сфатив дека Александар Велики не ја распространувал на исток грчката култура, туку носел терор и несреќа. Разбрав дека Солун имал еврејска култура рамна на виенската пред да колаборираат локалните Грци за нивното истребување. Се засрамив од сознанието дека во Македонија и Тракија живеат заедници кои ги третираат како отпадници само затоа што нивниот мајчин јазик не е грчки.

Кога сето ова го осознав, јас вторпат бев несреќен човек.

ГЛАВА ПЕТТА

ПАТИШТАТА И ПЛАНИНИТЕ БЕА ПОЛНИ СО НАРОД

Утредента стигнаа вестите. Уште од зори, во април четириесет и прва година, бучеа тенковите, Германците навлегоа во Грција и грчката војска во Албанија капитулира. Асфалијата му ги предаде затворените комунисти на Гестапо, за да бидат физички ликвидирани.

Од Албанија, со многу војници, се вративме пеш до Лерин. Училиштата не работеа. Владееше страв од апсење и убивање.

Пред војната бев назначен за даскал во селата Цакони и Бицово, во Воденско. Од Лерин си отидов, со надеж да почнам со работа. Во Цакони го поминав утрото одејќи без цел, во неред и под сонце, а потоа во суредување на регистарот на класот. Собирав, заклучував, одвреме-навреме ја подигав главата кон ходникот, кон празните слушални.

Изговарајќи ги во тишината имињата на децата, се почувствував како човек што изговара молитви. Никогаш не сум посакувал да станам даскал. Сонував да тргнам по патот на Горки, да ги истерам заблудите од себе си.

Си припомнив на прекрасниот комунист Џанис Апостолос, кога велеше: „... Може, во одредени услови, да биде потребно да постапиш против сопствената волја и совест. Ако! Но останувај тоа што навистина си – дете на поробен народ, Македонец!“

– Нека те благослови семоќниот Бог, но дали си им го проповедал ова и на другите? – го прекина Румена, со некаков авторитативен глас и продолжи:

– Македонското национално прашање е најголема болка на душата и на срцето на македонскиот човек, без разлика

каде се наоѓа тој, тоа многупати го велеше дедо ми, – рече Румена.

– Отпрво молчев, мислев дека не треба секого да го уверувам во комунистичката идеологија, но кога настапи мрачната правда, во тие страшни времиња, срамота беше човек да седи со скрстени раце.

Прангите, смртта, заедничката надеж, стекнуваа страшна и секојдневна смисла. Но, политиката сега одново ја промениja грчките „патриоти“.

Тие беа од врвот на комунистите, на чело со Никос Захаријадис, преку Третиот пленум на ЦК и Шестиот конгрес на КПГ*, одржан во декември 1935 година и на демонстративен начин ги нападнаа демократските права на Македонците, третирајќи ја Македонија како малцинска народност на Грција, без право на самоопределување. Можеби тоа е фактот што од селско говедарче стигнав до политробијаш во логорите на Берија и на Сталин во Сибир.

– Токму така, – одговори Румена. – Ти требаше уште тогаш да почнеш да го менуваш животот, а не да чуваш „мачка во вреќа“. Грците знаат да ветуваат... Тие се вртикапи.

Сувогорски зазеде став и посака да ѝ објасни дека навистина високите кадри на КПГ се врткаат околу проблемот само туку така. На пример, тоа го направија со донесувањето на решенијата на 5 пленум (5η ολομελεια) на КПГ каде се вели: „Στην Βορεια Ellαδα ομακεδονικος (σλαβομακεδονικος λαος ταδοσε ολα για τον αγωνα και πολεμα μια ολοκληρωση ηρωισμυ και αυτοθυσιας που προκαλουν το θαυμασμο. Δεν πρεπει να υπαρχει καμια αμφιβολια οτι σαν αποτελεσμα της νικης του ΔΣΕ και της λαικης επαναστασης,ο μακεδονικος λαος θαβρει την πληρη εθνικη αποκασταση του ετσι οπως τη υελει οδιος, προσφροντας σημερα το αιματου...“

– Ох, прекрасно. Колку е убаво што сега ми го велиш ова, драга моја, – се насмевна и се поклони малку, небаре задоволен што барем не му ја одреди казната.

---

* Комунистичка партија на Грција.

– Тогаш работите се одвиваа, малку поинаку. Патиштата и планињето беа преполни со бегалци, со војници облечени во мантили за дожд, во партали, џакети, избегани од градовите и касарните каде што Германците и нивните слуги се разбеснуваа. Германците ги конфискуваа сите превозни средства и големи количества храна. Селата се поплавија од гладни луѓе кои продаваа дури од сопствената облека за малку пченка или грав.

Окупаторите варварски ги применија зборовите на Гебелс: „ Европа ќе умре, за да живее Германија“. Пустош и смрт насекаде. Стотици, невини луѓе од сите возрасти ги снајде ужасна бавна смрт од глад, додека масовното истребување на населението со масовни стрелања и разурнувања немаше крај.

Раководителите на КПГ и ЕАМ* вешто ги насочуваа народните маси да го истураат својот гнев против странците.

На први јуни 1941 година се донесе проглас од Шестиот пленум – ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ НАРОДНИТЕ МАСИ НА НАРОДНО ВОСТАНИЕ!

Комунистите со овој проглас објавија:

„Чекајќи ја крајната цел – социјализмот, Партијата на пролетеријатот, Комунистичката партија на Грција, се бори денес за национално ослободување, а потоа, по војната, за народна демократија!“

За нас Македонците сè се оставаше по победата...

– Зарем сега не ти е страв од Строгов?

– Не ми е страв од народот, – ѝ одговори Добрин. Тој не се противеше. Знаеше колку е тврдоглава, доколку науми нешто. Тој знаеше дека жената е многу нежна, претерано емоционално чувствителна и повредлива. Така несреќна, често Румена се навраќаше на местата од минатото, се испитуваше дали можеби можела да направи подобар избор, во што згрешила и слично. Нејзиното однесување не се разликуваше многу.

Таа е жена полна со хумор, помалку агресивна кога зборува за позицијата на жените, и вознемирена кога зборува за

* Национален ослободителен фронт.

жените во комунизмот и вели дека за сметка на блескавата фасада, треба да се развиваат и ценат внатрешните квалитети на животот.

Мина времето на жените накитени како новогодишни елки. Сега таа, сепак од таква висина, спокојна, ги гледаше човечките несреќи и ту се смееше, ту сожалувачки ја нишаше главата кога ги гледаше нагиздените жени на високите раководители; но тоа беше само едно нејзино студено сожалување, кое некогаш и таа го посакуваше.

– Спиеш ли? – запраша Румена.

– Не само одвреме-навреме дремнувам.

– Јас веќе неколку ноќи не успевам да спијам добро, не знам што ми се случува... Размислувам, можеби вистински ќе живееме, можеби само ќе си претставуваме дека живееме.

Кај Румена, небаре како средство за лекување на трауматски состојби, за момент сосем се предаваше под власта на солзите и на некакви звуци од носот и грлото.

– Ама и ти си ми била некаков борец? – ѝ рече Добрин и продолжи: – Тие твои солзи ги сметаш за предност?

– Но, треба да знаеш дека има мажи кои чувствуваат и должност да преземат нешто во врска со женските солзи... Тоа што ми го велиш ти, кога ќе умрам, ќе ти биде помалку тешко ако се сетам дека сме биле револуционери, а и тебе можеби ќе ти биде помалку тешко кога ќе се сетиш на иследниците кои немаа име. Немаа презимиња. Сите се викаа така, Другари...

Утредента, времето се стопли, денот беше прекрасен и сè беше ни живо ни мртво. На Румена ѝ се стори бескрајно далечно доаѓањето на тоа утро. Барајќи нешто со што ќе ги исполни своите утрински часови на здодевност, таа имаше обичај да ги преместува шејовите во куферите, и со својата женска љубопитност ја гледаше прекрасната свила и нежно ја туткаше со рацете.

– Оваа е од тебе. Ти ги паметам, зборовите кога ми рече: „Што би добил за возврат ако ти пренесам една пријатна новост, Румено?“ Тоа беше во Алма-Ата.

– Човек каков што сум јас, со таков карактер и скршен дух, па тој воопшто не може да се изненади од ништо, драга моја!

– Јас не заборавам ништо, тоа ме крепи, мој Добрине.

– Интересни сте како луѓе, вие комунистите, кога нашето поклонение го сметате дека ви се прави како на вистински Бог, а сте обични женомрсци. Системот на строга послушност наложувал „слепо покорување“. Но тоа важеше и за вас. Ме обзема ужас кога помислувам на ова.

Како да почувствува жежок здив зад себе кога со тивок чекор ѝ се приближи Добрин.

– Па што сакаш да кажеш? – ѝ се обрати Добрин со машко перчење.

Румена извади шише вотка „перцовка“ и риба „сальотка“ од најлонската торба и ги наполни чашите.

– Господе боже, што ти се случило? – извика Добрин вознемирен.

Пијалокот од руската вотка што ја пиеше Сталин и беше како средство за смирување, меѓу нив постојано рееше некаква потсвесно чувство дека треба да разговарат, да дискутираат. Како да излезат од овие прифатилишта? Каде?

Добрин повеќепати ги прелистуваше делата на Ленин или беше пред телевизорот или радиото. Но, тој беше мошне искрен и чесен човек и никогаш таа не можела да си го претстави дека може да биде толку ранлив додека не дозна колку му значеше нему да слушне пофалба за тоа како комунист му отслужил на интернационализмот.

– Добрине, ние со тебе сме еден дел од светот што исчезнува... Напиј се, алкохолот го неутрализира стравот...

Боже! Ноќеска гласот на иследникот ми се чиенеше толу близу, а ние сите врзани за синџирот, клекнувавме...

– Истраав. Овде сум. Но тоа не заврши... – охрабрен и осилен ѝ одговори Добрин.

– Што? Не заврши? – извика Румена задушувајќи се од бес. – Сериозно ли говориш?

– Да! Можеби настаните што ќе ни нанесуваат смртен удар, ќе почнат да се навираат кога ќе излеземе од ова прифатилиште.

– Ех, мој Добрине, несоница, глад, борба – како да издржи кутрото срце? Тоа не е прнар или камен, од месо е. Тогаш значи, само за некого треба да биде благословена оваа одвратна војна? Ме обзема ужас од таквиот претрес на судбината!

Низ прозорецот блесна сонце и собата беше топла и пријатна.

– Сонцето кај масоните е носител на вистината, храброста и правдата, а месечината е симбол на чиста љубов, – ѝ рече Добрин.

ГЛАВА ШЕСТА

ОД СИБИР ВО ИДРИЗОВО

Маглата и студениот дожд над Идризово го повратија Добрина во реалноста. Тој го привршуваше цртежот што кој знае по кој пат го повторуваше во сибирските затвори. Румена беше насликана невообичаено величествена, со гордо поставена глава на телото, прикриени, помалку сурови црти на благородното лице и над сето тоа израз на бесконечна тага. Таа изгледаше како трагична кралица. Дури и човек како Добрина, кој малку посветуваше внимание на барањата на Румена, се почувствува некако поразен и потиштен, кога ѝ го покажа цртежот, со нејзиниот совршен лик. Таа се свтре кон него, лицето ѝ пламна, небаре оган ја потфати. Тој разочаран што пред неа ја откри тајната, се најде во прегратките на Румена.

– Значи, колку и да сум била подалеку од тебе, толку сум била подлабоко во тебе. Мил мој, дај му радост на срцето исполнето со мене. Не мачи се, живеј! Знај и земај сè што можеш додека уште имаш моќ за земање од мене... Значи, не заборави дека денес ни е тринаесетата годишнина во брак, а само неколку месеци сме заедно. Ти во Сибир, јас во Полска.

Сеќавањето на ова ја натера да се насмее.

– Добрине, колку би биле среќни и ти и јас пак да сме на Вичо. Тревата висока, начичкана со бели пупки и виолетови цвеќиња што луѓето ги викаа перуники, и некои други, синкави-светли и папрат колку што душа ти посакува... Имаше нешто слатко во воздухот таа пролет во четириесет и осмата... Добрине, дали навистина чувствуваше колку имаш завладеано со мене?

– Да, мила јас веќе сè знам, – возврати Добрин и ја префати преку половина. Се насмеаја и тетеравејќи се кинисаа кон креветот.

– Во животот јас сум безмерно дива и на мнозина им се слизнав. Сега целата сум твоја, љубов моја. Но, никако не би можела да љубам како што те љубев. Ти знаеш дека по налог на Партијата посакуваа да ме омажат за осакатени луѓе кои ѝ биле потребни на партијата? Ми предлагаа секакви. Но, ајде овој ден да го прославиме како празник на нашата љубов и никогаш да не го заборавиме како лош сон. На овој свет, а посебно и на оној свет, зашто тој е сега сиот во нас...

– Ништо не е вечно мила, – ѝ рече Добрин со затворени клепки, но радоста и сјајот му се читаше на лицето.

– Ама бакнежот ти беше руски, дури небаре партиски братски бакнеж, – му рече Румена и продолжи. – Можеби од твоите вечни мечти за живеење во комунизмот, твојот живот стана отсутен од мојот дом!

– Зошто мислиш дека е руски? – низ насмевка ја праша Добрин.

– Па нели Русите бакнуваат три пати: првиот – за отецот, вториот за синот, а третиот за светиот дух. Ех, мој Добрине, бакнуваш на руски, а не знаеш за кого?

– Во далечната четириесет и осма, таму во папратот, бакнежот твој нешто ми корнеше од душата. Сега, овој твој бакнеж, ме потсети на Брежневиот бакнеж, што го прави при пречекот на луѓе од братските републики. Просто ќе го изцвака човека, а гледаше на телевизија како се бакнува царот Хаиле Селасие со Тодор Живков? Тодор му се истопори да го прегрне, но царчето не му се фрли во прегратката, како овие од нашите републики.

– Не спомнувај ги царевите, оти знаеш кај сме, туку и старите Грци се бакнувале. И тоа многу. Ова сум го читал во историјата. А Плутарх го напаѓал најголемиот антички државник Перикле, бидејќи се навикнал двапати дневно, наутро и навечер да ја бакнува својата жена!

– А ти, тоа не го правиш ни еднаш во неделата. Ех, мој Добрине црвените усни треба да се бакнуваат, бидејќи тие се за бакнување... Тука нема што да се открива некаква посебна филозофска дијалектика. Ова е моја дециниска тажачка, заради неможноста да бидам бакнувана жена!

– Никогаш јас не би можел да го одгатнам тоа, признавам – рече тој.

– Па вие комунистите многу работи сте прифатиле и сте откажале не знаејќи ја суштината на нештата што на обичниот човек му ги дал господ Бог. Можеби затоа и жените ги откажувавте како „стари торби“ и ги заменувавте со помлади. Но, ние двајцата имаме болни животи, а ти си заглибил во вербата што ја нуди комунизмот... Сега имаме за што да зборуваме, оти времето полека го сее сеќавањето како низ сито, го ситни и развејува низ светлината. Кога моите родители се разведоа, за мене тоа беше поразувачки. Ја гледав својата мајка како минува низ огромна емотивна болка. Не сакам и јас да бидам повредена на тој начин...

– Тоа, од мене не очекувај го – ѝ потврди Добрин.

– Ех, мој Добрине, те познавам, како самата себе си. Кога сама го минував времето во Полска, во ноќите, единствен човек со кого разговарав беше Господ. Многу се радував на нашата средба. Живеев и не знаев дали ти сè уште ме сакаш? Го чекав часот кога ќе си наздравиме. Еден маглив ден врнеше густ снег, кога го добив твоето писмо... Што да ти кажам? Дециниjата минатa во прифатилиштата ме исполува уште, редица кревети, робусни звучници, смрдливи нозе како во мртовечница, уморни жени ’рчат на сон вратени од третата смена и мокри крпи. Бањите полни со стрижени влакна и коси, чешми што вечно капат како расплачени очи. Кога го добив твоето писмо што завршуваше со крик, ме охрабри; по неколку месеци ќе бидеме заедно! Мене тоа како да ми шепна: „Ајде повторно да живееме“, но не така навредливо без наш дом. Тоа беше и твоја и моја обврска... Јас би колнела... Посакував убаво да ме пречекаш, посакав да ме љубиш поинаку

од обичен надуенко, како партиски големец. Не сакав, веќе Партијата да биде меѓу нас. Партијата ми велеше да се откажам од тебе, оти ти си бил предавник на политичките идеали. Организацијата НОФ беше прогласена за агентурска и предавничка и беше формирана нова организација „Илинден". Гледаш колку лесно чкрткаа-мрткаа твоите комунисти. Но, веднаш потоа втаса и големото разочарување. Партијата ми нудеше за маж еден со една нога и без два прста на десната рака. Во сè личеше на вистинско животно. Имаше изразито цврсти вилици. Очите му беа крупни и крвави. Погледот му беше необично груб и беше набиен со мускули. Не знам зошто Партијата посакуваше јас да му ја ублажам несреќата од војната. Многу девојки така беа „усреќени"... Тоа беше грижа на Партијата. Во тоа време воопшто не беше битно што мислиш и што чувствуваш. Вистина и само вистина и сурова и најстрашна вистина... Сега не сакам предолго да мислам на тоа, не сакам да знам дека можеби еден ден сè ќе се измени, дури и нашите чувства, и дека по малку ќе ме боли. Но, не помислував дека љубовта која се роди во таа топла ноќ, полна со ѕвезди, ќе стивне и ќе замрзне... Мојот свет, кој беше осветлен со живите бои на радоста, љубовта и нежноста, одеднаш се замати и се измеша со сивилото на студениот есенски ден во едно прифатилиште во Згожалец, во Полска. Ми се испомеша љубовта спрема тебе со она што ми велеа да ја имам кон Партијата на која ѝ припаѓавме. Можеби наивно... Сакато, но и тогаш успеав да го најдам светлиот зрак на пожолтеното лисје и продолжив да живеам со спомените кон неа.

Добрин остана да лежи испружен на железниот кревет, на кој немаше место да се свртат. Не ги отвори очите, но од неговите голи гради се гледаше задоволство, а креветот чкрипеше. Румена стана и почувствува дека ја фати едно убаво расположение.

– Си спомнуваш?

– На што?

– На првата наша брачна постела. Ех, таа бескрајна шума! Распосланиот папрат, миризбата на пролетта. Можеби тоа не траеше предолго.

Исплакна две чаши, расече две маринирани краставички и ги наполни чашите со руска вотка.

– Давај по руски! Да се напијам за оваа моја тажачка...

И тукy одеднаш силно заѓрме звучникот.

„Внимание! Внимание! Се моли Добрин Сувогорски да се јави кај иследникот Строгов, во павилјонот број еден, соба број два."

Објавувањето се повторуваше неколку пати. Румена, слушајќи го внимателно престана да се смее и со гола рака замавна по огледалото. Од тоа почувствува некакво задоволство и почна по ѕидовите да пишува пароли што ги беше слушала низ револуцијата и прифатилиштата.

Сега се слушаше само одот на домарот кој забрзано доаѓаше кон нив.

Румена, слушајќи го одот на домарот се присети на зборовите од долгогодишната робијашка Зосја Полоцкаја: „Знаеш ли како убиваат иследниците? Со насмевка! Жртвата и не се сомнева дека ѝ се приближува смртта. Со неа разговараат, се смеат, божем животот е прекрасна работа. И одеднаш – истрел. И човекот повеќе го нема. Кога велам истрел, истрел што не убива одеднаш...

ГЛАВА СЕДМА

КОНЕЧНО ВО ТАТКОВИНАТА...

Строгов, иако подучен од манирите својствени на иследниците, малку се збуни кога им се сретнаа погледите. Сувогорски, опуштен застана, како искусен „виновник“ и внимателно ги следеше движењата на Строгов.

– Конечно во татковината. – Строгов се загледа настрана, се насмевна иронично и продолжи. – По таа ваша пирова победа.

– Да – потврди Добрин навредено, со благо чувство на револт.

– Па, ете, Добрине, ред е... И во тој момент влезе редаротофицер без да чека одобрение. Потајно му ја соопшти веста за нервниот напад што го имала Румена.

Строгов, возбуден, излезе барајќи од Добрина извинување за момент. Во ходникот се сновеа разни луѓе, но лекарот со двете сестри тукушто излегуваше од собата број тринаесет во павилјонот четири. Лекарот веднаш му соопшти дека Румена сега „мирува“.

– Ѝ дадовме двојна доза седатив. Политичка хистерија, не е страшно, се потсмевнаа и ги разменија погледите со Строгов, и се врати кај Сувогорски со војничка строгост, но ушите му беа црвени и полека почна пак со истите зборови:

– Па, ете Добрине, можам да ти посакам добредојде во татковината. Ти, како што знам, доаѓаш од Сибирските логори – ЛТЛ (Исправительние Трудовие лагарја)*. „ Ну, как думаете товариш Сувогорски правиљно ја сказал?**

---

* Работни логори за превоспитување.

** Но, што мислите другар Сувогорски, правилно изговорив.

Сувогорски се вчудовиде од правилниот изговор на руски и се осмели да забележи: – Ви харашо говорите руски, товариш Строгов.*

Строгов, со својот висок воен чин, почувствува дека не треба на Сувогорски да му дозволи таква блискост и отсечно му одговори:

– Работата ми наложува, – и му даде на знаење на Сувогорски дека треба да почне да му се исповеда, како што е вообичаено пред таков иследник, а не да поставува прашања.

– Па, нас група Македонци, како што знаете нè осудија за врски со меѓународната реакција и за организирана активност во нејзина корист, по член 58, точка 4 и 11 од Кривичниот законик на Руската федерација (Особое Совештание – при Врховниот суд на СССР) реши: Мене ме осудија на десет години со одземање на личната слобода и со лична работа во Исправителњние Трудовие Лагерја, а бев борец на Демократската Армија на Грција, за национална слобода на македонскиот народ. А уште тогаш се запрашав како можев да го прекршам Рускиот законик во Македонија под Грција? Но, правдата беше на страната на посилниот како што вели Крилов: „Силниј свегда побеждает без сиљного.“**

Строгов се погрижи да го посочи да му раскаже повеќе за режимот и устројството во логорите, оти сето тоа му беше уште од поодамна познато, но тој повеќе се интересираше за режимот.

– Добрине, повеќе кажи ми за рускиот режим, – му рече Строгов.

– Па режимите во Социјалистичкиот логор се исти.

– Од каде знаеш какви се кај нас? – го запраша.

Добрин малку се сепна, но брзо се поправи и рече:

---

* Вие добро зборувате руски, другар Строгов.

** Силниот секогаш го победува послабиот.

– Мислам на целиот Источен блок. И продолжи. – Знаете, во социјализмот, затворите и логорите се полоши од капиталистичките.

– Зарем можете да дадете таква оценка? – го запраша Строгов.

– Па имам доволно искуство – му одговори отсечно.

–Тогаш седни и опиши ми ги, ама сè по ред. Сè што се случуваше таму. Сувогорски се подзамисли малку, како да посакуваше да го праша: „Зошто ти треба тоа нешто? Не дај боже и ти да почнеш да градиш такви во Македонија. Зарем јас треба да бидам тој што ја пренесува таа технологија? Јас, се борев за друго, а сега треба да бидам некое измислено суштество и со тоа овие иследници ќе треба да знаат како да ги мачат луѓето... А, кои ќе бидат тие луѓе? Значи барате нешто невозможно, – и си го фати лицето со двете раце.

Строгов се намурти и сè уште седеше зад работната маса, мрачен, само злобно се насмеа.

– Време е да си ја признаеме сопствената историја и на нештата не треба да им се дава големо значење. Луѓето повеќе ги заштитуваат документите отколку вистината, оти последната секогаш е релативна, – му одговори Сувогорски.

– Какви размислувања?! Се знае дека тоа е најверојатно поради грижа на совеста, – отсечно му одговори Строгов кој најчесто ги употребуваше изразите „веројатно“ и „евентуално“.

– Јас го велам она што го знам и постојано имам добра волја да раскажувам за она што нè одржуваше нас, затворениците, – рече Сувогорски.

– Што е тоа? – љубопитно запраша Строгов.

– Мислам дека мозокот игра голема рамнотежа кај човекот. Како што велеше мојот пријател, белокосиот Ерменец Кандикјан невропсихијатар – специјалист за парапсихологија: „Стресовите се основа за заболување“. Тој нè научи да ги толкуваме треперењата на одделни органи на телото.

– Како? – извика Строгов.

– Жолчката ако ти заигра ќе си направиш задоволство на душата. Или ако утробата од левата страна ти заигра, во логорот ќе добиеш полесна работа.

Строгов достоинствено молчеше, потоа рече:

– Како, како?!

– Па ете, – продолжи Сувогорски. – Тилот ако ти заигра поради некоја лоша вест, ќе се чувствуваш болен, но по кратко време ќе се израдуваш.

– Ако е тоа некаква наука, ајде погоди – мене ми заигра десната рака!

Сувогорски, без да се двоуми му одговори:

– Десната рака носи добивка, но ако десниот лак ти заигра тогаш со некој упорен човек ќе дојдеш во судир но, набргу ќе го убедиш.

Строгов, навален на меката фотелја, покажа непотребна одважност и рече:

– Сум слушал за сонот, дека нешто претскажува, но јас како офицер и атеист на тие глупости не верувам, – рече наивно но уште совладан од љубопитноста сакаше да дознае што повеќе од оваа школа на сибирските затвори и продолжи: – Јас неодамна сонував како седам на балкон, – срамежливо рече плашејќи се да стане предмет на испитување.

– На балкон? Седењето на балкон, мојот пријател Кандикјан го толкуваше како да седите на богатство, но постои опасност од краткотраен успех, немате многу изгледи за успех, немате многу сигурност на сегашната функција, чувајте се од непријателот.

– И? Слушам!

– Само папокот ако ви заигра ќе ви укажат голема чест и од полза ќе ви биде. Румена некни сонувала багрем, а тоа е некоја несреќа на повидок, како што велеше Ерменецот Кандикјан.

– Значи, сте запомниле сè од вашиот пријател Ерменец и најверојатно тоа е долг список од такви треперења.

– Тешко се забораваат некои работи ако добро се вгнездат во сопственото скривалиште. Како можам да го заборавам тоа што се случи во 1947 година во Грамос. Од Главниот штаб, како претставник од НОФ*, ги посетив нашите борци, кои по братството и единството меѓу нас и Грците ги бевме пратиле да се борат во длабината на Грција. Таму сретнав едно голобрадо момче кое со својата надворешност беше предвремено остарено и физички и духовно, и покрај тоа што беше детиште во вистинска смисла на зборот. Лицето му беше лесно издолжено и никако не прилегаше на овчарче, туку како старец низ чија глава поминале безброј тешки доживувања...

Шепнувајќи ми рече: „Јас не сум дојден тука да се борам за величините на Грција и Грците, јас сум тргнат да умрам за мојата мајка Македонија. Заради Грција јас не го оставив стадото овци и не ја грабнав карабината, ранецот и патроните, јас не страдам сега за славата на Грција, туку само за Македонија! Нека ми суди Господ ако грешам...

Некни се откажав од заклетвата, која гласеше Јас, син на народот на Елада и борец на ДАГ**, се колнам дека ќе се борам со пушка в рака и ќе ја пролеам мојата крв, ако треба и мојот живот за да ја обезбедам и поддржам националната слобода и гранична неповредливост на мојата Елада... Ако се покажам неверен и со лошиот однос ја погазам клетвата, над мене нека падне неумоливата рака на татковината Елада и нека бидам најстрого казнет...“

– Значи, вие од НОФ сте ги праќале нашите луѓе да се борат долу во Грција, не во Македонија за да си ги бранат своите огништа?! – го запраша вчудовиден Строгов.

– Да. Но, тоа ќе се види. Што друго можев јас да направам, слушајќи ги пламените зборови на голобрадото момче. Останав восхитен од неговата искрена љубов, од односот кон Македонија и се што е македонско.

---

* НОФ – Народно ослободителен фронт.

** ДАГ – Демократска армија на Грција.

– Патот до вистината е тежок, опасен и неизвесен... – одговори со тивок глас Сувогорски.

– И? Што е вистината?

– Вистината е дека „братството и единството“ го договорија во Белград во окромври 1946 година КПЈ* (Иван Караиванов) и КПГ** (Јанис Иојанидис) и потоа бевме повикани кај секретарот на ЦК КПМ кој ни го рече следново:

„Вие сега ќе одите долу. Раководител на вашата борба ќе биде КПГ. ЛИНИЈАТА НА КПГ Е ИСПРАВНА... Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи средства против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...“

– Ти веќе почна да чепкаш по нашите државни тајни!?

– Не туку луѓето ја бараат вистината.

– Тоа не е вистина! Обични измислици! – извика Строгов. Ги стави рацете одназад и почна нервозно да се шета низ просторијата.

– А судбината на сите тие луѓе?

– А вашите неуспеси? Јас, ти реков зошто сум заинтересиран. Вие сте тие од НОФ кои агитиравте кај луѓето дека таа е револуција и го повикувавте народот „Сега или никогаш“ и му велевте дека борбата е продолжение на славниот Илинден. И сега поради вашиот неуспех ќе ја фрлате вината на други... Јас ти реков за што сум заинтересиран!

– Значи, нашата судбина е да се судиме сами, а не да ги осудуваме оние кои нè турнаа во таа војна...

Сувогорски воздивна, посакувајќи да го заборави своето минато како затвореник, но... и другите исто така да го заборават. И судбината да го заборави.

---

* КПЈ – Комунистичка партија на Југославија.

** КПГ – Комунистичка партија на Грците.

ГЛАВА ОСМА

НОВА ГОДИНА 1950 ВО СТОЛИПИНСКИ ВАГОН

Ги начулив ушите кога од назад му го почувствував здивот на Строгов, кој посака да ми поттпикне молив и бели листови. Досега со никого не бев зборувал за сето тоа, за тој долгогодишен гнев и излив на горчина. Помисли дека целиот свет живее како во некоја зараза, да се испитува, да се обвинува, да се разгрнуваат крастави рани, па дури на човек и смртта да му биде недостојна. Барањето да зборувам за сето тоа ме направи бесен и не сакав да почнам, го гледав Строгов како тоне во фотељата, најверојатно чувствуваше некаков трепет на жилите, како што велеше мојот пријател Кандикјан. „Ако темето од десната страна ти заигра, ќе претставуваш судија, а ако ти заигра брадата ќе те советуваат...“

Во еден миг се вратив во напластените купишта од факти, во историјата, но не поради добродетелствата на Лаврентиј Берија и Јозев Гебелс, туку поради злото. Од нив двајцата, како инспиратори и организатори на еден систем на телесната и духовната контрола кај две „револуционерни“ земји, едниот беше таткото на Гулазите и на советската бомба, а другиот го покри со смоквин лист геноцидот. Сега, Строгов бараше од мене да му ги опишам Гулазите. Ех, тие мои СИБИРСКИ ГУЛАЗИ, таа мртва постела на светот!

Повторно ме натераа да викнам. Во молкот, во тишината на најсилниот Гулаг!

На пат за Москва, некаде пред Киев во ноќта на Нова година илјада деветстотини и педесетата во столипински вагон, сонував возвишена трибина од бел мермер, под отворено небо. На четирите ќошиња високо се издигаа кон небото монументални столбови на дворец. Од изгревот на месечината

зрачеше розова светлина, насекаде, дури до далечниот хоризонт, а на толпата од човечки лица ѝ болскотеа очите свртени кон трибината.

Сонував, стојам и в раце држам таблица, како онаа на Мојсеј со десетте заповеди, само што оваа е врамена и е под стакло со текст во две колони. Првата на македонскиот народ, па небаре се обраќам до народите на целиот свет, читам со необично силен глас.

Се разбудив, можеби сетики од сопствениот глас.

Мојот голем брат не ме слушаше. Беше заглушен од бучавата на триумфалниот дострел на созијализмот, од бучавата на шампањското, но јас слушав само тик-так, тик-так и студот сè повеќе ми се вгнездуваше, а јас како да се смалував, чувствував како железото ми ја исцицува топлината. Огнопоклоникот е принуден да се поклонува.

Сињак, студ, крцкаше снегот, се ежев. Мускулите ми играа и се тресев. На десетина метри од вагонот, ме втераа во една црна затворска кола. Неочекувано, се најдов во положба на седната мумија, како во кутија. Посакував да крикнам... Боже, како да ми шикнаа големи млазеви од мене. Постои ли моја татковина која треба да ми суди?!

Преку колената и грбот ги чувствував металните ѕидини на токму паднатата напалм-бомба. Темнина. Пред носот ми беше мал правоаголен решеткаст отвор за дишење. Не беше по мера на човекот, ами како за некаква ѕверка.

Затворската кола се движеше несигурно, беше лизгаво низ улиците на Москва, се тркалаше ужасно бавно, а пеколно студеше. Си реков, ако вака потрае, наместо мене, во кутијава ќе најдат мумија со смрзнати воздишки и испарени мисли од едно време...

Но, ете бевме стигнале во Лефортовискиот затвор. Ме водеа двајца снажни стражари. Едниот пред мене, другиот по моите стапки. Слеговме по неколку скалила, потоа низ долг ходник и многу врати од обете страни. Застанавме пред бројот 513. Оној пред мене ја отклучи вратата и бавно ја от-

вори гледајќи ме в очи. Црна тешка врата. Веројатно дабова. Десетина сантиметри дебела, а и скована со железни обрачи.

Ме поттурна и ја заклучија вратата зад мене. Си реков, ова е мојата одаја што ми ја доделија во земјата на социјализмот и во неа почнаа утрата да се раѓаат без да ги објаснат ноќта, стравот и неизвесноста...

Во форма на квадрат, со ширина до два метри и толку должина, можеби и нешто повеќе. А висината, околу три метри. До самиот таван, во дебелиот ѕид, наспроти вратата, мал отвор со армирано жолтеникаво стакло. Од некаде преку денот се отвораше само. Од него струеше воздух и потскокнуваше како змија и ја носеше миризбата некаде подалеку од Москва.

Темничаво беше, особено кога надвор не блескотеше сонцето и тогаш се запалуваше млечната ламба што висеше обесена како задавен стаорец. Си реков, тука повеќе не ќе ги видам утринските извори. Сите ѕвезди како да ми умреа во душата... Времето се беше скаменило. Никаде ни земја, ни небо. Ни птици ни луѓе. Срцето уште рамномерно ми чукаше, во изгорените ноќи. Ја одмерував должината на боиштето. Немаше преданост, немаше смеа, освен смеа на моќниот над надмоќниот.

На два чекора од вратата застанав. Во носот ми удри остра реа од стара скисната нечистотија, пот, сперма, нокти, влакна и плунки од засирена крв. Сето беше измешано со трулежот на една стара покривка, која можеби уште го чуваше стравот од некое боиште од воините. Раната ми беше отворена во скршеното срце, во душата – пепелишта, пустош, молк... Ги немаше издолжените сенки на предците, сè беше збрано во една точка, дури и смислата на сите походи беше покриена од робијашката кошула...

На подот, сè до спротивниот ѕид кон прозорчето, јасно беше отцртано патчето. По него, најверојатно, чекорел мојот претходник.

Свртувал до мијалникот на левиот ѕид и до дупката на нужникот. Тоа беше веднаш до мене, во левиот ќош. Натаму подот како да беше послан со некаков сив ќилим. Слојот беше дебел, нагазен од влакна и прав... По должината на десниот ѕид тесно легло на 'рѓосани ногарки вкопани во подот. Тука до мене имаше мало дрвено масиче со дрвено триножно столче. Значи, тука десно требаше да спијам и јадам, а лево да серам и со голи раце да си го чистам задникот, но ако сакав можев и да си го измијам со студена вода што цвркаше од 'рѓосната цевка. Во средината, меѓу мијалникот и леглото, имаше можност за прошетка и уште неколку чекори понатаму и уште толку за назад, како што тоа го правел и претходникот, кој потајум исчезнал како тревка...

Ќе изумев една среќна околност; секое утро ми даваа метла, леѓен и крпа од излитени гаќи. Уште првиот ден го исчистив подот и се виде дека е асфалтиран. Потоа секој ден го миев, заедно со високото цокле по ѕидовите. Според ова, веројатно ме третираа како во поблаг режим од мојот претходник... Тој живеел во нечистотија... Стражарот велеше дека бил сумашедшиј*. Генерал Никита Игорович Грненко. Тука војувал по боиштето на осамата.

Во ѕидовите оставил вџарени очи... Скаменети. Низ оваа патека си ги спомнувал, сосем сам, сите битки, го растргнувал конецот на истрајноста... и ги стишувал во душата разгорените огнови, но некој на крајот му влегол во сопствената скривница...

Сега, Строгов од мене бараше да проговорам за режимот. Можеби не било на одмет да се одбележи нешто. Се разбира, за тоа сè уште со огорченост и протест се сеќавав – Делото против мене, како и против останатите од ѓрупата НОФИТИ**, на крајот беше укината. Беше ликвидирано поради „Отсуст-

* Лудак.

** Членови на македонската организација НОФ.

вија состава престапленија“.* Пресудата беше анулирана. Бев прогласен за невин и правно рехабилитиран. Сите оние долготрајни понижувања, она префинето насилство врз човекот во неволја, човекот жртва, останаа да висат во воздух, како онаа светилка во ќелијата, матна, исплукана од муви, прав и... Без правна основа.

Само како „право на посилниот“, како злосторство... Но колку сум бил наивен дотогаш, колку далеку сум стоел од жестоката реалност, од суровата вистина, што можеше да ја доживее обичниот човек во земјата на идниот комунизам... Не само моето физичко уништување, туку и моралното разоружување, духовното смачување и бескрајното самопонижување!

Кога ќе влезеа во ќелијата беа по тројца, некаде по полноќ. Сонлив ќе станев. По нивно барање, ќе се соблечев гол и ќе застанев во еден агол. Така стоев, чекав, а тие намерно полека вршеа претрес. Така минуваа час, два, небаре ме заборавиле, покрај линијата на смртта. Мирно разговараа, се смееја безгрижно и весело. Не обрнуваа никакво внимание.

Ги нарекував темничари. Не би требало да се премолчи и тоа дека овие товаришчи, додека ме гледаа беспомошен, понекогаш беа склони да пројават и зачудувачко „сожалување“, исклучителна „љубезност“, а тоа беше кога си помислуваа дека жртвата нема да пројави никаква готовност за поголема „соработка“. И така, тие веднаш стануваа брутални на крајот со сета „добрина“ се зафаќаа со мене. „Дојди ваму! Испружи ги рацете! Рашири ги прстите! Преврти ги дланките! Покажи ги мишките! Отвори ја устата и направи ааа...!“

Ѕиркаа под јазикот, лево и десно, меѓу забите и грклanот. Ѕиркаа во носот, во ушите, како да сум коњ за продавање. „Рашири ги нозете“ и ѕиркаа ту лево ту десно и под машкиот дел, а од срам и од страв ми се имаше собрано како на мало дете. Можеби и од студот.

---

* Недостиг на факти за прекршок и за злосторство

„Покажи ги стапалата! Сврти се со грб, навали се и со рацете рашири си го задникот!“ Што гледаа не знам... Потоа си заминуваа бучно, ме оставаа како Адам, а облеката и постелнината расфлани по асфалтниот под. За нив, бев само експонат а не борец, против англоамериканскиот империјализам како што се декларираме на првиот конгрес на НОФ и како комунисти.

Се обидував да го задржам достоинството и се прашував – зошто ги пишував и ги прокламирав кај моите Македонци комунистичките погледи?

Така фатен во безнадежност низ сенката на дамнината, истекуваа несоницата и немирот на душата.

Сослушувањата почнаа уште од првата ноќ. Редовно, но никогаш дење. Траеја по неколку часа. Иследниците се менуваа, а јас цело време бев седнат на едно столче на кое се здрвував и дури пред разденување ме враќаа во ќелијата.

И само ќе дремнев, слушам „падјом!“ Морав да станам.

Преку денот шетав, натаму две метра, наваму исто. Со часови, како нервозна мечка. Малку ќе седнев и пак чекорев. Размислував, се бодрев. „Морам да издржам!“ Не сакав да дозволам да ме скршат. Но тоа предолго траеше...

Во несоница ги напојував раните, ноќта одминуваше како крај мртов воин со вџарени очи, а во нем крик нечујниот ветар однесуваше сè низ моите тажни очи. Утрото заруменуваше, нов ден...

Имаше несовладливи денови. Не ми дозволуваа да склопам очи. Но јас сепак успевав. Спиев простум. Стоев со раширени нозе, потпрен со дланките на студениот ѕид, токму под прозорчето. Чуварот зад вратата гледаше низ шпионката дека стојам, па ништо не ми можеше...

Планирав збирка раскази со мотиви од нашата борба. Еден расказ, втор, трет... Ги разработував. Хартија и молив не даваа. Еднаш си го сонив пред мене мојот гроб. Ѕидините од мозаик. На половина метар од земјата, близу, навален и капакот... Плоча, исто таква, а гробот уште неископан. Затревен,

сè уште се чекаше... Потоа ми беше речено дека чуварот треба да ми ги гледа лицето и рацете при спиење. Оттогаш спиев со главата кон прозорчето, а струењето на воздухот ме пронижуваше, ме поткаснуваше како змија. Чувствував тенки трепки, потајум како да ми ги поткинуваат златните конци на мојата љубов кон татковината. Нема магични мириси, само трулеж и смртна постела...

Еднаш на сон, сум се свртел кон ѕидот, па чуварот не издржа и грубо ме разбуди. Потоа лежев сè така како труп и не се осмелував да се помрднам. Зима. Прва зима во земјата на социјализмот, уште сонце немав видено. Времето беше најчесто намуртено како сиот персонал во Лефортово. Одвај се насетуваше денот преку матните стакла. Ламбата понекогаш гореше денонокно. Чудно беше, колку тишината можела да биде неподнослива. Апсолутно, без звук, никаков глас или шепот. Чувствував како смртта лази крај мене.

Откинат од светот, изолиран, небаре некаде извеан во пустината... Ја слушнав тишината, но си реков можеби е некаков придушен далечен шум. Веројатно си го слушав сопствениот крвоток, како крвта ми шурка низ набабрените жили и огнот во моето вжарено огниште сè уште не беше згаснат. Иако тука смртта се избираше пред времето кога исчезнуваа зборовите на човека му остануваше да вика: „Верувајте во револуцијата! Верувајте во комунизмот!“

И така, се седнува на нокната трпеза, под нишалката на стравот, молкот и безгранична надеж во иднината ќе се забележи низ ќелиите на насмеаните ведри револуционерни лица... Тоа го регистрира само чуварот кој везден ѕирка, да види во каква положба е заклучониј номер 513.

Ме обземаше носталгија и копнеж да видам небо, или некоја нокна ѕвезда, како плови и умира. Чувствував како ми се насобираат големи води во немирот на душата. Како умираше Вождот. Срцето на Великанот... Посакував иследникот Фирсов да ме премести во некоја друга ќелија. Но, пак ја криев мојата слабост. Решив да молчам, седнат како јунак на врв

од карпа, но таа ноќ беше многу студено. Во еден миг, сонував како полека од една скопска улица сум се свртил наназад. Од споредната уличка небаре излегуваа членови на ЦК КПГ. Излегуваа од некаков собир. Сите заминаа, а тројца се вратија кон мене. Средниот извади револвер и ме зеде на нишан. Стрелаше во мене, токму во моментот кога се свртев ме погоди под десната плешка. Ме здоболе џигерот. Помислив на случајот со Горки, кога тој сам си стрелал во сопствените гради, но не умрел... Сонот го доживеав зачудувачки и јасен. Всушност, тоа беше клеветењето на грчките раководители, токму така постапија спрема мене, ми стрелаа в грб. Ме обвинуваа за формирање на НОФ на 23 април 1945 година во Скопје. Ме нарекуваа агент на Интелиценс сервис, на ОЗНА, на сите светски агентури. Ме обвинуваа за говорот што го одржав на Вториот конгрес на НОФ во селото Нивици, Преспа, на 25 март 1949 година. Во рефератот на тема „Идеолошките основи на НОФ“ и тогаш го реков и ова: „И еве сега, ние тука, стотици претставници на македонскиот народ, ја прокламираме пред целиот свет нашата нова основна придобивка – правото на самоопределување, правото да го организираме нашиот македонски национален и државен живот така како што ние сакаме“. Но сето тоа остана само на хартија. Зошто? Значи раководството на НОФ беше уапсено. Потоа се срамев како комунист од таквата манипулација што беше сторена кон македонскиот народ.

Ех, мој народе! Што е со мечот, што е со зборовите? Што ќе биде со твоето опстојување?

О, боже, јас синот твој... Се присетувам на ехото што ми го поматуваше умот, а ми го поматува и сега. Слушнав и сам викав: „Верувајте во револуцијата!“

Утредента, како и обично, мојот чувар загрме на вратата и извика: „Падјом!“ Се миев и главата ја чувствував необично тешка. Како во менгеме да ме стегаа... Исплукав свежа крв. Си реков, можеби сум ранет во градите!

Ми ставија голема инјекција во крстот. Ужасно ме болеше цела недела. Ме вратија во ќелијата, со силно вопаление на белите дробови и оттогаш ми дозволија да ги покривам рамењата и рацете да ги држам под покривалото... Но, по ова „сожалување“, уследија цели три месеци кога ми даваа само шчи, наутро шчи, на ручек шчи и навечер шчи. Првиот месец шчи, вториот шчи и третиот шчи. Гнетев само шчи и чувствував како мирисот на шчи (кисела чорба од зелка) од далеку ме убива и ми се повраќа. А еден ден кога навлегов во вториот квартал со јадење на шчи, ме праша страшниот лајтнант: „Зошто одбиваш да ја примиш храната? Штрајкуваш ли со глад? Ти си зломислител!“

„Не, реков. Туку од теме до петици сум нагнетен со зелка. Крвта ми се претвори во чорба од зелка. Душата, здивот ми смрдат на расипана зелка. Желудникот не ја вари. Ми откажува, можеби затоа што сомлел повеќе од еден вагон зелка. Не сака, што можам, не сака да ја вари...“

Лајтнантот се насмевна и ми рече: „Ну харашо, тепер давај толко картошка...“*

И така, наутро картошка, на ручек картошка и навечер картошка. Во вториот квартал на првиот месец, картошка, во вториот квартал на вториот месец картошка.

Си реков, ако останевме во рацете на Захаријадис, тој одамна ќе ја ликвидираше целата група на НОФИТИ. Така, од бес. А јас ако излезам од тука, тогаш ќе се зафатам со разоткривање на антимакедонската политика на грчките раководители и со одбрана на правдата на македонскиот народ во грчката држава. Со тоа би го разнишал нивниот неприкосновен авторитет, би го оштетил бункерот на нивниот „Марксизам“, би го открил оној кој го активира „македонскиот синдром“ за нашето (само)уништување. Ќе ги откријам времето закопано во правта на урнатините и нека ме убие вината пред очите на прогонетите. Ќе си признаам дека сум измамен сè повеќе, секоја ноќ, тој нем рев...

---

* Но, добро, сега ајде само компири.

Минуваа месеците. Иследникот Фирсов беше упорен и ми приредуваше акустични сеанси... Глас, небаре некому зад соседната врата, му пукна срцето од болки. Мирно слушав и се обидував да пронајдам низ лелекањата и офкањата елементи на артист. Во еден миг, Фирсов, кимнувајќи со глава кон гласовите од соседната ќелија ми рече: „Сакаш ли нешто слично да ти се случи и тебе?“

Спокојно одговорив: „Сакам да му се извинам на мојот народ, дека сум виновен за осумнаесет илјадната мртва војска, за сто и педесет илјади искорнати од татковите огништа и за стотина македонски села што ги снема од картата...“

Ме укори со зборовите: „Тоа може да го каже само некој како тебе, реакционер на социјализмот од меѓународен машаб, со обмислена реакционерна дејност против Советскиот Сојуз и агент на меѓународниот империјализам. Ета, војна, била справедлива, борба пролетеријата за социјализам в Грции. Поњатна!“*

Едноставно, тоа беше правдата на посилниот – мојот иследник, потполковникот Василиј Петрович Фирсов.

Ех, си реков, ете како можела судбината да ни ги измеша картите, а ние Македонците да играме...

Сега по толку години, ми навира една „многу чудна информација“ – Како и од кого се решавала судбината на Македонците токму во Граѓанската војна (1945 – 1949), ми вели Сувогорски:

„Сталин се согласил да му ја остапи Грција на Запад, задржувајќи го правото да теши каде и кога ќе ѝ се противстави на Америка. Тито останал глув за неговите наредби и почнал да ги снабдува грчките комунисти. Сталин решил да ја искуша американската решителност на Берлин, а не во некое зафрлено балканско село. Последната сламка било планирањето на создавање на балканска федерација што ја договориле бу-

* Таа војна беше справедлива, борба на пролетеријатот за социјализам во Грција. Разбра!

гарскиот водач Димитров и Тито не прашувајќи го Сталин за дозвола. Додека кавгата се разгорувала, Тито ги пратил своите другари Милован Ѓилас и Едвард Кардељ да преговараат со Сталин. На мрачните вечери во Кунцево Сталин, Жданов и Берија се обидувале да им влеат страхопочит на Југословените пред советската сила. Ѓилас бил маѓепсан, но останал пркосен. На 28јануари Правда го осуди планот на Димитров.

На десети февруари Сталин ги повикал Југословените и Бугарите во мал агол, за да ги понижи како да биле дрски членови на неговото Политбиро. Место да му се противстави на бугарско-југословенскиот план, предложил создавање на мали федерации, поврзувајќи ги земјите кои веќе се мразеле меѓусебно. Цело време „бесно стрелал со погледот и постојано нешто цртал".

„Кога велам не, тоа значи не!", рекол Сталин и предложил Југославија да ја голтне Албанија, изведувајќи движења на цвакање со прстите и звуци на голтање со усните. Намуртената тројка – Сталин, Жданов и Молотов – само го зголемила отпорот на Тито. Сталин и Молотов пратиле писмо на осум страници во кое ја навестиле вината на Тито за најстрашниот грев – троцкизмот. „Мислите дека политичката кариера на Троцки е доволна поучна", напишале злокобно, но Југословените воопшто не се обзирале на тоа. На дванаесети април го отфрлиле писмото. Сталин решил да го згази Тито.

„Ќе мрднам со малиот прст" – му се фалел на Хрушчов „и ќе го снема Тито!" Но Тито се покажал потврд од Троцки или од Бухарин.

Долго размислував: зошто ние „големците" (не замислуваа како да сме Тито и Сталин како што нè викаа нашите селани нас НОФИТИТЕ и АФЖИТИТЕ), а ние истото го правевме кога ги повикуваме нашите Македонци да ги грабнат пушките во тој хаос???!!! Страв и трепет бевме за македонскиот селанец... Викаа пред нас: Да живеат: СТАЛИН; ТИТО; ЗАХАРЈАДИС И МАРКОС!

ГЛАВА ДЕВЕТТА

ПРОФЕСОРОТ КУЗМЈАН ПЈУРКОВСКИ

Професорот по антропологија Кузмјан Пјурковски се насмевна и ми рече:

„Вие комунистите сакате сите да ве слават како да сте вистински божества, спасители, небаре од вас почнува историјата и небаре од вас зависи заедничката среќа на сите.

Катаноќ: „Појдете со мене! Рацете на грб!“ сè така до јули 1952 година, кога бев одведен во Источен Сибир, во логорот О–41.

Беа изминале 52 месеци од денот 3 октомври 1949 година, кога во логорот Бурели во Албанија, ме уапсија грчките раководители на КПГ. Првите три месеци ги минав во самица, во Тирана. Останатите во Москва, од кои само три заедно со професорот по антропологија Кузмјан Пјурковски. Кога еднаш му се претставив како комунист, тој се насмевна и ми рече:

„Вие комунистите сите сакате да ве слават како да сте вистински божества, спасители, небаре од вас почнува историјата и небаре од вас зависи заедничката среќа на сите. Вашите родни места, предметите со кои се служите, гробниците и спомениците стануваат „свети“ работи на коишто не им се укажува само почитување, туку вистински религиозен култ. На таквите како вас им се полагаат завети и заклетви. Во ваша чест и спомен се создаваат државни празници, се подигнуваат музеи...“

Тој ден сосем ненадејно, се отвори вратата и во мигот кога се појави лајтнантот, силен како горило, тој плеќест Чечен, професорот Пјурковски престана со опишувањето на комунистите и наеднаш изразот на лицето му стана пријателски. Чеченецот ме одмери и ми рече отсечно: „Дојдете со

мене!“ но за рацете на грб ништо, а јас по навика ги ставив. Ме одведе во една канцеларија кај Гркот Јоанидис, капетан на војските МВД и кај специјалниот иследник полковникот Никитин. Јоанидис зазеде став на судија и ми понуди документ на „правдата“. Го замолив сам да го читам, но тој ми одговори:

„Ние судиме, а не ти...“ и почна со висок и одмерен тон. „Особое Совештание при врховниот Суд на СССР, акт АО – 238... го осудува на десет години со одземање на личната слобода и присилна работа во Испраителните Трудови Логори – ИТЛ и на 30 мај 1952 година истрагата формално е завршена.“

Тоа беше сторено врз основа на член 58, точките 4 и 11 од Кривичниот закон на Руската Федерација. „За врски со англоамериканската и меѓународната реакција и организирана активност во нејзина корист...“

Бев силно огорчен и разочаран, оти имав поинаква претстава за Правдата на Правосудството на најхуманото социјалистичко општество, каде што најмногу се ценел човекот, како што се вели; наеднаш небаре некој ми го крена превезот што со години ми го покриваше мозокот.

Без суд, бев осуден!?

Без правото да се запознавам со обвинителниот акт и изјавите на моите соработници кои сведочеа против мене. Немав право да се бранам и да се жалам. Некогаш „Светата инквизиција“ така постапувала со своите жртви. Се прашував: зошто и сега се користат оние методи што одамна се осудени од историјата. Дури и сега не ми е јасно како сум можел да го прекршам Кривичниот законик на СССР? Како сум можел јас, Македонец, од грчкиот дел на мојата татковина, и тоа борејќи се против смртниот непријател на македонскиот народ; грчкиот шовинизам и полош од комунистите...

Лежев во вагонската ќелија и го слушав ритмичниот тропот на тркалата тики-тлак, тики-тлак, од Москва кон Источен Сибир. Патешествие за издржување на казната. Зад железните решетки во ходникот над мојата глава, стоеше специјален

стражар. Ќе направеше два чекори настрана и пак се враќаше пред мене. Не ми зборуваше, само отпуштено стоеше со прегрнат автомат, но не изгледаше заканувачки и можев да се присетам на професорот Пјурковски, кој во ќелијата остана сам. Се разделивме трогателно. Ги мразеше комунистите, бидејќи му го убија братот во „Катинска шума“. Тој бил висок офицер. Татко му ги школувал во Париз и како што велеше професорот Пјурковски: „Сакавме да си бидеме само предани на татковината Полска...“ не сакавме пред никого да клекнеме и да му се заколнуваме, како што сте го правеле вие НОФИТИТЕ со одбрани зборови: „Се колнеме дека ќе го следиме Никос Захаријадис, тој е нашата судбина и иднина. Ќе му веруваме што и да се случи и ќе го браниме со нашите животи.“

Така ми зборуваше професорот Пјурковски и ме прашуваше: „Зошто трчавте по тој пат, каде понатаму?“ Тој во ноќните часови ми зборуваше, а јас сè повеќе сакав да го слушам кога ме погодуваа неговите мисли.

„Вие комунистите умеете секому да му изнакалемите обвинениј а, со зборови од меѓународно значење, па човекот виновник дури и сам да си признае дека е агент на англоамериканскиот империјализам, иако и самиот немал такви заслуги. Најпрво комунистите ќе ве направат послушни до еуфорични типови, а вие во името на народот ќе му се подадете толку многу, дури и сами ќе учествувате во сопствениот геноцид. Тоа се случи со вас Македонците.

Тоа се случи со вас НОФИТИТЕ!

Тоа се случи и со вас Сувогорски, со вас! Со сите вас, комунистите! Вие сте тие, кои никогаш не го поставивте прашањето – Зошто ви го менуваат етничкиот состав во вашата прадедова земја? Зошто ви ги менуваат личните имиња? Зошто ве прекрстија во Славомакедонци и како такви ве натераа да се борите во војните? Зошто Сувогорски, зошто? Тие колонистите станаа Македонци, а вие тргнавте по светот и сакате да останете верни на идеалите на комунизмот, но вие признајте си дека сте му ја довериле судбината на вашиот

народ да ја решаваат други! Вие, вие Сувогорски, што го натеравте народот во безумна војна, во војна што ја измислиле други! Вие, НОФИТИТЕ и АФ, си велам, веројатно им е обид на психолошко тероризирање. Тоа е несомнен напад врз мојот внатрешен мир... Но зошто? Ја покажуваат мојата гибел, за да не останам како сведок? Зошто? Да бидам клекнат пред назабените ветришта на Сибир, со јад, катадневно да ми го разведуваат горежот на мојот живот...

Тркалата чкрипеа и како да се раскости целата композиција, се слушна глас: Новосибирскаја!

Нè наредија и нè поведоа кон затворската бања. Пареа како од вулкан. Се слушаше шуркање на бистра сибирска вода. Сите се мачкавме со течен сапун, по еднаш, двапати и пак под шурките вода... Тогаш за првпат видов толку голи тела, подгрбавени, испостени, подјадени од шуга, со вдлабнати задници, како луѓе опфатени со незимерно задоволство зјапаат под шурките вода играјќи си со половите органи... Низ пареата со ококорени очи ме гледаше Лазар Рогожаров и ми рече дека не можел никогаш да помисли дека НОФИТИТЕ ќе се бањаат во Новосибирск. Се смееше и тој низ пареата на сибирската бања, сè додека не се слушна гласот :

Довољно![*]

Така со топли тела, пак во вагоните на трансибирската железничка линија, брзо ме собори сонот. Сум викал на сиот глас: Еј, вие добри Македонци! Вратете се на огништата, ова не е наша револуција, ова е измама за нашиот геноцид! Тука не се умира за татковината. Јас, не сум тој што го измислил сето ова наше зло! Вратете се на огништата, ова е нечија злобна измама!

Се разбудив кога пристигнавме во градот Тајшед, во логорот О–41 и наместо името и презимето мое го добив бројот АО–238(О–41).

---

* Доста е!

Ох, боже што не сум рекол, спротивно на она што сум го пропагирал пред нашиот народ, дека оваа војна била продолжение на Илинден, на нашиот исконски идеал и дека е достојно така да се загине за Македонија... Можеби сè се судрило во мојот измачен мозок?

Во логорот веднаш ме одведоа на стриг, а потоа со задоволство изедов две порции борч*.

Наеднаш станав полуубопитен отколку загрижен!? Ги читав лозунгите. Како недоветен одев низ цела територија на логорот. Ги посетував, хорот, театралната група, оркестарот во кој подоцна се зачленив. Вежбав на виолина, но кога умре тапанарот Игор Василевич Кедро, со декрет на маестро Иван Петрович Кокоткин бев поставен за тапанар. Тој само ме праша: „Ако си комунист, најдобро ќе одговориш на оваа задача...“

Удирав, пустев, повеќе од некаков бес, отколку што водев сметка за некаков музички такт. Кога се свиреа народни ора, играчите викаа „Давај силне е е!“ Удирав, едноподруго. Кокоткин се лутеше, но најзадоволни беа руските мужики. Играа сите робијаши – Руси, Германци, Полјаци, Романци, Бугари, Грци, Чехословаци, Унгарци, Македонци, Монголци, Кинези, Корејци и Југословени, кои напати и тие ми се обраќаа со „Удри буразеру! Нек се чује докле смо стигли ми комунисти да играмо сви заједно са фашистима...“

Градот Тајшед, како да се состоеше само од логори, локомотиви и чад. Кожата ми беше сува и студена, безмирисна. Можеби од чадот на локомотивата. Повторно почувствував треперење кога еден ден ме однесоа во централниот логор О–25 и ме фотографираа. Којзнае по кој пат откако бев робијаш. Ниту налутено, ниту победнички, ме повикаа во една канцеларија и ме снабдија со храна за три дена. Кога стигнавме на излезната врата, црн пес седеше отспротива и ме набљудуваше, неподвижен.

---

* Руско јадење, кисела зелка.

Очите ми беа пропаднати длабоко во шуплините и не ми светкаа. Одназад ми се обрати еден со чкрипав глаас: Гатов! Одговорив: Давно!

Сепак почувствував некаква сатисфакција кога стариот портир ми рече:

„Ну молодој человек, счасливого пути и все харошова... *

Пред мене беше нов живот. Имав документ дека сум слободен!?

Тајшедската зора беше тврдосива и бурна. Сега, весел, под една Берјоза ги повторував стиховите што ги составував во ќелијата, а и до ден денес не ги запишав, така си ги носам во душата како товар...

* * *

Строгов со мака ја криеше ироничната насмевка, но Сувогорски беше занесен во допишувањето на последниот лист. Можеби уште ќе пишуваше ако некој пак му потпикнеше листови.

Строгов мирно гледаше во него и чекаше да му предаде сè што имаше напишано. Настана штама. Молчеа и гледаа во листовите. Сувогорски си помисли: „Глупости. Зборови без значење. Тоа се мои лични песни, а не за полицијата.“ Потоа ја крена олеснетата глава кон Строгов. Молкот престана, му блеснаа очите на Сувогорски и рече:

– Ќе изрецитирам само по еден стих од некои песни.

Без да чека одобрение од Строгов, почна занесен, возбудено, со тивка тревога...

*

Словените нè оставија на мртва стража
чекаме фрлени во заборав уште од пред Самојла
и живееме во грчот на времето што лачи злоба...

---

* Но, млад човеку, среќен ти пат и сè најдобро...

*

Од нас создадоа река бесконечна по светот
за иднина недогледно строго коритo мрачи...
Нè подјадуваат ветрови талкајќи по туѓи патеки
и нашите гробови имаат нелогичен ред...

*

Се будиме заплискани од бескрајни дождови зли
Утредента трасираме пат за да се пронајдеме...

*

Во ридјето наши оставивме стражари вечни
и на простување како да знаевме
гробовите им ги наполнивме со песни...

Понекогаш во ќелијата викав на сиот глас, а стражарот Русин однадвор ми викаше: Човеку! Престани да бладаш... Ја ничего вас не понимају! Чорт его знает что он балтает? Но, бладај колку што сакаш, тоа не е моја работа. Можеби човекот споулавел, а што му можам јас... Грчки политимигрант, а блада нешто што не е грчки... Сè му се сплеткало; Словени, мртва стража, некаков си Самоил. Можеби е татко му, кој ѓавол го знае... Јас неколкупати му реферирав на мојот началник. Тој дојде, послуша, и ми рече дека тој човек не е Грк, а Грците велат дека е тој предател од меѓународни размери... Заедно се бореле во Грција. Но, јас ништо не можам да му помогнам, нели Грците сеѓа се наши браќа по комунизмот, а ние треба да им веруваме. Началникот ми рече дека овој човек ја предал револуцијата на Грција и дека јас треба добро да го чувам, а тој веќе сполулавел...

Се смееја на глас, Строгов и Сувогорски, но Сувогорски сакаше да објасни дека Русите на Грците им правеле братска услуга. Се воомјази и небаре се задлаби во мислите:

– Што можам, сеѓа можеби не... Не знам, дали помина модата на „Инетрнационалистичката должност...“ Така беше пред и по револуцијата, кога јас и сиот наш народ викаше: „Еј, вие, вие! Ако сте епигони на Хомера, не слушате ли? Ние

Македонците бараме национална слобода! А тие пред дипломатските обврски ги креваа рацете и рамениците во знак на мирољубивост и сите освен ние остануваа со мирна совест, а тие Епигоните, со блазирана насмевка. Всушност, кога нè тераа да се влечкаме под нивните тврдини, нивните психолози и историчари изјавуваа дека се работи за наш религиозен обред.

За нас велеа пред светот дека не соработуваме со нив, не поради страв, туку поради совеста... Да, си припомнувам под руската берјоска се радував како дете... А еден Кореец ме гледаше што сум радосен. Тој се викаше Ким Лан. Еднаш ми рече: – Ние Корејците имаме една поговорка: „Ако ја пуштиш рибата во сад со вода, немој да мислиш дека си ѝ дал слобода.“ – Добрине, треба да знаеш, јас и ти, ми се чини дека цел живот ќе го минеме во сад со вода.

По неколку месеци во мај 1957 година се најдов пред вратите на Министерството за внатрешни работи на Алма-Ата. Ми читаа нова пресуда на воениот колегиум при Врховниот Суд на СССР. „Порано донесената пресуда против мене (АО-238) на бившото Особое Совештание се анулира, поради Отсуствија состава преступленија“.

Многу луѓе настрадаа така, дури и денес човек може да си го постави прашањето: „Како и зошто лажно се прогласуваат луѓето за предавници и ги праќаат на робија?“

– Можеби кај нас тука нема такви случаи, – му се обрати на Строгов.

Строгов неочекувано, чиниш се најде како тој да е пред иследник.

– Добрине и јас си го поставувам истото тоа прашање. И нормално е времето да ја покаже вистината. На вистината ѝ е судено да се бори против лагата. А најголем пријател на вистината е времето. Но, ти си веќе во татковината, па да го оставиме времето да покаже.

Добрине, такви се нормите... Не тврдиме, зошто немаме докази, но мислиме, можеби си превоспитан... Мислиме дека доаѓаш како агент!

Добрин збунето ги ококори очите.

– Значи, уште ум со разум не може да пресуди? Па јас се враќам, зашто сакам детето да ми учи на родниот јазик и да се воспитува и да расте сред родниот народ. Не сум никаков агент!

А бре, за оваа наша Југославија, јас би жртвувал и десетина Сувогорци! – со чуден и нагласен патриотизам му возврати Строгов.

– Зар јас уште треба да чекам? И тука, во татковината? За мене правдата задоцнила. Добро вели Румена: Личам на излитен пустиник... на минатовековен камен со разголен грб...

Разбирам, како и до сега и понатаму радоста и злото ќе ги пречекувам во прифатилиштата, во тие мрестилишта на туѓи несреќи, во тие наши вечни студени лекувалишта... а можеби не ќе ми одредат да имам и сопствен гроб? Тоа е тешка навреда. Строгов сигурно знае дека НЕ ПОСТОИ ВИНА БЕЗ ДОКАЗИ, а сепак е готов да „жртвува“ дури десетина како мене! Само во интерес на оваа Југославија, заради која и јас станав сибирски робијаш.

Зар се заборавило дека на 23 април 1945 година, ние НОФИТИТЕ тргнавме оттука со задачи напишани на едно ливче за да го кренеме македонскиот народ во социјалистичка револуција? Зар не се знае кој го бараше сето тоа? Зарем не се знае, дека сите НОФИТИ бевме осудени за југословенски агенти? Зарем не се знае? Строгов знае дека јас сум само Македонец, а не македонски Југословен... Тој знае дека само јас посакав да се вратам кај моите соборци и да им докажам на Грците дека тие немаат право така да манипулираат со нашиот народ.

Зошто тргнав по тој пат, каде понатаму? Сега јас сум непријател и за КПГ и за КПЈ...

Се покажа дека не знаеме како се умира за татковината, оти татковината не се брани со напуштање на домовите и искоренување на човекот. Никогаш како комунист не сум веруал дека комунисти од други народи можат за свои интереси еден мал народ да го турнат и да го жртвуваат до геноцид! Никогаш! Никогаш!

Заврна дожд. Потоа болсна сонцето. Се сменуваа едно со друго, ненадејно, дождот и сонцето. Добрин се врати во бараката број 4 соба 13.

ГЛАВА ДЕСЕТТА

НА СОН СУМ ГО ЧИТАЛ СТАТУСОТ НА ПАРТИЈАТА

Нам ни дадоа ручек – му рече Румена и го заѓледа вознемирено, бидејќи тој се задржа кај Строгов цел ден. Беше блед.

– Што ти е Добрине? Ој, човеку! Значи и тука ти отворија картон? Ех, боже мој, оваа казна нема свој крај... каква ирониј̀а? Ех, мој Добрине. Ти си моја несреќа. На 35 годишна возраст да талкам низ светот и сè уште да морам да го читам Статутот на партијата.

Никогаш не сум сакала да им се умилкувам на тие твои партиски полтрони. Ништо, мој Добрине, единствено што успеав да научам, всушност е она што ми беше неопходно, како да се придржувам на нивните манири.

Ние се претворивме во машини, цело време ме водиш во некаква послушност... Вие сте типични солдати, вооружени граѓани и партиски величија... Ти, мој Добрине, научи се да размислуваш со својата глава, мислам дека така ќе бидеме ослободени од партиската евиденција... Колективот ти е како стадо овци, додека пасе во мајските треви, но кога ќе дојде волкот, секоја бега на своја страна. Ете, што остана од вас револуционерите? Одамна, по овие наши талкања, сакам да ти речам, престани да ѝ веруваш на полициско-партиската пирамида, што мислиш, зашто сите се така слепи од омраза кон тебе? Соборци ти се нели? Тие сега, ете, повеќе мислат дека ја сакаат татковината, тоа е уништувачка работа, мој Добрине, кога секому му е дозволено да прави што сака во името на народот... Такво е времето, кое дава можност за фанатични уверувања и тоа сè така ќе си оди. Сè што е под тебе бараш да биде послушно, а пред сè што е над тебе се превиткуваш и само една цел имаш, на тие кои треба да бидат послушни...

Но тешко на оној кој ќе ја загуби линијата на рамнотежа, како нас, тогаш ќе го прогласат во името на народот... Тоа е нашата максима, Добрине мој, а сега ќе чекаш да победи вистината. Ако, дојде до тоа што нема веројатност, ќе биде подјадена совеста на тие твои Фирсови, Пантелееви и сега Строговци.

Нашата вредност е, што вели народот, колку и онаа со коњот и кучето.

Добрин, со своите 45 години, буквално помина низ сè. Дури и многу повеќе од кое и да е суштество. Седеше и гледаше во Румена. Со заматено и згмечено чувство ги погледна книгите што лежеа на масата. Книгите му оставаа впечаток на нешто туѓо, непријателско, но и непотребно... Ги поттурна со рака и се налакти на масата. Го удрија мислите во дамнината и му навираа спомени.

– Навистина, голема беше приврзаноста на нашиот народ кон КПГ – рече, гледајќи во Румена како виновник, па продолжи. – Стрико ми Јован имаше коњ и кола од оние што растоварува само со превртување. Тој беше пролетер, носеше песок по градилиштата на Лерин. Но, за да натовари побрзо ме земаше со него да му помогнам. Имав неполни четиринаесет години. Еден ден (некаде во 1936 година) бевме надвор од градот, покрај реката и одевме до местото за копање песок. Стрико Јован извади од пазувата летоци со голем црвен срп и чекан преку напишаното. Ја запре колата и ми тутна в рака повеќе ливчиња, па ми рече: „Истрчај до онаму и расфрли ги по главниот пат, секој нека види што е комунизам... ова е наша партија, партија на сиромасите и поробените... добро ќе биде ако изгласаме некој што ќе нè сака и ќе нè разбере. Таа е партија која ќе ни дозволи да зборуваме во градот пред сите, а не да се криеме кога лафиме на нашки...

Овие зборови на стрико Јован многу ми значеа, така мислеше и татко ми, но тој никогаш не ми рече ништо за комунизмот... Тој работеше ден и ноќ за да можам да станам даскал, а јас станав револуционер, кој сега не го признава ни едното

ни другото. Во Сибир кога бев, тогаш му пукнало срцето. Ме сакаше, бев единец и сакаше да бидам даскал.

Секоја револуција се плаќа со жртви, без жртви нема ништо, – ѝ рече на Румена, небаре бараше оправдување.

– Сега веќе сè повеќе се замрсени патиштата на нашата судбина, мој Добрине.

– Што? Чудно расудување. Што сакаш да кажеш?

– Си припомнувам кога ти беше на власт, и првото што го научив за односите беше како да се однесувам во партиската елита, тоа беше важен момент како пред најголемиот да бидам со сила расположена и да сум подготвена да заиграм со него танго. Тогаш верував и тебе ти се развлекуваше насмевката од задоволство. Но, тебе пак ти беше страв да ја поканиш првата дама, оти тоа зависеше од расположението на тој што го викавме „мудриот наш водач“.

Добрин привидно се смири и сега пред сè ја чувствуваше нејзината мирнотија, потврдената безгрижност, најверојатно под влијание на седативите што сè повеќе дејствуваа врз нејзиното расположение.

– Токму од тој момент зовре во мене мојот прв протест, првпат сретнав елита со загрижена совест за зачувување на партиската хегемонија. Чудни се тие моменти, признавам... Значи нешто потсвесно те тера да се обидуваш само да се насмевнуваш, небаре ти е навлезено некое задоволство и од сè треба да правиш добар хумор. Тоа не беа незначајни потези од сите нас понижените, туку докази кои останаа до ден-денес и си се закоренија во мнозина од нас.

Ти знаеш дека јазикот на љубовта се наоѓа во очите... барем јас така се вљубив во тебе. Понекогаш ќе ме пречекаше твојата љубезна насмевка, а долго не знаев зошто. Што е тоа? Но, пак да се вратиме на тоа што го немало никаде и никогаш. Велиш, целокупната историја на човештвото е историја на жртви. Првпат слушам, се насмевна силно.

Зарем и вие комунистите ќе оставите таква историја? Гледаш, Добрине, во моментот кога сите жртви се против след-

ното големо потсетување, човек остава впечаток дека кога ќе се врати од логорите му се скусува неговото интересирање. Останува сиромашко и грубо. Моралните препреки на повеќето од тие елити им се поместија некаде настрана, но ти и во оваа безнадежна позиција си останал верен на себеси. Уште браниш некаква чиста партиска линија... Види какво совпаѓање на судбината, така уверливо да го впери прстот, пак накај нас. Зар ние малку страдавме и сега судбината пак си ги зема нашите животи во свои раце. Твојот и мојот живот, по истата подобност, и тука во татковинава ќе претствуваат загатка. Повторно ќе се изнајдат Фирсови, Пантелееви и сега Строговци наши што ќе сакаат да профитираат благодарение на бесчувствителните лаги со кои ќе биде направен уште еден обид да те дискредитираат. Никогаш не можам да си простам, како дозволив да бидам толку несреќна? Сонував приеми, свечени мигови по простарни салони, средби со нагиздени луѓе, со безгрижни лица, а сето тоа ме правеше да лудувам по тебе мој Добрине... Можеби и требаше да се обидеш пред саканиот водач да продолжиш да се адаптираш и така сето тоа денес ќе се претвореше во добар хумор. Можеби ќе успеевме да кажеме сè што сакаме денес, а не сега да заглибуваш во бладањата на логорското минато и во идните прифатилишта.

Добрин ја наведна главата и со доза на вина рече:

– Утре треба да се преселиме во прифатилиштето „Кисела Вода“.

– Но ти ништо не ми кажа за иднината. Во тие изминати десет часа Строгов не остави малку простор за нас.

– Не. Тој повеќе се интересираше за режимите во сибирските „Исправителние трудови логори“. Но и за истражните како што беа „Бутирка“ и „Лефортово“. Грижливо ги бележеше болшевичките методи. Ти знаеш дека тие логори се од најсовршен тип. Строгов сам си призна дека тука уште се експериментира...

– Да не сакаат да градат исти, – лекомислено праша Румена.

Добрин се насмевна и рече:

– Можеби мојот разговор со Строгов не даде никаков резултат. Му кажав: „Одвај го собрав семејството и до кога може да заврши истрагата што сега е отворена против мене?“ Не, рече тој, истрагата била отворена уште со доаѓањето на моите соборци Апостол Мараковски, Ристо Коларов, Лазор Рогожаров, Филип Хаџиевски, Силјан Лилјакот, Манол Форевски, Оливера Петочка и Небеска Тимјанова. Тие сите дале изјави дека не сум го изневерил раководството на НОФ и ми рече „Добрине, јас сум дел од „железната тупаница“ на Партијата... Ние претпоставуваме, не тврдиме, зашто тоа се само изјави... но мислиме дека доаѓаш како агент.“ Не рече чиј, но од разговорот претпоставува дека сум бил сега советски шпион...

Си припомнувам кога и Фирсов ми велеше дека е „железна тупаница“ на Партијата. Да, досега комунистичката полиција е „железна тупаница“ на Партијата.

– Руски шпион? Румена стоеше вџашена . – Зар ист сој сте вие комунистите? Захаријадис го обвини Маркос за најголем шпион и го прати како џмоболен да се лекува во Русија. Кога се подзаврте тркалото на историјата, генерал Маркос прати писмо до Централниот комитет на КПСС, во кое Захаријадис го обвини дека е шпион и предавник од меѓународен карактер. Главна причина, според него, за писмото не било обвинението против Захаријадис, туку обидот самиот Маркос да ги симне од себе сличните шпекулации и озборувања дека е агент на Британската разузнавачка служба. Ти си руски шпион!? Ех, мој Добрине. А Русите ти велеа дека си англиски шпион од голем калибар и дека од таквите како тебе беше загубена Граѓанската војна. Така и стои една од историските причини за поразот на едно прогресивно движење, дури тоа го прифати и Сталин.

Ист сој сте. Кој може друг тоа да ти го стори освен твојот соборец Апостол Макаровски и твоите најблиски соработници? А погледни како се одиваат работите. Захаријадис извр-

ши самоубиство во едно сибирско село, а Маркос во Атина. Макаровски во вила, а ти во прифатилиште. Тука се гледа дека е загубена линијата на хоризонтот, но интересно е дека вие комунистите сето тоа го правите во името на народот. Зошто?

Расудувањето на Румена, го натера Добрина да ја слуша и небаре се израдува од сето тоа, но тој размислуваше на она најстрашното – кога човекот се судрува од внатре. Тука настојуваше да биде издржлив.

– Немој да ме разбереш погрешно, мој Добрине. Комунистите засекогаш се заминати. Одамна ги нема, а во светот се поретки, меѓутоа сега ќе постојат уште тие од „железната рака“, тие што се уриваат на крајот од тупаницата како Фирсови, Строгови... Ако ги имаше комунистите не ќе ги имаше овие лигави пијавици. Што ќе им се на комунистите иследници? Тие не треба да се плашат од вистината и способноста на човекот. А вие комунистите од овој сој, прво измислиѵте логори, мачилишта, паролашки изјави, дека главна грижа на партијата е благосостојбата на народот.

– Не би можел да го сторам она што го направи Макаровски, и да се појавам пред соборците, бидејќи секогаш ценев да бидам до последен час со нив и заедно да ја делиме судбината, оти досега нас нѐ одликуваше она што го нема во никој народ, при најлошото да си ја спасува главата само раководството. Ете, моја Румено, зошто сакав да се вратам во Ташкент, по логорските маки, а не оттаму да се вратам сам без народот наш, кој за време на војната имаше доверба во нас од НОФ, а не во Грците.

А ме зачуди Строгов кога ми рече како да ме сожалува: Добрине, ќе чека на некоја идна кадровска револуција...“ Но, нема да дозволам да ме скршат. Тоа задоволство, нема да им го приредам. Јас сум, само Македонец и ништо друго, моја Румено.

Кога на Захаријадес, му го откажав медалот што ми го додели за заслуги, што НОФ ги имаше за будењето на наци-

оналната свест и успеа паролата „Старо и младо во редовите на ДАГ“, напишав дека тоа го правам како знак на протест против партиската хегемонија над македонскиот народ и реков: „Народот македонски, масовното учество го изрази како потреба за национална слобода, а не за исклучива победа на комунистичкиот систем“ и поради тоа што мојот став бил „антипартиски“, тенденциозно бев симнат од функцијата, под обвинение дека афирмативно сум зборувал само за херојската борба на македонскиот народ независно од грчкиот, Макаровски и другите тогаш молчеа. Но по убедувањето на Захаријадис, сите сме биле исти и така сите членови на НОФ што беа во секретеријатот бевме испопикани во „Исправителние трудовие логора“ во Сибир да ја делиме судбината со: саботници, јеховисти, грекокатолици, староверци, белоруси, есесовци и гестаповци, украинци и молдовани, шверцери и шпиони од Иран и Турција, Унгарци и Полјаци, Бугари и Југословени, сите осудени според рускиот Кривичен законик на Руската федерација, член 58, точка 4 и 11.

Гледаш Румено каква услуга му направи Централниот комитет на СССР, на водачот Захаријадис. А денес се менуваат работите и не знам зошто во сопствената татковина, меѓу својот народ кој му ја направи таа услуга на Макаровски или на кој било друг.

Утредента со дежурното комбе беа префрлени во прифатилиштето Кисела Вода“ и им беше доделена соба со четири кревети со поглед накај манастирот Свети Ѓоргија.

Собата беше долго непроветрена и кога ги отворија прозорците, се чувствуваше мирис на запалени свеќи. Тој ден беше празник, Ѓурѓовден и насобраниот народ се подготвуваше за општа веселба.

По богослужбата, народот испоседна и секој имаше донесено обилно јадење, посебно поголемите групи од развеселените Цигани му оставија убав впечаток на новодојденото семејство Сувогорци. Румена и Добрин тој ден го минаа налактени на прозорецот, дозволувајќи да ги дразнат мирисите

на печено јагне, на младо лукче и кромитче, а ги заинтересираа и ората што ги играа циганите. Сувогорци во нив гледаа слободни, сити и весели луѓе, без никакви грижи што можат да го мачат денешниот човек.

– Ова е вистинската социјалистичка слобода – одушевено рече Румена.

– Да, човек крева глава само при едно благородно чувство ако владее кај сите луѓе... Навистина, овие луѓе никогаш не би постапиле со лоша волја на нивните срца. Тоа се придобивките на слободата, – потврди Добрин и почна да го мести креветот со развласените покривачи, што очигледно не беа испрани од поодамна, но затоа тука беа да се постелат и двата чаршафа што имаа печет „социјално“ и имаа попримено засивена боја од долгите вриења во воените перални.

Пред секоја врата од левата и од десната страна на ходникот имаше во разни големини по неколку исечени или подгазени скорни за одење понадвор, бидејќи заедничкиот нужник беше доста оддалечен од живеалиштето, а најмногу мака имаа постарите кога се искачуваа по стрмната патека, особено на калливо време, но бог да го прости Геле Мацуковски, стар искусен жител по таквите заеднички живеалишта, кој имаше направено, по сопствен изум, скалила сè до местото каде што се двоеја машкиот и женскиот нужник. Тој оддамна страдаше од воспаление на мочното бабуле и затоа му стана грижа одењето до нужникот, но и без личниот проблем имаше забележано дека мнозина од жителите набрзина ја вршат малата нужда по ќошовите, па дури едно утро ја видел запретана Малина Туриманцова под прозорецот на Сувогорци.

Геле Манцуковски остана запомнат и по уште една добрина што ја направи за овие луѓе. Му текнало да заостри еден голем клинец и да го закова од внатрешната страна на вратата со малку наклон нагоре, со строга намена за набоднување на исечени парчиња од весник, во неодредена мера, така што со тоа луѓето веќе престанаа да носат стуткана хартија в раце. Арно ама, потоа се јави извесна алчност кај одредени жители

од прекумерното расфрлање и повеќето парчиња паѓаа пред грлото на нужникот. Не беше толку голема вознемиреноста од неекономичното растурање отколку што стана политички проблем еден ден, кога едно парче останало прилепено за цементната подлога и секому како му стигнувала шурката, така и сликата на весникот, катадневно беше биена од секоја шурка, па тоа некој ги наведе на сомневање и сето тоа беше одоколу испитувано. По неколку дена Миле Мицајков со своето око, по испитувањето на самото место, потврди уште едно сомневање за одредени жители на прифатилиштето.

Порнографски слики, вообичаени за такви нужници немаше, и тоа се должеше на воспитната младина, која беше уште под влијание на комсомолот во тие земји, а имаше озборувања и за sиркања низ цепотинките во женскиот нужник.

Особено беше најживо секое утро во ходникот каде што беше врвулица, а луѓето се однесуваа аgресивно во разминувањето. Но имаше и такви кои ги красеше особена почит спрема женскиот пол. Така дури еднаш Румена иташе во разминувањето, еден маж дојден од Чехословачка ѝ даде помин правејќи благ наклон со подигање на раката, што ѝ се пристори како да ја поканува за танго.

Секој од жителите со години си живееше со навиките од каде што дошол, од Полска, Чехословачка, Венgрија, Романија, Русија, а тие од Чехословакија секогаш даваа предност во разминувањето и никој од нив немаше оставено во ходникот наредени сандаци сè до таванот како што беа повеќето дојдени од Ташкент и Полска. Тие од Полска дури и најмногу се расправаа употребувајќи го поначесто зборот „Холера јасна“.

Обично наутро се отвораше секоја врата и луѓето се раздвижуваа низ тесниот ходник, а од собите испаруваше топол тежок мирис, дури имаше и такви зони каде што Румена повјаснуваше да измине што побрзо, а однатре се слушаше разновидна музика сè до доцните часови. Најмногу sунеше песната „Казачок“, „Линка Малинка“, „Волга, Волга руска река“,

но имаше понекогаш и по некое танго. Во утринските часови се слушаа вести, со очевидни пречки, а при изборот на бараната станица, небаре се губеше најмногу време, мажите стануваа сè понервозни поткашлувајќи зачестено. Тоа го правеа сите мажи за да можат да коментираат при денското играње домино или играта „џандар“. Но при фаќањето на бараната станица и кога ќе изговореше спикерот „Говорит Москва“ или која било друга станица од Варшава, Букурешт, Софија, Атина, во собата настануваше молк од присутните, само се мешаа гласовите низ ходникот од разните спикери.

Овие жители имаа и свои проблеми, не само со заедничкиот ходник, каде што преку денот беше врвулица, туку и ноќе, бидејќи како Геле Манџуковски имаше уште неколку разболени со акутно запаление на мочното бабуле, па тие речиси цела ноќ се сновеа, влечкајќи ги аритмично поткованите и подгазени чевли. Таквиот ропот, дури и од најдлабокиот сон ја будеше Румена Сувогорска. Таа, пред овие луѓе беше немоќна да стави ред, па размислувајќи како да најде решение, остануваше будна по цела ноќ. По цели ноќи не спиеше поради чувствителноста и раздразливоста на нервниот систем, па во никое време го будеше и Добрина.

– Добрине, Добрине, спиеш ли? – велеше, превртувајќи се вознемирена во железниот единечен кревет.

– Кај беше толку доцна? – мамурливо ќе прашаше Добрин.

– Ех, мој Добрине, сакаше да живееш во базата... Сега ми се чини дека ги уживаш плодовите на твојата револуционерност.

– Добро – велеше Добрин, запри со цимолењето.

– Се разбира, практично јас не знаев ништо за ваквите прифатилишта. Всушност, сè беше поради љубовта. Тебе ти е добро! Зар не гледаш дека ти е добро? Се бањаме во леѓенче, ти турам и ми тураш со котленце вода. Економично, нели? Навистина не те разбирам... Ќе бидам отворена со тебе. Освен твоето лице и телото, ништо друго не е убаво...

Мислиш на воспитувањето, што го нарекувате „револуционерно“. Сполај му на господа, не ми треба – ќе се насмееше иронично и продолжуваше.

– Што и да кажеш, јас не ти верувам ниту еден збор. Можев да бидам дама, а не телото да го мијам со едно котленце вода по прифатилиштата. Ти благодарам, ти си добар човек, но треба да разбереш до кога можеш да имаш имунитет како револуционер. Никогаш нема да заборавам, кога бевме на прием во земјанките кај Винени, тогаш Захаријадис ви ги врачи медалите на сите големци од НОФ. Таму беа и тие што не сакаа да се вратат во базата, а сега се против тебе. Тие и тогаш медалите ги примија и пак се вратија како херои, а ти? Тоа ти се политичари, мој Добрине, а не ти, бараш одмазда за измамата од грчките комунисти. Ете, сега имаш празен простор, докажувај, но знај дека никој нема да ти признае. Кој политичар од тој ваш сој, си ја признава сопствената грешка, а ако тоа го стори ќе биде избришан од списокот на перспективните и подобни кадри...

Си припомнувам уште од тие години на тебе, кога виде дека тие медали што ви ги даде водачот се фарса, те гризеше совеста, оти тие беа поради успехот на партиската хегемонија над македонскиот народ и паролата беше за тотално искоренување на македонскиот народ. Не требаше ништо повеќе само знаење, мој Добрине, да опстанеш заедно со „елитата“ и ќе те ценеа, а ти ете, и сега ти ги читам мемоарите што ги пишуваш и велиш дека тенденциозно си бил симнат, како „партиски елемент“ под обвинение дека афирмативно си зборувал за самопрегорот на македонскиот народ, а не како за движење од меѓународен карактер. Но, за тоа прашање сите немате никаква заслуга, бидејќи вие како декларирани раководители на НОФ им ги доверивте под команда на грчките комунисти, а вие како револуционери лелекате и ден-денес. Народот добро помни, оти тој даде сè верувајќи во вас, а не во Грците. Зарем може да се заборави тој последен чин, кога на фронтот беа донесени илјадници деца од домовите по др-

жавите во кои беа евакуирани за да се спасат. Тоа беа деца со неполни петнаесет години... Европа помни такво нешто само од Хитлер, а вие комунистите, „елитата“... Сега те гледам, за сето тоа те гризе совеста, но каде е совеста кај другите твои блиски соработници... Твојот искрен став, мислиш дека ќе го докажеш со своите мемоари, а луѓето од „елитата“ измислиле пред Русите да те наречат југословенски шпион, а сега кога тие се вратија пред тебе, ти рекоа, можеби е „руски шпион“. Ех, мој Добрине, едно е вистината – што кај нив брзо исчезна интернационализмот, а кај тебе не, затоа што сакаш уште борба за правда, во базата, во Ташкент кај борците кои не беа веќе под никакво влијание на НОФ, туку беа обични војници на една победена армија која не знае каде ќе се најде и ти не го сфати тоа дека на Грците повеќе не им сме потребни. Тие си ја свршија работата со нас Македонците, сега за нив не постоиме. Гледаш тие се враќаат во своите домови, а за нас велат оти не сме „Грци по род“.

Ете тоа им се случува на лидерите. Тоа е рамно на човек кога ќе крене рака врз сопствениот живот! Ајде кажи, која жена на функционер ќе си дозволи такво нешто? Со време, мој Добрине ќе сфатиш, дека животот наш е запечатен и тоа е моќ кога човекот тоа ќе го сфати дека докажувањата не се битни во сегашниот свет, бидејќи во тоа иследниците си ја наоѓаат својата загадочна игра сè до смрта на виновникот, а неподобноста останува на неговото поколение. На сцената и збрката мора да биде јасна.

– Зошто си дозволуваш да ми зборуваш катадневно на тој начин? – на повисок глас еднаш ѝ рече Добрин, посакувајќи заборав и мир.

– Потивко ќе го разбудиш Делјан, тој барем не треба да носи вина. Утре има напорен ден в училиште. Но чудно дете, историја како предмет не му е по волја. Нека стане инженер, можеби сето ова нашево ќе му остане во заборав, ќе има мирна иднина...

– Оф, каков бучен живот. Дали на овие бледи, пожолтени мажи и жени, им е грижа што толку рано стануваат како војници – истегнувајќи се во железните кревети рече Добрин.

– Фаќаат ред пред нужникот, потоа одат по топол леб и други продукти, за да бидат потоа слободни сè до ручекот, кога домаќинките ги повикуваат од отворените прозорци.

Сите мажи освен Сувогорски играа домино под големите разлистени дрвја, раскажувајќи ги своите приказни со притивнати тонови, како по улиците ги викаат Егејци, или пак огорчени од некоја битка на Грамос или Вичо, критикувајќи ја воената тактика на генералот Гусјас, кој по професија бил чевлар, но бил човек со долг партиски стаж...

Сувогорски макотрпно работеше на замисленият проект. „Разобличувањето на грчката политика спрема Македонците“, преку цел ден чукаше на машината, густо пишувајќи во повеќе примероци, оддавајќи им посебно значајно место на цитатите кои беа досега изречени по националното прашање од разни лидери, но строго внимавајќи на секој исказ и... што денеска по тоа прашање мисли западниот свет. Така со години, но никако да го објави, бидејќи рецензентите однапред имаа задача да спречат, да речат дека напишаното не е гледано од вистинскиот агол и како резултат на тоа Сувогорски повторно се нурнуваше да допишува, да ревидира и да докажува.

А, Румена, како си минуваа годините, таа сè повеќе навлегуваше во суштината на нештата. Си припомнуваше кога била девојка и како ѝ задаваше големи потешкотии на мајка ѝ бидејќи таа не ѝ дозволуваше да оди во партизани. Се разбира и сега си признава, оти таа ништо не знаела за комунизмот, со исклучок на неколку цитати од Сталина, што ги слушала по младинските собранија.

Еден ден, со насмевка на вратата се појави Мице Диневичин, жител на прифатилиштето „Чаир“, коњест во лицето, мошне пристоен, всушност – достоинствен борец кој секогаш зборуваше, како да држи говор. Всушност, тој навраќаше кај

Сувогорци, почитувајќи го старото пријателство уште од дните на војната, но сега дискутираа повеќе околу неуспехот и тоталното распаѓање на револуцијата во Грција. Румена сè помалку учествуваше во наметнатите спорни прашања и ценеше дека сето тоа и во сечии мемоари е лажно сведочење и презирање. Срцето на Румена ѝ стана нечувствително, а мислата сосема ѝ запре. Ценеше дека нема никаква смисла да се прават такви анализи од една загубена револуција. Но, по бурната расправија го допреа прашањето: „Зошто и по изминатите 20 години, не сме признати како борци за национални права во заедничката борба со Грците, туку само ние живееме како виновници на едно време.

– Од кого да бидеме признати? – ги запраша налутено Румена. – Од комунистите? Ете, тие се вратија во своите огништа, ние ќе талкаме по прифатилиштата.

– Од сопствениот народ – громно одговори Мице Диневичин, даскал со двомесечен курс од времето на Граѓанската војна.

– Ааа, од сопствениот народ! Не те разбрав. Што, ти немаш картонче? Нас ни дадоа од Социјалното. Ете, пишува: Одбор за егејски прашања и грижа за повратниците од источните земји.

– Тоа во секоја земја можеш да го добиеш, почитувана Румено – ѝ одговори Мице, со скриена доза на директно искажување, дека работите со нас Егејците имаат подлабоки корени.

– Ние не дојдовме во татковината да живееме во гетата на Автокоманда“, Кисела Вода“, Чаир“, Ѓорче Петров“, Три чешми и други. За што сме се бореле ако не за Македонија? Нели сме дел од овој народ!?

– Ех, мој Мице – се насмеа иронично Румена и продолжи: – Навистина, сега и тебе не те разбирам, но добро е што уште се силиш со тие твои револуционерни тези, како и Добрин мој. Сполај му на господа, што и ти сè уште го имаш тој револуционерен дух. Делбите се идеолошки, а не македонски, даскале. Тоа му зборувам и на мојот Добрин. Нашата историја е

претворена во делби. Делби што доаѓаа одвнатре и однадвор. Да се потсетиме на делбите од паѓањето на Македонија под турско ропство. Турците почнале да нѐ делат, потурчувајќи не. Доброволно или насилно, нѐ поделиле на муслиманизирани и на каури, односно рисјани. XIX и XX век, пак, се векови на србизирање, бугаризирање, грцизирање, албанизирање та се поделивме на: србомани, бугаромани, гркомани... Востанијата ни пропаѓаа пак од делбите. Дојдоа балканските војни, ја претрпевме најтрагичната делба. Од една Македонија ни создадоа четири: Вардарска, Егејска, Пиринска и еден дел не е уште крстен кај Албанците. Ја дочекавме Втората светска војна и малку воздивнавме; белким сега ќе ги преброди-ме делбите? Создадовме своја република, но пак на нишан ја држеа други – туѓи и свои. Кога кај еден дел од нас – на југ ние Егејците се кренавме на востание, братот од север само со малото прсте мрдна и ја препушти низ територијата на својата родна татковина изнемоштената колона од дечиња, за да се распрска потоа низ Источна Европа. Долги години оваа татковина заборави на нив. Но, сепак, се сети и почна да си ги прибира своите чеда. Сега се враќаме, се разбира, но мораме да поминеме низ ходниците на затворот во Идризово за да нѐ запишат Строговци или по канцелариите на Секретеријатот за внатрешни работи, поради безбедносни мерки. Непријателот, ако го нема, ќе го измислиме, па сега сме прогласени за граѓани од втор ред. Не само тоа, туку се поделивме на Егејци и Вардарци, а ги оставивме Пиринците да стенкаат под Пирин, а и оние што останаа во Егеј. За да бидеме посигурни во себе, ние обичните Македонци, се поделивме на подобни и неподобни – рече излегувајќи во ходникот да им свари кафе.

Од ходникот се почувствува мирис на манци со разни вкусови, но најмногу мирисаше од Унгарците (така ги викаа, а тоа зависеше која фамилија од која држава се вратила) кои беа мајстори за готвење гулаш. Романците беа прочуени со момалигата, Полјаците по вареното зелје, Чесите повеќепати пржеа компири, а Русите катадневно вареа боршч и доста

го рекламираа како најздрава храна која била општествено призната во целокупниот социјалистички лагер под мотото „здраво тело, здрава храна“. Така, катадневно се вкрстуваа вкусовите од сè, освен во петок, кога сите вареа грав. Во таквите вкрстосувања се појавија нови лебарки, поагресивни од првобитните што беа донесени од разни земји, но сега напаѓаа дури и на бело видело. Жителите ставаа разни отрови, но тие беа станале толку имуни и многубројни, што повеќе од луѓето кренаа раце и во очајност ги нарекоа „руски тенкови Б-15“. Така и ги однесоа во новите еднотипични по големина живеалишта, што ги добиваа по редослед од Одборот за Егејците.

– Добрине разочарана ти е Румена. Кај неа наполно се исцрпени идеалите. Добро е што издржа овие шест години. Лина моја поинаку мисли. Вели „шо аку поседиме уште малку на државна грижа...“ – налутено згазна една лебарка која иташе да му се скрие.

– Повелете кафе, – насмеана ги нудеше Румена.

– Вие барем имате чиста вода, кај нас во „Чаир“ водата од пумпата мириса на лајна, – шмркајќи од кафето, рече Мице.

– Значи и подземните води сме ги загадиле? – запраша Румена.

– Наскоро, да одиш кај генералот. Повеќе не можам во овие прифатилишта, се претворив во истребувач на лебарки, не можам, немам нерви, ги гмечам со рака и не знам зошто инаетот го истурам на тие гадинки. Мирисаш на манџи и на нафталин. Глибиме во кал, а уште морам да носам цокули. Ех, мој Добрине, толку долго не служеа ни војниците на Џингиз Хан.

– Смири се мила... Биди цврста. Ти знаеш што рекле за комунистите, дека тие се луѓе од посебна раса...

– О, Боже мили, досега не сретнав комунист и не знам навистина какви се или и тие се како нас... Не сакам само син ми Делјан да има ген од таа каста на интриганти, самољубимци, лакташи, самоуверени, тврдоглави интернационалисти... Не-

дај мили Боже, ќе скапе по прифатилиштата, нека остане во умот само чист Македонец, без никаква идеологија. И ти мој Добрине, тоа ќе го разбереш, но треба да мине време. Пишуваш за црвот на делбите што одамна глода во нашите души и бевме беспомошни да се организираме. Господе, каква полза имаш да им говориш на неразбраните!? Можам ли и јас да прашам – кој народ на светот прифаќа други да му ја одредуваат мерата на правдата, слободата, а не ние самите? Вие НОФИТИТЕ им верувавте и на КПГ и КПЈ. Ех, колку е животот чуден и превртлив! Ете ти ги твоите соборци, си ја прочитал рецензијата за твојата книга од Делиплашовски, Пешодомски и Безликоустов. Глеј првиот што пресудува: „... Трудот на Добрин Сувогорски е промашена работа и не може да биде од полза. Поради тоа што текстот содржи и провокативни тврдења против југословенското раководство, предлагам трудот да не се дава на користење на поширокатa читателска публика“.

Ти си неподобен, разбери! И јас сум неподобна и Делјан, сè додека не дојде некоја идна кадровска револуција... О, Боже, ќе дојдат ли некогаш тие луѓе кои имаат само македонско чувство!

Можеби тогаш ќе замолкнат сите туѓи и оттуѓени наши воени барабанции.

О, боже наш, врати ни го божјото потекло!

ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТТА

РУМЕНА ПАТУВА ВО КАНАДА КАЈ ТЕТКА Ѝ ФРОСИНА

Да одмери како таа со години живее во тој гнил капитализам

Едно ведро утро по појадокот, Румена отпатува за Канада во посета на својата тетка Фросина. Добрин и Делјан останаа сами, па сега таткото ги презеде сите грижи за водење на целокупното домаќинство.

– Да ми го гледаш Делјана – ѝ беше последната порака на Румена пред да влезе во авионот.

– Па кој друг – раздразнето ѝ одговори Добрин, емитирајќи најискрено ласкање и отпоздравувајќи со раширена дланка сè до одлетувањето на авионот.

Станот беше го добиле, по чекање од неколку години, го наместија едноставно, небаре по вкусот од минливоста и сознанијата низ железниот самоток на животот во општожитијата, железните кревети, маса и неколку столови без потпирка. Добрин се расположи во една од собите што по проектот беше наречена спална, која сега сè повеќе наликуваше на општинска месна канцеларија, и направи таков распоред што сè му беше на дофат; секоја книга и сè друго што му беше потребно при пишувањето на веќе третата книга, но сега од областа на белетристиката, оти за првите две книги имаше добиено негативни рецензии и беше доста разочаран. Добрин мислеше дека на тој начин ќе заборави на тоа што го нарекле неподобен и постојано повторуваше за една филозофска изрека: навредениот простува, но навредувачот никогаш, па така се стремеше да разбере сè, значи да прости сè, но тој реши да простува на друг, а не на себеси и неподобниот веќе почна сериозно и главно, копнежливо да сознава дека тој навистина е збунет, неизјаснет и неоспорно погубен чо-

век; постои во него нешто скриено и штетно, објективно, очевидно, а личното неизвесно и ако така продолжи, Румена не ќе може со него да живее. Добрин небаре пропаднал од жив срам, затоа што во зборовите на Румена имало чиста вистина и таа не тукy така непромислено оди кај тетка ѝ Фросина во Канада да ја види и да одмери како таа со години живее во тој гнил капитализам.

Колку повеќе Добрин го објаснуваше својот тек на животот, толку потажно ѝ стануваше на Румена, дури и по толку поминати години во прифатилиштата сè уште од устата на стариот Добрин, благодарение на неговиот умерен здив, излегуваше омајот на староста и сомнението дека е примамен да попушти, да признае, но сега веќе понекогаш даваше и своја сопствена забелешка, меѓутоа велеше дека можеби е поединечна појава, но тој веќе беше разочаран и зборовите што и сам ги изговарал некогаш: време е другари, социјализмот да стане не суета, тукy грижа на совеста, плакатите патоказ, цитатите на големите водители, духовна храна...

Му станаа празни фрази и на тој начин Добрин како да беше демобилизиран од партијата и се најде во специјалниот состав на неподобните.

И така, откако замина Румена, почна да му се шири студеното чувство, лежејќи сам на железниот кревет, со прекрстени треперливи раце на стомак, размислувајќи да се зафати со пишување роман со наслов „Прогонетиот“, оти оваа идеја ја носеше од поодамна. Во романот повеќе место посвети на тајноста и здодевноста на историското време, при што сè повеќе си докажуваше самиот себеси, дека вековечните страси и страдања произлегуваат од тоа што луѓето се одредуваат, се превоспитуваат и како резултат на тоа човекот најпоследно ја губи надежта, но тој сега докажа со својата теза дека организираните социјални прифатилишта и логори се место за превоспитување на човечките желби. Сега тој се чувствува чедољубив и си признава дека порано тој не бил таков, порано тој ја сакал Партијата повеќе и од децата, што постоја-

но ѝ го велеше на Румена, па и затоа почетниот наслов беше „Превоспитување“ на замисленият роман. Сега, имајќи добро самочувство, потпикнувајќи се потајно во неговите мисли, со дикат како низ висока папрат, без никакво стеснување, навлегуваше во суштината на нештата, небаре алајќи со прсти како слеп по најскриените патила и сознанија на душата, но еден од двајцата еминентни критичари (наречени во тоа време) Инаковиќ во својата рецензија напиша: „На околу 250 страници, ракописот на писателот Сувогорски зборува за „Егејскиот синдром“, за геноцидот на својот егејски народ принуден на егзодус по трагичното завршување на Граѓанската војна во Грција и разгромот на народноослободителната борба, значи, е превосходна преокупација на овој писател со долг творечки стаж, а без некои посебни вредности во своето досегашно пишување. Евидентна е искреноста на пишувањето со патетични тонови. Сувогорски има свои мотиви, но нема свој израз. Што е најважно изразот му е изнасилен и зборува со политички речник, тука и таму дилетантски, естетски неартикулирано. Се има впечаток дека тој не е школуван писател. Неговото пишување прилега на еден писателски аматеризам, со елементи на пригодништво. Неговата талентираност е рудиментирана наоѓајќи се далеку надвор од главните развојни линии на современата македонска проза...“

Се воомјази и се насмевнуваше со сето свое чисто испотено и чесно лице, но сега цврсто поверува дека е сосем демобилизиран од сè и небаре се нашол во специјалниот состав на неподобните. Сочувствувачка жал и колку повеќе си го објаснуваше својот тек на животот, толку потажно му стануваше и не знаеше што е тоа што ги лекува раните кој досега му ги задал разумот. Стоеше кај железниот кревет, личејќи на исцрпен, остарен коњ, му се растрепери срцето и се запраша: „Зарем може татковината да се откаже од мене...“ Го совлада своето студено чувство, снеможен ги прелистуваше писмата, молбите и протестите што ги пишувал до Генералниот прокурор на СССР. Мора ли пак да зборува за тоа? Зошто не?

Вистината не треба да се избегнува. Биди спокоен Добрине, се обидуваше да земе уште еднаш аванс од надежта, како и секогаш во најкризните моменти.

Добрин ги крена рамениците, велејќи си дека работата е јасна, се облакти на прозорецот, беше рано утро, во прифатилиштето е мрачно и студено. Сонцето го огрева дури кога ќе се искачи високо на небото; си помисли на луѓето што ги остави таму, се залеа со блага насмевка и си ја припомна Румена.

Во трепезаријата, крепко спиеше Делјан, невино момче. Тоа не знаеше ништо за комунизмот што треба да настапи како втора фаза... за неподобните, но ниту за религијата, со исклучок на она што го учел од учебниците по најновата програма на насоченото образование. Но, Добрин како стар педагог и љубител на класичното школство, имаше свое категорично мислење за таквата програма и велеше дека децата можат да стант толку подготвени како идни граѓани во животот, ништо повеќе отколку да бидат како коњи за вршење слама. Тој тоа го оцени како самоволие во културата и се искривоколчија, велеше тој и се потсетуваше на неговите цврсти убедувања, сега сè повеќе сакаше да навлегува во суштината на нештата, имајќи добро самочувство, да зачекори небаре одново во еден реален свет и сите нему познати социјалистички тези и задачи ги поставуваше на ревизија не чувствувајќи спрема себеси ни непријателство ни заблуденост, но ни нечија сочувствувачка жал. Тој кога по навика се будеше во полноќните часови, во осветлен стан, седеше сред куп книги од марксистичката литература и тишината, опкружен со вообразени спомени, сè до самите мугри и тогаш го отвораше прозорецот за да ги слуша птиците и чекорите на минувачите. Наместо надеж, тој остарен од темпото на своите размислувања, сфати дека му остана уште трпение... Сега одамна веќе беше исклучен од Партијата, од својот животен мироглед. Неговото слабо лице на кое од исцрпеност, слабо растеше брадата, беше згрчено и бледо, небаре го имаше попримено ликот на пожолтените излитени томови што го окружуваа цел живот.

Наутро го будеше Делјана, да се подготви за на работа, но во него гледаше како на осакатена фиданка во бујниот развој на социјализмот, оти и Делјан, невин, носеше можеби таква вина, но тој неоптоварен со никакви идејни мисли беше среќен по долгото чекање за вработување, што сега беше вработен преку една врска дури од Грција, кај приватникот Манолиѕимбров.

Добрин, за сето тоа ова боледуваше, но уште не беше решен да проговори имајќи трпение дури и кога му се обраќаше Румена со најжестоки зборови: молчи, молчи, се плашиш, да не ја трогнеш револуцијата.

Конечно почна да ја признава својата немоќ да се соочи со вистината. Му се јавуваше страв од будење и страв од тење, заборав на сè. Стаписано утврди дека тоа личи на епитаф и рече: ако јас не можам да ја прикажам мојата стварност, значи дека таа не постои. Ако пак таа постои, значи дека постојам и јас. Сега можам да постојам и да не постојам, да бидам и да не бидам, да сум а и да не сум тука, да сум друг и да не сум ист. Господи! Мојата стварност стана сон. И само почна да го обзема очај, силно одбранбените механизми од неговата потсвест го изнесоа на виделина вистинскиот виновник за овие мрачни мисли; бев активен учесник на народниот отпор против германската окупација, а потоа учествував во Граѓанската војна во Грција во редовите на демократските сили, против реакцијата и англо-американската интервенција. Тогашното раководство ме обвини за предавство, сегашното за предавство...

ПРВ ЧЕКОР: ПРОТЕСТ И МОЛБА ДО СВР

Од Добрин Сувогорски обвинет во социјалистичкиот логор за соработник на Интелиценс сервис", Титов агент, Руски шпион" и ...?

Присилен сум да потсетам дека на 23 април 1945 година, тука во Скопје, во просториите на ЦК КПМ, беше конституирано Основачко биро на НОФ за Егејска Македонија. За среќа (или несреќа) се случи, еден од тие петмина што ги удрија темелите да бидам и јас.

Со ова мое писмо протестирам и молам за заштита. Знам, против мене постојат дамнешни изјави на луѓе кои се плашеа да не им ја загрозувам кариерата и сакаа да се избават од мене. Измислија дека сум некаков руски агент. Но тоа е само гнасна клевета што отсекогаш решително ја одбивам. Решив со ова мое писмо да протестирам и да барам заштита и рехабилитација, не толку за мене, колку за да ги заштитам жената и синот...

Сакам да верувам, дека ќе покажете потребно разбирање и добра волја, за еден стар борец и неговото семејство да се избават од измислиците небодобни... Откако издржав пет и пол години робија во сибирските логори и четири и пол години интернација во Казахстан, како „македонски националисти", добив виза за враќање во Македонија. Во Суботица, неочекувано бев симнат од возот со моето семејство. Со затворска кола, бевме префрлени во Панчево. Тука бевме сместени во една милиционерска станица под клуч. Потоа дојде истражникот Строгов... десет дена разговор со мене и четири со жената. На крајот ми рече: „Добрине, не тврдиме, зошто немаме докази, но мислиме дека доаѓаш како агент... Напразно тврдо негирав, ме навредуваше... но горко ме жегна кога во еден момент ми рече: А бре, за оваа наша Југославија, јас би жртвувал и десетмина Сувогорци... Чуден патриотизам, дали е само личен негов или... И уште нешто, не помалку горко – нашите курири го добија со закон достоинството на борци, јас не...

Фатална грешка од моја страна оти дваесет и шест години изминаа оттогаш... Тоа е доста време... Морам да го прекинам понижувањето, јас сум син на овој народ, не на вашата власт, јас сум борец за мојот македонски народ, а за вашата власт неподобен...

Признавам: Во овој момент, со извесна горчина, се присетувам дека сум се обраќал и порано до ЦК СКМ и неговиот претседател Чемерски, но моето обраќање ја имаше судбината на крик во пустина... Сега и тоа потсетување ме прави понижен... Останувам син на македонскиот измачен народ, а ти Строгов, можеш само да провериш, кога ќе умрам, дали сум уште жив...

Скопје 25 март 1985 година *Добрин Сувогорски*

Го прочита напишаното и небаре покајнички си помисли дека политиката е, сепак, можеби нашата единствена природа.

– Дали доволно верно ја изнесов суштината? – се запраша, потоа се задлаби во мислите. Војната можеби е селективен биолошки и психолошки зафат, можеби е нужен тој зафат за секој народ... Но, ние сме мал народ, и однесувањето на луѓето би не довело до гибел... Јас и руски шпион!?“ – повторуваше смеејќи се во глувата ноќ.

Животот мој стана бесперспективен, бесмислен – недостоен воопшто за човек“. Си припомнуваше уште од дамните години, август 1949 година на Грамос, на предната линија на фронтот, во условите на последната решавачка битка со монархофашистите, по неговата деградација од функционер на НОФ сега во обичен војник. Таму сакаа да ме ликвидираат физички. Задачата му беше доверена на командантот на самостојниот баталјон, со тешко вооружување, при 10 дивизија на ДАГ, човекот-мајор се викаше Хрисостомос...

Нуркаше сè до зори со уморните мисли по минатото и се присети како ја создаваше македонската азбука, првиот бук-

вар во 1945 година негувајќи го сè до 1947 година со цел да се овозможи културно и просветно издигнување на македонскиот човек; во Леринско, Воденско, Костурско. Се радуваше на десетте илјади македонски ученици. Ги слушаше како слободно пеат на македонски јазик, зборуваат. Грцизираните имиња и презимиња ги беа отфрлиле и сите си ги беа зеле своите македонски. Се присети како го уредуваше весникот „Непокорен“, потоа го удрија мислите кога го отвори првиот курс за народни учители, велејќи им: – „Вие сите што сте собрани тука ќе се подготвувате на овој курс и ќе станете народни учители...“ и така му провеа низ ушите тој дамнешен долготраен аплауз, почна да ги набројува по ред новоотворените училишта; во Желево, Оровник, Штрково, Раби, Герман... и така изброи дури 87 училишта, припомнувајќи си на пустежот што го имаше оставено Метаксас. Мислите му надоаѓаа како извор што клокоти и исфрла бистра вода. Се гордееше на говорот што го одржа во Прага на 27 април 1949 година, извикувајќи на македонски јазик во чехословачкиот парламент, каде се одржуваше првиот Светски конгрес за мир во светот. Извикуваше поткрепен со ракоплескањата на присутните:

– Од името на оној дел од македонскиот народ, кој од Балканските војни наваму живее заедно со грчкиот народ, под истиот угнетувачки експлоататорски режим на буржоаско чифликсајбиската олигархија во Грција, срдечно ги поздравувам делегатите на нашето социјалистичко сонце, великиот Советски Сојуз, делегатите на херојскиот кинески народ, делегатите на демократската Шпанија и сите вас тука, делегатите на демократски и мирољубиви народи на социјалистичкиот лагер... Што и да се случи, колку жртви да се потребни, ние Македонците со херојски грчки народ ќе ја извојуваме слободата и мирот...

Да живеат слободата и мирот во целиот свет! Да живее големиот Сталин!

Во еден миг се почувствува опуштен и наполно смирен, небаре доби признание од својот народ, од светската јавност,

од социјалистичката работничка класа, од сите мислители на социјалистичкиот лагер, но кога му падна в рака еден лист од купот белешки се вознемири, се обврна, обидувајќи се да го одбегне погледот. Но, тој со голема мака го совладуваше своето несакање и наспроти сите свои сопствени наговарања да остане мирен за добар сон почна да чита:

„За врски со меѓународната реакција и за организирана активност во нејзина корист по член 58, точки 4 и 11 од Кривичниот законик на Руската Федерација – Особое Совешчание – при Врховниот Суд на СССР реши: Се осудува Добрин Михајлович Сувогорски на десет години со одземање на личната слобода и присилна работа во „Иследователние Трудовие Логора – ИТЛ – Сибир".

Се заврти околу себе и го турна прозорецот. Тој не се затвори и затоа повторно го турна силно. Суви трошки од тут-кал му паднаа на дланката. Силата тоа го прави, рече во себе. Легна на голиот кревет и се склопчи да заспие загледан во таванот, долго медитирајќи за револуцијата која му се прикажа на сон како смртна убавица со откриени гради и разголено модро тело, негувано во логорите на ИТЛ – Варкута, но стравотно, се разбуди кога како на јаве му се појавија подредени во долги кожени палта, иследниците: товариш Фирсов*, товариш Пантелиев, другарот Строгов и...

* Во Москва од 4 јануари 1950 година, останал во затвор во самица под истрага на иследникот потполковникот Фирсов.

ГЛАВА ДВАНАЕСЕТТА

„ЖЕЛЕЗНИ ЛУЃЕ“ ЗА „ЖЕЛЕЗНИ ВРЕМИЊА“

Другар Сувогорски, и за тука во Југославија
ни требаат, но не да бидат верни на Јосиф (Сталин),
туку на Јосип (Броз)...

Беше убав сончев ден. Се слушаше брмчењето на пчелите. Играчите на домино беа наседнати на триножни столчиња и со нескриено задоволство ги местеа плочките во низата. Мице Диневичин – даскалот од Долна Преспа, не го интересираше толку многу играта, колку што беше загрижен од последиците на револуционерните процеси, па со големо интересирање го следеше излагањето на магистерот Алексо Шлипоковски кој објаснуваше каде се згрешило во опитот уште при проектирањето за вообликување на „новиот човек“. Се разбира, овој проблем небаре сите го сметаа и како нивни, бидејќи тие беа и дел од градителите на комунизмот. Но, повеќето од играчите не сакаа да си го дробат умот со такви чувствителни теории на замислената анатомија.

– Ние, имено, жестоко работевме на изградбата на „новиот човек“ – рече Алексо Шлипковски и продолжи – поставувајќи се од позиција на целокупниот социјалистички табор. Таа целокупна тинтура од политичката лабораторија на минатото, единствено исчезна. Испари и ја снема од колективната реторта, заедно со експерименталната содржина на бизарниот инженеринг со кој се занимаваше, безмалку сиот социјалистички свет. Пропадна како експеримент... Ти денес, бараш макар обичен човек, едноставен, а пред очите ти се промолкнуваат најразлични креатури, идеолошки, агресивни спогодби, подвоени личности, плашливи, несигурни хуманоиди, стопени во чудното безлично мноштво. Поглед-

ни, другар Мице, каква разлика има меѓу нас од Полска со вас од Русија. Кај вас, сепак, поуверлива беше технологијата на градењето херои на трудот. Можеби затоа што бевте поблизу до генералната лабораторија на реал-социјализмот.

Вие сите се вративте како стахановци, а без капитал. Гледаш небаре сите личите на икони. Уживате да парадирате, со наобесени манџари на трудот на реверите... Доволно беше само да се натфрли нормата, а во слободните часови да ги читате романите „Како се калеше челикот“ или „Мајка“ и така стопени во таа легура, станувавте „нови луѓе“. Како „железни луѓе“ не само за тие „железни времиња“. Како што вели и другарот Сувогорски, комунистите биле луѓе од посебна каста, а потоа од нив се јави „советскиот човек“

– Боже, па ти си напаст. Вистина божја, напаст. Ех, мој магистре – му се обрати налутено Мице Диневичин.

– Тогаш, зошто се боревме, или од сите нас сакаш да направиш ревизионисти. Од кај бре, ти со таа своја наука, сега што ја кажуваш? Ти знаеш дека илјадници, ако не и милиони луѓе си ги дадоа животите за идеалите на комунизмот. Свесен ли си бре магистре, какво зло ти му носиш на социјализмот? Какво поткопување и заблуди внесуваш во редовите на комунистичкото движење? Ти ли бре, ќе отвораш уста што социјализмот те направи човек? Сега на сè наоѓаш маани. Ех, мој магистре, дедо ми велеше: „рани куче да те лае“, па продолжи. – Сега ми е јасно, дека ти си луд. И покрај сè, не очекував таков отров да истуриш од таа твоја погана уста. Од кога, ти, магистре, стана толку човечен и си почнал да ги објаснуваш овие теоретски прашања? Тоа е чисто буржоаско гледање на работите.

– Верувам дека Шлипковски не е комунист! Или ако бил, е исфрлен како партал од нашите редови – налутено ја плесна последната плочка од доминото и потстана од триножното столче, Иљо Калинчевски, огромен како мечка, и му се натопори со спуштени веѓи, но повеќе му беше лут на Мице Даскалот отколку на младиот Шлипковски.

– Ти, даскале, не знаеш да го браниш социјализмот и да знаеш од такви како вас што дозволуваат да ми изнарече некој сè најгрдо за она за што ги дававме и животите, а такви како тебе што молчат пред непријателот, за мене се дезертери, другар даскале. Така ли, бре даскале, ќе дозволуваше – таму долу, во револуцијата да ти агитира пред носот... Ту бре даскале, а знаеш да носиш колосана кошула, а не знаеш да му ја затнеш устата. Уште малку ќе му дозволиш и да те праша, зошто сме се бореле, па со кого и против кого, и дали требало, па на крајот и што добивме... Убаво! Прекрасно! Не можеш ли да му речеш дека секоја револуција се плаќа со жртви и „все“ – што велат Русите. Без жртви нема револуција, тоа треба да ти се всели во умот, мој магистре – местејќи го постабилно триножното столче му рече Иљо Мечкарот и продолжи. – Ние треба да бидеме горди како револуционери. Сме гинеле во името на револуцијата или во името на некој вожд, па што, такви ни беа идеалите. Не се гине за ветер. Ве слушам со денови, расправате за работи што одамна за сè е даден одговор од поголеми глави. Историјата се менува, братчиња мои, таа и понатака ќе си тече, но се разбира ако не ја поткопуваме. Ние сме и ќе си останеме интернационалисти, а тоа, ти магистре, треба да го знаеш што значи тоа да имаш како одлика во човечката душа... Го лизна прстот и ја поднамести плочката што беше со бројот еден.

Герман Монгушев – Ученото Кускуле, така го викаа жителите од прифатилиштето, потстана како тромав пес, со пискотлив глас им се обрати како на конференција.

– Детулето ни кажува некои работи, од кои на човека му се креваат косите. А бре магистре, си развил такви теории за социјализмот и за „новиот човек“ ама не си ги доучил работите и не знаеш дека социјализмот го има достигнато вечниот идеал на човештвото. А човекот веќе во него се препознава, тој повеќе не е во тесни национални рамки, тој гори од љубов кон човека, не ретко, е готов да го положи животот свој, херојски да го брани социјализмот, тој е подеднакво примен

кога се бори и кога гине за светата цел. Тој бидува традиционален и историчен со еден збор, син на светот.

– Ех, мој Даскале – му се обрати на Мице Диневичин како да искара некое старо куче и продолжи. – Зар треба да им се дозволи на такви „теоретичари“ што сакаат како црв да гризат од јадрото на социјализмот? Наместо да му заблагодариме на големиот Сталин што нè прибра, а тебе магистре што ти даде книга да се викаш учен човек, ти развиваш теории, но штом не си комунист, што има со тебе да се разговара.

– Ти знаеш што е комунизам? – му се обрати на Шлипковски.

– Знам – му одговори.

– Е, ако знаеш, земи го последното владеење на етиопскиот цар Хаиле Селасие. Тој вработи селанец да ги чува кучињата негови – рече, местејќи им перниче специјално направено за нив кога ќе се сместеа покрај нозете на некој министер.

Гракнаа сите од смеење.

– Што е смешно?

– Ништо не ве разбирам – рече Шлипковски и продолжи. – Такви ги има и во социјализмот. Чаушеску пак ненадејно објави дека именува едно од своите кучиња за полковник и му даде возач со полно работно време!

– Опа! Тоа е чиста провокација – рече налутено Иљо Калинчевски и продолжи. – Тоа е оцрнување на социјализмот и ништо друго... Луѓе! Човекот почна да игра со отворени карти.

– Детето зборува тешки глупости – рече Мице Диневичин и му тутна в раце петтомно издание пожолтено и запрашено.

– На, да научиш сè за марксизмот.

– Сите сум ги прочитал – рече Шлипковски.

На книгите имаше посвета потпишана од некојси Сапошников, претседател на емигрантите, со порака – „На Мице Диневинчин со најискрени желби за успех во изградбата на социјализмот во својата родина“.

– Ти многу си рамнодушен, му се обрати Иљо Калинчевски на Пандил Мијанчев, кој седеше крај него.

– Ако се возбудам премногу ќе добијам егзема – рече Пандил со придушен глас.

– Што?

– Тоа што чу!

– Сакаш да ми кажеш да не трошам зборови за овој глупак. Имаш право, тие таквите се гнасни гниди – рече Иљо Калинчевски.

– Сигурно младоста по својата природа е нестабилна. Младите со време ќе станат возрасни, па ќе треба да им се покаже патот, тоа е непрекинат и болежлив процес – рече Сувогорски, враќајќи се со полна торба книги од преселбата. – Но, изградбата на „новиот човек“ е неизбежен процес – потврди Сувогорски.

– Токму така, другар Добрине – се одзва Мице Диневичин.

Од прозорецот со подадена глава извика за ручек, една дебела неуредна жена, лудо вљубена во своето маженце Хенри Марузелски, а тој убавецот спиеше со секоја што ќе ја сретнеше во Згожелец, груб, несимпатичен, самозаљубен Полјак! Но во тој момент и тој го изнесе своето мислење за социјализмот и рече:

– Најважни се две работи во животот – јадење да има и пријателство, па што ти е грижа кој ќе го гради општеството...

– Тешки глупости ни кажуваш, пан Хенри. Ти зборуваш како да сме во Христово време – му рече Мице Диневичин.

– Ве слушам, пан Мице, секој ден истото и пак истото.

– Вие петнаесетина „егејци“ ќе го спасите интернационализмот, рече малку насмеан Хенри, кинисувајќи на ручек.

– Сите останаа вџашени во него, а Хенри поткачен на едно скалило им се обрати: – Имам само еден живот, братчиња мои и ја користам секоја можност само да живеам јас како што сакам, а не некој друг и предложи: – Ти во Узбекистан си се научил да чешлаш памук и ништо друго, а кај да ти најде Македонија таков занает – му рече на Мице Диневичин со подбивност. – А сега одвај чекаш да те врзат за јасли и да те ранат со државни пари. Само дај! Холера јасна. А сите сте так-

ви. Сите тоа го чекате да ве благословат како борци и тоа со името интернационалисти. Зошто ве нема во власта, во сите текови на животот, туку само неколку во милицијата. Холера јасна! Гледате, и живелиштата што ви ги прават личат на гета. Можеби така полесно ќе ви ги исчистат главите што ви се полни со искривена свест. Сè сте, само тоа што треба да сте – не сте.

Интернационалисти, смешно. А, се прашавте колку интернационалистите се за вас? Гледате, се опустевте, си го изгубивте татковото огниште, а се прашавте зошто? Холера јасна! Тргнавте во револуција под туѓо знаме. Ех, мои борци, само Полјак тоа не би го сторил. Полјакот е роден да остане Полјак, а не Славомакедонци и уште што не ќе се сложите да ве викаат. Од каде вие тврдите дека немате родна врска со античките Македонци? Па близу до умот, кога дојдоа Словените, не ги уништиле тие што биле со векови на оваа земја – им зборуваше Хенри и малку одалечувајќи се од нив.

– О, Боже, каква гнасна вошка, живеела меѓу нас, – со зачуденост рече Иљо Мечкарот, слушајќи го зарипнатиот глас, од другиот крај на прифатилиштето, на својата жена која по трет пат го довикуваше, а тој небаре посакуваше да ја опцује, но, како што велеше, не му дозволуваше долгогодишниот стаж во партијата како функционер од мал ранг. Но од каде можеше да знае Ристана Калинчева дека таму се разговара за важни проблеми на едно комунистичко општество.

– Убавецот да не е пијан, рече Пандил Мијанчев – Искрата.

– Не! Не сум пијан. Смачено ми е од овие смрдливи прифатилишта, а ме очекуваат и гетата, – рече Хенри и продолжи. – Имам само еден живот и сакам да живеам во палата, може и во замок. Да седам под тешки големи лустери и да јадам руски кавијар, да пијам само вино, што го гмечеле нозе на калуѓерки. Како што живеат сите големци на социјализмот, им зборуваше Хенри со голема смелост.

– Леле, ама овој изнадроби – проговори Герман Монѓушев.

– Зошто не му плукнш в лице на твојот зет, прчу низаеден? – му се обрати Герман Монѓушев на Ичо Жунѓловски, кој седеше стуткан на триножецот како да беше погоден од дамла.

– Многу е лесно да удриш слепец, зар не е така? – им се обрати Иљо Мечкарот кој веќе беше олабавен од помислата да го удри по муцка пан Хенри за таквите искажувања.

Но, во тој миг, на разделба, Алексо Шлипковски му рече на Мице Диневичин.

– Има вистина во тоа што вели. Не се само фрази, туку можеби е рано да се зборува за тоа. Полјаците се смели луѓе. Кај нив е изградено личното, јас, а кај нас сè уште е по старо, што ќе рече некој инструктор на Партијата. И мене ми доаѓаат такви мисли. Што мислиш, ние бевме доволно зрели што влеговме во една однапред скроена револуција. Јас велам не!

– Полјаците никогаш не би се бореле под туѓо знаме и со туѓи генерали, а ние сме можеле да ги имаме за команданти како Гусја – чевларот и Маркос – тутуноберачот, за да ја опустошиме крајот Македонија.

– Тоа, другар Мице е слабоумност. Полјаците не се како нас.

– Што бладаш, бре? Ждребе, ниедно, ти ќе зборуваш за револуција, кога самиот Сталин ни даде признание дека се боревме херојски – извика Иљо Мечкарот, а потоа се сврте кон Хенри Марузелски.

– А ти, ништожнику! Ете, откога гукна, јадеш социјалистички леб – замавна со раката налутено.

Сега, истите такви погледи ја следеа низ ходникот неговата жена, како жена на непријател. Жената на Хенри Полјакот. Но, таа не беше сама, со неа беше и мајка ѝ Фанија Жунѓловска, таа ги делеше со неа непријатностите и ѝ го олеснуваше страдањето.

Ичо Жунгловски беше бојкотиран и исфрлен од општествената игра – домино и проколнуван за согласноста што ја дал уште пред десет години Хенри Марузелски да му биде зет. Тој требало уште тогаш да биде будел спрема непријателот, оти од партиската ќелија се ценеше дека Ичо имал доволно животно искуство во партијата. Потоа, со истражувањата се отиде понатаму и го поврзаа случајот со Алексо Шлипковски, дека со Ичо Жунгловски биле род од трето колено и не случајно собите во прифатилиштето барале да им бидат една до друга, па се претпоставуваше дека сега е баш тука жариштето на антисоцијалистичката агитација.

Во прифатилиштата завладеа страв и немир меѓу луѓето, па дури и при средбите во општиот нужник не сакаа да им се сретнат погледите, а не пак како порано, кога пан Хенри убавецот, важеше за најважен жител на прифатилиштето, но сега тој се чудеше и изговараше:

– Холера јасна! Какви крвници станале овие луѓе, во името на слепото верување... Им мувлоса умот, дремејќи пред социјалното...

Попладнето, играчите беа тукуречи пак сите, катадневните, насобрани под платановото дрво од кое сега излета големо јато гаврани, одејќи во бегство. Играчите, освен бојкотираните, се местеа со своите реквизити на масата за настап во новата игра. Иљо Калинчев-Мечкарот, гол до појас стискаше под левата мишка стар бележник со картонска корица, но се гледаше дека наместа имаше оштетени и искинати страници. Низ пожолтените страници, влажни, мувлосани, беа втиснати настани уште од далечната четириесет и деветта и еден мал дел од педесетатата година, испишани со своја рака предавања по политички час, што се одржуваа во „Красни уголок“ по враќањето од работа во вечерните часови, за совладување на марксизмот.

Прелистувајќи со дебелите ревматични прсти сакаше да му покаже на Алеско Шлипковски дека и тој е теоретски поткован и како да сакаше да му рече:

– Повели теоретичару, да зборуваме за националното прашање, за револуцијата, за меѓународното комунистичко движење, за еманципацијата на жените, за тактиката на социјалдемократите, ете, а ако сакаш и за ликот на „новиот човек“

– Што можеш ти повеќе да знаеш од ова што е тука изнапишано, а магистре? – му се обрати Иљо Калинчевски со преголема доза на иронија.

– Тоа што си пишувал дремејќи во вечерните часови, може да важи само за тебе. Веројатно никогаш нема да знаеш што и зошто си пишувал. А не знам и зошто уште ги чуваш. Фрли го, можеби ќе ти биде полесно на душата. Сега тука ќе треба да учиш нешто друго.

– Ти знаеш што е тоа самоуправување? – му се обрати Алексо на Иљо Мечкарот.

– Тоа е ревизионизам на социјалистичкиот систем, му одговори Герман Монгушев – ученото Кускуле.

– Значи, вие сте против самоуправувањето кое дава можност за директно управување со средствата на производство, со кои исклучиво раководат работните луѓе, а не како таму од каде што дојдовте вие, каде што ви велеа: „Так сказал начальник, так и будет. Или молчат и нерасуждат!“

– Така ли беше, а? – им се обрати на сите Алексо Шлипковски.

– Ти, некогаш си верувал дека некој така смело пред нас ќе ти зборува за она што сме го давале и животот, а? – му рече Иљо на Герман.

– Никогаш – тресејќи ја главата му потврди Герман – ученото кускуле.

– Па вие и со нејасна цел се боревте. Ви се имаше испомешано националниот интерес со инетеранционализмот и на крајот вие се боревте за класна промена, а не како што тука сега се чукате за градите... Многу верувавте во тоа што ќе ви се кажеше. А што ако се прашате; ете, под кои македонски белези се боревте? Какви беа стратешките цели? Каде постои

документ дека Македонија некому му објавила војна, па вие ги нарамивте пушките за одбрана на татковината? Значи, тоа не е, туку тргнавте на чело со бајатата братска парола да си го спасат газот комунистите... – им зборуваше Алексо Шлипковски.

– Еј, другар! Ти можеш да седиш овде! Ти отворено ги газиш и ги поганиш нашите светли идеали на братството на народите. Подобро да се тргнеш или со сила ќе те скротиме, пријателче, – подналутено, со крајно сериозно предупредување му рече Иљо Мечкарот.

Спроти Иљо секогаш во играта седеше Пандил Мијанчев-Искрата, со ниско чело и малку поголеми уши во споредба од големината на черепот што го нишаше незабележливо со краткиот дебел врат.

Пандил Искрата и тој имаше таква тетратка како Иљо, но сега најверојатно неговата Пандојца ја имаше затурено во некој сандак. Тој, во тие години беше малку очаен од тогашните власти на Партијата, затоа што не му било одобрено да се школува во училиштето за народна милиција. Можеби и уште согоруваше во таа неостварена желба, ја носеше болката со години, нереализирана токму во едно социјалистичко општество, на кое му го посвети животот.

Иљо Мечкарот, со вперен прст во една пожолтена страница, читаше со мака: – На 6 октомври 1949 година, на сите борци ни дадоа костими, палта и по 500 рубљи, подарок од големиот Сталин.

На Пандил Искрата по месестето лице му се разли широка насмевка. Оптегнувајќи го големиот нос, рече: – На секој по еден басмен костим и чевли со азиски фазон.

– Кошулите беа кинески – го дополни Иљо Мечкарот, како со тоа да сака да го опомени да не издрдори нешто против социјализмот како за случајот со неговиот син, што еднаш го раскажуваше, пак пред овие луѓе, кои не се сите така верни во изградбата на социјализмот.

За случајот со вработувањето на синот Ристе, дипломиран социолог, Пандил расправаше отворено и зачудено.

– Ти стрико Панде, секогаш ја кажуваш вистината – му рече Алексо.

– Да, за тоа и се борев – му одговори отсечно.

– Се гледа, не трпиш неправда – му рече Алексо.

– Да, младите треба да работат. Нашето заврши. Сигурно сите нас ќе нè пензионираат, барем да не им пречиме. Јас кога отидов во ЦК, не отидов да барам милост туку правда. А рака на срце, ме прими другарот Бито како да сум функционер. Јас си реков, тука е правдата, пак овие стари борци се за народот. Сè течеше добро. Ме прашуваше за сè. Јас кажувај, тој пишувај и сè така, можеби испиша половина од кожниот нотес. Јас прекинав и тој прекина. Јас му реков, ете, тоа е мојата мака. Познати немам, но и бев принципиелен, а знаевме и јас и тој дека сè си оди по таа линија. Јас верував во партијата и во ЦК. Тој ми рече: „Добро другар Пандил“. Си реков – сега ќе видиш сине Ристе, зошто се боревме. Вистината ќе ја истераме до крај. Станав да му се заблагодарам, да се отпоздравам и да си одам, да не му го одземам времето. Го прашав кога да дојдам за одговор, другар Бито? Тој ме погледна и ми рече: „Не треба да доаѓаш...“

Јас до ден-денес помнам и знам зошто ми рече дека не треба да појдам за одговор, а сè ми запиша, дури и кој број чевли носам...

Сите се смееја на глас, само Иљо го гледаше под око, додека Пандил ја местеше плочката од доминото со број шест и му се обрати на Иљо со зборовите: „Затворен си...“

Во тој момент од кај чешмата-споменик се појави Ставре Кафециев, гостин од прифатилиштето во „Автокоманда“. Од сите беше пречекан со голема љубезност. Сите беа воодушевени оти тој Ставре важеше за еден од учените и истакнати активисти на емиграцијата, во Полска. Кафециев беше еден од последните што минаа во „Идризово“, се разбира, не знаејќи дека таквиот ред за повратниците е одамна напуштен,

па една јулска топла приквечерина, во петок, небаре доброволно, со своето семејство се јави кај дежурниот човек пред затворот да му објасни дека доаѓа од Згожелец за постојано жителство во татковината. Но штом ги слушна првите зборови, дежурниот разиграно му рече: „Ту бре мајката, кој ви рече тука да дојдете? Вие не знаете дека од пред неколку дена веќе повратниците не ги носиме во „Идризово“. А освен тоа, денес е петок и ќе треба да чекате до понеделник, кога ќе дојдат овластените офицери за да ви ги направат сите формалности“.

Ставре Кафеџиев ги собра рамениците, ги погледна децата и жената и тргна по човекот, кој изрази желба да ги смести. Ги внесе во една просторија што дури утредента се виде дека е ќелија. Им даде бели чаршафи и така уморни заспаа на железните кревети што чкриепеа со некаков прикриен бес. Утредента, кога се разбудија, можеа да видат каде се, но тоа сега многу не ги загрижуваше, бидејќи сами дошле – не се чувствуваа затворени, туку само на конак, привремено, а сигурни беа дека се во Скопје, во Македонија. Ги исполнуваше некаква радост, им се избришаа маките и сите неизвесности, се чувствуваа како дома. Беше понеделник, утрото топло, кога ги разбудија гласови и околу осум часот ги повикаа кај овластените службеници. Беа тоа офицери на УДБА, во цивилна облека. Едниот се претстави, а другиот беше задлабен во читањето весник и ги коментираше спортските резултати од неделниот натпревар. Сега од Кафеџиеви се бараше да ја кажат целата биографија и дејноста, мотивите поради кои се доселуваат и нивните квалификации. Ставре, како глава на семејството, во тоа не гледаше ништо лошо, доаѓаше од друга држава. „Нови сме, па сакаат да знаат сè за нас“– велеше. Но, сепак, во овие „информативни“ разговори нешто го вознемири Ставре Кафеџиев и налутено запраша:

– Дали сме на сослушување или на разговор? Ако сме на сослушување ние ќе прекинеме да одговараме, оти ние не се сметаме за виновни. Јас ја разбирам потребата да се легитимираме и да се претставиме во ова социјалистичко општест-

во, но во дозволени рамки, им рече Ставре на офицерите од УДБА.

Три прашања посебно му го привлекоа вниманието на Кафециев. Прво го прашаа што мисли за Југославија и зошто се доселува тука, потоа што мисли за СССР и за Бугарија.

Ставре не чекајќи многу на овие стандардни прашања, бидејќи тој ги имаше добиено уште во Полска преку своите пријатели, рече:

– СССР го сакам како прва земја на социјализмот, земја на великата Октомвриска револуција и потпора на сите социјалистички земји и движења, но свесен сум за некои работи дека и таму не чинат и јас сум антисталинист.

Се прибра малку како да се присетува на напишан реферат и продолжи. Бугарија рече дека ја смета за социјалистичка земја, а за бугарскиот народ дека е близок со нашиот народ, но исто така не се согласува со политиката на бугарското раководство, особено во поглед на македонското прашање, но му се пристори како да не рече сè.

Офицерите се погледнаа и едниот од нив рече:

– Чудна работа.

Ставре се збуни, слушајќи го офицерот кога му се обрати:

– Од испитаните Егејци повратници што досега минаа низ „Идризово“, ти си единствениот кој отворено и со искреност вели дека ти е симпатичен Советскиот Сојуз, па признаваш и за блискоста со Бугарија. Сите испитувани досега гледаа или да го одбегнат одговорот или да речат нешто против овие земји.

Ставре почувствува задоволство, потоа се присети на сите овие прашања и на други кога ги дискутираа во Полска, Унгарија, Романија и Советскиот Сојуз, небаре повратниците личеа на студенти кои подговуваа испит со украдени прашања и дека ете можело да се даде точен одговор.

Но неочекувано го праша:

– Што мислите, дали такви симпатии спрема нас Македонците имаат Русите и Бугарите, другар Ставре.

– Верувам, бидејќи поинаку не можат да мислат, тие се интернационалисти. Тие се воспитани во духот на идеалите на идното комунистичко општество. Пред нас е новиот советски човек, таму не остана ништо од трулоста на капитализмот, – со доза на голема увереност ги изрецитира овие судови.

Офицерите, смирено пиејќи го кафето, на крајот го прашаа:

– Како би сакал сега тука во Македонија да се викаш?

Кафециев ги ококори очите, но со смирен глас рече:

– Па нормално, како што ме викаа во селото со оригиналното име и презиме. Ете, јас уште еднаш ви велам дека се викам Ставре Кафециев.

Офицерот, веднаш му одговори дека тоа не може на „ев“ и „ов“ зашто тие се бугарски, па затоа можеш да се викаш само Кафециевски. Ставре не се согласи, велејќи им дека ние Македонците имаме великани на „ов“ и „ев“ како што се Гоце Делчев, Петров, Карев, Узунов, Чакаларов, Хаџидимов, Поптрајков, и други, а освен тоа Грците еднаш веќе му го смениле презимето и го викале Кафецис. Потоа изнарече една дузина полски презимиња: Јарузелски, Псежински, Држински, Василевски и рече дека зарем можеме ние Македонците да речеме дека тие се наши презимиња, па продолжи да набројува руски презимиња – Сапошников, Маслов, Киров, Ворешников, Петров и небаре подналутено рече – „зарем можат Бугарите да велат дека овие се Бугари“, но тоа најлесно го прават Грците, тие ќе ти стават едно „с“ и ќе ти речат дека си Грк.

Кафециев со своето објаснување се почувствува небаре задоволен, но офицерите инсистираа на своето, па така расправата стана сè помачна, дури Ставре во еден момент побара да му се вратат документите и да се врати во Полска. Завладеа молк и офицерите рекоа дека не треба да се случи барем со оние од Полска, оти Југославија и Полска имаат добри односи.

Ставре, задоволен од тоа што се покажа вешт во одговорите, си зеде слобода малку повеќе да раскаже и за животот

во социјалистичка Полска, поткрепувајќи го целиот развоен период и народниот петгодишен план со научно фундирани методи, употребувајќи строго научни изрази, така што за момент офицерите останаа со зинати усти. Неговото доаѓање во Југославија го образложи со два основни мотива – македонскиот патротизам и Македонија, но исто така како интернационалист, најмногу го засакал атрактивниот самоуправен систем, што го цени како висок дострел во социјалистичката изградба на југословенската мултинационална заедница.

Офицерите останаа збунети и веќе престанаа да инсистираат, но едниот од нив се осмели да го праша:

– Вие другар Кафеџиев, сигурно се познавате со некој од нашето раководство?

Прашањето уште повеќе му ја зацврсти позицијата на Кафеџиев и само потврди со социјалистичкиот манир:

– Секако дека не...

Уште тој ден се смести во прифатилиштето во „Автокоманда“, задоволен што си го докажа своето социјалистичко самоуправно педигре. Не можеше да се одлепи од мислата, дека стана слободен граѓанин.

Сега веќе не беше под контрола на Партијата, влезен во педесеттата година од животот, маркиситички добро потокован, се посвети на анализата на минатото, како да велеше – на револуцијата и нејзиниот пораз, на одамна збрканата историја, на одењето по маките низ Полска, Бугарија, Романија, Унгарија, Чехословачка и Русија.

Се присетуваше на постојаното приспособување на учењето нови јазици, средби, разделби, на газењето на достоинството, но не сакајќи сè повеќе ги насочуваше мислите во Полска, кога беше во немилост од Грчата комунистичка партија, кога впрочем како по психограм му се подредуваа настаните, откако го исклучија од Партијата и го испратија од Бугарија по казна за Полска. Тоа беше партиска казна што уште го боли и ја носеше како незарасната рана која небаре и денденес ја крие пред своите борци, пред идното комунистичко

општество во кое утре треба да зачекори човештвото. Тоа го мачеше, го назадуваше, го праваеше немирен со необјасниви душевни причини.

Во Вроцлав, се вработи во фабриката ПА-ФА-ВАГ. Го помнеше социјалдемократот Радомски, кога небаре со татковска грижа му помогна да се запише во Високата школа за општествени науки при ЦК ПОРП, во Варшава. Не можеше да го заборави доброто на Еврејката Буздинска, која настојуваше да се прими како беспартиец, но таа го сторила тоа од причина што Кафеџиев ја откри многу подоцна.

Кога дозна која била таа Еврејка, Кафеџиев доживеа нешто необјасниво, доби крилја и нова вера во идеалите на комунистичките идеи. Отиде, купи значка со ликот на Ленин, која до ден-денес ја носеше на реверот.

Еврејката, директор на школата, беше вдовица на почитуваниот полски комунист и соработник на Ленин, другарот Станислав Буздински, кога во триесет и осмата, заедно со целиот ЦК на Полската комунистичка партија, монструозно како „предавник“ го ликвидирал Сталин. Ставре најмногу беше трогнат од тоа, кога таа, на Комисијата за неговиот прием им рече: „Другари, ете уште една трагедија на еден револуционер... Треба да го примиме на студии, ваквите луѓе ќе му требаат на идното комунистичко општество...“

Кафеџиев со тоа почувствува дека вербата во комунизмот му е вратена и останува света задача пак да се вклучи во социјалистичката самоуправна изградба. Сега небаре следејќи го приемот на Еврејката Буздинска, по неговото враќање во прифатилиштето, се сретна со многу луѓе, другари борци, од Полска, Бугарија, Унгарија, Романија и Русија, дозна многу непријатни и убави работи. Пред сè му бодеше очи тоа што сите Егејци се поделени во две основни различни групи и луѓето беа зајадени за идејните прашања на револуцијата, но кај луѓето беше загубено трпението, па нештата мошне се беа извртиле и искривоколчиле, во корист на едната група или на другата, а за Кафеџиев остануваше да си објасни дека такви-

те феномени во сите револуции се присутни и останува да се избере вистинскиот ленински курс, но се плашеше дека луѓето ќе бидат толку теоретски подготвени кои се пред скршнувањето од овие принципи, бидејќи водачите на основните ривали се стремеа што повеќе луѓе да придобијат со помош на своите позиции во државните функции.

Кафеџиев тоа го сметаше за непринципиелна партиска политика и ценеше дека тоа е спротивно на ленинските принципи.

Кафеџиев во своето медитирање забележа и други ненормалности, а таквите појави ги сметаше како спротивни на некои човечки и рационални норми и установи дека тоа било пречка за нормалното вклопување на егејската популација во овдешната средина. Тој забележа дека сите Егејци, иако се политички и професионално подобро потковани во општествениот развој не се соодветно користени, затоа што луѓето се заразени од источноевропските идеологии. Кафеџиев како правдољубец, преку истражувањата со помош на источноевропските методи кои на малкумина им беа познати, од поединечните случаи направи систематизирани табели и графикони дури по реони како што живееле во Егејска Македонија, потоа по земјите од каде што дошле и на крајот по прифатилиштата во Скопје и низ целата земја. На Кафеџиев, откако ги означи сите пунктови на таквите жаришта, работата му стана јасна.

Според неговите размислувања, беше дојден моментот да се алармира научната марксистичка мисла за таквите сложени идејни прашања меѓу Егејците. Тој долго остана во своето размислување „како да се реагира“ но најмногу се потпираше на своите сонародници, повратници од Полска. Мислеше дека само тие се израснати како слободољубиви и либерали, благодарение на полскиот режим. Тука ја наоѓаше потпорната точка и го ценеше како интересен феномен што бараше посебни социолошки и психолошки истражувања.

Но за овој проблем немаа проговорено ниту социолозите, ниту психолозите, само политичарите душкаа по нивните стапала, а историјата уште немаше втасано да ги забележи епопејските борби на Вичо и Грамос и на хероите во таа војна. Кафециев мислеше дека неговите искажувања, неговите марксистички ставови еден ден ќе созреат и ќе нараснат, па ќе може да се организира една акција за идентификација на идејните раслојувања на Егејците. Овој проблем го измачуваше со денови и непреспани ноќи и оттогаш секој ден преживуваше моменти на речиси неиздржлив ентузијазам – со повод и без повод.

ГЛАВА ТРИНАЕСЕТТА

ДОБРИН: „УБАВА СИ! ВО АМЕРИКА СИ СЕ РАЗУБАВИЛА. ПРИФАТИЛИШТАТА ТЕ ИМАА ОСТАРЕНО.“

Беше шест часот наутро, а Румена ја немаше. Добрин чекаше загрижен. Помисли дека можеби авионот не полетал, но гледајќи низ прозорецот на својата соба, ја виде натоварена со куфери.

Румена беше силна по природа и никогаш вербата ја немаше напуштено. Погледот ја одразуваше нејзината внатрешна сила.

Нејзиното двегодишно отсуство на Добрина му донесе многу грижа, но сега веќе како да заборави на сè кога ја здогледа како ја отвара вратата.

– Сполај му на бога, – ѝ рече Делјан.

– Жал ми е, навистина ми е жал, – му одговори Румена. – Но не знаев што друго да сторам.

– Добро утро – му се обрати на Добрина кој лежеше непомрднат. Неговото благо лице зрачеше со добрина, но беше исцрпен од тешката болест.

– Мило ми е што ти се допаднаа подароците, Добрине, – рече и се наведна да го бакне. Знаеше дека сета лутина му помина. Го чувствуваше нежниот допир на неговите усни. Со немиот бакнеж како да сакаше да ѝ каже дека се ѝ простува.

– Врската е од покојниот маж на тетка ми Фросина. И свечениот костим е од него, а гледам дури и не се познаваат дека се носени. Тој бил голем џентлмен, ми раскажуваше тетка Фросина.

Сега Румена и покрај своите фантазии и мечти за богатство, беше свесна за домашната положба. Нејзините чувства кон Добрина беа изменети и необични, чиниш од неа се беше

изгубило она што постојано ја опседнуваше, желбата да се бори и да освојува.

– Сега не грижете се за облека – им велеше.

– За сите донесов, дури и повеќе. Американците се богати, – им зборуваше вознесена од некаква среќа.

Стана и набрзина се облече. Вознемирена и измачена од мислите кои ја обземаа за Добрина, застана пред огледалото и ја поправи шминката. Добрин ја гледаше со втренчен израз на лицето и даваше одраз на чесност и замореност, на љубов и воздржаност, па не издржа да ѝ рече:

– Убава си. Во Америка си се разубавила. Прифатилиштата те имаа остарено.

– Верував дека ќе ми признаеш, мој Добрине – му одговори свртувајќи се кон него со расплетени коси.

Румена сега ги избегнуваше караниците и непријатностите што доаѓаа од органите на власта и од непризнавањето на Добрина, сега беше секогаш со насмевка и со љубезен збор. Но, мислите ѝ се насочуваа кон иднината и така многупати се запрашуваше каков ќе ѝ биде животот...

Сега сè ѝ беше јасно, по долгото непризнавање на заслугите. Добрин можеби и од тоа се разболе. Тажните спомени повторно ѝ ги опседнуваа мислите и ја чувствуваше болката што ѝ го имаше загорчено животот. Оценија и таа и Добрин дека им останаа само талкањата и докажувањата.

– Боже, навистина колку ме излудуваше таа неправда, а сета вина ја фрлав врз тебе, – му рече на Добрин.

Румена понекогаш седеше задлабочена во талкањето на својата фантазија, чекајќи барем малку да се изменат времињата; ќе дојде ли време на правда и просперитет, барем, за младите, за овој мој Делјан. Такви мисли ѝ се вртеа во главата кога гледаше во Добрина, како го подјадува болеста. А можеби и Делјан ќе ја наследи нашата анатемисаност.

Во социјализмот, родителите на децата им оставаат само тоа да им се протега како црно-црвена нишка во нивниот живот. Можеби луѓето ќе се прашуваат: „Кое е тоа момче? Зошто

да не му помогнам на момчето? Тоа момче е од анатемисани родители и го бие лош глас, а вие многу грешите ако мислите дека не е така. Плодот од крушата ќе падне само под стеблото. Минатото не лаже.“

Вознемирена и подисплашена, посакуваше да заборави и самата си даваше одговор: „Какво ужасно размислување е тоа! Зарем треба да сметам дека луѓето не ќе се изменат?“ Одмавна со глава и рече со подбивен, но тажен тон: „Едноставно бог има моќ и сила. Нека стори сè што е во негова моќ да ги среди работите“.

Таа веќе не веруваше во ништо, сите празни фрази што ги имаше слушано од минатото ги здипли како стари износени шејови и ги исфрли одамна од својата глава.

Се присети на луѓето што стрижеа до гола кожа, и потоа им црнееше черепот, а веѓите им остануваа густи и темни како тоа да ги правеше луѓе кои ѝ се закануваа на иднината.

Ја држеше фотографијата од Добрина што му ја имаше испратено од сибрискиот град Тајшот и небаре ѝ се воомјази еден таков човек, облечен во сиво грубо палто, со недоврзани скорни, како држи торба со вошкосани партали; тој е непријател на револуционерната татковина, непријател на народот, излезен од студените ќелии и превоспитан. Таа фотографија сега ја стискаше и ја сакаше најмногу, бидејќи ѝ кажуваше сè.

Се присети на паролите од партијата – „Сомнителните испратете ги во логорите за да ги извршуваат казните, не треба да се води никаква истрага, ниту да се поведуваат некакви обвинениј а, оти тоа нè води во заблуда и им даваме време за да се соземат, туку едноставно доволен е зборот на партискиот секретар. Секретарите се синови на партијата...“

Едно утро, Румена го допре лицето до прозорското стакло и долго гледаше во прифатилиштето.

Некаков грижлив немир ѝ го обзеде срцето. Посака да ги посети тие стари сожители. Се облече во рубата од тетка Фросина, косата ја собра во кок, се изнакити со старомодни прстени, а в раце држеше длабока чанта со блескава тока. Одот

ѝ беше чуден и несигурен, причината беше во високите чевли што ја правеа и повисока, и ѝ даваа посебен шарм, небаре на постара дама.

– Каква радост? Каква среќа? – рече првата жена што ја сретна.

Парфемот што се лачеше од неа се почувствува низ целиот ходник и жените завидливо ги отвораа носниците да помирисаат од ова американско ливанто, како што ѝ рече жената на Хенри Марузелски.

Секоја од жените посака да ја покани, но Румена со задоволство влезе кај Лина Диневичина, почитувајќи го нивното домашно пријателство.

– Убава си, Румено, – ѝ рече Лина, фаќајќи едно влакно од нејзините гради.

– Ох, Америка ти е Америка. Што да се прави. Ние уште ќе талкаме. Ќе се бориме со овие гадинки – во тој момент со лачените чевли згмечи една покрупна лебарка.

– Зошто си толку тажен? – му се обрати на Мице Диневичин. – Изгледа си загубил во играта со домино?

– Не, не, ништо само така, – ѝ одговори Мице, со некаква партиска конспиративност.

– Ајде, ајде кажи ѝ на Румена. Таа е наш човек. Тоа кога и да е ќе излезе на видело, – му велеше молбено Лина. Мице се поднаведна и како да зазеде став пред партиски актив, се фати за подбрадата и рече:

– Доживеавме раскол меѓу нас. Сега никој со никого не зборува. Длабоко се разминавме по идејните прашања за изградбата на социјализмот.

– Не разбирам зошто, – запраша Румена. Па зарем тоа е вистина! Не ми се верува? – уште еднаш зачудено рече Румена.

– Здивеа луѓето, не се сакаат. Почнаа да се откажуваат од основните постулати на работничкото движење. Ова е чудо невидено. Сакаш сè да знаеш?

– Да, – одговори Румена со љубопитност и продолжи. – Убаво се ослободи од улавштините.

– Добро жено, убедена си во тоа? – ја запраша со исчудување Мице.

– Човеку, ако не бев убедена, не ќе ти го кажев! – му одговори Румена. Мене и Добрин, вчера ми рече:

„Прости ми, Румено, се гледа дека сум бил опседнат со тоа што го сакаш ти. Јас си го поминав животот исполнет со празни илузии за сè“. Еве тоа ми го рече Добрин мој.

– Па тогаш, зошто не ми плукнеш мене в лице? – зачудено ѝ рече Мице.

– Така е човеку! Зошто се смееш толку, несреќен човеку?

– Се смеам оти многу полошо ќе биде ако душата ми ја направеа превртлива како на Алексо Шлипковски.

– Прибери се, Румено! Немој многу да го дигаш гласот – рече Мице.

– Прави што сакаш, јас одбивам секаква дискусија по тоа прашање – му рече Румена.

– А долгогодишниот стаж во Партијата? – ја запраша зачудено Мице, ценејќи го како едно од најклучните прашања.

– Е, за тоа ништо не се добива ниту пак некој ти гарантира. Тоа ти е како заборавена љубов. Обично во љубовта се чуваат фотографиите и љубовните писма, а во нашиот случај ќе си ја чуваш партиската книшка и ако си способен ќе си пресметаш што си можел денес да купиш од каматата на членството што си го давал, – смеејќи се му рече Румена.

– Зошто зборуваш така чудно? Доволно беше да ја видиш Америка и да плукаш на сè. Ме изненадуваш. Зар така да зборува една жена на револуционер и раководител на револуцијата?

– Што сакаш со тоа да кажеш? Сакаш ли уште да живееш во заблуди или да бидеш...

Румена којзнае зошто не ја доврши мислата, но во тој момент се присети на Добрина и остана натажена небаре не можеше да најде одговор за овие триесет и неколку години.

– Ти знаеш што се случува со сите нас во прифатилиштето? Сигурно не! Тие што се дојдени од Полска, сите се ревизионисти и во ништо не веруваат. А пак, тие од Романија, ниту таму ниту ваму, оди ти со нив да градиш социјализам. Од Чехословачка, сите најдобро се вклопија во самоуправувањето.

А за чудо едно, неколцина од Унгарија, се затворија во себе и јавно не ја одобруваат интервенцијата на Црвената армија. Само ние од Ташкент, крепко стоиме, непоколебливи инетренационалисти. Тоа се вели верност, а не дувниветровци. Види нешто од капитализмот и преврти го умот, ете како тебе... – малку подналутено ѝ зборуваше Мице.

– Вие ме изненадувате – му одговори, газејќи на лебарка што протрчуваше околу нејзините нозе.

– Те изненадувам, велиш, а што ќе речеш ако ти кажам дека неколцина од нас се обележани...

– Како и зошто обележани, човеку? – љубопитно и зачудено му се обрати Румена.

– Ете така! Кога доаѓа на посета кралот на Грција, нас неколцина нè земаат во притвор. Хрушчов да дојде исто. Сега, пред еден месец беше царот Хаиле Саиле, пак исто, или кој било друг државник, ние веќе си го знаеме... ѝ објаснуваше Мице даскалот од Долна Преспа.

Румена прсна од смеење и одвај, со солзи на очите, рече:

– Ама, интернационалисти сте биле! Во Америка, Канада и Австралија, нашите за такви будалштини не знаат ништо. Само тука си го потхрануваме умот со такви лудости, – посакуваше уште нешто да каже, но ја прекина Мице.

– Прибери се, Румено! Немој да газиш по нашите идеали. Такви негатори низ нашата славна историја на работничкото движење и на социјализмот ги имаше многу, – ѝ одговори со некакво олеснување и со надеж дека ѝ докажал дека тука нема никакви двоумења.

– Така е, човеку! Жртвите најмногу веруваат, си се запрашал зошто? Ако знаеме зошто и како сме излажани, во таа револуција, па уште и од кого, денес не ќе нè јадеа и овие га-

динки. Ги гледаш! Тоа се мелези со меѓународни муцки, јаки и приспособени за живот, неуништливи и откога знам сè по нас одат. Дури и под кожата ќе ни се напикаат, ќе ни ја исцедат крвта, потоа и умот. Ништо не ги уништува, освен да излеземе надвор сите голи и да ги запалиме овие наши судбински прифатилишта, оти ако тоа не го сториме до смрта ќе страдаме од нив. Можеби тогаш умот ќе ни се одмори, не ќе има кој да ја пренесува заразата, ќе оздрави човекот...

ГЛАВА ЧЕТИРИНАЕСЕТТА

КАКОВ ШОК! ПОГОДИ ДОБРИНЕ!

Ш т о о о? – со мака отворајќи ја својата сува уста и капаците од впиените очи, изусти тој.

– Ти признаа. Ќе ти го прочитам!

Предмет: Известување во врска со жалбата
Број 13 59355-ти октомври 1989 годинаСкопје

Врз основа на позитивното мислење, согласно Законот („Службен весник на СРМ, бр. 23/80)

Вечерта во станот владееше голема тежина и молк. Пред да го земе јадењето, Добрин ги постави рацете како за молитва, потоа ги рашири и ги покри дланките во став на примање милост. Вилицата му беше стегната, а кожата на лицето исушена.

Веќе сум мртовец, не можам ништо да си кажам. Не вреди да се живее на пепелот од изгасената среќа. Човек треба да собере сила и целосно да расчисти со минатото...“ загледан во книгите со рамнодушна заинтересираност разговараше сам со себе.

Делјан ги исчисти трошките од постелата и со особена грижа му ги покри нозете со уште едно резервно ќебе. Татко-то небаре посака да го благослови со блага насмевка на неговата искривена уста. Зборуваше сè потешко, ги затвораше очите и така потонуваше во некоја меланхолија.

Ноќта, небаре беше близу до неговото лице. Снегот се лепеше по прозорците. Понекогаш ги отвораше очите, низ телото му поминуваше некаков кус, но вознемирувачки трепет.

„Можеби тоа е страв од смртта?“, и пак ги затвораше очите, посакаувајќи да заспие по примањето на инекцијата за смирување од неподносливите болки. Понекогаш сам се зачудуваше на своето минато, кога се присетуваше: „Од каде ми беше таа моќ да минувам низ животот со гордост, со толкава храброст. Ех, мој Добрине. Можеби затоа што сме се нарекле како револуционери и треба да бидеме луѓе од „посебен ков“ или нашата закаленост?“

Сувогорски беше многу чувствителен и не дозволуваше ни ронка лажна вина да падне врз него.

Тој уште од раното детство се наоѓаше длабоко во несреќите, во трагедијата, но животот го принудуваше да истрае, да не ја прекине нишката на животот, да го зајакне неговото битие, да направи од него не исклучително суштество, туку нормално.

Пак молчеше и не гледаше во сликата на Румена, туку во главниот прозорец од собата, некаде далеку, можеби некаде каде што не допира смртта. Не, сега лежеше болно, со омрачени очи и олабавени раце. Чувствуваше како му се намалуваат способностите и многу од сознанијата му исчезнуваат како протерана магла. Неговите очи како да бараа прошка, но кога вратата зачкрипи и се отвори, Румена влезе радосна.

– Прекрасна вест! Порадосна не може да биде!

Лицето на Румена зрачеше од среќа и несвесно промрморе, надвор од себе од вчудоневиденост и од среќа – Каков шок! Погоди Добрине!

– Ш т о о? – со мака отворајќи ја својата сува уста и капаците од впиените очи, изусти тој.

– Ти признаа. Ќе ти го прочитам!

Предмет: Известување во врска со жалбата
Број 13 59355-ти октомври 1989 година Скопје

Врз основа на позитивното мислење, согласно Законот („Службен весник на СРМ, бр. 23/80)

Напоменуваме, дека уважувањето на жалбата од Добрин Сувогорски од страна на Комисијата е и на позитивно мислење на Посебната комисија при Републичкиот одбор на СЗБ од НОБ на Македонија, која согласно Законот дава мислење за учесниците во ЕЛАС и НОДЕМ. Според ова мислење и искажувањата на членовите на Комисијата за утврдување на својство на носител на одговорни функции во воените и политичките органи за време на НОВ во Грција – Егејска Македонија од 1941 – 1945 година (ЕЛАС и органите на Демократската армија на Грција и органите на политичките организации на Македонците од Егејскиот дел на Македонија од 1946–1949 година (НОДЕМ).

Имајќи го предвид напред изнесеното Комисијата за утврдување својство на носител на одговорни и раководни должности одлучи... ПОЗИТИВНО

Шеф на кабинетот

Румена возбудена се доближи и го бакна, а потоа извика триумфално.

– Добрине! Конечно по триесет години ти призна!! Тоа е ПРАВДА! А не одмазда од своите соборци.

Добрин стана и имаше заканувачки изглед што човек го има пред своето супер-его да ја поврати контролата врз неговото тело, да се тргне од смртта, па како да се исплаши од она што го дознал со текот на годините и како со рака болеста го седна на креветот што мирисаше на камфор и пот. Двајцата седеа молкома, неподвижно, тој не сакаше повеќе да зборува, помина во некоја агонија.

Румена го куражеше и му велеше:

– Подобро изгледаш... Навали се. Ти барем ме знаеш, дека не ги сакам мажите кои дрдорат само за минатото...

– Да ти донесам млеко? – го запраша, местејќи му ја постелата.

Добрин небаре потона во мислите на минатото. Се присети на сибирските затвори. На судбината која му беше насилно

скршена. На едно време кое имаше боја на отсутност. На ќелијата, во која можеше само да размислува, но не и да изговори нешто, да молчи, да ги гмечи болката, лутината, стравот, срамот, бесот и смеата. Да се обвинува самиот себе си, да си легнува како во гроб, но смртта сè уште да не го допира, а таа да биде тука, до него, во влажните ѕидови. Да се живее со затворени очи и уста во сибирските ноќи. Над тој ужасен мраз, под таа бледа месечина, под тие далечни ѕвезди.

Дури и да не посакуваш да го мериш времето. Чуму ти е тој божемен ден и неговата светлина? Небаре беа тоа векови. Скован во иње, тоа влечкање на греди низ непроодните тундри. Снегот кревок, ти крцка под голите стапала и одиш кон целта што ти ја покажуваат смрзнатите бајонети. Тука и таму ќе гушнеш некоја берјоза, како да ти е сестра и само еден миг посакуваш да ѝ ја кажеш целата вистина.

Темницата во тундрата била потопла и на човека му дава мигови на отсутност и инстиктивно повеќе му ја грее душата отколку тоа сибриско млечно сонце.

Бараш голтка чај, да ти мине пријателски низ телото.

– Добрине, земи го млекото, – молбено му рече Румена.

Добрин ги отвори очите со страв.

– Што се случи? – прошепоти Румена.

– Ништо, – рече Добрин, ми се пристори како да слушнав нешто.

– Да не влезе некој? – потстана да види Румена.

– Не, не е тоа.

– Па што?

– Ми се пристори како некаде далеку да слушам топовски плотун – рече тој и пак се отпушти.

– Сигурно си вообразив, – и пак остана напрегнато да слуша. – Господе – рече тој, – би сакал барем брзо да осамне.

Во главата му одекнуваа топовски канонади, му навираа спомени. Почнуваше секогаш од најблиското време и се сведуваше кон минатото.

Спомените му се движеа низ темната февруарска ноќ. Во снежното поле му се движеа темни фигури. Луѓето како да му се потскриваат од смрзнатиот ветар или почнуваат брзо да одат. Пак, ужасни громотевици, огномет од бои. Стрелаат тенкови, топови, автомати, митралези, пушки. Крваваат ранети луѓе. Небото чисто, свети месечината. Колоната оди кон Кајмакчалан. Дим, јазици од пламен, мирис од изгорена крв.

Му се редеа сите села, изгорени, само видините како џурвкосани тела вреат над снежните намети. Три денонoќија траеја борбите. Му истекуваа годините од четириесеттата до четириесет и деветата. Гледаше пред себе со вкочанет поглед. И туку одеднаш како да се запраша – „Војувавме за победа, колку црна крв, војничка крв. Плач по своите луѓе. Зарем навистина ли така доаѓа смртта...“

Настапи молчење. Но небаре во овој смртен час посака да си приспомне пак на нив.

„Го гледаш смртно ранетиот војник, чувствува порив, со подгорени усни, да промрмори. Зошто? Зошто? Таа празнина, несомнено, што по смртта следи. За да згасне конечно огнот и времето, потоа да ги избрише сопствените траги. Да, омразата ти го уништува духот, како што борбата телото. Зарем гордоста не ќе ја крене нашата горчлива судбина до вистината? Ми признаа, по триесет години? Ми признаа! Ми признаа!!?

Гледаше во снежниот прозорец, како на филмско платно, воздух, оган, вода, војници и игра на судбината.

Човек би можел да се плаши од она што го дознал со текот на годините. Од каде му е на човека таа моќ да минува низ животот со гордост, со толкава храброст?

Се присети на Сократ кој рекол пред своите ученици – „Глупав е стравот од смртта. Додека ме има мене, ја нема неа, кога смртта ќе дојде, тогаш ме нема мене. Значи, смртта и јас никогаш не се среќаваме.“

Во мислите му се јавија разни размислувања и се обидуваше да си даде одговор, дека секое суштество се обидува да

ѝ се спротивстави на смртта. Погледот на Добрина молеше, проколнуваше, бараше уште еден час, уште неколку минути, тој имаше уште нешто да каже, дека и тој ѝ се посветил на татковината, некогаш ѝ го давал својот млад живот. Можеби тогаш оваа таткова земја ќе го примеше поинаку, ненаклеветен, неомрзаен, во свој сопствен гроб.

Ги затвори очите и повеќе не гледаше во прозорецот.

Утринската светлина го облеа прозорецот и сончевите зраци ги осветлија ѕидовите на собата.

Сувогорски лежеше мртов покриен со бел чаршав. На гробиштата беше многу студено, стушено и сиво. Ожалостени беа многу. Во дворот на капелата се појави Строгов, но така дискретно што никој не го забележа. Можеби ги внесуваше последните белешки во досието на Добрин Сувогорски.

Поворката тргна по ѵгорнината. Ја мина парцелата на заслужените и првоборците, па на борците и стигна до општонародните. Одеше немо, сè до ископаниот стар гроб. Покрај пресната земја стоеше стар крст и врзоп од стари коски.

Се одржаа говорите и еден од нив рече:

– Добрин Сувогорски не умре сега, туку пред триесет години.

Можеби човекот сакаше уште нешто да каже, но силниот ветар му го однесе ливчето од затреперените раце и човекот занеме, гледајќи во мртовецот.

Потоа заедно со другите и тој фрли грст земја над спуштениот ковчег.

ГЛАВА ПЕТНАЕСЕТТА

АЛМА-АТА*

Сувогорски, кога се врати во Југославија, беше прогласен за „руски шпион“.

Не знам. Не разбирам ништо од таа наша несреќа. Велат да бидеш распнат на крст или жив закопан, не е толку страшна смрт, како што ја величат. А, можеш ли да си замислиш како можело да биде осудено на смрт цело едно семејство од своите истомисленици комунисти и соборци?

Обично се погубуваат оние што паднале во тие нивни „гревови“, бидејќи малкумина биле оние што со голема тешкотија станувале лојални Југословени. Тие знаеја дека казнетите ќе бараат одмазда – комунистичка правда и сето тоа во „името на народот“.

Тоа се случило уште во Алма-Ата.

Што се случило со нас?!

Откако дојде погубниот крај, на татко ми и мајка ми, јас за нив не знам ништо, и никој не дозна што се случи, освен за татко ми дека е закопан во туѓ гроб и ако некој побара да ја опишам виситината за нив, не ќе можам. Слабо и површно си спомнувам на нив, но сетики се сеќавам на она: „Ти Делјане,

---

* Алма-Ата, град во Казахстан каде што привремено беа донесени сите осудени членови на НОФ по издржување, односно анулирањето на казната од сибирските логори. Таму настана несогласувањето бидејќи имаше предлог да побараат да ги вратат во Ташкент; во средината каде што живееја многу Македонци – борци на ДАГ, за да им докажат на грчките комунисти дека тие не се виновни за неуспехот на Граѓанската војна. Но, во тоа време помеѓу СССР и Југославија односите беа „топло–ладно“ и речиси сите посакаа да се вратат во Југославија и остана само еден од нив кој подоцна, кога се врати во Југославија, беше прогласен за „руски шпион“.

молчи! Оти ништо не знаеш и не треба да знаеш за овие партиски работи...“ и се така бев укоруван по прифатилиштата.

Јас сега го сфатив тоа, што тие не го сфаќаа.

Мајка ми имаше писклив глас, особено кога викаше по нас со татко ми, но сите понекогаш тагувавме – тагата, како и незадоволството, беше вообичаен наш придружник. Дури и времето ни пречеше, кога секој нè одминуваше и се криеше од нас...

Мајка ми велеше: „Егејците наши (поранешни комунисти на КПГ) сега југословенски комунисти, казнувале немилосрдно, полошо и од Светиот Дух...“

Ударот на судбината и мајка ми ја пречека зад аголот, во вид на страшната Алцхајмерова болест од која умре. Поради болеста таа не можеше да оди, забораваше сè и сешто, малку по малку болеста ѝ ги уништуваше мозочните клетки.

Никогаш не сум се занимавал со историја и не сум упатен во конкретното прашање, зошто така се случило со моите родители, со Добрин и Румена.

Добрин сè до смртта велеше: „Јас сум македонски комунист и го исполнувам својот долг...“ а, Румена, секогаш со својата иронична насмевка го кажуваше достоинството поинаку и велеше „Храброста е способност на душата со која непоколебливо ги исполнува должностите и решително се бори со тешкотиите и премрежијата на животот против дрските лажговци...“

Таа позната жена, со надуени клепки, крвави белоочници, чија кожа на лицето и на вратот беше сивкава, избледена, како кај луѓе коишто се малку на воздух и коишто лошо спијат, а рацете ѝ беа немирни, со немирен поглед шеташе по лицето на луѓето менувајќи го изразот де предизвикувачки и со потценување, де одеднаш несигурно, збунето и недоверливо. Еднаш кога ѝ се приближи еден претставник од боречката организација, вознемирен, растреперен како човек којшто нешто важно заборавил и дури не се сеќава сосем точно што заборавил. Мајка ми добродушно се насмевна, но се воздржа

кога забележа покрај него постара жена, стежната со црвено неубаво лице, затегната во фустан со боја на изгореница. Таа се вртеше, се извиваше пред гробот на татко ми, притискајќи врз градите букет цвеќе, спечено од сонцето и свенато, така што посака да го положи свечено, заедно со човекот кој се претстави дека е претставник на Сојузот на борците на Македонија, и рече дека татко ми е рехабилитиран. И сетики посака да каже со неколку напишани зборови:

„ ... Ти покрај активноста како организатор и борец на национални права и слободи, создаде и македонска азбука од 24 букви за духовен процут на својот народ во виорот на војната во Егејска Македонија.

Твоите национални чувства и љубов кон својот народ дојдоа до полн израз во летото 1944 година, со формирањето на Воденскиот македонски баталјон.

Ти, покрај својата активност во формирањето на македонската војска, ја создаде азбуката со која се напишани прогласот до македонскиот народ во Воденско, повеќе песни, Маршот на Воденскиот баталјон.

Ти, беше и остана борец и културен деец на македонскиот народ. Во сибирските затвори те обвинуваа за „Титов агент“, но и тоа беше само заблуда на КПГ.

Ти, животот ѝ го посвети на татковината и за сите нас, твоите соборци, не си ни „Титов агент“, ниту „руски шпион“, туку од денес си РЕХАБИЛИТИРАН!

По овие искази, нешто ем тажно ем радосно ја пронижа мајка ми. Охрабрена и осилена од средбата со овие луѓе, го изостри погледот и почна заинтересирано да загледува во овенатото цвеќе. И се сети. Се сети на закопот на татко ми по цели десет години. Тогаш бевме, јас, гробарите и мама...

Сега се насмевна со сила, срцето ѝ тупкаше и јадежот ѝ гореше в грло, ја тераше да си ја голтне плунката. Зазеде став на говорник и рече:

– Што да речам за гревот и покајанието. Се рехабилитира злосторникот, нему треба да му се врати угледот, добриот

глас, честа. Злосторници се неговите соборци, кои со својата партиска моќ преку институциите го уништија мојот маж, нарекувајќи го „руски шпион“ и за да биде уште построго казнет го обезличија како Македонец и го „унапредија“ во неподобен Југословен. Стотици луѓе како него настрадаа, а единствено беа виновни што сакаа да ја видат и да ја доживеат Македонија слободна, обединета и самостојна. Многу од нив не се вратија меѓу своите, ги изедоа ќелиите на туѓите зандани.

Тие никогаш не го загубија угледот пред својот народ, а беа судени во „негово име“, не ја загубија својата чест, ами ја воздигнаа во височините на убавината!

Ништо од ова немав сетено, а сега не сме унижени, стоиме простум со луѓето што го рехабилитираа татко ми, во тага и очај, останавме меѓу запустените гробови.

Одеднаш сосема јасно сите ја почувствуваме безначајноста на сопствените несреќи и страдања.

Можеби отсега некој ќе ги препознава во мене Румена и Добрина Сувогорски од леринските села во Македонија, каде што сега владее пустината...

ПРИФАТИЛИШТА

ОД ДНЕВНИКОТ НА ДОБРИН СУВОГОРСКИ КАКО Е ПЛАНИРАН ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

ГЛАВА ПРВА

ПРИФАТИЛИШТАТА, ЗА ТАЛКАЧИТЕ СТАНАА „УНИВЕРЗИТЕТИ“

Никој не го забележа, во зорнина беше, кога се дочу тропање на големата врата од прифатилиштето. Препалени се растрчавме да му отвориме. Човекот настојчиво чукаше, сакаше да нè сретне по толку многу талкање по светот.

Во емиграцијата сите ние зборувавме за даскалот наш, Добрин Сувогорски, што нè учеше марксизам–ленинизам и значењето на Коминтерна. Заеднички ја пеевме Интернационалата небаре ечеше од Москва сè до Костур, Лерин и Воден, ама по Граѓанската војна во годините (1945 – 1949), сè отишло во заборав. Сега пустината која владее убива. Тој беше комунист до коска, способен да наредува без викање, такаречи молчешкум. Решаваше сам за најважните работи. И секогаш јасно даваше на знаење што може, а што во дадената ситуација не може да помине.

Кога нè здогледа, наседнати на железните кревети, забележав, неговите очи како да му заискрија. И навистина, како очите да му се полнеа со солзи, правејќи голем чекор преку прагот да влезе. Се зашеметив, кога се појави човек, кого никој не го покани. Но за миг почнав да си намнисувам некои детали од минатото...

Сувогорски тукушто влезе во прифатилиштето, се поздрави со сите, се потпре на железниот кревет и рече: „Ете среќен сум, се вратив дури од Сибир!“

Ни се обрати на сите со зборовите: Бев обвинет за злосторство против човештвото. Тој затвор се сметаше за најбруталниот комунистички логор во Сибир, каде што бевме затворени сите противници на режимот, а таму нè чекаше невидено измачување. Вработените во затворот беа избрани од редовите на Советската комунистичка партија, а сите имаа иста задача која писмено ја добивале од директорот на затворот, односно сите предавници, конспиратавци, непријатели на пролетаријатот требало да нè натерат да „мокриме крв“. Чуварите имаа наредба да не покажуваат никакви знаци на хуманост. Чувствувам вина и сакам да ја споделам со вас. Токму со вас со кои заедно се боревме и оставивме голем пустош во родниот крај! Вистината е дека извршувавме туѓа стратегија, затоа што ние немавме своја како да останеме на прадедовите огништа. Тоа го дознав во една голема сибирска зима. Ми го кажа рускиот иследник и дословно ми рече: „Товариш Сувогорски, вие се саможртвувавте, а го жртвувавте и македонскиот народ за туѓи цели. Вие добро знаете:
ВО ГОДИНИТЕ (1945 – 1949) ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ТЕМНИ ОБЛАЦИ НАВЕСТУВАА СОСТОЈБА СЛИЧНА НА ОНАА ШТО ЈА ДОЖИВЕАВТЕ ОД ПРЕД СТО ГОДИНИ.“

Ете зошто една руска поговока гласи: „Силнии свегда побеждает безсилного“.

Кои вистини не ги знаевме:

ПРВИОТ УРОК

И ден-денес сите истражувачи се чудат:

Како можело КПГ да организара Граѓанска војна (1945 – 1949) г. за социјализам во Грција, кога цел свет знае дека на Конференцијата на Јалта, од 4 до 11 февруари 1945, претседателите Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешни работи беше решено: Грција е под сферата на влијание на Англија и САД и договорот со Сталин на Јалта беше гарант дека социјалистичкиот систем во Грција нама да се дозволи со Граѓанската војна. Значи, остануваше

да се изврши етничко чистење на Македонците и со тоа што повеќе меѓународно да се легализира донесеното инородно население од мала Азија. Види: ФО371/43649 χιι 00201 Р. 20431/1009/67.

ВТОРИОТ УРОК

Делењето на Балканот Черчил го опишува во своите мемоари: „Пристигнавме во Москва во доцните часови на 9 октомври 1944 година. На 10 октомври ја имавме првата значајна средба и советување во Кремљ. Бевме Сталин, Молотов, Иден и јас. Мајорите Бирс и Попов го извршуваа преводот...“ Значи, постигната е согласност за поделбата на сфери на интерес. Според договорот, Грција беше целосно препуштена на британското влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства.

ТРЕТИОТ УРОК

Политиката на Советскиот Сојуз спрема македонското прашање беше во функција на глобалната политика и стратегија воопшто, и спрема Грција посебно. Сталин, македонското прашање, како и односот на Англичаните, Американците и Грците спрема Македонците под Грција, го користеше како покритие за својата политика што ја спроведуваше во земјите кои паднаа под влијание по Втората светска војна. Во текот на Втората светска војна комунистичките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија цврсто го почитуваа декларативниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници. Треба да се знае и тоа: На иницијатива на Сталин е донесена одлука за распуштање на Коментерната, со што формално е признато правото на самостојност на секоја комунистичка партија и е подржана тезата: „Една држава една партија.“ Кога тој, истиот, Сталин со големите сили во Москва (октомври 1944) ја направи делбата на сфери на влијанија и на Балканот границите да останат непроменети. Сувo-

горски подналутено вели „Ете тоа беше одговор на сите кои гледавме спас во Русија.“

Тоа беше првиот удар и покажува како го изгубивме обединетиот духовен систем т. е нацијата остана без стратегија за духовен опстанок на својот етнички простор на Балканот. Се покажа дека, ние Македонците немавме ни видик ни стратегија да го браниме просторот што со векови се нарекува Македонија, не знаеме да го браниме, а тоа ако го немаш, ти не можеш да правиш држава Македонија насекаде!? А Грците, уште пред да ја поделат Македонија во 1013 година и откако ја поделија ја нарекуваа СЛАВОМАКЕДОНИЈА, и полека дури комунистите нѐ нарекува СЛАВОМАКЕДОНЕС или ЕНДОПИИ и така нѐ делеа од ПРОСВИГИТЕ што ги донесоа од Мала Азија, и претставуваа нешто повеќе од нас МАКЕДОНЦИТЕ.

ЧЕТВРТИОТ УРОК

НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТОЈ НОВ ПОРЕДОК КПГ СТАНА СЕМОЌЕН ГОСПОДАР, А ПОСЛЕДИЦИТЕ БЕА СТРАШНИ. ВО ТОЈ НОВ ПОРЕДОК ВРЕДНОСТА СЕ МЕРЕШЕ СО ДАВАЊЕ ЖРТВИ И ВАЖЕШЕ ПАРОЛАТА: „ОЛА ГИА ТОН АГОНА, ОЛА ГИА ТИ НИКИ!“ (Сѐ ЗА БОРБАТА, Сѐ ЗА СЛОБОДАТА!)

Дали ние, како народ преку таквата опција бевме интелектуално и воено политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет на Македонија под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна?

Кога големите сили по делбата на сфери на влијание ставот им беше „Политика на статус КВО“ меѓународните државни граници на Грција и Југославија по Втората светска војна истовремено станаа воени граници на двата табора? * Дали со таквата стратешка, на НОФ и не сме ја лоцирале војната (спрема измисленото сценарио на „Пекол и изгорена земја“) во регионот што на туѓинците им беше како главна цел – етнички да го преуредат и да ја закрепат граничната линија на железната завеса помеѓу двата табора? * Ако во историјата нема „Ако било“, ами има „Како било“, то-

гаш и во тоа е нејзината врвна мудрост. Меѓутоа, во оваа анализа можеби за оние „Чуварите“ на „Историјата за Егејците“, кои уште велат дека немаше друга алтернатива, остана едно, навистина сериозно и тешко прашање: „Ако би било“. Дали, ако од демократските сили на Грција, Граѓанската војна беше лоцирана во други делови на Грција и се разбира, ако ја немаше претходницата на НОФ раководена од КПМ/КПЈ, ќе ја доживеевме таквата масовност (принуда) и таквата катастрофа?

Прашањата се толку чувствителни и набиени со емоции, па дури и во овој миг кога ќе помислиме да му пристапиме со еден конструктивен став кон тајните на црнилата од минатото, се соочуваме со жестока реакција на поедини идеолошки активисти, кои и ден-денес се против секаква корекција на историјата, изигрувајќи ветерани низ туѓи војски, гркоснталгичари (Ворјасовци), а од сосема јасни цели, сега се декларираа како југословеноносталгичари и само тие знаат зошто.

Можеби, сите овие противречја, најмногу се должат на тоа што нашата историја пишувана под цензурата на комитети за арбитража со историската вистина и по пола век не смогна да ги открие корените на злото и мрачните тајни на геноцидот наш и со тоа бевме одвлечени во некаква мистификација, односно цинизам, обмислен за истуркување на фактите во корист на дневната политика.

Од историјата знаеме, дека сите успешни или погубни војни, секој цивилизиран народ преку критичкиот суд на историјата има дадено историска оценка, па време е и македонската историографија да го разреши тој политички рубикон за да остави поука за иднината, бидејќи специфичната функција на историјата е токму истражувањето на тие причини. Ако земеме предвид дека ниедна тема во Грција не беше толку релевантна во текот на столетието и остана толку жива, како онаа како да се сотрат Македонците и присвои Македонија. Ние Македонците оддамна требаше да си ги избришеме илузиите дека некој друг ќе биде повеќе заинтересиран за нас и, токму на тоа се должи успехот на елинизмот. На феноменот

на нашите делби, неединство и поданичка свест. Дали нашата стратешка цел ја имаше истата функција да стори сè за да не се напушти прадедовото огниште, оти тоа пред светот ќе биде и конечен документ за национален пораз.

Сведочењата на настаните во петтодишната Граѓанска војна ни ја потврдуваат старата вистина дека војната не беше никаква случајност, дека идеолошкото насилство, бруталните мобилизации над македонскиот народ, кој даде сè од себе, а за возврат доби смрт на своите синови, доби прогонство и разурнување на своите огништа, да не може, сè до ден-денес да им запали свеќа на своите синови и браќа кои загинаа. Па зарем тоа не е добросмислена тотална политичка акција.

На 23 ноември 1948 година Главниот штаб на ДАГ донесе наредба на реонот на Вичо да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години, тие кои не беа до тогаш мобилизирани, односно работеа на градење разни фортификации и утврдувања или не беа мобилизирани поради болести. Со таа наредба практично беа мобилизирани сите Македонци од Костурско и Леринско. На 16 јуни Извршниот одбор на АФЖ-жените на Македонија од егејскиот дел на Македонија освоија резолуција за активирање на македонските жени за одбрана на планината Вичо.

На 10 август 1949 година почната е голема и судбоносна офанзива против главните единиц на ДАГ кои го бранеа ВИЧО. По седум дена крвави борби планината Вичо е совладана. На боиштата се убиени околу 800, а заробени 600 души.

ПЕТТИОТ УРОК

НАД МАКЕДОЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945 – 1949) Е ИЗРШЕН ГЕНОЦИД ОД НАЈНИЗОК ЧОВЕЧКИ ЧИН. Трагедијата на децата од Македонија под Грција, што ја доживеаја во Граѓанската војна (1946–1949), е толку болна и неописива како што вели и големиот руски

писател Достоевски: „Сите идеали на светот не вредат колку солзите на едно дете“, а тоа се случи токму со прогонот на Македончињата.

Граѓанската војна го обезличи македонското семејство, изврши и геноциден зафат за искоренување на Македонците под Грција, што на целокупниот етникум му донесе катастрофални промени. Истражувачкиот зафат на политичките процеси (1945 – 1949), се додава понатаму во воведот на книгата, насочен токму кон барањето одговор на егзистенцијалните и есенцијалните прашања за извршениот брутален чин „Педомазома“ („чедособирањето“ на 28. 000 деца од најмала до 14 годишна.

(Петтиот урок траеше најдолго, до мугрите, и се потврди дека на Балканот за прв пат се случи таквата најголема идеолошка измама (Види: Книгата „БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ“).

ШЕСТИОТ УРОК

Значи: на 30 – 31 јануари 1949 година се одржа 5-от Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за „Обединета Македонска држава во рамките на балканска федерација“, а на 7 март 1949 година ЦК на КПГ го демантира таквото решение. Исто така, таквиот демант го прифати и НОФ и на 2-от Пленум на НОФ од 3 февруари 1949 година. По фронтовската загуба на планината Вичо, на 14 август 1949 година, од политичкиот (врховниот комесар) Василис Барџиотас, беше фрлена паролата дека „Грамос ќе стане гробница на монархофашистите – владината војска“ која броеше дест пати повеќе од силите на ДАГ, а на 29 август 1949 година со последните битки на планината Грамос, Главниот штаб на ДАГ објави: ... дека единиците на ДАГ се повлекуваат во Албанија, бидејќи херојски си ја извршија својата задача. „И тоа беше крајот на ликвидацијата на ДАГ. На 7 октомври 1949 во Албанија, во месноста „Бурели“, по налог на КПГ беа прогласени за шпиони и предавници на револуцијата 11 членови на НОФ, АФЖ и НОМС и тие поминаа низ сибирските логори, а сите борци

на ДАГ во емиграција останаа со паролата од КПГ: „ГОТОВНОСТ“, и со тоа беше остварена над секого казната без вина.

КАКО СИ ТЕЧЕА МАНИПУЛАЦИИТЕ:
СЕДМИОТ УРОК

На 23 март 1949 година КПГ ја формира КОЕМ (Комунистичка организација за Егејска Македонија) и се велеше дека за Македонците тоа преставува **„Светла точка“** во историјата. „КОЕМ прогласува, – се вели во резолуцијата“, дека КПЈ го издаде народно-демократскиот блок и дека народите на Југославија, меѓу кои и македонскиот, ги предава во рацете на империјализмот...“. Нашата историјата (Секторската историја за Егејците, оценува: „Усвоената Резолуција од раководството на КОЕМ и сите организации на НОФ, АФЖ и борците на ДАГ ѝ служи како средство за спроведување на една хистерична кампања против Југославија и нејзиното раководсто“. А на 16 јуни 1949 година извршниот одбор на АФЖ ги повика Македонките во одбрана на фронтовската одбранбена линија Вичо.

ОСМИОТ УРОК

„Грчката линија“ ги скара Тито и Сталин

Врвот на судирот меѓу Сталин и Тито беше поради тоа што Маршалот не сакаше да се откаже од помошта во оружје и опрема на партизаните во Грција за време на Граѓанската војна, откриваат тајните документи на ЦИА

Тајни документи на ЦИА

Изгледа неверојатно, но документите на американската Национална безбедносна агенција (НСА), од кои неодамна беше декласифицирана нивната тајност, покажуваат дека светот бил на работ на трета светска војна (и тоа нуклеарна) за време на епскиот судир на Тито и Сталин во голема мера и поради југословенската помош на грчките партизани за време на Граѓанската војна што почна во 1946 година. Тајните документи на разузнавачите од ЦИА откриваат дека во годините

по Втората светска војна на јужната граница на Македонија се прекршувале големи геополитички игри за прераспределбата на влијанијата, па дури и менување на границите. Анализата на НСА, на 11 страници , за вистинската причина за пресметката меѓу Тито и Сталин, открива извонредно четиво за историчарите кои ги собираат коцките за мозаикот на Граѓанската војна во Грција, учеството на тамошните Македонци во баталјоните на партизаните и југословенските војници испратени таму напомош. Оваа анализа покажува и до каде би можеле да отидат двете страни во жестоката студена војна.

ДЕВЕТИОТ УРОК:
ПРЕДЛОЗИ НА КПСС ЗА ПРЕКИН НА ВОЈНАТА КОЈА ГИ УПАТИЛА НА КПГ

На 11 април 1949 година Захаријадис беше повикан во Москва, каде што лично Сталин му дал директива ДАГ да ја прекине оружената борба. Сталин оваа одлука ја правдал со информацијата што ја имал, дека во текот на летната офанзива против ДАГ, грчката владина армија со НАТО ќе ја нападнат Албанија, а СССР нема да биде во состојба да ѝ помогне, поради конфликтот со Југославија, .

На 20 април 1949 година, Захаријадис го запозна потесното раководство на КПГ со директивата на Сталин и беше изработен план за повлекување на ДАГ од Грција, кој според Сталин требало да се заврши до крајот на мај 1949 година.

Но, на 4 мај 1949 година, ненадејно, советското раковотство, го извести Захаријадис дека повлекувањето на ДАГ привремено се одлага и ДАГ да ја продолжи борбата.

Се поставува прашањето: Можеме ли ние Македонците и пред овие факти да веруваме дека бевме политички – воен фактор во Граѓанската војна и дека ѝ командувавме на ДАГ како да постапува, во чии редови НОФ имаше мобилизирано повеќе од 15. 000 Македонци – селани?

Треба ли да се трошат зборови и за манипулациите на туѓинците со нас, а и со нашите водачи од НОФ и АФЖ?! НО-

Фитите од духовни водачи станаа водачи на сервисни пунктови, каде што веќе по тоталните мобилизации не беше толку важно да се грижат за судбината ма Македонците и Македонија, туку на која партија ѝ припаѓаат (КПЈ или КПГ) и што можеа повеќе да придонесет во нивна корист.

Ова е прилично сурова вистина, но веќе 70 години бесмислено се оправдуваме пред поколението, наместо да си признаеме дека македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонските позиции. Не успеа да се соочи со многуте сложени проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Не ги процени туѓите сили, стратешките интереси и планови. Македонците, потпирајќи се на два центри (КПЈ и КПГ), напуштајќи го едниот и приклучувајќи се на другиот, и безрезервно спроведувајќи ги неговите политички интереси, доживеавме „легални миграции“ помогнати и стимулирани токму од овие центри и нè снајде – ГЕНОЦИД.

ДЕСЕТИОТ УРОК

Со задоцнување од цели децении генерал Маркос најпосле, во посебни интервјуа за атинскиот весник *ТА НЕА* и за солунскиот *ЕЛИНИКОС ВОРАС*, изјави: – „Захаријадис ја сакаше таа катастрофа... Плански работеше за тоа... Бевме предадени на раководството на Партијата!“* Или: „Тогаш сè уште немав дојдено до констатација дека Захаријадис е провокатор... Захаријадис ја играше играта на Англичаните и Американците“

Дим. Гусидис (дописник): „Какви докази имате за сè што денес го обвинувате? Постојат документи?

„Г–л Маркос: „Имам документи... А и самите настани зборуваат!“**...

Продолжија предавањата

---

* Види *ЕЛИНИКОС ВОРАС* од август 1978 година.

** Види *ТА НЕА* од 22 август 1978 година.

Во февруари 1953 година во Анкара се водени тристрани разговори за формирање на Балкански пакт за пријателство и соработка помеѓу Грција, Југославија и Турција. Во август 1954 година се дополни и се стави во сила, со потпишувањето во Блед (Југославија) за воен Сојуз помеѓу трите потписници. Балканскиот пакт од 1953 година беше еден момент како поддршка на Југославија од заканите што беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 и трите земји оценија дека Балканскиот пакт стана мртво писмо.

Но, со потпишувањето на Балканскиот пакт имаше и разбирливи последици спрема македонското прашање, бидејќи Југославија на Грција ѝ направи отстапки и тоа: го распушти „Сојузот на Македонците од Егејска Македонија“ и го затвори (ликвидира) пропагаторскиот весник „Глас на Егејците“.

СУВОГОРСКИ ЕДЕН ДЕН МИ ВЕЛИ:

– ТОА БЕШЕ ВИСТИНСКА ВОЈНА ПРОТИВ МАКЕДОНИЗМОТ.

Можеби не сум сосема јасен, рече: – Она што се обидувам да го кажам е следното: – Ние Македонците под Грција имаме таква историја, голем број собитија би можеле да се избегнат, доколку во Скопје не беа создадени македонските организации како НОФ и АФЖ и раководени, скоро две години (1945 – 1946) токму од КПМ/КПЈ, а тоа се случува токму по Втората светска војна. Во тој случај Грците не ќе можеа над нас Македонците да вршат такви зафати.

Сите ги ококоривме очите, а Сувогорски смирено гледаше во нас. Токму тогаш на неговото лице забележав многу траги останати од милостините на судбината. И самиот не знае зошто. Зошто е сето така? Можеби затоа што времето беше такво, време на лаги.

Но за миг тој не гледаше во нас. Клекна пред сите членови на прифатилиштето и рече: „Кој знае, можеби Партијата на Комунистите седела на гнила штица, под површината, а

нејзиниот култ на воздржување и самоодржување бил само шлаг под кој се криеше нашето македонско зло. Да, ние, посебно од Македонија под Грција, многу се имавме инфицирано. Сега при крајот на животот, сфатив дека сите биле расипани до коска и намерно сме ги носеле луѓето по темни предели и агитиравме **„Победата е наша“.**

Сакам да ви го раскажам мојео минато.

Се замисли, ги собра веѓите и исцеди неколку збора... Зарем не би било прекрасно кога на овој свет не би имало затвори!?

МАКЕДОНЕЦ ВО СИБИРСКИТЕ ЗАТВОРИ

Во источниот Сибир пристигнав повеќе љубопитен отколку загрижен. Како што е речено, лагата има куси нозе, не може далеку да оди. Бев сигурен дека нема да бидам робијаш толку години...

Тоа беше по нареба на Захаријадис, ЦК на КП на Грција. Бев ухапсен на 3 октомври 1949 година.

На ден 30 мај 1952 година ми беше соопштено: „За врски со меѓународната реакција и за организирана активност во нејзина корист (член 58, точка 4 и 11 од кривичниот Законик на Руската Федерација. (Маките се мои и не сакам да ве измачувам).

* * *

Со ноќниот воз од Белград пристигнав во Скопје, на 1 март 1960 година. Беше рано утро и перонот празен. Неколку луѓе од Безбедноста ме пречекаа (по погледите тоа беше видно) но не за да ми помогнат. Со багажот и семејството на пренатоварениот се упатив кај единствената адреса што ја знаев – кај пријателот Вангел Ајановски-Оче. Не ме прими како стар негов раководител и другар. Кога попладне посакав да се прошетам низ Скопје, не дојде (испрати со мене еден од своите „аѓутанти“). Сепак таа вечер му бев гостин. Другиот ден се преселив во прифатилиштето „Чаир“ и рече:

Од денес катадневно ќе бидат отворени темите на универзитетот во прифатилиштето...

* * *

Староседелците на прифатилиштето се распрашуваа, зарем овој е Сувогорски што нè учеше марксизам-ленинизам и значењето на Коминтерна. Заеднички ја пеевме Интернационалата небаре ечеше од Москва сè до Костур, Лерин и Воден, ама по Граѓанската војна во годините (1945 – 1949), сè отишло во заборав.

Кога нè здогледа, наседнати на железните кревети забележав, во неговите очи некаква радос и како да му заискрија очите. Правејќи голем чекор преку прагот да влезе.

Се зашеметив, се појави човек, кого никој не го викна. Но почнав да си намнисувам некои детали од минатото...

Но, она што Сувогорски строго го сочува за себе (така задоен од комунистите) беше крвавата приказна за Граѓанската војна. Беше спремен да ги разоткрие и да ги соголи луѓето на кои неизмерно им верувал како на членови на Партијата и по редот на комунистичката хиерархија, секогаш со будно око и покорно ги извршуваше партиските задачи, оти токму така било решено од горе. „Сè за борбата, сè за победата“ и така им наложувал на своите починети. Се чувствуваше горд, кога така течеа и се исполнуваа задачите од НОФ и АФЖ, наредени од КПГ и КПМ/КПЈ. Сега потпрен на бастунот облечен во руската топлогрејка, а на глава имаше оптегната шапка од астраган.

Нè барал со денови, да нè види како дремиме во прифатилиштето и ги броиме и пребројуваме видовите од плитар... Живееме бесполезен живот и како да ја очекуваме смртта... Се чувствуваме осамени. Довчерашни соборци се одбегнуваат. Се делат купончиња за колективно ручање. Мириса на ждриговина и киселост на отстоена чорба...

Сувогорски остарен и слинат во снагата, гласот задебелен и успивен. Продолжи да чекори. Чекорот му беше предпазлив

и одмерен, барем така изгледаше, но во неговата длабочина сепак затрепери гласот што пробиваше низ ходникот на старата барака од прифатилиштето во „Чаир“. Нè поздрави на мешан руски јазик со „Здраствујте! Мои дороғие незаборавни соборци! Сонот ми се оствари. Слава богу... Ми се ствари сонот...“

Зад брчките на олабавеното, малку намуртено, избраздено чело, бездруго, тој сè уште ги носи грдите слики што му беа оцртани во логорот „Тајшед 041“ во СССР. Неговото лице е неодгатливо, недостапно и строго. Во неговиот поглед, а и врз усните има нешто замислено-испрашувачко, додека со мали чекори ми се приближува да ме прегрне. Во раката држеше книга од Хана Арент „Изворите на толитаризмот“.

Сувогорски е таков, беше доста своеглав човек, иаку тоа никој не му го земаше за зло.

Таков си е, си помислив, познавајќи го уште од пред, па и во пеколот на војната. Тој секогаш сакаше да влезе во расправа со силен противник кому ќе му се предаде после страшното одмерување на мислите. Длабоко во себе сакаше некој кој ќе му биде негов идол. Копнееше по посилен од себе, некој самонаречен-марксист или интернационалист.

Го загледав зачудено и направив усилби за да се вратам од сегашноста во минатото. Во нашата младост. Пред мене стои белокос човек кој толку ми наликуваше на даскалот Сувогорски. Еве, пред мене беше тој, истиот партиски идеолошки активист со кого ме врзуваа многу преживувања од живот, како што се кулминацијата на фашизмот како универзално зло, така и комунизмот. И едната и другата идеологија умеат на своите приврзаници да им зазвучат романтично, сè додека не ја освојат власта и едната и другата идеологија ги окрвавуваат рацете оној момент кога од политичката теорија ќе станат сурова практика. И како што сега вели Сувогорски: – И двете идеологии се штетни, но се далеку од исти.

Кажете ми нешто за Вас, се обидував да ја скршам тишината.

Тој ме гледа восторжен, а јас стојам како смраморен, молчам и се думам: „Колку остарел човекот?“. Небаре како јас да сум подмладен низ изминатите 65 години.

Го мачеа многу нешта. Најмногу го мачеше тоа што не можеше да размислува за многу нешта што го мачеа поради главниот настан. Времето, преживеаните војни, сибирските затвори. Не можел да запише сè, а незапишаното тешко се запаметува. Во сибирските затвори не му давале нитү хартија, нитү карандаш (обичен молив).

* * *

– Здраво, Добрине! Кликнав. – Зошто стоиш? Влегувај и седни. Ете тука...

Тој, задлабочен во своите мисли, внимателно ме набљудува, не толку за да ме препознае, колку што сака да се увери да ли сум спремен да ги ислушам сите негови тајни, што ги носел низ неговиот идеолошки активизам, особено во Граѓанската војна во годините (1945 – 1949), кога живеел под засилен надзор и сè до прогонот во сибирските логори.

Кога се сретнаа нашите очи, двајцата стоевме така скаменето. Во неговите очи видов очај, но и љубов кон сите нас, поранешени негови соборци. Тој се насмевна и забележав дека, кај даскалот останал истиот непроменлив израз што го имаше пред половина век кога со насмев ни зборуваше за нашата иднина, за изградба на едно општочовечко и рамноправно општество за благодет на сите. Така повеќето го паметат, кога Сувогорски пред македонските селани го повторуваше Лениновиот принцип. Уште го носам во мислите кога ни зборуваше за **„Обединета Македонија“.**

Сега, сиот растреперен од болка и разгневен од јад поради поразот на неговите револуциони идеали за „Обединета Македонија“. Таквата убеденост ја имаше стекнато кога во јануари 1945 година го прочита проектот за што преговараа делегациите на Југословенската и Бугарската влада. Првиот член гласаше: „*Владата на Бугарија и владата на Југославија*

изјавуваат дека пристапуваат кон обединување на јужните Словени преку образување заедничка федеративно уредена држава која ќе се вика Федерација на јужните Словени (ФЈС) *со заедничко народно претставништво, со заеднички министерства за надворешни работи и војска и сите заеднички установи и министерства кои конечно ќе се установат во заедничкиот устав на ФЈС.*

* * *

Сувогорски како човек беше одмерен и внимателен во секоја своја искажаност, исполнет со една восхитувачка воздржаност и таинственост.

Му пожелав добредојде во својата татковина. Тој седна, се смири и ме гледаше во очи:

Го прашав: – Како си даскале?

Тој, беше среќен поради средбата, беше срдечен, отворен и пријатен, доста емотивен, се созеде и се насмевна, а образите сè уште му беа пламнати. И по 65 години не го напуштаа сеќавањата за бурните настани од тоа време. Се потруди да се совлада и ми одговори:

– Знаеш дека секогаш мислев на сите вас. Оти знам дека вие живеевте со носталгијата за родниот крај. Значи, по половина век и повеќе, конечно си во Македонија.

Му велам: – Си спомнувам; дружеше со социјалистите. Добрин, се потстокми и ми вели:

– Па добро, јас отидов подалеку од нив, посакав да го следам комунистичкото движење. Но, секоја идеологија има своја патологија. Како национализмот, така и комунизмот. Јас бев против секаков национализм, бидејќи национализмот е опасен, а тоа го знаев и видов од Грците спрема нас Македонците иако сите ние бевме членови на КПГ.

Замолча и некако со чудна вина ми вели:

– Кога размислувам за сето она, ми се чини како сам да си копав гроб во срцето.

Ние Македонците не успеавме да оформиме Комунистичка партија и се придржувавме спрема Лениновиот став: „Една држава една партија...“ и ние Македонците под Грција си останавме како сираци во Комунистичката партија на Грција. И што се случи?

Кога Македонците потпаднаа во туѓите партии, тие постапуваа како ќе им наложат и така ги присвојуваа нивните раководители, а тоа значеше нивните очуви. На пример, конкретно КПЈ од Тито, а КПГ од Захаријадис. Токму тоа се случи во Граѓанската војна. И резултатот беше поразителен, пред сè за самите Македонци. И кога биле игнорирани, и кога биле посакувани, и кога меѓу себе се уништуваа. А што е вистина, така било со векови, или некому пречеле, или ги присвојувале или меѓу себе се убивале.

Во тој миг се појави Божин Ристујчин, го отвори дневникот и со рапав глас рече: „Никој никогаш не се спасил од разоткривање и никој никогаш не пропуштил да признае. Сега истражувачите се преокупирани со нас, односно со проучување на политичката битка на НОФ и АФЖ. Нивната поданост не им дозволува да ја кажат вистината што ја доживеаја Македонците и сега, по прогонот, личниот живот го устроиле во прогонство и идентификацијата со секој друг, дури и со туѓинецот ја прави со цел да го зачува душевното здравје.

Дедо ми велеше: „Во тоа време, кога еднаш ќе ја признае туѓата зломисла, човек може да биде сигурен за извесно време дека ќе биде мртов.

Да, дедо ми го велеше и следново: „Од беда може да се побегне, но од бедни луѓе не...“

* * *

Сувогорски продолжи: Го одбрав поопасниот пат. Од мене се бараше да го жртвувам семејството, па и татковината, правото на сопственост, и најсветлите вредности од личниот живот. Едноставно, да им служам на пролетерските маси и жестоко да ја напаѓам буржоаската елита. Секоја генерација

верува дека е современик на големи промени и ништо по толку години не се разликува, ниту денешната. За разлика од нашата генерација, која беше носител на идеите за Советизација на Балканот и во светот, се покажа дека бевме жртви, оти во земјите каде што социјализамот како систем доживеа колапс се роди многу посилен и многу посуров капитализам. Нееднаквоста драстично се зголеми. Денешната генерација која е носител на современите промени им дава актуелност на економските, политичките и културните промени обединети во поимот глобализација. Денешното време е време на планетарно ширење на глобалниот капитализам. Да, навистина изненаден сум од твоето намнисување!

Му реков: – Знам дека ти ни зборуваше за човечко општество видено во една „програма за најубав свет“ и многу други докази и скици што тогаш ја имаа формирано

Ти умееше да нè наелектризираш, дури така што би можел да нè однесеш на крајот на светот. А покрај сето тоа, сите велеа дека си и чесен човек и дека, еден добар дел од твоето огромно богатство, си бил спремен да го поделиш на сиромасите.

Се сеќавам (дома нашите велеа си намнисувам) на лекциите од историја за феудалните кметови кои ги држеле во полуропство зависните селани. Не знам по чија иницијатива беше, но едно утро селаните од Јасно Поле и Рудино осамнаа зачудени: на секој плет, на секој плитарски ѕид, на секоја козја патека беа испишани пароли: „Да ја уништиме монархијата!“, „Да го уништиме патриотизмот!“, „Да ја уништиме религијата!“, „Нашата цел е – комунизамот!“.

Гласот му беше природен и мирен, барем така изгледаше, но во неговата длабочина сепак затрепери. Се загледа во нас, а жените одамна имаа замолкнато.

Даскалот, молчејќи, не ги симнуваше очите од мене и со болен поглед ми рече:

Најважното што се случи во тие судбоносни години, посебно во 1945 – 1949 г, беше разградување на националниот идентитет и на крајот доживеавме ГЕНОЦИД.

Тоа беше време кога големите сили во Јалта, разигруваа шах-мат варијанти на Балканот со поделба на сфери на влијание. Тажен си, но и јас сум огорчен.

Богољубе, не знам да ли си ја чул руската поговорка која гласи: „Со куршум може да се убие човек, а со збор може да се водат полкови во војна."

Му одговорив:

– Да! Сум ја слушал таа руска поговорка.

Тој рече:

– Тогаш беа потребни објаснувања за „гнилиот капитализам" и патот на слободата дека бил зацртан во нас. Главната метода за освојување на власта беше: да се обединат луѓето и откако ќе се обезличат, со нив беше лесно да се управуваат од водачот кој единствен има личен печат и „харизма".

Беше тоа време еднакво на чудо и во грчката и во југословенската партија на комунисти. Тоа комунистите го правеа со умисла. Генерациите „требаше да се освестуваат идеолошки". Всушност, се проповедаше идеологијата и доктрината на социјализмот и дека сите требаше да размислуваме за можниот рај на овој напатен и долго поробен мал народ, македонски.

Настана штама, замолкна кучето со оној страшен лавеж кога Сувогорски влезе во бараката, чиниш и тоа сфати дека ни е стар пријател...

Мебелот во прифатлиштето беше толку стар и преполн со железни кревети, а велеа дека бил специјално опремен за луѓето – Талакачи. И не викаа „Егејци".

Такви беа креветите, само што ќе седнеше човек пружините крцкаа како да се истуриле куп џамлии по подот. Правеа голем шум, со секое помрднување.

Разговорот беше прекинат. Во еден миг на Сувогорски како да му попуштил синџирот со кој му бил врзан јазикот во годините на прогонството.

Тој беше седнат на крајчето од креветот и со поглед нѐ наблудуваше сите. Го сврте погледот кон мене и продолжи.

– Примери има безброј и сите ја потврдуваат историската вистина дека грчките пропаганди во Македонија под Грција жестоко се бореа за секое семејство, применувајќи најжестоки методи, сила и терор, дури и за да ги присилат на сѐ и сешто. Си намнисувам кога Македонците ги присилуваа да ги ископаат иконите од светците и да се сменат со грчки светци, напишани на грчки. Нашите дедовци и баби велеа „Бог да чува со овие Грци? Зарем и господ Бог така ги дели луѓето по смртта?“.

Штама, и туку одеднаш закрцка силно креветот на Божин Ристуичин. Поднасрден и напнат рече:

– Ние Македонците доживеавме, нашите предци да се раѓаат како Македонци, а да се закопуваат како Грци. Бог да им е напомош на овие Грци!??

Ете, таков беше нашиот живот и сето наше верување беше да живееме барем во една хумано комунистичко општество, но се покажа дека и кај комунистичките лидери, ние Македонците ги доживеавме истите методи. Прво ни ги мобилизираа душите, а потоа се покажа дека и во Граѓанската војна 1945 – 1949 година и тоа „братство-единство“ било време на лаги. Тоа беше време кога секој посакуваше да поседува црвена книшка како комунист. И кога се најдовме во тие редови како што велеше дедо ми со поговорката: „Кога ќе се најдеш помеѓу слепите и ти мораш да го замижиш едното око...“

Сите, наседнати се најдовме со иронична насмевка, па дури и кај Сувогорски насмевка му беше доста изразита.

Му реков:

– Ти ни велеше: „Го гледате ли она стрмно место? Оттаму почнува искачувањето до слободата. Го гледате ли она езеро, онаа река, оној бунар? Таму, на дното, седи слободата. Го гледате ли она ниско, потсушено дрво, несреќно? Таму виси слободата. Го гледате ли својот врат, својот грклан, своето срце? Тука е спасот од ропството.“

Ми побара чаша ладна вода... По неколку гоптки ми вели:

–Да, но историјата нѐ учи (ако учиме од неа) дека е нужна промена на власта, нова состојба на духот во која свеста за демократија, толеранција, човековите права и слободи ќе доминираат.

Сега се чудам; дали такво нешто би можело да се случи во мојата мала, поделена земја?

Револуционерните идеи се раѓаа од противставеноста меѓу тиранијата и неправдата, од една страна, и надежда за подобар свет, од друга страна. Ние комунистите не верувавме во Бога, туку посакувавме радикално раскинување со постојаното општество. Со револуција се бараше да му се спротивставиме на секој континуитет и да поставиме нов почеток на историјата. Вие знаете што вели Сартр, кој е атеист, а не христијанин, во своето дело „Егзистенцијализмот е хуманизам“. Тој вели: „Дури и да постои господ, ништо не би се изменило; тоа е наше мислење. Ние, се разбира, не веруваме дека господ постои, но и не е работата во неговото постоење; човекот треба да се снајде самиот и да се убеди себеси во тоа дека ништо не може да го спаси од него самиот, па дури и да е тоа доказ за постоењето на господа. Сѐ зависи од внатрешното чувство, од она вистинското кое е во согласност со вас и со светот“.

Му реков:

– Значи, вашата критика спрема тогашното општество беше тоа, на постојната реалност да ѝ го нудите она што би требало да постои. А нели во таа насока ве тераше љубопитноста кон иднината и потребата човек на нешто да се надева?

А знаеме дека сето тоа му е својствено на човечкиот дух. Но зошто толку многу ги маргинализиравте националните интереси на угнетените од малцинствата во Грција?

Ми одговори:

– Во почетокот за да ги придобиеме масите, тајната на успехот на нашето комунистичко агитирање требаше да го посочиме на следното: да се разможат и увеличат националните

чувства, навиките, страстите и условите за граѓанскиот живот на сите, така да се добие нешто како хаос, во којшто никој да не е во состојба да разбере каде се наоѓа во таа бркотница. Тука ја чувствувам мојата поданичка свест спрема мојот народ, оти се покажа дека само така, најлесно, нашиот селанец можеше да се најде во еден таков хаос и потоа лесно беше со него да се манипулира.

Новиот ред за социјализам во Грција што го проклами-равме се претвори во нов неред во кој ново-старите моќници се поддржани од најсилните на светот. Беше отворена големата врата (со поделбата на сфери на влијание во Јалта) на целосна американска доминација над Грција.

Се случи токму така како што вели германскиот психоаналитичар Ерих Фром (1900–1980 г.): *„Желбата за моќ нема корен во силата туку во слабоста“*

ГЛАВА ВТОРА

(САМО) ЖРТВУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ. НИШТО НЕ ОСТАВИВМЕ ЗАД СЕБЕ.

Пред да му се обратам на Сувогорски се присетив на омилениот и многу читан руски писател Андреј Тарковски (1932–1986 г.). Тој пишуваше:

„Човекот треба да тежнее кон духовни величини. Должен е зад себе да остави нешта што луѓето ќе ги толкуваат илјадници години, а не руини што ќе се споменуваат само кога ќе се зборува за катастрофи.“

Првото прашање што му го поставив на Сувогорски беше:

– Дали ние Македонците можевме да ги сочуваме родните огништа од тие пропаганди по Втората светска војна? Зарем на нас Македонците ни требаше Граѓанска војна!?

Која е вистината? Кој и како ја режирал судбината за геноцидот над Македонците во Грција? Како и за кого се (само) жртвувавме, па го изгубивме вековниот татков дом во кој беа всадани прадедовските и нашите души, па сега станавме талкачи по светот? Зарем толку лукаво се однесуваа комунистите? Каков бил тој комунистички морал?

Со тажен опул во мене, Сувогорски го затаи гласот, се подвитка и како да му гори оган во стомакот, замолча, а јас со сета жестокст продолжив.

– Дали ние Македонците во тој период имавме заедничка македонска револуционерна платформа?

Сувогорски ме загледа испитувачки. Јас настојчиво го гледам во очи, а тој ми вели:

– Во тоа време ние македонските комунисти, кои живеевме во Грција, Југославија и Бугарија немавме никакви контакти.

Јас лично и денес стојам на тоа дека ние Македонците еднаш засекогаш моравме да ставиме точка на тој штетен македонски синдром, бидејќи во спротивно може многу да изгубиме. И тоа се случи.

Со прашања што беа од национален интерес на Македонците во Граѓанската војна не смеевме да имаме пазарење или ќарување ситни дневнополитички поени, ниту пак различни толкувања, бидејќи од нас, Македонците, не зависеше ништо, ама баш ништо. Вештачки се креираа фами.

Сувогорски здивна длабоко и ми рече: „Тешко е да бидеш човек-роб на Грците, не се разликуваат со ништо дали се комунисти или монархисти“

И? Што се случи?

– Контактите се остварија во текот Втора светска војна. (1940–1943) година.

Покраинскиот комитет на КПМ (повеќето членови на ПК биле членови на КПЈ, сè до 1940 година) бил организиран и формиран во април 1940 година. На 8 септември 1940 година одржал прва Покраинска конференција на КПМ и прифатил Македонска револуционерна оптимална програма. Во Прогласот се вели: „Илинден е денот на македонската револуција и светло и чисто македонско знаме. А во резолуцијата пишуваше: „Политиката на национално потискање, асимилација, див терор и преселување на сè што е македонско, како и на македонската култура, јазик и песни се спроведува со целата крволочност. Измаченото, обесправено национално поробено македонско население се најдува пред нови и големи борби.“

На таа конференција за секретар бил избран Методија Шаторов – Шарло. Шаторов бил човек со висока македонска свест и доволно ги познавал македонските проблеми. Покрај него бил и Кузман Јосифовски, кој бил високо ценет од членовите на ПК. За Кузман Јосифовски се велело дека според идеите и ставовите бил втор Делчев за Македонија. Тие повикувале на единство на целокупниот разделен македонски

народ, во борбата против заедничкиот непријател: режимот, грабежот, насилството и националното ропство, без разлика дали се работи за делови од Македонија кои биле под српско, под бугарско, или грчко ропство. Ослободувањето на Македонија го гледал како ослободување на целокупниот македонски простор, а не само на нејзини делови, како што настојуваа околните КП кои се залагаа за парцијално решавање во постојните граници. Тој, на 20 август 1940 година, објави напис: „За ослободување на Македонија од под јаремот на великосрпскиот, бугарскиот и гркиот империјализам.“ Тој пишува: „... Ако Македонците немаат своја држава; за тоа тие не се виновни тие, туку српските, бугарските и грчките империјалисти кои се сојузја, кои се заграбија, ја расцепија, поделија и поробија Македонија“.

ПК на КПМ под раководство на Шаторов бил за ослободување на Македонија и ја поврзува во заедничката борба со останатите балкански народи; За самостоен македонски национален политичко партиски субјект, наспроти тоа, ЦКЈ кој бил политичко – партиски субјект во Македонија да биде КПЈ; врз основа на историските традиции од борбата треба да се организира самостојна, суверена Македонска Република, а не под југословенски државен суверенитет; ПК во своите определби бил категоричен за ослободување и национална суверена држава, наспроти на КПЈ, ослободување смо на делот во рамките на Југославија и многу други ставови кои беа спротивни на ПК.

* * *

Времето на Комунистичката интернационала:

Тоа беше време на вистините, кога и КПЈ и КПБ и КПГ се членки, поточно секции на една иста силна авторитарна организација, како заеднички надреден орган – Комунистичката интернационала. Нејзините одлуки беа обрзувачки. Во таквата констелација на организираност не било можно едно лице самоволно да поврзе, уште помалку да присоедини, цела една партиска организација, ниту некоја друга партија можела да

прими таков дел од партиска организација без одлука од овој висок орган.

На 26 мај 1941 година Шаторов бил поканет на разговор со ЦК на КПБ во Софија. Таму, на средбата со бугарските партиски раководители, му е соопштено решение за поврзување на ПК на Комунистичката партија во Македонија со бугарската партија, како решение на Коментерната и лично на Георги Димитров. За Шаторов тоа значело налог од највисокиот партиски орган, а тој како искусен партиски кадар знаел што значи тоа. Шаторов, главно, ја примил таа одлука. Грешката не била во тоа што ја примил одлуката, туку што не го известил ЦК на КПЈ веднаш потоа, а се понадевал дека „тие горе (во ИК) ќе се разберат".

* * *

Под југословенска партиска надгледност:

Во меѓувреме, во Македонија пристигна инструктор на КПЈ со решение (од 24 јули 1941 година) потпишано од Тито, со критика за лошата работа и однесувањето на Шаторов, поради што го симнува од функцијата секретар и го исклучува од партијата. Тоа беше повод да се свика собирот на партискиот актив на Македонија на 17 август 1941 година. На тој собир е делегиран членот на ЦК на КПЈ Петар Богданов. Требало да се разјасни ситуацијата со статусот на Шаторов и уште еднаш да се убедат присутните дека решението за поврзување на партиската организација со бугарската партија навистина е решение на Коминтерната. Таквиот став Петар Богданов му го изложи и на Драган Павловиќ, делегат на ЦК на КПЈ, кој од своја страна го извести својот ЦК.

Приближно по десетина дена пристигна телеграма од Коминтерната, преку бугарскиот ЦК до ПК. Со одлуката се наредува: „Македонија да биде при Југославија по причини практични и целисходни. Основната борба сега се води против германските и италијанските окупатори и нивните агенти. Имајќи ја предвид воената положба во Македонија, неоп-

ходно е да се создаде најтесна соработка помеѓу Југославија и Бугарија особено на теренот“.

Оваа наредба, како за пример, јасно покажува кој ги носи решенијата. Врвната институција, а не Шаторов. Наредбата, всушност, стави крај на неизвесноста и на дилемите за остварување на македонската револуционерна програма. Шаторов, кој според решението сè уште беше исклучен, беше во тешка изолација.

* * *

Политичката платформа на грчката комунистичка партија:

На 18 јули 1943 годин, командантот на Главниот штаб на ЕЛАС – генералот Сарафис, со шефот на англиската мисија при Главниот штаб на ЕЛАС, полковникот Еди Маерс, потпишаа декларација според која ЕЛАС е сојузничка војска под раководство на командата за Средниот Исток и операциите што ги изведува ќе се спроведуваат по наредба на таа команда.*

Како резултат на оваа спогодба англиската команда влијаеше врз развојот на ЕЛАС, во одредувањето на неговите опреции и односи со националистичките формации на ЕДЕС и ЕККА кои, иако не беа никаква значајна сила, му се наметнаа на ЕЛАС како партнери и во режија на англиските претставници беа потпишани две спогодби: спогодбата во Плака и спогодбата во Казерта, кои наполно го ограничуваа самостојното дејствување на ЕЛАС во најрешителните моменти за преземање на власта од страна на комунистите.

Од кажувањата на комесарот на Главниот штаб на ДАГ, членот на политбирото на ЦК на КПГ Василис Барциотас (Неос космос бр. 2/1957)

„... Некаде кон средината на 1943 година веќе се водеше масовна народна борба ширум грчката држава. Токму тогаш народната ослободителна војска ЕЛАС, раководителите на

* 120 стр. во книгата ЕЛАС од Стефанос Сарафис.

КПГ – ЕАМ и ЕЛАС ја ставаат под команда на Англичаните. Како Главниот така и другите штабови беа екипирани со британски офицери кои ги почитуваа наредбите на британскиот Генералштаб за средниот Исток. Големи единици, дивизии, групи дивизии беа, всушност, во рацете на Интелиценс Сервис."

* * *

Светозар Вукмановиќ – Темпо кој како претставник на ЦК на КПЈ претстојувал во Грција летото 1943 година околу десет дена.

„... Комунистичката партија на Грција (КПГ), заедно со ЕАМ и ЕЛАС, водат, главно, политика на потпирање на Англија. Ова, се разбира, не значи дека КПГ не го популаризира Советскиот Сојуз и Црвената армија. Но, целокупното националноослободително движение денеска се врзува во прв ред за Англија."

* * *

Претставникот во Грција на Интелиценс Сервис, Кристофер Монтагу Бунтхаус (Крис), заменик шеф, а потоа и шеф на британската воена мисија.

„... Ако покрај движењето на Отпорот во Грција ги немаше британските офицери, не само грчката, туку и европската историја би тргнале по сосема друг правец... Присуството на британската воена мисија во Грција ги спречи комунистите во текот на 1943 – 1944 година да ја стават под своја апсолутна контрола Грција. Ако комунистите, во септември 1944 година, кога се повлекуваа Германците, ја заземеа власта, тешко ќе беше да им се одземе таа власт пред очите на тогашната светска јавност!"

Преглед на настани од април 1940 до 23 април 1949 година, кои дополнително го објаснуваат општиот тек на наставните.

ФАКТ: ТИТО РЕКОЛ:

Во историските записи историчарите го имаат забележано Титовито обраќање во драматичната 1940 година како генерален сектретар на КПЈ, кој во тоа време упатува антологиско предупредување до соседите на Македонија: „Таа угнетена земја, натопена со крв, не е тука да служи како украс на кралската круна на некого, ниту да биде мираз на српската, бугарската или грчката буржуазија. Македонците не се Срби, ни Бугари, ни Грци. Тие се Македонци и како посебен народ имаат право на своја слобода и самостојност“, истакнал Тито во своето обраќање.

* * *

Македонците под надгледност на Британската мисија и грчката комунистичка партија, ЕЛАС и ЕАМ:

Под притисок на состојбата во Грција и целта за ликвидирање на костурските и другите комити, есента 1943 година создадена е СНОФ* и партизански еденици СНОВ**.

Основачката конференција на СНОФ за Костурско се одржала на 24 декември, а за Леринско на 26 и 27 декември 1943 година.

На основачката конференција СНОФ се придржувале на упатствата и белешките од Темпо и на таа основа ја граделе платформата за заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ. Како основни поставки на платформата биле:

1. Борбеното единство на македонскиот и грчкиот народ во егејскиот дел на Македонија како услов за победоносната борба против фашистичкиот окупатор;

2. Мобилизација на македонските маси во единиците на ЕЛАС за оружена борба и разгром на окупаторите;

3. Политичка и оружена борба против: комитите, Калчев, Михајлов и Гестапо, кои со својата автономистичка пропа-

---

* Славомакедонски народноослободителен фронт.

** Славомакедонска народноослободителна војска.

ганда сакале да го насочат македонскиот народ против грчкиот и обратно;

4. Борејќи се заедно со грчкиот народ против окупаторот, во рамките на ЕАМ, македонскиот народ можел со помош на грчкиот народ да ги реализира своите национални стремежи и правото на самоопределување врз основа на принципите во Атланската повелба и сите други резолуции на големите сојузници. Со тоа се вели дека окружниот комитет на СНОФ и официјално го постави македонското национално прашање за прв пат пред Комунистичката партија на Грција.

Раководството на КПГ, меѓутоа, уште во зачетокот ги имаше ограничено сите иницијативи и ги насочуваше против комитите. И според програмските начела на ЕАМ и на ПЕЕА и според спогодбата со избеганата влада и англиската мисија не се признаваа правата на Македонците, ниту пак им помагаа на Македонците да создадат такви сили. Сево ова беше со умисла против формирањето на комитите со македонските барања.

Историски факт е:

Раководствата на КПГ и ЕАМ, сè до април 1944 година, го користеле СНОФ за свои политички и воени цели, пред сè во пресметка со комитското движење.

Тоа за нас Македонците беше чисто по моделот на познатиот Балкански синдром на предавници и патриоти, а сега МАКЕДОНСКИ СИНДРОМ НА ПРЕДАВНИЦИ И ПАТРИОТИ.

Еве зошто: Прогласувањето на комитите за предавници беше пресметка со политички противник, односно највулгарен облик. – Македонец против Македонец.

* * *

По неуспехот, обврските што ги презел Сјантос, лидерот на КПГ за уништување на комитите, побарал помош од КПЈ за КПГ и се сретнал со Црногорецот Темпо.

Во разговорите на Сјантос со Темпо, во август 1943 година, Сјантос го прифатил барањето на Темпо во Егејска Маке-

донија да се создадат специјални единици кои својата агитациона пропагандна работа ќе ја водат на македонски јазик.

Еве како била измислена првата мамка: Конкретно СНОФ беше организиран, но не од нас Македонците.

Силно зачкрипи креветот и се јави еден од наседнатите жители на прифатилиштето:

– Неодамна читав една историска книга, која ме предизвика од насловот, односно поднасловот кој гласи: **„Македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на Македонија“***. На стр. 233 тој пишува: „... во третманот на македонското национално прашање во Егејскиот дел на веќе институционизиранизираното македонско ослободително движење од Егејскиот дел на Македонија преку СНОФ.“ На стр. 236 пишува: „Всушност, при разгледувањето на политичко-пропагандното дејствување на СНОФ може сосема јасно да се забележат две доминантни насоки на дејствување. Првото, дејствување во насока на привлекување на македонското население во ЕАМ и КПГ, и второ, дејствување во насока на зацврстување на одделниот македонски национален идентитет во Егејскиот дел на Македонија.“

Сувогорски замолче, онеме, само ја нишаше главата.

А Божин Ристуичин на повисок тон, со прашање кон сите, вели: –Секоја замисла е лесна кога не се зема предвид суштината – стварноста“.

Овој наш човек, доктор на науки, д-р Литовски, зарем не знае дека СНОФ –„Славомакедонци“ претставува племенски атрибут? Нема потешко за Македонецот, кога македонската наука и по толку години (половина век) го тера да им ги слави измамите на туѓинците Сјантос и Темпо како претставници на левите сили, КПГ и КПЈ. Тие со право гледаа на нас Македонците како на „корисни идиоти“.

---

* д-р Александар Литовски, Македонската националноослободителна платформа во Егејскиот дел на Македонија (јануари –1 944 година), Скопје 2008.

* * *

По подолгиот молк Сувогорски продолжи:

– Да тоа беше време кое во историјата се памети како „балкански синдром на предавници и патриоти“ Така и ние Македонците се поделивме.

Грижа? Или!?

Нели и ние Македонците прекрстени во Славомакедонци бевме искористени од Комунистите Грци и Македонци, манипулација, која ја плаќавме и ние борците во Граѓанската војна 1946–1949 година?

Дали навистина КПГ (грчките комунисти) отстапуваа и беа против расистичките и асимилаторски закони? На почетокот на мај 1944 година ги расформираа македонските организации СНОФ и СОВ, бидејќи преставувале основна пречка во преговорите на КПГ со грчката владата во бегство и со граѓанските партии за формирање на коалициона влада за што била закажана средба во половината на мај 1944 година. Раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, загрижени за ситуацијата што се создаде во Македонија под Грција (со оформувањето на комитите) и посебно во Костурско, Леринско и Воденско, се најдоа принудени да формираат македонска организација СНОФ. Тоа со умисла организирано го сторија луѓе од Областниот комитет на КПГ во Западна Македонија, и тоа Грците: Христос Калфас (Андреас) и секретарот на Окружниот комитет за Костурско Андонис Андонопулос (Периклис) и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис.

Расформирањето на СНОФ

За шест месеци од своето постоење организацијата СНОФ во Костурско со помош на ЕЛАС, успеа да ги разбијат, а осакатените да ги придобијат

Комитите беа омасовени, повеќе од 4. 770 членови, што значи Македонците поверуваа дека „СНОФ е единствената народноослободителна организација што ќе ги исполни на-

ционалните и социјалните барања на македонскиот народ под Грција“.*

Решението на КПГ за расформирањето на македонската организација СНОФ (која си ја изврши функцијата, со придобивање на комитите во своите редови, не само што се покажа како најгруба манипулација, туку и совршено политичко и физичко ликвидирање на Македонците и елиминирање од светската политичка сцена во Грција, практично се оствари тоа што го бараше грчката влада во бегство), сега за грчкото раководство на отпорот(КПГ, ЕАМ и ЕЛАС) беше непотребно. Пред грчката реакција по секоја цена за да се постигне „национално единство“ со грчките буржоаски партии и со власта во бегство, КПГ на 20 мај 1944 година го потпиша познатиот капитулнски договор со кој се запечатуваше судбината на НОБ.

На 26 септември 1944 година во италијанскиот град Казерта беше потпишан уште еден договор меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандреу и Британскиот штаб за Среден Исток. Со овој договор беше постигната согласност грчките герилски сили да влезат под команда на грчката влада во бегство. Меѓутоа, своето право грчката влада во бегство му го пренесе на англискиот генерал Скоби. Се разбира и овој договор преставува уште една отстапка на грчкото раководство на отпорот во корист на грчката влада во бегство.

* * *

Сувогорски продолжи и рече: – На 5 мај 1944 година почнаа преговорите за поделба на Балканот на сфери на влијанија. Велика Британија стекна превласт во Грција, а Советскиот сојуз во Романија. Под притисок на Британците, на 20 мај 1944 година во Либан, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС имаа потпиша-

* Види Словеномакедонски Глас” број. 3 април 1944 година. Се пропагира: дека СНОФ е новата ВМРО на Македонците, што ќе го доведе до крај делото на Илинден...

но спогодба со кралската влада по што се расформира коалиционата влада.

Комунистите на Македонија на својата конференција одржана на 25 јуни 1944 година еднодушно се определија за откажување на договорот во Либан, како и за тоа: НОД да примени револуционерна тактика што ќе ја потпре врз сопствените сили и врз НОВ на југословенските народи. Во раководството на КПГ се издифернцираа две групи: едната беше за прифаќање на договорот, а другата, за негово откажување.

Групата којашто се залагаше за прифаќање на Договорот надвладеа. За таквата определба многу придонесе и ставот на Советската воена мисија на чело со полковникот Григори Попов која на 28 јуни 1944 година пристигна на слободната територија. Тој, познавајќи ја тоталитарната организацијата и начинот на кој Сталин ја имаше сменето руската еднопартиска диктатура во тоталитарен режим, а револуционерните комунистички партии по целиот свет во тоталитарни движења, беше за ликвидирање на фракциите, напуштање на внатрешно партиската демократија и трасформирањето на националните партии во огранаци на Коминтерната раководени од Москва. Москва беше апсолутна цетрализација на управувањето, кај сите комунистички партии.

Советскиот граѓанин Григори Попов, сега висок претставник и ополномоштен од советската партиска власт, му преостануваше само да рече:

„Ето директива... Так сказал товариш Сталин!“

Конечно, на 17 август 1944 година ЦК на КПГ донесе решение да го прифати Договорот и да учествува во коалиционата влада на чело со Георгиос Папандреу.

ГЛАВА ТРЕТА

ЕГЕЈСКАТА БРИГАДА ПРЕМИНА ВО ТИТОВАТА АРМИЈА

На тој состанок Стринго – член ПБ на ЦК само додал: – ЦК не еднаш ги предупредуваше Гоче и Пејов дека нивната позиција и нивното однесување нема да им донесе добро.

Ние пак им велиме на славомакедонските комунисти: – Потчинете ѝ се на партијата и во тој случај вам ќе ви бидат зачувани животите. Не сакате? Ако пак не сакате, во тој случај, марш по ѓаволите. По ова следеа ракоплескања.

* * *

Радиограма од Христос Мосхос до групата дивизии на ЕЛАС од Македонија со која известува за дезертирање од ЕЛАС и за преминот на Воденскиот македонски баталјон во вардарскиот дел на Македонија. Бр. ЕП 162

Пајак, многу итно.

До групата дивизии на ЕЛАС од Македонија.

На 14 октомври 1944 година единица на славомакедонските партизани (Воденскиот баталјон) на Кајмакчалан без наше знаење пребегаа во Србија (Вардарска Македонија). Во српска Македонија испративме делегат да преговара за нејзиното враќање. Веруваме дека е заведена од кадри на македонските партизани.

17 октомври 1944 година.
Петрос (Христос Мосхос)

* * *

Кон средината на септември 1944 година, македонското политичко и воено раководство (од Вардарска Македонија), во согласност со одлуките на Првото заседание на АСНОМ, пре-

зеде сериозни мерки за ослободување и обединување на Македонија. На 23 септември 1944 година Главниот штаб на НОВ и ПОМ испратил директиви до командантите на Леринскиот Костурскиот и Воденскиот баталјон со следната содржина:

„Да се изврши широка регрутација на борци од редовите на Македонците. Оружје, муниција и друг воен материјал ќе добиете од ГШ на НОВ и ПОМ. Да се подготвите за операции против Германците во егејскиот дел на Македонија и Грција во кои ќе учествуваат и единиците на НОВ и ПОМ“ За неколку дена Леринско – костурскиот баталјон броел 1500 борци и старешини, а Воденскиот македонски баталјон 575 борци и старешени. Но КПГ и ЕЛАС се обиделе да ги расформираат македонските баталјони затоа што, наводно, имале информации дека тие подготвувале напад на Солун. Поради тоа повторно се заострile односите меѓу КПГ и КПЈ, а на 4 октомври 1944 година, Светозар Вукмановиќ – Темпо го известил ВШ и ПОЈ дека ги известил македонските единици во составот на ЕЛАС да не се сложат да бидат расформирани и да се префрлат во вардарскиот дел на Македонија. Ноќта на 4 спроти 5 октомври и 14 октомври баталјоните беа префрлени во Вардарска Македонија.

* * *

Забелешка: Засадувајќи ја иднината, си го искорнавме минатото (вековното огниште).

Во контекст на изнесното, сè што ни се случуваше со напуштањето на двата баталјони од просторот на Егејска Македонија, со таквата акција се напушти вековниот стремеж за сопственото парче земја. Одењето во Југославија (Титовата армија), ни најмалку не беше случајно, туку истражувањето покажа дека се напушти одбраната на татковото огниште и таквиот чин треба да го сметаме како прв чекор од ЗАГОВОРОТ, а сите тие луѓе беа максимално искористени во длабочината на македонската трагедија во текот на Граѓанската војна, кога КПЈ (Тито) и КПГ (Захаријадис) со својата псевдо

загриженост ги правеа (не)видливи судирите на интересите (давани и одземани слободи) го доведоа до разорување на македонското јадро.

Но, најтрагичното е што во секторската историја за Егејците бродоломот (жртвите за туѓи интереси) го претворивме во триумф и го нарекувавме цели 60 години револуција и со тоа им ги прикривавме сите зафати што нè доведоа до ГЕНОЦИД.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ВИСТИНИТЕ И КОНТРОВЕРЗИТЕ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945 – 1949)

Најголемите манипулации со Македонците од Егејска Македонија по Втората светска војна: од измама во измама.

Во својата книга историчарот Ристо Кирјазовски потврдува дека: „На 23 април 1945 година по иницијатива и раководство на КПЈ – КПМ во Скопје е оформена организацијата НОФ (Народноослободителен фронт) на Македонците од Егејската Македонија. Едновремено во состав на НОФ беа формирани женската организација АФЖ (Да напоменам дека Грците немаа таква организација посебно за жените) и младинската организација НОМС.

– Дали овие македонски организации, самите ја создаваа идната стратегија, односно ја предвидуваа својата иднина или ги исполнуваа предвидувањата на КПГ на чело со Захаријадис и КПМ? КПЈ на чело Тито!?, праша Митре Деловичин, инвалид со изгубена рака на Грамос.

И продолжи: Со формирањето на АФЖ, практично од македонското традиционално семејство се направи политичко семејство.

Сувогорски, воздивна и рече: ЕТЕ ТОКМУ ТАКА: Да не се лажеме! Политичките игри се договараа во Белград. Помеѓу Тито и Захаријадис беше договорено масовно турнување на Македонците во војна, што досега во светот не се имаше случено. Токму тогаш –ЈАДИЦАТА БЕШЕ ФРЛЕНА; И СЕ ЗНАЕШЕ ДЕКА МАКЕДОНЧЕТО ЌЕ ЈА ЛАПНЕ!

ЗНАЧИ, СО ОФОРМУВАЊЕТО НА НОФ, НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ДЕЦЕНИЈАТА (1940 – 1949) СЕ НАЈДОВ-

МЕ ВО СТЕГИТЕ НА БИНАРНИТЕ ПОЛИТИКИ; ОД ПОЗИЦИЈА СО КОПНЕЖ ЗА „ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА“ ДО ЧУВСТВО НА ГЛУВОСТ, ПРОГОНСТВА И ИСТРАЈНОСТ – НАДВОР ОД ПРАДЕДОВИТЕ ОГНИШТА.

Еден од наседнатите, стана возбуден, зашкрипија силно пружините од разнишаните кревети и праша:

Имаше ли НОФ визија каде оди!?

Сувогорски, смирено рече: „Во напишаната секторска историја за Егејците“ не е објаснето. Особено до политичките пораки за масовна активност на жената и до земањето на децата, никогаш работите не беа јасни.

Мислам, ќе треба од светот на претпоставките и имагинарното да се преселиме на фактите и доказите. Само така вистината ќе излезе на површина и неспорните факти ќе ги заменат претпоставките.

Треба да се каже и тоа, факт е дека токму по Втората светска војна и во текот на Граѓанската војна претежно доминираше македонското јазично население и скоро се говореше и се агитираше од НОФ и АФЖ на македонски јазик, а тоа влеваше надеж и се почитуваа националните права. Се организираа и школи за деца.

Протестниот глас на Македонецот сега беше замена за некогашниот ќотек и забрана од хорофилаците. Сето ова влеваше верба во КПГ и даваше верба дека се распаѓа системот на една држава во која Македонците беа најсурово измачувани. Ваквата мамка на комунистите им успеа. Целта им беше преку овие организации помасовно да ја остварат тоталната мобилизација на македонското население кое живееше во еден компактен дел: Костурско, Леринско, Воденско, Гуменџе и Кукушко.

Но од исходот на настаните, јасно е едно: целта на стратезите им беше од старото традиционално македонско семејство да направат ПОЛИТИЧКО СЕМЕЈСТВО со што населението полесно ќе се манипулира. Направија таквата идеолошка матрица да ја стават во функција на обезмакедончување на

македонската куќа и македодонското семејство, под контрола на КОМУНИСТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА.

Тоа може да се согледа, ако се отворат следните прашања:

1. Против кого се формирани овие македонски орѓанизации и нивните фронтови?

2. Кои беа отспротива на фронтовите?

3. Која им беше целта на борбата?

Ме прашувате дали тоа беше по директива на Тито и Колишевски? Но и на Цветко Узунов–Абаз?

Значи, како што видовме претходните ѓодини, какви конфликти доживеавме, а сега со оформувањето на НОФ и сите други орѓанизации, беше одреден „Патот на слободата“, агитирајќи туѓи цели со пропаѓанда на ѓол патриотизам.

Сувоѓорски, се поднамести и со благ поглед упатен кон сите почна:

– Но да почнам со ред. Моите сознанија од долѓодишното истражувањето и анализата покажува дека од таквата наша поданичка неконтролираност ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југославија. А да биде парадоксот поѓолем Америка и Англија стоеја зад владата на Грција во однос на проблемот со нас Македонците, сега сакаа нас да нѐ искористат против Грција која беше под сферата на влијание под нивна заштитаа, а ние немавме поим што се имаа договорено во Јалта. На 5 мај 1944 ѓодина почнаа преговорите за поделба на Балканот на сфери на влијанија. Велика Британија стекна превласт во Грција, а Советскиот Сојуз во Романија. Под притисок на Британците, на 20 мај 1944 ѓодина во Либан, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС имаа потпишано спогодба со кралската влада по што се расформира коалиционата влада. (каква иронија!) Сега ние ќе победиме и ќе ја обединиме Македонија?!

Уште во далечната 1944 – 1945 ѓодина една мала ѓрупа интелектуална елита (кои покасно ја сочинуваа орѓанизацијата НОФ, наместо добро да ѓи планира нашите животи, таа дозво-

ли да биде изманипулирана од Југославија и нашата судбина им ја препушти на Грците. И како резултат доживеавме геноцид и забрана да се вратиме на вековните огништа. Непростива грешка е направена и сите тие се покажаа недораснати во тој историски момент. Сите тие преставници Југословени и Грци беа пресилни за нас Македонците и ние не можевме сами да се носиме со нив, само им служевме во нивна корист.

ТАЈНА ЧУВАНА ПЕТ ДЕЦЕНИИ ПРИКРИЕНА ИСТОРИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

Чесно е, иако по пет децении, да му се каже на македонскиот народ дека сами сме виновни за своите постапки и мина времето кога, по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за сето она за коешто самите сме си виновни. Време е историчарите да проговорат, да не им ги кријат злонамерностите што низ историјата на македонскиот народ ги направиле сите самонаречени стратези, политичари или разни идеологизирани наивници. Преку целиот период на Граѓанската војна сосема добро беше позната политиката на сите грчки раководители спрема НОФ: „Зборувај благо, ветувај, а носи долг стап“ и, како крајна цел на стратезите и наредбодавците, овие луѓе (НОФИТИТЕ И АФЕЖИСТКИ) да ги претворат пред сопствениот народ воени барабанции, само за да ги обезбедуваат воените резерви. Така, раководството на НОФ е вклештено меѓу двете моќни комунистички партии (КПЈ и КПГ), диригирајќи спектар од желби без визија за исполнување на татковиот долг спрема сопствениот народ. Тие му порачуваа на сопствениот народ „Смрт или слобода“ во оваа т.н. „Света војна“, односно Револуција за социјализам, иако 90 отсто од учесниците на ДАГ беа насилно мобилизирани а учеството на грчкото население не беше поголемо од 4 отсто од вкупното население на Грција. Тоа го потврдуваат сите аналитичари на Граѓанската војна во Грција.

Кога раководството на НОФ сфати дека проблемите се повеќеслојни, посложени, станаа жртви на туѓите идеолошки системи, се најдоа пред „комунистичката правда“ во Сибир.

За оваа немилосрдна вистина, иако по 50 години, во својот фељтон историчарот Кирјазовски со право на КПГ ќе ѝ забележи: „И, на крајот, со огорчување и револт можеме да констатираме дека двете комунистички партии на Грција не само што не ги зедоа под заштита своите соборци Македонци кои, заедно со Грците, се бореа и крвавеа... и не само што не се спротиставија на погорното решение (се мисли на Законот 400/76) на Владата на Папандреу, туку го оценија позитивно. И овојпат Македонците од Егејскиот дел на Македонија беа изневерени од грчките комунисти.“

Се поставува прашањето дали ова беше последна изневера од грчките комунисти, што ја наведува историчарот Кирјазовски, или тие тоа го правеа со еден обмислен и, до денденешен актуелен, план?

ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА

Ако на презентираните факти во весникот „Зора“, Соботско, објавени во „Нова Македонија“ од 8 април 1995 година им се придде без сомневање, тогаш пред нашите очи излегува уште една ноторна вистина. Во статијата се вели: „Според КПГ за Леринско: САД ЈА ДЕСТАБИЛИЗИРААТ ГРЦИЈА“. А по повод средбата на вицеконзулот на САД во Солун, Дејвид Сулер, со раководителите на Виножито во Лерин, за која Окружниот комитет на КПГ за Леринско издаде соопштение, во кое ги осудуваат САД за дестабилизација на Балканот со нивната империјалистичка политика „подели па владеј“. Во статијата на „Зора“ меѓу другото, стои: „Тоа е случај кој ги боде очите затоа што КПГ е партија, што им ветуваше на Македонците од рамноправност, па сè до самоопределување. Фактот дека КПГ ги истакна овие ветувања, со цел да обезбеди сојузници за време на Граѓанската војна, со познатите последици, а потоа не ги одржа и стаса до таму да го негира нивното постоење, ни дава за право оваа партија да ја определиме како

партија со злосторничка нечовечност“. Понатаму „Зора“ пишува: „На крајот еве еден карактеристичен дел од документите на КПГ за да се потсетат господата од раководството во Лерин, за составот на КПГ тогаш, кога таа беше вистински револуционерна – „... Организирање масовни организации кај секое национално малцинство (Македонци, Турци, Албанци, Евреи и др.) и сплотување на антифашистичките сили во нив...“. Во поглавјето за македонското прашање се вели: „...ја довршуваат (владејачките класи) нивната тиранска политика со најнечовечно терористичко задушување на правата на националните малцинства, што живеат во Грција, а во прв ред на Македонците. Неограничената одбрана од страна на КПГ на правата на Македонците ја претставуваат како „национално предавство“. (Одлука на 6 Конгрес, 1935; „Комунистички Преглед“ бр. 2,3/1936).

Нашата историографија (од поданички тип) беше таа којашто успеа да го натера целиот македонски народ да ја прифати одговорноста, за сето она што се правеше и за тоа што се случи во Граѓанската војна (дека НОФ раководел со военополитичката ситуација). А со тоа ги осободи вистинските стратези и проектанти за нашиот македонски геноцид не само од историска одговорност, туку и од сомневање.

МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ И НАЦИОНАЛНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД РОБУВАЊЕТО НА НОФ КОН КПЈ И КПГ.

Дали за историјата остануваат отворени следниве прашања: Прво, дали ние, Македонците, ако по Втората светска војна не влеговме во сенароден фронт, преку организацијата НОФ (формирана во Скопје на 23 април 1945 година при ЦК на КПМ/КПЈ) ќе ја пропуштевме историската шанса за решавање на македонското прашање во Грција? Кој, всушност, нè мобилизираше и со каква стратешка цел ја оформивме НОФ (сенароден фронт) и тргнавме во оружен отпор, а ја отфрливме алтернативата која не беше помалку славна – непријателот да го победиме со ненапуштање на вековниот стремеж –

сопственото парче земја? Трето, зошто се бевме натопориле со оружје, кога уште не беше ни почната Граѓанската војна? Дали опцијата на воен отпор беше наша стратешка цел или на туѓинците, организирана преку идеолошките активисти (оперативци на стратешки задачи) со поданичка свест, кои по половина век нè принудија да водиме конфортабилна политика спрема извршителите на геноцидот наш?

ВО НОВИОТ ПОРЕДОК КПГ СТАНА СЕМОЌЕН ГОСПОДАР, А ПОСЛЕДИЦИТЕ БЕА СТРАШНИ. ВО ТОЈ НОВ ПОРЕДОК. ВРЕДНОСТА СЕ МЕРЕШЕ СО ДАВАЊЕ ЖРТВИ И ВАЖЕШЕ ПАРОЛАТА: „ОЛА ГИА ТОН АГОНА, ОЛА ГИА ТИ НИКИ!“ (СÈ ЗА БОРБАТА, СÈ ЗА СЛОБОДАТА!)

* Дали ние, како народ преку таквата опција бевме интелектуално и воено политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет на Македонија под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна?

* По поделбата на сфери на влијание ставот на Големите сили им беше ,,Политика на статус КВО“. Кога меѓународните државни граници на Грција и Југославија истовремено по Втората светска станаа и воени граници на двата табора?

* Дали со таквата стратешка позиција на НОФ и не сме ја лоцирале војната (спрема измисленото сценарио на „Пекол и изгорена земја“) во регионот што на туѓинците им беше како главна цел – етнички да го преуредат и да ја закрепат граничната линија на железната завеса помеѓу двата табора?

* Во историјата нема „Ако било“, ами има „Како било“, и во тоа е нејзината врвна мудрост. Меѓутоа, во оваа анализа можеби за оние „Чуварите“ на „Историјата за Егејците“, кои уште велат дека немаше друга алтернатива, остана едно, навистина сериозно и тешко прашање: „Ако би било?“. Дали, ако од демократските сили на Грција, Граѓанската војна беше лоцирана во други делови на Грција и се разбира, да ја немаше претходницата на НОФ раководена од КПМ/КПЈ, ќе ја доживеевме таквата масовност (принуда) и таквата катастрофа?

Прашањата се толку чувствителни и набиени со емоции, па дури и во овој миг кога ќе помислиме да му пристапиме со еден конструктивен став кон тајните на црнилата од минатото, се соочуваме со жестока реакција на поедини идеолошки активисти, кои и ден-денес се против секаква корекција на историјата, изигрувајќи ветерани низ туѓи војски, грконосталгичари (Ворјасовци), а од сосема јасни цели, сега се декларираа како југословеноносталгичари и само тие знаат зошто.... Можеби, сите овие противречја, најмногу се должат на тоа што нашата историја пишувана под цензурата на комитети за арбитража со историската вистина и по пола век не смогна сили да ги открие корените на злото и мрачните тајни на геноцидот наш и со тоа бевме одвлечени во некаква мистификација, односно цинизам, обмислен за истуркување на фактите во корист на дневната политика.

Од историјата знаеме, дека сите успешни или погубни војни, секој цивилизиран народ преку критичкиот суд на историјата има дадено историска оценка, па време е и македонската историографија да го разреши тој политички рубикон за да остави поука за иднината, бидејќи специфичната функција на историјата е токму истражувањето на тие причини. Ако земеме предвид дека ниедна тема во Грција не беше толку релевантна во текот на столетието и остана толку жива, како онаа како да се сотрат Македонците и присвои Македонија. Ние Македонците одамна требаше да си ги избришеме илузиите дека некој друг ќе биде повеќе заинтересиран за нас и, токму на тоа се должи успехот на елинизмот. На феноменот на нашите делби, неединство и поданичка свест. Дали нашата стратешка цел ја имаше истата функција да стори сè за да не се напушти прадедовото огниште, оти тоа пред светот ќе биде и конечен документ за национален пораз. Сведочењата на настаните во триполгодишната Граѓанска војна ни ја потврдуваат старата вистина дека војната не беше никаква случајност, дека идеолошкото насилство, бруталните мобилизации над Македонскиот народ, кој даде сè од себе, а за

возврат да добие смрт на своите синови, доби прогонство и разурнување на своите огништа, да не може, се до ден-денес да им запали свеќа на своите синови и браќа кои загинаа. Па зарем тоа не е добросмислена политичка акција.

* Политичката трагедија на НОФ. Дали во триполгодишната војна НОФ имаше своја автономна програмска цел или еволуираше спрема интересите на туѓинците и зошто? Првиот период, од 23 април 1945 година, кога беше формирана и раководена од КПМ/КПЛ, до 21 ноември 1946 година програмската цел ѝ беше: НОФ да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. Ова е период кога дејствуваше надвор и независно од КПГ и беше раководена од КПМ/КПЈ (види: Кирјазовски 1995/10). Нема сомневање, дека оптималната стратешка цел на НОФ (КПМ/КПЈ) им беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенародниот фронт за реализација на програмската цел.

* Ако таквата стратешка цел ја прифативме како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш зошто само за неполни три месеци, овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: „Да го свртиме оружјето кон Солун“, односно: „На Солун, не на Сремскиот фромнт!“. Тие македонски војници беа немилосрдно казнети и ликвидирани. Тоа го направија против сопствената армија „Титова“, знаејќи ги последиците од поделбата на сфери, а сега по три месеци, од кој интерес го правеа спрема Македонците под Грција?

Ете зошто е апсурд во историјата, кога од една се оди во друга крајност и затоа е повеќе од јасно, дека формирањето на НОФ, навистина уште во почетокот оствари ЗАБЛУДА. Така, избраната елита на НОФ, навистина уште во почетокот оствари завидни резултати, а тоа говори дека кај македонскиот човек беше допрено исконското национално чувство. Во тој период, до 21 ноември 1946 година) НОФ, според непотполни податоци беа организирани: 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални

кадри на НОФ, АФЖ и НОМС. На целата територија на Егејска Македонија беа организирани 220 села, функционираа над 170 селски и градски организации, во кои членуваа 4 832 младинци и младинки на НОМС и 2201 Македонки и Влаинки во АФЖ. Во подрачјето на Вичо, во август дејствуваа над 100 борци, во Централна и Западна Македонија дејствуваа околу 500 македонски партизани на НОФ. Тие беа распоредени на Кајмакчалан 200, на Пајко 80, на Вичо 130 и на Грамос 80, а македонските партизани беа оформени во групи од по 10-15 и во одреди до по 40-50 борци. Покрупна формација беше формирана само во Воденско до баталјон. (Кирјазовски, 1985/143).

* Ова покажува дека веќе е створено локалното жариште на идната војна, но дали елитата на НОФ како македонски фактор можеше да се носи со барањата и целите на сенародното национално ослободителни движење за обединета Македонија? Ќе можеше ли македонскиот субјективен фактор сега, по Втората светска војна, да се соочи со многуте сложни проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори?

* Ќе беше ли во состојба да ги процени нивните сили, стратешките интереси и планови и врз основа на тоа да ја гради својата политика, стратегија и тактика? Меѓутоа, се поставува прашањето: Зошто КПМ/КПЈ го охрабруваше сè подлабокото воено ангажирање на НОФ во Грција, кога знеше дека во тоа време беше склучен договорот во Баркиза и со таа спогодба левите сили му ја имаа предадено власта на десницата. И, кога уште се знаеше и Московскиот договор меѓу Сталин и Черчил во октомври 1944 година, дека Грција потпадна под влијание на Велика Британија и САД. Ние Македонците, можеби не зневме за постоењето на политика на „Статус КВО“, но како можеле да не знаат КПМ, КПЈ и КПГ? Од друга страна, зачудува изјавата на Маршалот Тито дадена во Москва за „Њујорк Тајмс“ во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци од Југославија, ќе ги почитуваме нивните желби“. Меѓутоа, како

да се протолкува оваа изјава кога самиот Тито на средбата, на 15 септември во 1944 година во Белград, со Стериос Анастасијадис (член на ПБ на ЦК на КПГ), го изнесе следниот став: „Југославија нема никакви претензии кон грчка Македонија и целата кампања (околу обединувањето) нема ништо заедничко со неговото мислење. Можете да му соопштите на грчкиот народ дека тој нема никакви претензии за грчка Македонија. Прашањата за границите се меѓународни и не треба да се брза со поставувањето на тоа прашање."

А еве што вели за ова историчарот д-р Иван Катарџиев во својот фељтон, во „Н.М." од 1.01. 1994 година, ,, Македонското национално движење и територијалниот интегритет – грешки во постапката за обединувањето": „Сосема нереално беше да се бара обединување на другите делови на Македонија во рамките на Југославија, а вардарскиот дел да се прогласува за пиемонт на обединувањето. Во НОБ постојано е присутно прашањето за обединувањето, но дали поради отпорот, пред сè, од Англија, можело да се направи нешто повеќе од тоа што е направено?"

Во ова катастрофално сценарио, злото да биде поголемо, сега македонскиот човек под Грција, од идеолошките активисти на сенародниот фронт е предупредуван: „Ако не си со нас, ти си фашист и против нас си!" Во тој матен временски период се преплетуваа новите и старите термини и доаѓаа во судир и нејаснотии. Тука беа и конфузиите околу обединувањето на Македонија, Балканска федерација, Конфедерација, Автономија и на крај за сецесија. Секако дека тие контрадикции не беа само академски и терминолошки, зашто нивното толкување не беше прашање на вистината, туку политичко средство за спекулирање или зачувување на идеолошката активност. Аргументите беа излишни пред таквата идеолошка бруталност на туѓинците. Лозинката „Лесно ќе биде..." и навистина се случи со нас Македонците, кога преку агитацијата на НОФ, ни се внесе како сопствен мит за воената сигурност и тоа исклучиво без вербалните ветувања и упорно

неприфаќање на реалноста на мигот во кој живеевме и ете зошто на проектантите на геноцидот им успеа стратегијата „ќе биде лесно со нас Македонците“. По ова, во поход против Македонците, со најголема жестокост беа ангажирани најцрните оружени банди и целокупниот десничарски печат и другите средства за информирање. Грчките обвинителства и истражните органи ги обвинуваат Македонците дека тие биле бандити, предавници, авантуристи, сеционисти и крипто фашисти. Грчката влада настојува потфатот на НОФ, АФЖ и НОМС да го озакони со цел да ги уништи Македонците, како физички, така и духовно да ги деградира преку донесените закони: 4124/45; 753/45; 453/45; 43/45; ТОД/45; Декретот Г/46 и други. Како што се гледа, сите овие закони се донесени пред да почне Граѓанската војна на 31 март 1946 година!

ОД ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ, ИЗЛИТЕНИТЕ ИДЕАЛИ И СИНДРОМОТ НА МОЌТА, НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИМ ДОНЕСОА СКРБ, СТРАВ И ВЕЧНА РАЗДЕЛБА СО РОДНИОТ КРАЈ

Трагедијата е во тоа што политичките решенија се донесуваа во Белград и сè до денес историографите на КПМ/КПЈ не преземаат одговорност, сакаат да останат молчаливи, бидејќи исходот на настаните покажа дека формирањето на НОФ беше најголема грешка во историјата и развојот на македонската нација, и затоа е нејасен, необјаснив, премолчен и во корист на дневната политика туркајќи го проблемот надвор од интересите на матичната историја на Македонците, во некаква посебна филозофија на „Историја за Егејците“ во која националниот пораз го воспеваме како победа и се бранеше за овие 50 години со синдромот на моќта, а сета вина е посочена на членовите на НОФ. Зошто? Тоа уште еднаш потврдува дека во историјата за Македонците под Грција, со политичка умисла запретани се уште многу тајни за извршениот геноцид и за навек напуштените огништа. Оти едноставно, не можам да сфатам како македонскиот проблем би можел да се реши со оружена сила.

Вториот временски период на НОФ е од 21 ноември 1946 година, сè до 23 декември 1947 година кога се формира ПВД (Привремена демократска влада) на Грција. Првото соочување со националниот пораз на НОФ. Овој временски период не претставува само гордо потклекнување на НОФ, туку и политичка трагедија. Сега настана една деликатна рамнотежа помеѓу НОФ и КПГ и КПЈ и се очекуваше само ефектот од големиот стап спрема НОФ од КПГ за ненаучената лекција. Зошто сега КПГ бараше суров закон против сите членови на НОФ? Што значи за НОФ беше и поуката од КПЈ спрема логиката: Ако една управа е создадена (наложена) од политиката, таа секогаш ќе биде слуга на политиката. Почна да се спроведува ригорозната политика која не признаваше противници и така стотина политички и паметни кадри се поминати низ чистилиштето како „Најголеми Македонски синови“, а потоа фрлени како „предавници на македонството“. Сурова правда. Сега КПГ преку овие НОФИТИ, посака народот да го натераат да гледа дека единствен и вистински претставник на Македонците е КПГ, а сите други се предавници, или помали Македонци и што е најважно, да го натераат целокупниот народ да ја прифати одговорноста за да даде сè од себе, и за поголем поттик за локалната сцена на разулавениот ритам на огнот. За да бидеме сите заслужни по војната, никој да не е виновен, а всушност, сè беше поинаку и проблемите се далеку повеќеслојни и посложени.

На 4 октомври 1946 година, меѓу КПМ/КПЈ и КПГ во Белград е постигната согласност за обединување на грчките демократски сили и силите на НОФ, односно за ставање на сенародниот фронт (НОФ) под непосредно раководство и контрола на КПГ. Спогодбата, наводно произлезе и ја наметнаа стратешките интереси и планови на Советскиот Сојуз и на Југославија што ги прифати раководството на КПГ. Присутни: Александар Ранковиќ, Милован Ѓилас, Лазар Колишевски, Цветко Узунов и Паскал Митревски (види: Кирјазовски 1995/204).

На 21 ноември 1946 година, спогодбата ја спроведоа претставниците на Југославија и Грција т.е. на КПЈ (Иван Караиванов) и претставникот на КПГ и Јоанис Јоанидис) и со тоа програмската цел на НОФ се смени и сега се прокламира дека ќе се бори во борбен сојуз со грчкиот народ и ќе се бори за спасување на македонскиот народ од физичкото уништување, односно за целите и задачите на КПГ. Меѓутоа, по таквото „обединување“ не треба да се заборави дека за многу Македонци проработи и кадровската метла. По ова дојде и времето на неподобните и непожелните. Значи со ова се потврди дека програмските цели на НОФ не беа автономни со македонски стратешки фактор, туку сме биле турнати во реализација на туѓи интереси, па тогаш се поставува прашањето: Со каква сигурност сме го повикувале народот на револуција како продолжение на нашиот светол Илинден? Дали таквата „братска“ тактика на туѓинците имаше крајна цел македонското прашање да дојде до македонско предавство, односно катастрофален судир? Зошто предавство? Затоа што сега од Македонците беа создадени грконосталгичари и југословенски носталгичари и нè зедоа во игра од една страна КПГ и од друга страна КПЈ, а од трета жестоко нè прогонуваше атинскиот режим, легитимната власт на грчката држава. Што значи, сега против Македонците беше вклучен комплет грчкиот етнички инжињеринг.

КПМ, МЕЃУ КПЈ И КПГ, ГИ ЖРТВУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ЛЕГАЛИЗИРАЈЌИ ЈА ГРЧКАТА ДОМИНАЦИЈА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

НОФ како елита формирана од КПМ/КПЈ досега ја исполнуваше нивната програма, а од сега исклучиво ќе ја исполнува само програмата на КПГ, со која ќе ѝ ја обезбедува нејзината моќ, како на семоќен господар над Македонците и совршено така стана. По извршените тотални мобилизации над Македонците, КПГ ја измисли категоријата „Одговорни за Славомакедонците“ и како сатисфакција сите членови на НОФ во редовите на ДАГ ги поставуваше за такви одговорни.

Сега, како основна задача од КПГ на НОФ ѝ беше наложено со приоритет; од Македонците да направи идеолошки војници за полесно да ги приклучи во катастрофалното сценарио на Граѓанската војна. Всушност, се покажа дека ролјите на НОФИТИТЕ биле изигрувани, а не играни. На НОФИТИТЕ им се чинеше дека играат јуначки ролји, тоа го пренесуваа и на обичниот човек. Сè до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца живееја во ист дух: да го негуваат македонскиот национален идентитет и да бидат единствени. Тој наш обичен човек, сега верувајќи на тие наши НОФИТИ во паролата: „Сега е моментот“, се покажа повеќе од херој, но на крајот беше оставен по светот. Во „името на народот!“ тој збор беше задолжителен дел од политичкиот вокабулар, мотив и алиби за многубројните идеолошки превирања и воени цели. Тоа се случи за прв пат во историјата на војувањето и денес секој си го поставува тоа прашање:

,,Зарем било возможно, само од едно село да загинат толку многу луѓе во единиците на ДАГ?“ Нема село што не даде од 60 до 100 жртви! Тоа се случи, а на Македонците им останаа необјаснети и херојскиот македонски воин низ историјата на ДАГ, и национално-политичките импликации, и што значеше робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ.

Третиот временски период на НОФ е кога по 23 декември 1947 година сè до ликвидацијата на ДАГ, кога НОФ ја прифати програмата на ПДВ (Привремената демократска влада) по националното прашање: „Признавање на целосна рамноправност на националните малцинства и на нивните слободни национални активности“ (види: АЕ: 179/47).

НОФ, потпирајќи се кон КПЈ или кон КПГ, напуштајќи ја едната или другата и безрезервно спроведувајќи ја нејзината политика, придонесе да ја изгуби својата самостојност. Трагајќи по таа нишка на судбината, ни покажува колку била препуштена во туѓи раце на одредени личности, кои навистина низ целиот тој период за нас Македонците ни ја пишуваа

црната страница на црвената книшка, во отсуство на македонскиот фактор. Сега, КПГ измисли нов поредок, своја филозофија за сите НОФИТИ: „... засега треба да се успие нивната будност, да се појави грижа и внимание кон нив...“ Сето тоа се правеше со умисла, преку колективното замолчување на свеста над Македонците. Стратешки беше отстранувано тимското ангажирање на колективниот ум и уништуван преку манипулациите, што значи Граѓанската војна беше прерасната во полигон на кој од една страна големите сили си ги одмеруваа силите и оружјето, а комунистичките партии своите идеологии над обичниот голорак македонски човек.

Овој долг период на неизвесност, претставуваше еден облик на ПОСТОЈАНО ИСЦРПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ СÈ ДО НАЈБРУТАЛНИОТ ЧИН – ОДЗЕМАЊЕ НА МАЛИТЕ ДЕЦА, ШТО И ДЕНЕС ОСТАВИ ЛУЗНИ. Тоа беше катастрофален национален чин, со што конечно, беше обезмакедончена Македонија под Грција. Вистинската вина пред историјата треба да ја носиме само ние Македонците! Главната причина за нашата судбина треба да ја бараме во нас. Зошто ние Македонците не се организиравме и не се изборивме да го задржиме нашето опстојување како интегрален дел во грчката држава и тоа требаше да ни биде единствена алтернатива.

Ако вековниот од на нашите предци низ историјата беше кондензиран во максимата „Свиткај ме, но нема да ме скршиш!“ и го издржаа турското ропство, ние под туѓите пропаганди во Граѓанската војна ја прифативме како начело, никогаш неприменетата максима во националната историја „Скршиме, но нема веќе да ме виткаш!“ Така си го изгубивме огништето со гордото (само)жртвување, но и останавме документ за национален пораз, оти денеска не е случајност дека политиката калкулира со таквите реални состојби, па дури и за името. Меѓутоа, ако сакаме да резимираме за животот и борбата во служба на КПЈ и КПГ, од бегството по Граѓанската војна, зад нашата „гордост“ не стоеше ни нацијата, ни поли-

тиката, ни идеологијата, тоа беше бегство од смртта. По ликвидацијата на ДАГ од КПГ и од генералите „наши“ добивме билет во една насока и тоа само ние Македонците. Па зарем тоа не беше обмислена политичка акција за да нè остават по светот, а тие да се вратат на своите огништа. Затоа тие генерали (Гусиас, Маркос, Вландас и др.) кои нè водеа во битките за освојување на Лерин, Воден, Соботско, Негуш, Грамос и т.н. не нè вратија да нè претстават какви што нè познаваа и нè пофалуваа на бојното поле?

Денес, секој воин на ДАГ си ги поставува прашањата:

1.) Која комунистичка партија на светот го направи тоа со своите членови кои гинеа за нејзините цели?

2.) Кои генерали ја оставија армијата по светот, а тие се вратија како херои?

3.) Зошто и денеска наследниците на КПГ се плашат да му ја кажат вистината на грчкиот народ, историјата на ДАГ, таква каква што беше и што претставуваше еден историски непобитен идентитет за Македонците во Грција?

Што е најтрагично, човекот кој се нарекуваше воин на ДАГ, кој беше мобилизиран во Граѓанската војна од нашите НОФИТИ, го оставија по светот, а тие се вратија во Југославија односно, во СР Македонија. Секако, со почести. Борците и илјадниците (одземени деца, стари и немоќни родители кои ги изгубија своите чеда) останаа по светот со колективен статус „Грчки политмигранти“ во разни логори, исчекувајќи го крајот на животот. Ете, зошто годините на Граѓанската војна беа време на македонската „гордост“ во рацете на туѓите политичари. Дали сите овие дејанија на стратезите ја постигнаа својата цел? Исходот на настаните вели – ДА. И затоа, бев обземен од неодоливата желба да покажам како беше во реалноста, а не како што прикажува нашата историографија. Ќе се согласам со „чуварите“ на нашата „Историја на Егејците“, само тогаш, кога ќе ми предочат поуверливи факти од овие што ги користев јас. Оваа истражувачка студија, не сакам да се сфати како судски процес пред историјата, но тоа е доку-

мент, со горчлив вкус на полувековното идеолошко робување. Таа лекција многумина ја научија, но многумина сè уште многу инфантилни Борјасовци не ја разбираат.

Верувам, овие две мои книги „(Само)жртвувањето на Македонците под Грција“ и „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција“ е можност да бидат скромен прилог во промената на генерациите, да се создаде сопствен и колку е можен поразумен суд за Македонците под Грција, за и тие луѓе да се најдат во интегралната историја на македонскиот народ. Без научни претензии, моето иследување е засновано врз еден стремеж да им се каже на младите луѓе вистината за Македонците под Грција. Оти ние Македонците (во отсуство на интегралниот фактор) дозволивме во Граѓанската војна (1945 – 1949) да доживееме сила врз сила од КПГ и КПЈ и со тоа ја обезмакедончивме Македонија под Грција. Ние! Ние, Македонците дозволивме да бидеме:

1. Еден голем дел жртви.

2. Еден дел извршители (под туѓи идеолошки замки) и најголемиот дел (гледано интегрално од целокупната етничка Македонија) полувековни набљудувачи на народот кој ни се ретчи и просторот што ни се тесни.

На крајот на ова иследување, сакам да кажам дека ги почитував аргументите и не сакав да ја измислувам историјата. Сакав само да ја изразам длабочината на трагедијата на Македонците под Грција, која уште се држи во тајност.

Едноставно, морав да кажам за еден мошне значаен дел од нашата историја, уверен дека ќе биде корисно за историографијата и потребно за понатамошното проследување на историјата за Македонците под Грција.

Македонската приказна од април 1945 – до октомври 1946 остана во сенка.

– Македонските организации НОФ и АФЖ како најголеми гласници во мај 1945 година ги имаа опфатено скоро сите Македонци, рече Сувогорски.

Замолче и погледна преку рамото на Петре Магдин чувствувајќи дека врата зад него се отвори и продолжи:

– Политиката беше толку навлезена во секојдневниот живот на луѓето во македонското население, што Македонците своето постоење го поврзуваа исклучиво со КПГ (НОФ и АФЖ) за која би го дале и својот живот.

Сето тоа беше толку матно што секое агитирање од КПМ/КПЈ и КПГ, беше политика која не му служеше на македонскиот народ под Грција.

Целиот тој процес на силната и бесмислена пропаганда добро се менацираше од КПМ/КПЈ, но од апсект на човечки судбини, токму во тој период навреме се удри и растури најсветото кај Македонците: СЕМЕЈСТВОТО И ДОМОТ кое од памти век беше свето нешто, а сега беше во рацете на Нофитите и Афежитките.

Таквата акција траеше од 1945 сè до август 1949 година кога Ние Македонците се најдовме надвор од нашете домови и доживеавме ГЕНОЦИД.

* * *

Сувогорски, извикуваше дури на глас:

Тоа беше безумие, безумие, безумие! Нашите дела, бесмислени и сервилни, кон идеолошкиот активизам...

А грчката власт преземаше незапамтени терористички акции; убиства и прогонства над обичните селани кои имаа национално македонско чувство. Посебно селаните, кои масовно беа организирани од активистите на НОФ и АФЖ. Сите беа луѓе без професија, но стапувајќи во овие организации политиката им стана професија и повеќето станаа „ловци (рибари) на човечки души“ и сите тие идеолошки активисти го натераа македонскиот народ да гледа во празно, но не само во војната, туку и по војната кога илјадници Македонци беа заборавени и оставени да талкаат по светот. Земјата на нашите предци ја отуѓивме и таа остана пуста. Големите староседелски духови кои беа длабоко врзани за земјата (јазик, народ – нација, црква, што во името на народот се исполнуваше сми-

слата и индувидуалната егзистеницијa и значењето на колективното содружништво како македонски народ под окупација на Грција, но никогаш не беше прифатено наложувањето на Грчката држава дека во неа Македонците станале Елини), сега беа потиснати од „револуционерните“, поданички сили на НОФ и АФЖ.

Дали ние Македонците токму во овој период под раководство на КПЈ/КПМ, несвесно ѝ го предизвикавме државничкото право на грчката влада (према меѓународното право да нè гони) да ги преземе сите ужасни акции против нас, и да завршат со геноцидни зафати?

Тоа значи, Македонците од НОФ и АФЖ во 1945 – 1946 година, под команда на КПЈ/КПМ беа натерани со своите акции, сосема полека да ја отворат вратата на прогонот и геноцидните акции, за да излезат засекогаш од своите домови и потем жртвувајќи се во редовите на ДАГ, сосем обезличени, со растурени семејства, да се прогонат и да се најдат пред затворена вратата (како луѓе – по род не Грци), за да не се вратат никогаш во своите прадедови огништа.

ГЛАВА ПЕТТА

НЕВИДЕНИ МАНИПУЛАЦИИ – САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ.

Во армискиот весник на ДАГ „Прос ти ники“ (Кон победата) на 10. 3. 1949 година беше објавена паролата „Создавање на независна македонска држава во рамките на Балканска демографска федерација“.

Четиригодишната Граѓанска војна ја промени својата природа. Поточно, причините (целта им беше тотално да се изврши мобилизација на Македонците) поради кои се води војната го променија својот редослед. Мотивите за паролата беа политички и според таквата положба се бараше од Македонците да прифатат тотална мобилизација на целокупното население.

Сувогорски не можеше да издржи, небаре чувствуваше како да му гори оган во стомакот. Си ги поднамести очилата на носот, воздивна и рече:

„Со векови, или соседите нè присвојувале, или меѓусебе сме се убивале. Како што е познато, на II конгрес на НОФ (25–26 март, 1949 г.) работите се одвиваа едноставно во духот на V–от пленум на ЦК на КПГ за самоопределување на независна македонска држава. Основната цел на очувот Захаријадис му беше на II конгрес на НОФ да го прокламира општонародното востание на македонскиот народ и да изврши ТОТАЛНА МОБИЛИЗАЦИЈА И ЧИСТКА.

МАКЕДОНЦИТЕ ПО ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ СЕ ВРАЌААТ НА ПОЗИЦИИТЕ НА БУКУРЕШКИОТ ДОГОВОР (1913).

За последно сакам да изјавам:

Барем за тоа што сè уште е сочувано, да градиме политика на долгорочно самоодржување и развој. А тоа е, само мал дел од македонизмот. Поголемиот дел е загубен и асимилиран преку сурово и неказнето уништување, со користење на геноцид. Да не се прашуваме повеќе што сторила македонската држава туку што сме направиле ние, самите, за македонизмот.

На 27 март таа 1949 година беше основањето на КОЕМ. Тоа се случи по завршувањето на II конгрес на НОФ и КОЕМ. Веднаш беше акцијата со која се повлекуваше посебноста на македонскиот народ и се јавуваше како прв чекор во примената на правото на самоопределувањето. Со тоа, практично, требаше да се повлијае за успехот на спроведуваната „Тотална мобилизација“ на македонското население и планираното испразнување на македонските села од пограничната зона.

ГЛАВА ШЕСТА

КАДРИТЕ НА НОФ И АФЖ СЕ РАСПОРЕДУВААТ ВО БОРБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ

Знаеме ли доволно за „Политичката трагедија на НОФ и АФЖ“ и за Македонците кои минаа низ црното сценарио на историјата на ДАГ и национално – политиките импликации од робувањето на НОФ и АФЖ кон КПЈ/ КПМ и КПГ? Секој сака да знае кој ги намами Македонците под Грција и каква била политико-идеолошката концепција на ТИТО (КПЈ/КПМ).

По налог на генералниот секретар на КПГ, кадрите на НОФ и АФЖ да се регрутираат во борбените редови на ГШ на ДАГ.

Македонските организации НОФ и АФЖ наликуваа на кокошки на кои главата им е откината, ама сè уште претаа, токму поради одземената моќ и беа под строга контрола на разузнавачката служба на КПГ. Беа обележани како „Титови агенти“.

На 3 октомври 1948 година во селото Рудари, Преспа, Леринси округ, беше свикан актив на воено-политичките кадри на НОФ и АФЖ!?

Захаријадис, со своето карактеристично движење стана простум, се потстокми и рече:

–Да зборувам јас, или вие ќе зборувате! Праша тој.

Настана штама и никој од макеонските досегашни раководители не појави смелост ниту да се помрдне...

Захаријадис, по подолгото исчекување, отсечно и уверено им рече:

Дојде времето и јас треба да одам во редовите на ДАГ.

Веднаш се согласив. (На тој состанок беа распоредени сите членови од раководството на НОФ и АФЖ кој каде треба да оди).

ГЛАВА СЕДМА

ИДЕОЛОШКА КАРАНИЦА ЗА ТОА „КОЈ ПОВЕЌЕ ЈА САКА МАКЕДОНИЈА И СО КОГО ДА ЈА ОБЕДИНИ“ ИЛИ „СО КОГО ДА ГО РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ“

Сувогорски го зеде в раце купот белешки од кој на првиот лист пишуваше: „Лични белешки од историјата на Македонците во Граѓанската војна (1945 – 1949)“ година и погледна во сликите на Тито и Захаријадис. Изгледаше како да го притиска некоја огромна сила. Потоа рече:

–Што мислите кој посака да нè разбие нас Македонците?

Состојбите катаден стануваа сè пострашни, бидејќи потекнуваа од највисоките политичари на НОФ, АФЖ и КПГ. Тие потекнуваа од минатото кога беа најмногу манипулирани директно од раководствата на КПЈ и КПГ На средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград, без присуство на Македонците, решија: Македонците од Егејскиот дел на Македонија предводени од НОФ, а раководени од КПЈ/КПМ, да да се стават под раководството на КПГ. НОФ и АФЖ ќе се борат во сојуз со грчкиот народ за спасување на македонскиот народ од физичко истребување.

И токму тогаш идеолошката офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша староседелскиот македонски корен.

Македонските НОФити и АФЖити, со различни ставови и секој со својот став (партиската палка) се вдаде масовно да присобере доволен број преживени борци или бегалци со цел да формира „вистински борци или иднината на Македонија и Македонците од Егејска Македонија да ја решава со Захаријадис или со Тито. Тие што беа со Захаријадис останаа во единиците на ДАГ, а тие што беа со Тито масовно пребегнуваа во Југославија. Се оправдуваа со „Бегајте, Грците нè излагаа“.

ГЛАВА ОСМА

ДРАМАТИЧЕН ПРЕСВРТ. ЈУГОСЛАВИЈА ГИ ЗАТВОРИ ГРАНИЦИТЕ, А МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАСТИ МОЛЧАТ...

На Сувогорски му беше многу тешко да зборува, а сите присутни се имаа сконцерирано токму на последните детали од четиригодишната војна. Проголта уште една чаша вода, го свитка во ролна купчето хартии и за миг стана ужасно бесен:

– Соодветно на политиката на Титова Југославија, ние НОФИТЕ И АФЕЖИТИТЕ, останавме со прстот во уста и широко отворени очи. Значи, нашите браќа Македонци во Вардарска Македонија им ја затвори границата на Македонците борци од Егејска Македонија, кои беа масовно мобилизирани во единиците на ДА.

Политичките пораки беа:

1. Колишевски му порачувал на раководството на НОФ и на АФЖ: „Треба да им верувате и да ги слушате грчките комунисти!“

2. Ц. Узунов–Абас им гарантирал: „Зад вас стои Југославија!“ Значи, сега им ги посочува новите (ОЧУВИ–ПΣІНОПАТЕРАΔΕΣ – Маркос и Захаријадис) и тоа се агитираше сè до крајот на Граѓанската војна. Македонците се саможрт-вуваа, се бореа, се самоископачуваа и на сите Македонци, по војната во 1949 година, не им беше дозволено враќањето бидеејќи не биле „Грци по род“.

Како одеднаш да се заборави дека НОФ и АФЖ беа оформени во Скопје и ги исполуваа препораките на КПМ/КПЈ!?

Овој драматичен пресврт беше еден од најтешките доживувања за македонската нација. Вистинско безумие! Ни се случи нам Македонците и се потврди дека Македонецот бил цврсто контролиран од КПЈ/КПМ и ОЧУВОТ ТИТО.

ГЛАВА ДЕВЕТТА

КРАЈОТ НА ИСТОРИЈАТА НА НОФ И АФЖ

Вистинската „победа“ во Граѓанската војна е токму она што се случи во 1945/49. Револуционерите на НОФ и АФЖ прифатија не само двојна нула туку не успеаја да ги спречат обичните невини селани да ги напуштат своите домови и да заминат низ цела Европа, а исто така добија и длабоки удари на национален план, Македонците доживеаја геноцид. Прво, се чинеше дека овие организации НОФ и АФЖ создале тоталитаристички режим во Егејска Македонија, а тоа беше празно национално јадро.

* **

УНИВЕРЗИТЕТОТ РАБОТЕШЕ ПОВЕЌЕ ГОДИНИ ПО СЛЕДНИТЕ ТЕМИ: КАКО И ОД КОГО БЕШЕ ОРГАНИЗИРАН ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА!?

СЛЕДАТ РЕЛЕВАНТНИ И ПРОВЕРЕНИ ИЗВОРИ

ВАЖНИ СОБИТИЈА ЗА КОИ ЛИЧНО СУМ РАЗГОВАРАЛ СО ПАВЛЕ. РАЗНИ ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО НАШАТА МАКЕДОНСКА СУДБИНА И КОИ СЕ СЛУЧУВАА ВО ПЕРИОДОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945 – 1949), А ТОА МЕ ПОТИКНА ДА ЈА НАПИШАМ ОВАА КНИГА

1 Грчкиот печат односно грчките автори од таборот на десницата (атинската влада) војната (1946–1949) ја нарекуваа со терминот „Антисимритикос аѓон“ (антибандитска борба) што владините сили ја водеа воопшто, не со терминот „Граѓанска војна“. Меѓутоа, колку поразот на ДАГ (Демократска армија на Грција) временски, полека–полека одминуваше, во грчката историографија преовлада терминот Граѓанска војна.

2 БУКУРЕШКАТА ПОДЕЛБА: Последиците на Втората балканска војна е Букурешката конференција за мир од 17 до 28 јули 1913 година (според стариот календар), на која е потпишан Букурешкиот договор со кој Грција и Србија како победнички во војната добиваат 89, 89 отсто од територијата на Македонија, а Бугарија, како поразена страна 10, 11 отсто.

На Конференцијата, зад Грција и Србија стоеле Франција и Велика Британија, додека Бугарите се надевале на поддршката од Русија и Австро-Унгарија. Најмалку половина од преговорите биле потрошени околу тоа дали пристаништето Кавала ќе ѝ припадне на Бугарија (за што се залагала Русија) или на Грција (за што се залагале Франција и Велика Британија со цел да оневозможат Русите преку Бугарија да излезат на Егејското Море).

3 Повод е книгата „Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945 –1949)“, на д-р Ристо Кирјазовски*, постхумно објавена од издавачот „*Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија*“

* Ристо Кирјазовски е роден на 6 јануари 1927 година. Учесник во ДАГ, а во 1949 година, пред да заврши Граѓанската војната, пребега во НР Македонија. Во 1981 година докторира на тема: „Националноослободителниот фронт (НОФ) и другите организации во Егејска Македонија 1945 –1949). Во 1987 година се пензионира. Почина 2002 година во Скопје.

Сталин, како арбитер на Големата алијанса, го подбуцнувал Рузвелт против Черчил; овде, во Техеран во 1943 година, насмевнатиот Ворошилов стои зад својот господар, додека генерал сер Алан Брук (зад Черчил и Рузвелт) потсмешливо го гледа непријатниот сојузник.

Черчил и Сталин во Јалта, во придружба на генерал Власик.

На конференцијата во Потсдам, Сталин, величествен во белата маршалска униформа, позира со Черчил, кого го очекува пораз на изборите, и со новиот претседател на САД Хари Труман, кој го известил дека Америка има атомска бомба. Сталин го презирал Труман, му недостигал Рузвелт, а Черчил го сметал за најсилен меѓу капиталистите.

ПРЕГОВОРИТЕ ВО ЈАЛТА ТРАЕЛЕ ОД 4 ДО 11 ФЕВРУАРИ ВО 1945 ГОДИНА

ДОВЕРЛИВИ ДОКУМЕНТИ ОД АРХИВИТЕ НА СССР ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945 – 1949)

ДО КОГА ЌЕ ЈА ПРИКРИВАМЕ НАЈГОЛЕМАТА И ДАЛЕКУСЕЖНА ИСТРЕБУВАЧКА АКЦИЈА ИЗВРШЕНА НАД МАКЕДОНЦИТЕ И ЌЕ ЖИВЕЕМЕ СО ЧУВСТВО НА НЕПРАВДА И НЕЧОВЕЧНОСТ? ДА СЛУШАМЕ ДЕКА НЕ СМЕ ПОСТОЕЛЕ И НЕ ПОСТОИМЕ, А Е ПОВЕЌЕ ОД ЈАСНО ДЕКА СЕ ПРИКРИВА ИЗВРШЕНИОТ ГЕНОЦИД. СЛЕДАТ ВАЖНИ ИСТОРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ИЗМАМАТА И МАНИПУЛАЦИИТЕ СО НАС МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ПОСЕБНО ОД ККГ, КПМ/КПЈ И НОФ И АФЖ ВО ТЕКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945 – 1949 Г.

Доверливите документи на Министерството за надворешни работи на СССР (Сојуз на Советските Социјалистички Републики). Водачот на КПГ Никос Захарјадис во рацете на Советските органи за безбедност.

ОТВОРЕНИ ОСТАНУВААТ ПРАШАЊАТА:

1) Дали македонските активисти на НОФ и АФЖ биле изворно национално-ослободително движење формирано во Скопје и имале автохтона задача – политичка замисла за остварување на некакви национални цели или беа турнати во масовна чистка и заборавија на македонскиот завет: „Нема поголема доблест да се бранат корените на своите предци“!?

2) Чувствуваат ли вина што ја создадоа организацијата АФЖ и со тоа македонското семејство стана политичко, а тоа Грците не го сторија!?

3) Со задоцнување од цели децении генерал Маркос, во посебни интервјуа за атинскиот весник ТА НЕА и за солунскиот ЕЛИНИКОС ВОРАС, изјави: – Захаријадис ја сакаше таа

катастрофа... Плански работеше за тоа... Бевме предадени од раководството на партијата!* Или: – „Тогаш сè уште немав дојдено до констатација дека Захаријадис е провокатор... Захаријадис ја играше играта на Англичаните и Американците. Дим.

ΤΑ ΔΡΑΜΑΤΙΚΑ ΓΕΓΟΝΟΤΑ
ΤΩΝ ΕΤΩΝ 1946-1949 ΣΤΗΝ ΕΛΛΑΔΑ ΚΑΙ Η ΣΟΒΙΕΤΙΚΗ ΠΟΛΙΤΙΚΗ

ДРАМАТИЧНИТЕ СОБИТИЈА ВО ГОДИНИТЕ 1944-1949
ВО ГРЦИЈА И СОВЕТСКАТА ПОЛИТИКА-СССР
Απορρητα ντοκουμεντα του Υπουργειου Εξωτερικων τη ΕΣΣΔ.
Ο Νικος Ζαχαριαδη στα χεια των σοβιετικων οργανων

– Конференцијата на Јалта траела од 4 до 11 февруари 1945 година. На неа присуствувале претседателите Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешни работи.

– Почетокот на македонското прашање некои западни дипломати го датираат од 1870, кога Русија ја принуди Турција да дозволи формирање на посебна бугарска православна црква – Егзархија, со контрола врз деловите од турската провинција Македонија. Други, го застапуваат мислењето дека тоа прашање датира од 1878, кога на Берлинскиот конгрес било извршено ревидирање на Санстефанскиот договор кој Русија ѝ го наметнала на Турција по Руско – Турската војна. Со Санстефанскиот договор Бугарија ги добила границите што ги исполнувале бугарските национални соништа, – бил доделен целиот дел од Македонија под Југославија, вклучувајќи ги и Врање, Костур, Лерин, Острово и еден мал дел од Егејското Море, западно од Солун. На Берлинскиот конгрес Русија се от-

* Види ЕЛИНИКОС ВОРАС од 3 август 1978 година.

кажала од Санстефанскиот договор, со што Македонија била вратена во рамките на Турција.*

– ЕЛАС – ЕЛАСИТИ. Припадниците на оваа војска се викаа „андартес“ што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против македонскиот народ од постилинденскиот период на грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират грчкото влијание.

На 6 април 1941 година во исто време Германија изврши напад против Југославија и Грција. Во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи. На 27 септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (Народноослободителен фронт) која го повика целокупното население на Грција на отпор против фашизамот и за таа цел на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараа да се организира ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) и дури на 15 февруари 1942 година се појавуваа воените единици на ЕЛАС, Еласити. Во Костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7. 12. 1942 година кој го сочинуваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца Власи.

ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70. 000 еласити, но на 16 јули 1943 година, раководството на Елас и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс потпиша спогодба со која ја потчинува својата команда под англиска за Блискиот Исток, а на 12 февруари 1945 година во Варкиза е потпишан договор со кој практично ја предаде власта на десницата во Грција 1945 година.

– СНОФ (Славомакедонски народен ослободителен фронт) формиран во октомври 1943 година во селото Оснички, Костурско од секретарите на обласниот комитет на КПГ за Западна Македонија: Христос Калфас-Андреас и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андо-

* Види: Документи; Велика Британија и Македонија. (1944 – 1945)

нопулос-Периклис, како и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско, Танасис Карцунис. Сето тоа со умисла да ги разбијат и привлечат комитите со уверување дека веќе се формирани македонски организации. На СНОФ ѝ беше дозволено за еден период да се образуваат еласити од Македонци, само до бројност на еден одред, но по команда на ЕЛАС. Но организацијата СНОФ и воените единици на СНОВ (Славомакедонска народно ослободителна војска) беа расформирани на 26 септември 1944 година, со потпишувањето на договорот во Казерта – мало гратче во Италија, меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандреу и Британскиот штаб за Среден Исток.

Со овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на левите сили и на Македонците во Грција.

– Партискиот весник „Лаили фони“ објавувајќи го фамозното интервју на Бакерѕис му соопштува на светот дека се работи за „булгарофони Елини“, а врховниот командант на ЕЛАС, генерал Стефанос Сарафис, во својата позната книга „О ЕЛАС“ (1946, 331), за Македонците зборува како за „славофони Елини“. И уште нешто што треба да се знае: Грција, по Балканските војни со Нејскиот мировен договор (27. 11. 1919) со Бугарија и во 1923 во Лозана (Швајцарија) со Турција направи етнички промени со т. н задолжителна размена на населението. Македонскиот народ веќе го имаше изгубено етничко–територијалниот статус. Грција и во Втората светска војна ова прашање го елиминира кога командантот на ЕЛАС, ЕАМ и КПГ ги потпишаа договорите (во Либан 16. 07. 1943, Казерта 26. 09 1944, Варкиза 12. 02. 1945) со англискиот полковникот Еди Мајерс и со тоа Грција ја доби заштитата на територијалниот интегритетот на државата со границите – СТАТУС КВО. Понатамошниот развој на настаните покажаа нова БАЛКАНСКА ЗАБЛУДА (1945 – 1949), пак дело на КПГ и КПЈ. Тие нè турнаа во хаос, во македонски нихилизам, грешки, поданство и со губење на огништето – еднакво на национален пораз. Сите

овие демагози кои беа за „вистинитоста“ на паролата за Обединета Македонија, беа свесни за лагата со која се служеа. Тие официјално остануваа на ставот дека македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Но, за нас Македонците, неспорно беше дека ни остануваше само историското неприкосновено право на татковата земја, оти немаше смисла да се живее без идентитет, но дали под туѓинската измама требаше токму така да се саможртвуваме?!

Впрочем, органот на ЦК КПГ, двонеделното списание КОМЕП, број 16, од август 1943 година, убаво објаснува: „Во грчка Македонија нема национална испомешаност... Словенското и турското население се иселени според конвенциите, а грчкото население е собрано од сите земји на Балканот и од Мала Азија во грчка Македонија... која станала толку грчка колку и секоја област на стара Грција!“ (с. 331.).

– Наум Пејов, роден во селото Габреш, Костурско, во 1919 година. Член на КПГ од пред војната. Во 1939 година е уапсен од грчката полиција. Во НОВ е од 1941 година. Командант е на партизанскиот македонски одред „Лазо Трповски“. Член е на окружниот комитет на СНОФ за Костурско. Ја раководи групата борци што ги напуштија воените редови на ЕЛАС и преминаа во Вардарска Македонија во мај 1944 година. Заменик командант е на Првата егејска бригада. По војната зазема разни високи политички и државни функции во СР Македонија.

– Во суштина биле формирани две организации: СНОФ за Костурско, формирана во октомври 1943 година и СНОФ (Која беше формирана од ЕАМ со умисла и предлог на Темпо дека ќе се бори заедно со еласитите и со тоа да ги придобие костурските комити. Организацијата беше строго контролирана од ЕАМ и ЕЛАС од грчки раководители) во Леринско, формирана во ноември истата година во с. Белкамен. Настојувањата организацијата СНОФ да претставува една организациона цели-

на за сите Македонци од егејскиот дел на Македонија, како и барањата организацијата да не дејствува самостојно, односно надвор од рамките на ЕАМ, биле поддржани од КПГ. Треба да се знае и тоа дека во јануари 1944 година од КПГ било дозволено и формирање на воена Славјаномакедонска народноослободителна војска (СНОВ) под директно раководство на ЕАМ и ЕЛАС. Подоцна, токму од овие одреди беше оформена „егејската бригада“ која од составот на ЕЛАС премина во Титовата армија, во Југославија. На 23 април 1945 година во Скопје, по иницијатива на КПЈ/КПМ, од нив биле формирани органициите: НОФ, АФЖ и НОМС и испратени во Македонија под Грција.

– Цветко Узуновски-Абас, одговорен за ОЗНА. На Пленумот на ЦК КПМ, одржан во текот на летните месеци 1945 година, предложил да се заземе фронтален став спрема групата која скршнала и фракционерството. Во таа група биле: Ченто, Венко Марковски, Апостолски, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Петре Пирузе, Благој Хаџи Панзов, помагани од Димитар Влахов.

– Моето долгогодишно истражување има за цел да открие: кој им помогна (одмогна) на Македонците под Грција по поделбата (1913), да си ги сочуваат (напуштат) многувековните цивилизациски традиционални вредности на етничкиот простор и да се дојде под ударот на тотален геноциден зафат над мојот мирен македонски народ?

– Државното партиско раководство на Југославија на седницата на Политбирото на ЦК на КПЈ од 21 март 1945 година се изјасни за изградба на социјализмот во Македонија преку реферирањето на Миха Маринко. Состанокот го заклучи Тито истакнувајќи дека во Македонија сè уште не е изживеан михајловизмот. Тој живее во буржоазијата, па и во селанството. Партијата ги популаризира. Тие треба прво на конкретни

дела да се разоткријат. Македонија треба да се задржува со сопствени сили. Треба да се критикува Ченто во партијата, Влахов треба да се повика овде. Прашањето на тие луѓе треба внимателно да се реши... Македонија сè уште ништо не даде за оваа војна и ние ќе мора да побараме повеќе да дава за војната и обновата на земјата... Потоа набрзо се одржа Пленумот на ЦК КПМ. Види: ставот на Цветко Узунов-Абас.

– Никос Захаријадис е роден на 27 април 1903 година во Одрин (Адријанополис), Источна Тракија. Татко му бил вработен како службеник – експерт во француската трговска компанија за тутун „Рези“ со седиште во Цариград. Никос Захаријадис од 1911 – 1912 година живее во Скопје во населбата „Ибни Пајко“, каде што неговиот татко работел во претставништвото на споменатата компанија „Рези“. Во Скопје Захаријадис оди на училиште. Во 1913 година се преселува во Солун. Во 1922 и 1923 година како морнарски работник допатувал во Советскиот Сојуз, каде се зачленил во КПСС. Во 1924 со размена на населенијата меѓу Турција и Грција, семејството Захаријадис се преселило во Грција. Во 1924 година го посетува познатиот комунистички универзитет за народите од Источна Европа КУТВЕ во Москва. Никос Захаријадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ, од 1936 година до 1956 година. Захаријадис упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и сета доверба во апсолутната непогрешност на КПСС и на Сталин, факт кој како што и самиот призна, многу скапо го плати грчкото комунистичко движење, грчкиот и македонскиот народ и самиот тој. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година.

Како последица од Балканските војни (1912–1913) и со Букурешкиот мировен договор од 28 јуни (10 август) 1913 година, санкциониран од Нејскиот мировен договор од 14/27 ноември 1919 година и од Северскиот мировен договор од 28 јули (10 август) 1920 година, Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија која ги доби Дол-

на Преспа и Голо Брдо. Грција доби 34. 356 км² или 51 % од македонската етничко–историска територија ; Србија 25. 713 км² или 39 %; Бугарија 6. 798 км² или 9, 5 % и Албанија 0. 5 % од македонската–историска територија.

– Види под А/Нејскиот мировен договор и под Б/Лозанскиот. мировен договор.

– Со поддршка на левите политички сили, пред сè на комунистичкото движење, во 1924 година се постигна договор за создавање на ВМРО (об.) за сите делови на Македонија. Беа издадени Декларација и Манифест, во април односно мај 1924 година од програмски карактер. Некои ставови и денес претставуваат посебен интерес. „ВМРО (об.) во својство на вистинска револуционерна сила се бореше за ослободување на раскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници“, се вели во програмските цели.

На 6–тата Конференција на Балканската комунистичка организација (Б. К. О) – која беше призната од КОМИНТЕРНАТА, во март 1924 година официјално се прифати бугарскиот предлог за создавање на „Обединета и независна Македонија“ во рамките на една „Балканска федерација“, но и КОМИНТЕРНА на 5–от Светски конгрес во мај 1924 година го уважи горното решение на БКО (Претставниците на КПГ на овие конгреси Пулиопулос и Максимос, како и други преставници на КПЈ, беа принудени да го прифатат овоа решение, за да не бидат обвинети дека се разбивачи на меѓународното комунистичко движење). И како резултат на 3–от Конгрес на КПЈ што се одржа во Виена во јуни 1926 година, беше прифатено решението на КОМИНТЕРНАТА за создавање на „Независна Македонска држава“ и овој став се потврдува на 4–от Конгрес на КПЈ во октомври 1928 година.

– Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана „Првата егејска бригада“, од борците на двата пребегани баталјони. На 28 декември 1944 година беше распоредна во Западна Македонија: Кичево, Гостивар и Тетово, со задача да се бори против балистичките банди на Џемо и Мефаил, кои биле формирани уште за време на италијанско-германската окупација. Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива), од маршалот Тито, на 2 април 1945 година е побарано расформирање на „Првата егејска бригада“.

– Во 20 век, по поделбата на Македонија во 1913 година и сè до Втората светска војна во Австралија, Америка и Канада беше создадена уште една Македонија. Во годините на Граѓанската војна (1945 – 1949), повеќе од 20 илјади Македонци го дале во залог својот живот за Македонија, други по затворите низ Грција, а голем дел најдоа прибежиште во европските земји: СССР, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, создавајќи уште една емигрантска Македонија, но во душата ја носеа татковината Македонија, посакувајќи во секој миг да се вратат и да се соберат со своите семејства.

Враќањето почна по подобрувањето на односите на Југославија и СССР и со сите источноевропски земји како политички емигранти во Република Македонија. Првата институција во која се сретнаа беше КПД „Идризово“. Имено, таму, во затворот, се вршеше проверка дали семјството што се враќа во својата татковина е југословенски ориентирано, односно на која македонска фракција ѝ припаѓа. Но, во годините што следуваа не важеше изјавата ... се враќам во Македонија затоа што сум Македонец, туку важеа правилата на УДБА.

– Комити – На 5 март 1943 година во Костур е формирана првата вооружена воена единица – Комити во Македонија под Грција. Тие брзо се појавија во 54 села и нивната бројка беше 9850 вооружени селани наречени комити за одбрана од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 година

во Западна Македонија растураа летоци со застрашувачки пароли, против Македонците, и секако против македонските Комити. КПГ на 20 октомври 1943 година ја формира организацијата СНОФ (Славомакедонски народноослободителен фронт) со цел уништување на комитите. А, по уништувањето на комитите во април 1944 година, КПГ донесе решение за расформирање на СНОФ и СОВ и тогаш една група Македонци, кои служеле во ЕЛАС, во знак на протест се одделија од ЕЛАС и се приклучија кон партизанските единици од Вардарска Македонија во Титовата армија.

– Генерал Маркос Вафијадис – комунист, тутунски работник, член на КПГ од 28 година. Член на ЦК на КПГ од 1942 година, втор секретар на бирото на КПГ за Македонија и комесар на Групата дивизии на ЕЛАС во Македонија под Грција. Воен командант и претседател на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна. Во Резолуцијата на ПБ. На ЦК КПГ од 15. 09. 1948 година се вели дека и Маркос Вафијадис како комесар на Групата девизии на ЕЛАС во Македонија следел шовинистичка политика спрема Словеномакедонските борци. (Сл. „Неос космос“ август 1950. „Десет години борба“ стр. 470.)

– На седницата на Претседателството на организацијата „Илинден“ на Македонците од Егејска Македонија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата полковникот Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: „... Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно им лепеше етикета „агент на непријателот“. Врз основа на лажни обвинувања во 1948–1949 година и подоцна, повеќе Славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани... (Ам, Ф–21/1600.

– На 21 февруари 1947 година британската влада ја извести американската влада дека на 31 март истата година, поради економски тешкотии, ќе прекине да ја помага Грција. Американската влада ценеше дека доколку не ги преземе обврските од Британија спрема Грција, ќе се соочи со поголеми последици. За да не се случи тоа, председателот на САД Труман ја соопшти својата доктрина за доделување на 300 милиони долари помош за Грција, односно за заштита на атинскиот режим.

– На 12 февруари 1943 година, во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од една и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба на ЕАМ и ЕЛАС (војската на ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70. 000) уште на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена мисија полковникот Еди Мајерс, потпишаа спогодба со која ја потчинија својата команда под англиската на Блискиот Исток, со што практично ѝ ја предадоа власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

– Британската влада имаше ангажирано бројни сили. Во Солун била извршена концентрација на околу 80 илјади луѓе и бројни моторни возила, тенкови и топови. На аеродромот Серес (12 км од Солун) имало околу 200 британски ловечки авиони и 60 бомбардери.

– За хронологијата на настаните од пеколот на војната, најмногу е користена литература која е наведена на крајот од книгата.

– Шаторов, Методи-Шарло (Прилеп 1897 – Бугарија, септември 1944). Од крајот на Првата светска војна емигрант во Бугарија. Член на БКП од 1920. Во 1929 емигрира во СССР.

Од пролетта 1940 до септември 1941 секретар на ПК КПЈ за Македонија. Се застапува за формирање на сопствена македонска држава и обединување на Македонија, со потенцирање на македонска национална индувидуалност. Отстранет од функцијата секретар (по налог од Тито) по разрешувањето на спорот меѓу КПЈ – БРП – Коминтерна за припадноста на ПК

– Бунтот на Скопското кале и Штип: недела претпладне, 7 јануари 1945 година – Божик. Во офицерскиот дом на плоштадот во Скопје се одржува Вториот конгрес на Народната младина на Македонија. Стотици војници, вооружени, се симнуваат од калето и преку Камениот мост доаѓаат пред Офицерскиот дом. Со транспаренти, извикувања, мешаница, пароли „Не сакаме на Срем, сакаме на Солун“ и „Не на Берлин, туку на Солун“. ОЗНА почнува да ги апси.*

– Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решение на ЦК на КПМ, на почетокот на февруари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија.**

– Големиот револуционер Георги Димитров раководеше со Коминтерната и со Бугарија. Георги Димитров, чие име го има во сите светски енциклопедии, потекнува од македонско семјство. Беше раководител во Комунистичката интернационала во Москва, а во повоените година стана прв човек на бугарската држава.

– Во декември истата 1944 година, Британците испровоцираа вооружен судир со единиците на ЕЛАС во Атина. На 12

* Види: Фокус, стр. 24, Мај 2009 година.

** Види: Паскал Митревски и неговото време 1912 – 1978. од 1992 година.

февруари 1945 година во местото Варкиза надвор од Атина, беше потпишан истоименият договор. По силата на овој договор капитулираа и беа ликвидирани сите единици на ЕЛАС ширум Грција, иако само некои нејзини единици во Атина (главно, од територијалната резерва ЕЛАС) беа победени од здружените сили на Британците и домашната реакција.

Студена војна: Многу историчари кои се занимаваат со поновата историја на Европа и на светот имаат констатирано дека состанокот на „Големата тројка" што се одржа од 17 јули до 5 август 1945 година во градчето Потсдам близу Берлин, во дворецот Селиенкоф, во основа бил бесполезен освен за една историска релевантна последица – отворањето на таканаречената Студена војна. Од тогаш сојузниците на антихитлеровската коалиција Велика Британија (Винстон Черчил), САД (Хари Труман) и Советскиот Сојуз (самодржецот на СССР Јосиф Висарионович Сталин) кои со крајни напори успеаја да го победат германскиот фашизам, престанаа да се сакаат меѓу себе, отворајќи ја онаа етапа во поновата историја што дури подоцна ќе го добие името Студена војна. Железна завеса: Токму на конференцијата во Потсдам Винстон Черчил ја формулира синтагмата за „железната завеса" што ја означи поделбата на Европа на сфери на интерес.

– Политиката на Советскиот Сојуз спрема македонското прашање беше во функција на глобалната политика и стратегија воопшто и спрема Грција посебно. Сталин, македонското прашање, како и односот на Англичаните, Американците и Грците спрема Македонците под Грција, го користеше како покритие за својата политика што ја спроведуваше во земјите кои паднаа под влијание по Втората светска војна. Во текот на Втората светска војна комунистичките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија цврсто го почитуваа декларативниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници. Траба да се знае и тоа: На иницијатива на Сталин е донесена одлука за распуштање на Коминтерна-

та, со што формално е признато правото на самостојност на секоја комунистичка партија и е поддржана тезата: Една држава една партија. Кога тој истиот Сталин со големите сили во Москва (октомври 1944) ја направи делбата на сфери на влијанија и на Балканот границите да останат непроменети. Ете тоа беше одговор на сите кои гледавме спас во Русија. Тоа беше првиот удар и покажува како го изгубивме обединетиот духовен систем т. е нацијата остана без стратегија за духовен опстанок на својот етнички простор на Балканот.

– „Водечките македонски активисти, осудувани од КПГ, беа прифатени од КПМ/КПЈ. Со јавна поддршка на КПМ/КПЈ се конституира Политичка комисија за Егејска Македонија (октомври, 1944), се формира Првата македонска егејска бригада (ноември, 1944, а потоа, наместо нив се формира сенародна политичка организација. Народен ослободителен фронт – НОФ (Истовремено АФЖ и НОМС во април, 1945), чија воено–политичка активност наскоро стана основен белег на времето во тој дел на Македонија.

– Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решение на ЦК на КПМ на почетокот на февруари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија.*

– Караиванов бил специјален Титов разузнувач и агент на советската НКВД и инструктор на Коментерната. Перо Симиќ, во својата книга, „Тито – Тајна на столетието“ за македонското издание ТОПЕР, Скопје 2009 стр. 240, пишува: На Петтиот конгрес на КПЈ во нејзиниот ЦК избран е и енкаведеовецот

* Види: Паскал Митревски и неговото време 1912 – 1978. Од Т. Мамуровски 1992 година.

Иван Караиванов-Шпинер. Три години порано, овој бугарски екстремист не добил очекувана положба во комунистичката власт во Софија, па Тито го повикал, своите амбиции да ги оствари во Југославија. Од железничката станица во Белград заминал право во резиденцијата на Тито на Дедиње:

– Дали докажавте дека нашата партија е верна на револуцијата и на Коминтерната – прашал Валтер.

– И повеќе отколку што треба! – одговорил Караиванов.

... Тито му дал на Караиванов-Шпинер вила на Дедиње, го избрал во својот Централен комитет и му овозможил да стане пратеник во Сојузното собрание на Југославија. Го прогласил за „Јунак на социјалистичката работа“, кого челниците на КПЈ го ословувале со „револуционер кому светот му е татковина“.

– Непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мишо Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија*.

– Според КПГ Трумановата доктрина значи потчинување на Грција на американските интереси, потоа КПГ смета дека Грција под раководство на САД ќе послужи како мостобран против балканските народни републики и Советскиот Сојуз. На 20 јуни 1947 година е потпишан Грчко–американскиот договор за реализација на доктрината. Во договорот е предвидено зајакнувањето на теророт преку примена на планот за масовни апсења, како што се од 9–10 јуни 1947 година и други.

– Пролетта 1947 година македонската организација НОФ постигна крупни политички и организациони успеси. Во редовите на НОФ, АФЖ и НОМС членуваа 16. 349 лица. Во регуларните единици на ДАГ се бореа повеќе од шест илјади Македонци и Македонки. Слободната територија што беше

* Види КОС и УДБА – Акциите и документите на тајните служби.

создадена главно на територијата на Егејскиот дел на Македонија, беше претворена во работилница каде што стари и млади, жени и мажи, работеа за потребите на ДАГ.

– Панихида во Штип за 150 млади, кои беа насилно земени од суверената Југославија и испратени во суверена Грција, во прегратките на смртта во Граѓанската војна, само затоа што тие беа родени таму). На страниците на „Н. М“ од 29 мај 1994 година веќе и отворено се идентификува кој го правел таквиот „национален долг“ и им го покажал патот до „слободата“, на овие млади луѓе, коишто ги оставија коските на Грамос. Тоа е Синдрофос Мичос (како што се претстави: политичар, револуционер и мобилизатор). Тој вели: „... Дојдов во Скопје и за четири месеци испратив стотина борци во редовите на ДАГ“.

– Во градот Костур има биста на генерал Џејмс А. Ван Флит. Како прв човек на американската воена мисија, тој сторил многу за да заврши Граѓанската војна со успех на грчката владина армија.

– Бројката е сè поконкретна и поприфатлива, спрема извештајот на УНСЦОБ, од август 1949 (А/935, стр. 16) во кој се потврдува: „Во периодот на 1948 година, околу 25. 000 Elinopula–Грчиња се иселени од Грција и се сместени на териториите на Северните соседи на Грција и во други земји.“

Во јануари 1950 година, еден претставник на грчкиот Црвен крст, поднесе извештај: „за збирниот број на грчките деца кои добија азил во северните земји на Грција и дека бројката во јануари 1950 година, достигна до 28. 296“. Истовремено, тој даде и една прегледна анализа за збирниот број на децата и во кои земји се стационирани: „Албанија: 2. 000, Бугарија: 2. 600, Унгарија: 3. 000, Полска: 3. 000, Романија: 3. 801, Чехословачка: 2. 235, Југославија: 11. 600. „(Извештајот на УНСЦОБ А/1307, 1950, стр. 23.). Во книгата, за воспитувањето на децата,

од Танасис Мицопулос, се вели дека: „имаше и повеќе од 25. 000 деца, но и Василис Барциотас, прокоментира, дека сме иселиле 25. 000 деца, а владата во Атина, тој број го покачува на 28. 000.“

– (Моја забелешка: навистина КПГ и ДПВ си го одржаа ветувањето пред светот и се изборија по војната да се вратат, но само децата „Грци по род“. Оттогаш, веќе половина век, се слуша само лелекот на македонските родители и на тие деца кои се прашуваат: Зошто КПГ не се погрижи да ги врати Македончињата? Зошто заборавила дека на илјадници од нив, нивни татковци и мајки ги оставиле коските на Грамос, борејќи се само за интересите на КПГ!?)

– Партизанскиот весник (ДАГ) „Ексормиси“ излегуваше на секои петнаесет дена. Се уредуваше и се печатеше на планината Грамос.

– На 16. 06 1949 година Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

– СЛАВОМАКЕДОНЦИ?! Дали ние Македонците по волја наша или на КПГ прифативме да се викаме „Славо–Македонци“? Зошто и како се сложивме со таквиот племенски атрибут кој важеше за идентификација на Македонците Словени. Дали грчките комунисти го направија тоа со умисла и во најголем дел го внесоа и во целокупната историска документација од Граѓанската војна (1945 – 1949), а ние тоа го прифативме, па дури и се гордеевме дека пишуваме историја на Славомакедонците.

Се поставува прашањето: Дали овој прв човек на НОФ, за којшто историографијата вели дека НОФ претставуваше воено политички фактор, тоа го прави од незнаење? Тоа не може да биде, бидејќи тој истиот беше прв човек при формирањето

на организација СНОФ во Костурско (20 октомври 1943 година), но исто така и прв човек на организација НОФ во Скопје (23 април 1945 година).

Грчкото општество (држава) по поделбата на Македонија (1913–1919) година, односно со етничките промени од 1920–1940 година, изработи повеќе или помалку експлицитни правила и модалитети за политичко интервенирање со цел да се справи со културната разнообразност и плуралноста на идентитетите кои настанаа по етничките промени од две поголеми групи: 1. „Вистинските национални припадници со корен – Македонците и 2. „Лажните национални припадници со доселеничко потекло – Маџирите (Пондии). Ставот и целта на грчките влади низ целиот тој период им бил и останува до денес: Да се скрши историскиот спој Македонија – Македонци. И не случајно Македонија под Грција, беше именувана во Воријa Елада.

Грците, добро знаат дека, именувајќи нè во „Славомакедонци“ тоа претставува племенски атрибут на идентификација на Македонците Словени и одговара на периодот пред 4–от век кога се случи големата преселба на народите од старата татковина на Словените и дека немаме ништо со античките Македонци и со нивните атрибути. Значи, целта им е да му кажат на светот дека древна Македонија не е татковина на овие СЛАВОМАКЕДОНЦИ. Тоа и денеска го пропагираат некои од светските медиуми во корист на грчката пропаганда.

Досега, од таквите пропаганди сме доживеале разни толкувања за КОРЕНИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИДЕНТИТЕТИ и тоа: за националниот идентитет има барем три видувања меѓу самите Македонци. Едни ги наоѓаат своите корени во античка Македонија; други, во автохтона словенска струја од деветнаесеттиот век на АСНОМ; додека трети зборуваат за бугарски корени.*

* Види: повеќе информации во мојата книга: „Идеолошкиот активизам над Македонците во Грција“ издавач „Матица македонска“, Скопје 2000 година.

– Извештај на Специјалната комисија на Обединетите нации за Балканот. Генералното Собрание. Официјални Протоколи. (Report of the United Nations Special Kommitee on the Balkans. General Assembly, Official Records): Трето Заседание прилог бр. 8(A/574) со даум 30 јуни 1948), стр. 18 и 29.

– Извештај на Истражната комисија до Советот за безбедност во врска со инцидентите на грчката граница: „Пред да ги дадеме нашите предлози, Комисијата чувствува дека би било корисно, накусо да ја рекапитулира состојбата по должината на северната грчка граница, а нашите предлози се насочени кон ублажување и поправање на ваквата ситуација. Прво, од страна на грчката влада беа изнесени обвинувања дека нејзините три северни соседа ја помагаат герилската војна во Грција. Второ, денес во Грција постои една нарушена ситуација што претставува наследство од минатото, а чии причини можат да се пронајдат во грчкото трагично искуство за време на војната, во нејзината окупација од страна на Италијанците, Германците и Бугарите, во герилската војна што се водела за време на окупацијата, во политичката жестина и економските тешкотии предизвикани од војната.

Следното што треба да се спомене е одбивањето на најголемиот број од споменатите земји да ги прифатат како конечни нивните граници, на начинот на кој тие се дефинирани денеска. Некои од таквите барања на сосема легитимен начин биле покренати пред форумот на Обединетите нации или пред другите надлежни меѓународни тела, но нивното зголемување несомнено ја влошува и без тоа веќе опасната ситуација.

Натаму, во случајот на македонското прашање, барањата не се истакнати пред Обединетите нации, туку во говорите на одделните влади или во органите на печатот контролирани од страна на владите. Искористувањето на македонското прашање на ваков начин, според мислењето на Комисијата, претставува позитивна закана за мирот на Балканот (автор,

подвлекување) и само може дополнително да придонесе на постојните тензии и сомневања и да ги зголеми националните страсти, кои без оглед на воените искуства, не само што воопшто не се намалени, туку дури и се заострени поради нивната идентификација во голем број случаи со политички идеи.

Исто така, како нешто што треба да се спомене, е присуството во Грција, од една, и во Југославија, Бугарија и Албанија, од друга страна, на политичките бегалци од различните територии, кои во голем број учествувале во политичките борби што биле водени во нивните земји за време и по војната. Некои од тие бегалци се сместени во близината на границите на земјата од каде што тие побегнале. Некои пак, за време на нивниот егзил, се ангажирале во политички и воени активности и преголем број од нив, живеат во надеж дека некој насилен пресврт на ситуацијата ќе им овозможи да се вратат во нивните домови, под услови што тие ќе ги изберат. Други бегалци се жртви на паниката што се шири и ако ним им се даде слободен избор, тие со задоволство би се вратиле во своите домови. Меѓутоа, постојаното присуство на сите нив под условите под кои тие живеат во моментов, сосема јасно, сериозно претставува сериозен фактор што придонесува за постојаната ситуација.

Конечно, насилството и нивото на пропаганда што се користи од некои од протагонистите во нивните меѓусебни односи не можеше, а да не биде забележано од страна на Комисијата за време на нејзиниот престој во четирите земји. Вакватa пропаганда секогаш служи за разгорување на страстите, што и онака се поприлично разгорени... Комисијата сугерира Советот за безбедност да ѝ стави до знаење на Грчката влада дека тој е подготвен, ако таа влада тоа го бара, да ги стави на располагање своите добри услуги за да се изнајдат сите можни средства за реализација на таа мерка.

Комисијата даде и свои предлози:

А. Комисијата му предлага на Советот за безбедност тој да им предложи на владите на Грција, од една, и на Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна, тие да направат сè што е во нивна моќ за да воспостават нормални добрососедски односи, да се воздржат од сите директни или индиректни акции... Комисијата верува дека во сферата на нејзината истрага, натамошните случаи на поддршка на оружените банди формирани на територијата на една држава, што преминуваат на територијата на некоја друга држава или одбивањето на владата и покрај барањето на засегнатата држава, да ги преземе сите можни мерки на својата територија за да ги лиши таквите банди од секаков вид помош или заштита, Советот за безбедност треба да го третира како закана за мирот во смисла на Повелбата на Обединетите нации.

Б. За да се обезбеди ефикасна машинерија за регулирање и контрола на нивните заеднички граници, Комисијата предлага Советот за безбедност да им предложи на засегнатите влади тие да склучат нови конвенции по примерот на Грчко-бугарската конвенција од 1931 година, земајќи ги предвид потребите на постојната ситуација. (Грчко-бугарска конвенција за размена на населението).

Значи се предлагаше ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА.

В. За да се реставрираат нормалните услови по должината на границите помеѓу Грција, од една, и Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна, и со самото тоа да се помогне во воспоставување на добрососедските односи, Комисијата препорачува формирање на посебно тело.

– Делегацијата на Советскиот Сојуз приговара на изнесените предлози за грчкото прашање:

„1. Горенаведените предлози на ниту еден начин не произлегуваат од фактите и документите што ги собра Комисијата за време на истражувањето на ситуацијата во Северна Грција и на нејзините северни граници, туку тие се втемелени само на некои незасновани претпоставки на грчката влада во

врска со пружањето помош на ѓерилата од страна на северните соседи на Грција.

2. Предлозите ја прифаќаат можноста за постоење на гранични инциденти, конфликти, па дури и акти на агресија, во иднина, во односите помеѓу Грција, од една, и Југославија, Бугарија и Албанија од друга страна, и покрај тоа што Комисијата нема никакви основи за давање предлог од ваква природа.

3. Предлозите предвидуваат мерки што се однесуваат не само на Грција, туку на Југославија, Бугарија и Албанија исто така, иако од документите што ѝ беа на располагање на Комисијата, сосема е очигледно дека во Грција постои тензична ситуација. Тамошните нереди не се случуваат само во северниот дел, туку во цела земја и таквата ситуација во Грција е последица на внатрешни причини.

4. Воспоставувањето на постојана гранична комисија или на тело што би го преставувало Советот за безбедност, на начин како што се предвидува со предлозите, како и склучување на конвенции и договори меѓу Грција, Југославија, Бугарија и Албанија, во огромна мерка претставува ограничување на суверените права на тие држави во решавањето на нивните меѓусебни односи.“

– Полската делегација ги изнесе следниве приговори на предлозите од Комисијата за грчкото прашање:

„1. Мерките во целост се неефикасни, бидејќи тие ги земаат предвид само симптомите, а не и причините за неприликите што постојат во северна Грција и по должината на северната граница. Фактот што предложените мерки се неефикасни, може лесно да го загрози престижот на Обединетите нации.

2. Некои од предложените мерки се чини дека не го земаат предвид фактот што не постојат дипломатски односи меѓу Грција, од една страна и Бугарија и Албанија, од друга страна.

3. Во врска со предлогот изнесен под Б, во кој се сугерира формирање на постојано контролно тело, оваа мерка се чини несоодветна заради следните причини:

(а) таквото контролно тело ќе ги загрози суверените права на Грција, како и на Албанија, Бугарија и Југославија.

(б) тоа ќе претставува мерка на присила во однос на Албанија, Бугарија и Југославија. Оваа мерка, на ниту еден начин нема да биде оправдана со резултатите до кои дојде истрагата на Комисијата. Токму затоа, наместо да доведе до подобрување на постојните тешкотии, таа може да доведе до сосема спротивни резултати.

– 53 „Репатрирање на грчките деца“ – „Repatriation of Greek Children“. (First Joint Report by International of the Red Cross and the League of Red Cros Societies), Женева, 5 октомври 1949, стр. 2

– Резолуцијата на Инфорбирото, ПБ на ЦК на КПГ ја прифати на 30 јуни 1948 година, а ЦК на КПГ на својот Четврти пленум, одржан на 28 и 29 јули 1948 година

– Случајот го паметам како денес и сè уште при секое потсетување во овие изминати 64 години, ми носи горчина. Нашата единица која вршеше минирање на одредени борбени сектори во областа Вичо и Бела вода, беше привремено стационирана во селото Буковиќ. Еден ден се вцасив, кога видов колона од полуголи и гладни старци, родители на кои децата им беа насилно мобилизирани во единиците на ДАГ, а некои и загинати. Логорот беше лоциран меѓу месноста на селата Бесвина и Буковиќ.

– Според Владимир Дедијер, Титов дипломат и разузнувач, бригадниот генерал Фицрој Меклин спаѓа во врвот на разузнавачите во Британија и Европа во тоа време! Меклин бил личен пријател на Черчил, а како негови достигнувања

се смета тоа што прв дознал и јавил за постигнувањето на тајниот пакт помеѓу Хитлер и Сталин, како и откривањето на плановите и движењата на германскиот генерал Ромел во северна Африка. Меклин е определен да организира контакти и сојузничка поддршка за партизаните на Тито. Тој дошол во Југославија во 1943 година спуштајќи се со падобран заедно со радиотелеграфистот Бил Дикинс, задолжени за контакт со партизаните. Меклин бил дипломатски службеник во Москва и имал искуства и сознанија за комунистичката идеологија и дејствување. Тито посебно го ценел Меклин. По војната го сметал за свој пријател и му подарил куќа на островот Корчула. Фицрој Меклин ја посетувал куќата на Корчула речиси сè до својата смрт, во март 1996 година.

– На 23. 04. 1945 година, во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно ослободителен фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето сè до т. н. „Братство и единство“ помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ сè до ликвидацијата на ДАГ и нејзиното расформирање, а нејзиното раководство, беше интернирано во логорите на Сибир.

– Холокауст: жртви што горат во ритуален пламен или жртви што страдаат во пожар – (терминов се употребува и за страдањето на Евреите во фашистичките крематориуми).

– Евангелос Кофос, студирал на универзитетот „Џорџтаун“ во САД и дипломирал на темата „Македонското прашање“. Кофос е идеологот на грчката политика кон нашата земја во однос на името. Во клучните години, кога се решаваше нашата судбина за признавањето на државата, приемот во ООН, сè до крајот на 1995 година, или нешто подоцна, тој беше шеф на штабот при грчкото МНР, кој го отвори и го менацираше спо-

рот. Сите овие години работел на „Македонското прашање“. Во 50–тите години и периодот по 1991–та, кога тој се обидува да го затвори ова прашање. Еднаш засекогаш. Тој е идеологот и архитектот кој ја дефинирал суштината на грчката политика во спорот.

Има издадено неколку книги преку Институтот за Балкански студии во Солун. Една од нив е: Кофос, Евангелос, Nationalism end Communism in Makedonia (Tesaloniki: Institute for Balkan Studies, 2964)

– Нејскиот мировен договор: Како земја–губитничка во Првата светска војна, Бугарија потпиша мировен договор со кој изгуби многу од своите територии. Така, Добруџа ѝ припадна на Романија, Тракија на Грција, Струмица, Димитровград (Тогашен Цариброд) и Босилеград на Србија. На страната на бугарската армија се бележат 8. 750 мртви војници и офицери и 152 илјади ранети, додека на нејзината територија имало 275 илјади цивилни жртви.

– ОЗНА и односно УДБА (Одделот за заштита на народот – Управа за државна безбедност), КОС (контраразузнавачки сектор на ЈНА), и СИД (Служба за информирање и документација при Министерството за надворешни работи на Југославија).

– Специјален Титов разузнувач бил и Иван Караиванов, агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерната. Непосредни соработници и инструктори на генералот Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мило Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија. Слободан Марковиќ имал задача по потреба илегално безбедно да го донесе и враќа од Белград генералот Вафијадис. (Види: КОС и УДБА – Акциите и документите на тајните служби).

– Александар Ранковиќ, со партизански прекар Марко, е роден на 28 ноември 1909, во околината на Обреновац, Србија, творец на КОС и УДБА и нивна жртва.

– Неколку дена пред Новата 1945 година, во Скопје се одржува Второто заседание на АСНОМ, означено и како вонредно, на кое 'великанот' Јосип Броз не доаѓа. Го праќа Словенецот Едвард Кардељ–Бевц. Маѓепсан од величината на гостинот, Колишевски понизно го слуша, а тој пак, без стеснување, на заминување му соопштува непријатни работи. Ближи крајот на војната, му рекол Кардељ на Колишевски, а со тоа ближи и денот кога ќе се поднесуваат сметки кој колку сторил. На сметката на Македонија има пет големи минуси: најдоцна почна со востанието, најудобно ја мина окупацијата, имаше најмали разурнувања, имаше најмалку жртви и, конечно, не учествуваше во ослободувањето на Југославија.

Лазо избезумен го прашал Кардељ што да прави. Овој ладнокрвно му одговорил: „Првите три работи не може да се исправат. Затоа ОЗНА треба веднаш да почне да апси и да стрела, а вие да пратите голема единица на Сремскиот фронт". Поопширно: Дарко Јаневски Фокус: Дали знаеме сè за бунтот на Кале во јануари 1949 година."

– Германос Каравангелис е роден во 1866 година во с. Стипси на островот Лезбос. Завршува на Минхенскиот универзитет со голем успех и желбата му била да се посвети на просветата како професор по теологија, но по барање на грчката влада во 1900 година е назначен за Митрополит на Костурската Епархија. Каравангелис за кратко време по сите костурски села создава цела мрежа од свештеници, учители и други, кои ги поткупувал со златни лири. Тој во своите спомени детално ги опишува акциите и најсуровите методи што ги вршел при погрчувањето заедно со Павлос Мелас, началник и организатор на грчките андарски чети, кои се појавија во Македонија во 1901 година.

– ПАО – Пауцидес (Сегрчка ослободителна организација) која ја сочинуваа поранешни полициски началници и офицери на поранешната грчка армија (ЕС) и други разни националистички антинародни елементи. Организацијата ПАО во соработка со воено-окупационите власти се обидуваше во редовите на ЕЛАС да инфилтрира свои офицери и агенти со задача да ги ликвидираат партизаните еласити-комунисти. Такви инфилтрирани офицери како Кирцидакис, Зисис и Мандаропулос беа осудени и физички ликвидирани кон крајот на април 1943 година.

Сликата е направена во Алма-ата, по излегувањето од сибирските затвори. Но, по меѓусебните политички расправи, кога сите дојдоа во Скопје, а Павле Раковски, посака да се вратат кај борците во Ташкент и да побараат одговорност од КПГ, тие го прогласија за руски шпион. И кога сите се вратија во Скопје му ја „исекоа“ главата и пред југословенскиот режим го прогласија за руски шпион. А токму во тој период беше најжестоката расправија по меѓу Сталин и Тито. Сликата ја објави Драган КЛЈАКИЧ во книгата „Генерал Маркос“ во 1979 година.

ГЛАВА ДЕСЕТТА

КАКО И КОИ БЕА ТИЕ ШТО ЈА РЕШАВАА СУДБИНАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ГОДИНИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1940–1949)

Сувогорски извади една вкоричена книга со наслов:
ЗА МАНИПУЛАЦИИТЕ И ЛИЦЕМЕРИЈАТА НА КПГ
НЕПОБИТНИ ФАКТИ

Πηγη: Од Мемоарите на Маркос Вафијадис

ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ МАНИПУЛАЦИИ И ЛИЦЕМЕРИЈА НАД МАКЕДОНЦИТЕ ШТО ГИ ВРШЕЛЕ ГЛАВНИ-

ТЕ ВОДАЧИ ВО ГРАЃАНСКАТА БИЛЕ: МАРКОС ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРИВРЕМЕНАТА ВЛАДА И ЗАХАРИЈАДИС СЕКРЕТАР НА КПГ

ЗНАЧИ ГЛАВНИТЕ АКТЕРИ ШТО ЈА ПРОЕКТИРАА И РЕШАВАА СУДБИНА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ГОДИНИТЕ НА ГРАЃАНСКА ВОЈНА (1945 – 1949) СЕГА СЕ ЗНААТ, А НИЕ МАКЕДОЦИТЕ ДОЖИВЕАВМЕ ГЕНОЦИД И МОЛЧИМЕ!

ДА ГИ ПРОСЛЕДИМЕ СИТЕ МАНИПУЛАЦИИ И ЛИЦЕМЕРИЈА ШТО СЕ ПРАВЕНИ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПРЕКУ КПГ (НОФ И АФЖ – КОЛИШЕВСКИ И ТИТО .

ИЗВОР: ΤΟ ΑΡΧΕΙΟ ΤΟΥ ΕΜΦΥΛΙΟΥ (Воениот архив на Грција за Граѓанската војна)

Каква беше политиката на ККЕ (КПГ) по Македонското прашање!?

Следува од оставината на Генерал МАРКОС ВАФИЈАДИС: Η πολιτική του Κ. Κ. Ε. για το «Μακεδονικό» από τον Μεσοπόλεμο ως τον Εμφύλιο σύμφωνα με τον Μάρκο Βαφειάδη 4 Ιωάννης Φιλίστωρ 4 Μαρτίου 2010-

Превод:

Политиката на КПГ за „Македонското прашање“ од меѓувојните до Граѓанската војна во согласност со исказите на Марко Вафијадис.

(4. Иоанис Филистор. 4 Март 2011)

ИЗВОР: ΤΟ ΑΡΧΕΙΟ ΤΟΥ ΕΜφΥΛΙΟΥ (Воениот архив на Грција за Граѓанската војна)

Μάρκος Βαφιαδης

Ο Μάρκος Βαφιαδης υπήρξε ένας από τους μεγάλους πρωταγωνιστές του ΚΚΕ σε όλη την διάρκεια της Κατοχής και του Εμφυλίου. Ήταν αρχικαπετάνιος των δυνάμεων του ΕΛΑΣ στην Δυτική Μακεδονία, αρχιστράτηγος του ΔΣΕ και «πρωθυπουργός» της «προσωρινής Δημοκρατικής κυβέρνησης» που σχηματίστηκε στην ζώνη που ήλεγχε ο ΔΣΕ στα χρόνια του εμφυλίου, που όμως δεν αναγνωρίστηκε από καμία κυβέρνηση γιατί δεν είχε εγκατασταθεί σε κάποια μεγάλη πόλη. Στα τέλη του 1948 παύθηκε με συνοπτικές διαδικασίες από τα αξιώματα του από τον Ζαχαριάδη και έμεινε εξόριστος στην ΕΣΣΔ για 23 χρόνια. Επιστρέφοντας στην Ελλάδα

αποφάσισε να καταγράψει τις αναμνήσεις του από την περίοδο στην οποία πρωταγωνίστησε. Τα απομνημονεύματα του Βαφειάδη παρουσιάζουν ένα ενδιαφέρον και αποτελούν μια ολομέτωπη αχαλίνωτη επίθεση κατά του Ζαχαριάδη και του κύκλου των στελεχών που τον στήριξε (Ιωαννίδη, Μπαρτζιώτα, Βοντίτσιο, Ρούσσο, Κίσσαβο κτλ), τους οποίους ο Βαφειάδης τους κατηγορεί ανοιχτά ως προδότες του αγώνα του ΔΣΕ. Επειδή ακριβώς διετέλεσε αρχηγός του ΕΛΑΣ στην Δυτική Μακεδονία και καταγόταν από την ευρύτερη περιοχή της, γνώριζε αρκετά καλά την πολιτική που ακολούθησε το ΚΚΕ για την Μακεδονία. **Την πολιτική αυτή περιγράφει στο ακόλουθο απόσπασμα**, υπογραμμίζοντας πάντως πως ο ίδιος αποδοκίμαζε την τακτική αυτή και με την εισήγηση του στην 4η ολομέλεια της κεντρικής επιτροπής το 1948, **αλλά και με την πολιτική αφοπλισμού που ακολούθησε για τις μονάδες των σλαβόφονων αυτονομιστών του Goce.** «... πρέπει να σημειώσουμε πως οι κάθε φορά αλλαγές στην στρατηγική επιδίωξη του ΚΚΕ στο «Μακεδονικό» δεν ήταν πέρα για πέρα αυτόβουλες **αλλά και προϊόν αναπροσαρμογής σε θέσεις–αποφάσεις των διεθνών βαλκανικών κομματικών οργάνων, πα να πει ήταν αποφάσεις**

Следува преводот:

Маркос Вафијадис

А за нас Македонците кој е Маркос Вафијадис? Колонист од Средна Азија, Грк по род, во Македонија доселен во 1924 година и вработен како тутуноработник. Тој, по Граѓанската војна, се врати во Грција, на Атинскиот аеродром го дочека началникот на генералштабот на воените сили на Грција за време на Граѓанската војна, и од сè срце се прегрнаа. На прашањето на новинарката од неделникот „Епикера“: Во што беше смислата на неговата борба, Маркос одговорил: „Смислата беше во тоа што ги протеравме Славомакедонците од

северните краеви на Грција и Македонија да остане грчка.“ Види „Нова Македонија“, 25. 02. 1992. Ете зошто се борел во Граѓанската војна како комунист, а ние се саможртвувавме затоа што им верувавме на комунистите дека ќе ни го решат – „Македонското прашање“

Νίκος Ζαχαριάδης

Το 1946 ο Ζαχαριάδης με την συμφωνία Τίτο – Πασχάλη* – Ζαχαριάδη τους δίνει την Μακεδονία ολόκληρη μαζί με την Θεσσαλονίκη, όπως και στην 5η ολομέλεια του 1949, δημόσια

Превод:

Во 1946 Захаријадис со договорот Тито– Паскал–Захаријадис им ја дава цела Македонија заедно со Солун, како и на 5–от пленум во 1949, објавено дека се решева и засекогаш и незавсна и со нејзините државнички надлежности и за Тра-

кија, нарушувајќи го бесрамно договорот на 6-от Конгрес на КПГ за малцинствата...

*Паскал Митровски од должноста секретар на политичката комисија на Македонците под Грција, по решение на ЦК на КПМ на почетокот на февруари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија (Види: Паскал

Митровски и неговото време 1912–1978. од 1992 година)

Σύμφωνα με τον Βαφειάδη πάντα, η αλλαγή πολιτικής του Ζαχαριάδη στην 5η ολομέλεια και η στροφή του για «ανεξάρτητη Μακεδονία» έγινε στην προσπάθεια του να ενεργοποίησει περαιτέρω την συμμετοχή των σλαβομακεδόνων στις γραμμές του ΔΣΕ, αποσπώντας τον καθοδηγητή τους Πασχάλη από την παράταξη του Τίτο στην Γιουγκοσλαβία, που πλέον μετά την ρήξη του με τον Στάλιν δεν είχε διάθεση να βοηθήσει τον ΔΣΕ. Έτσι

μετά την (ομόφωνη πλην Βαφειάδη) απόφαση της 5ης ολομέλειας τον Ιανουάριο του 1949, ο Πασχάλης υπουργοποιήθηκε στην «προσωρινή Δημοκρατική Κυβέρνηση» και ο Βαφειάδης βρέθηκε κατηγορούμενος ως σωβινιστής, στερήθηκε όλων των αξιωμάτων του και του δόθηκε άδεια επ΄ αορίστου για «λόγους υγείας».

Превод:

Зошто Паскал е поставен за министер, Маркос и Тито тврдат: Се согласувам со Вафијадис секогаш, промената на политиката на Захаријадис на 5-от Пленум и свртувањето кон „Независна Македонија“, се направи со цел за да ги активира луѓето од Македонија-Македонците Славомакедонци масовно да учествуваат во редовите на ДАГ, одделувајќи ги од водачот нивни Паскали од воената-политичка послушност кон Тито Види кој е ТИТО? (Во центар со Васко Ефтов, недела (09. 10. 2016)vo 18: 50) Канал 5.

ПОСЛЕДНОТО ПРЕДАВАЊЕ НА СУВОГОРСКИ

ЗА ВРЕМЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945–1949) ЗА НАС МАКЕДОНЦИТЕ (ПОСЕБНО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ НА ВОЈНАТА) КОГА ИДЕОЛОГИЈАТА СЕ ИМАШЕ ПРЕТВОРЕНО ВО ТЕРОР ТОГАШ НАД МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПОЈАВИ КАКО НОВА ФОРМА НА ВЛАДЕЕЊЕ ОД СТРАНА НА КПГ.

Сувогорски, го положи ракописот над една расклатена маса, зазеде став и се вдаде во прелистување на пожолтените белешки со течно објаснување на историските настани во кои и тој бил член, во една од новоформираните организации НОФ. Сега признава како дисциплинирано и полека ги прифаќал потскриените намери на КПГ за нашето обезмакедончување. Тој вели: „Колективната и поединечната траума сè уште се отворена македонска рана. Македонскиот народ е избришан од својата родна вековна земја и прогласен за виновен. Секој слободноумен човек ќе се запраша: Како може народ кој дал 20. 000 жртви да доживее ГЕНОЦИД И ДА БИДЕ ВИНОВЕН!?“

* * *

Долго остана занемен, чиниш чекаше одговор од нас уплашените наседнати над расклатените железни кревети. Но, во еден миг продолжи: (Забележав дека отворена му беше книгата од ХАНА АРЕНТ, род. 1906 г. во Германија. –ИЗВОРИТЕ НА ТОТАЛИТАРИЗМОТ)

– СО НАПУШТАЊЕТО НА БОЛШЕВИЧКА ИДЕОЛОИЈА КПГСЕ ПРЕТВОРИ ВО МОДЕЛ НА ТЕРОР, КАКО НОВА ФОРМА НА ВЛАДЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА.

Македонските организации НОФ и АФЖ, сега под диктат на КПГ служеа за агитирање. Сега КПГ како господар со свои-

те пропаганди и лаги, го прави тоа што до вчера го правеа овие македонски организации во корист на КПЈ.

Или поточно, ја влечеа, ја туркаа сè подалеку Македонија од реалната суштина по Втората светска војна. Можеби на почетокот имале други мотиви, но покасно почна да царува стравот. Од страв луѓето станаа зли, сурови и подли, а некои дарежливи и добри.

За нас Македонците под Грција, се влечеа дебели конци однадвор, и четири години нè лажеа со извртената слика за нашата македонска вистина и желби за обединета Македонија.

Така почна демакедончувањето од страна на комунистичките партии. Македонците се најдоа поделени. Приврзаниците кон КПГ или кон КПМ/КПЈ кои до вчера нудеа „Обединета Македонија“ сега тоа го правеа преку КПГ и целата акција ја води генералниот секретар Никос Захаријадис

Тоа се случи на истиот начин на кој Сталин ја имаше сменето руската еднопартиска диктатура во тотаталитарен режим, а револуционерните комунистички партии по целиот свет во тоталитарни движења. Преку ликвидирање на фракциите, напуштање на внатрешно-партиската демократија и трансформирање на националните комунистички партии во ограноци на Коминтерната раководени од Москва. Сега Захаријадис, настапува по истиот модел

Тој лично, на 5-от пленум на ЦК КПГ (фрлајќи ја идеолошката јадица), официјално вели: **„Хероизмот на Славомакедонците и таквата самопожртваност предизвикува восхит.**

А пак во релноста кај нас Македонците животот беше сосема поинаков. Она што ни се случуваше од комунистичките партии КПГ и КПЈ, македонските организации НОФ и АФЖ, (вклучувајќи ме и мене како РАКОВСКИ) кои имавме изгубено контакт со реалниот свет на македонскот народ му ја пеевме истата песна. ЗАХАРИЈАДИС продолжуваше да нè лаже, да правиме планови за нашата иднината, а децата -Македон-

чиња, веќе беа протерани низ светот. Тоа беше како да е извршен планираниот геноцид.

СУВОГОРСКИ ПРОДОЛЖИ:

ДА ГИ ПРОСЛЕДИМЕ СИТЕ ИДЕОЛОШКИ „ПОФАЛБИ“ (ИЗМАМИ) НА КПГ и КПЈ

1) Дословно текстот–резолуција на 5–от пленум на ЦК КПГ од крајот на јануари 1949 година гласи: „Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде сè за борбата и се бори со таков хероизам и таква самопожртвуваност што предизвикуваат восхит. Не треба да постои никакво сомнење дака како резултат од победата на ДАГ и народната револуција, македонскиот народ ќе го оствари своето потполно национално воспоставување така, како што самиот сака, проливајќи ја денес својата крв“ (ΤΟ ΚΚΕ ΑΠ ΤΟ 1931–1942, σ. 155. ИЛИ: ΔΕΜΟΚΡΑΤΗΚΟΣ ΣΤΡΑΤΟΣ, бр. 2/1949).

2) Ова се изрази и терминологија во говорот на III вонреден конгрес на КПГ од декември 1924 година!(ΤΟ ΚΚΕ, официјални текстови, т. 1. 1924, ПЛЕ 1964, с, 515)... Три дена по 5–от пленум на ЦК КПГ (30–31 јануари, 1949), на 2–от Пленум на Централниот совет на НОФ (3–4 февруари 1949) Захаријадис, кој тогаш лично раководеше со работите на НОФ, „предложи“ готова резолуција, која беше усвоена со јавно гласање на (кревање рака). Во неа, меѓу другото, се вели: „2–от пленум одлучи да се свика 2–от конгрес на НОФ во текот на март 1949 година... Вториот конгрес на НОФ ќе ги прокламира новите програмски принципи на НОФ што преставуваат вековен стремеж на нашиот народ. Вториот конгрес го ПРОГЛАСИ ОБЕДИНУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ЕДНА ЕДИНСТВЕНА НЕЗАВИСНА И РАМНОПРАВНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО РАМКИТЕ НА НАРОДНОДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ!“ (Види: Непокорен, од 15 февруари 1949 година).

Ете каква била идеолошката замка!? Токму во реалноста во која се наоѓаше македонскиот народ под Грција, на прого-

нот од своите огништа, му се предлага самоопределување од челниците на КПГ.

Јасно се гледа како и од кого се правеа најголемите манипулации со нас Македонците под Грција по Втората светска војна. Ја диктираа политиката од измама во измама.

Ние Македонците, дури при крајот на Граѓанската војна (Водени насилно од македонските организации НОФ, АФЖ, КОМУНИСТИЧКИТЕ ПАРТИИ (КПГ и КПЈ/КПМ) сфатвме дека доживеавме национална човечка катастрофа и се најдовме по светот затоа што не сме биле „Грци по род".

Сувогорски малку подналутено вели:

ФАКТ Е ДЕКА НАД МАКЕДОЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ВРЕМЕТОТО НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945–1949) Е ИЗРШЕН ГЕНОЦИД ОД НАЈНИЗОК ЧОВЕЧКИ ЧИН

28. 000 деца со билет во една насока, но само за Македончињата. Насилно чедособирство – едократство на деца на возраст од 3 до 14 години од страна на грчката кралица и од комунистите – под мотивот: „да се спасат децата". Таквите зафати беа со политичка умисла и претставуваат деградација на човековото достоинство и најубиствено ранување на македонската нација, прогонот и маршот ЧИН НА ОДРОДУВАЊЕ. Види–„ Η αληθεια για τα παιδια της Ελλαδας, ЕВП, 1952"
Вршени се геноцидни зафати со знање на КПГ

1.) БРИШЕЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ – ИМЕТО И ПРЕЗИМЕТО НА ДЕТЕТО БЕШЕ ЗАМЕНЕТО СО СПЕЦИЈАЛНА БРОНЗЕНА ПЛОЧКА ШТО ТРЕБАШЕ ДА СЕ НОСИ НА ВРАТ СО ЛИКОТ НА ГЕНЕРАЛ МАРКОС И АРИТМЕТЧКИ БРОЈ ОД: 1, 2, 3....

Едно дете вели : Јас добив број 521 и кога ме прозиваа на романски, требаше да се јавам на зборовите „Чинч суте доузеч ши уно". Ете македонското дете во срцето на Европа и светот се најде под број наместо со ИМЕ и ПРЕЗИМЕ. Од Македонштината не остана ништо!?

2). ВО ЧИЈ ДУХ СЕ ВОСПИТУВАЛЕ ДЕЦАТА?

(Ете што останало во сеќавањата на едно дете, зборува авторт на книгата: РАПТНΣ ΜΙΗΑΛΗΣ: <Τυχεροι μεσα στην Ατυχια>. (Среќни во несреќата). Раскажува Михалис Раптис: Детските живеалишта: Тулгеш, Синаја, Орадеа, Роман, и Клуз на Р Романија и ги слушавме ненаситно хронографиите на Апостоли Спилиу, кои се пренесуваа со кристален глас од сите мои другари. На крајот од секое емитување избувнувавме со чудна посветеност и викавме:

„Да живее Д. А. Г!“

„Да живее Маркос!“

„Непријателот нема да стапне на Грамос и Вичо!“

„Чиј е Маркос?!“, викнуваше некој, а ние одговаравме во еден глас:

„Наш е Маркос!“

„Ние чии сме?!“

„На Маркос!!“, одговаравме, повторно во еден слеан глас.

По сменувањето на Маркос Вафијадис од главнокомандувач генерал на Главниот штаб на ДАГ, на негово место сега во нашите усти небаре ни го поставија Никос Захаријадис, генерален секретар на КПГ и пак викавме со исто возбудување и живост, но и фанатизам како што викавме за Маркос... Тоа ни беше секојдневна молитва. Партијата, за нас децата и обичните членови на партијата беа престорени во фетиш, на што им придававме магична и надприродна сила. Си спомнувам дека не ја разликувавме партијата од раководството, таа невидена моќ, таа надсила и невидимото мудро раководство, со својот механизам... Небаре на сите членови на П. Б (Полит–Бирото) и на тоа раководство како главен бог да беше Никос Захаријадис...“

По измените (ликвидацијата на ДАГ). „... Сè за Борбата на народот наш! (се мисли на грчкиот).“ Се изменија работите, се измени името на радиостаницата... Ќе слушате отсега појасно и почисто, но не „Гласот на слободна Грција“, таа отиде, сега ќе продолжиме да ја слушаме „Гласот на Слободата“.

3) РЕГРУТАЦИЈА ЗА ПРАЌАЊЕ НА ФРОНТОВИТЕ НА ВИЧ И ГРАМОС НА ОДЗЕМЕНИТЕ ДЕЦА КОИ ВЕЌЕ БЕА ЗГРИЖЕНИ ВО НЕКОИ РЕПУБЛИКИ БЕЗ НИКАКВА ВОЕНА ПОДГОТОВКА.

Во залудните напори за решение на проблемот на резервите на ДАГ, раководството на КПГ презеде потег со кој во голема мера беше девалвиран проколамираниот хуманитарен карактер и мотив на евакуација на децата. Имено, во април–мај 1949 година ГШ на ДАГ ПДВ решија да извршат регрутација на нови борци од редовите на евакуираните деца во источните европските земји. За таа цел, беа издадени соодветни наредби и директиви и беа испратени специјални емисари. Регрутацијата на децата се вршеше со широка пропаганда и со примена на притисок, не по возраст, туку по висина, и на тој начин беа регрутирани деца на возраст од 12–13 години.

ТОА ПОКАЖУВА ДЕКА МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НОФ И АФЖ, СПРЕМА РАКОВОДСТВОТО НА КПГ БЕА ТОЛКУ СЕРВИЛНИ ШТО СЕТО ТОА ГО ПРЕМОЛЧИЈА.

СЕ ПРАШУВАМ КАКО ДА СЕ ИМЕНУВА ЗЛОСТОРСТВОТО

Токму ние со македонските организации НОФ и АФЖ покажавме дека не ги познававме суровите реалности на меѓународната политика (силните го прават она што можат, а слабите она што мораат).

Истражувањата покажуваат дека ние Македонците масовно бевме турнати како во стапица за глувци. Наводно чекориме по **„Патот на слободата“** низ поданичкиот идеолошки активизам (без свое раководство и своја македонска стратегија, а нѐ доведоа на **„Патиштата на прогонот и големите преселби“** и го изгубивме прадедовото огниште**?!** Значи, учествувајќи слепо и покорно пред КПГ и асистирањето од КПЈ македонскиот народ доживеа невиден ГЕНОЦИД.

ЗОШТО ТАКА СЕ СЛУЧУВАШЕ СО НАС МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА?!

Во книгата „Петте судбоносни години во Ег. Македонија (1945 –1949)“ Кирјазовски (издадена но, не во „ Институтот за

национална историја“ туку издавач е канцеларијата на „Децата бегалци“. Киријазовски сè што досега се прикриваше, го разоткрива и потврдува дека: „На 23 април 1945 година по иницијатива и раководство на КПЈ – КПМ во Скопје е оформена организацијата НОФ (Народноослободителен фронт) на Македонците од Егејска Македонија. Едновремено во состав на НОФ беа формирани: женската организација АФЖ и младинската организација НОМС. (15).

Всушност, се работи за проширување на дејноста на истоимените организации од Вардарскиот во Егејскиот дел на Македонија. Членовите на главното раководство, речиси беа демобилизирани борци од Првата егејска македонска бригада.

Работата на НОФ ја раководеа инструктори на ЦК на КПМ. Прв инструктор беше Словенецот Миха Маринко, потоа Никола Минчев, Димитар Димитриевски–Пекар, а од страна на Егејска Македонија јас (Павле Раковски).

Програмските цели и задачи на НОФ, ни ги соопштил Цветко Узунвски–Абас организационен секретар на ЦК на КПМ и министер за внатрешни работи на НР Македонија. Абас, меѓу другото ни рече:

„Југославија стана центар на револуцијата на Балканот и македонското прашање стана југословенско прашање, поради што КПЈ во Егејска Македонија формира партиски организации, но и политички масовни организации НОФ, АФЖ и НОМС. Задача на тие организации е да му дадат југословенска ориентација на македонскиот народ и македонското движење да помине под раководството на КПЈ. Македонскиот народ од Егеј ќе го најде своето целосно воспоставување само во рамките на Федеративна Народна Република Југославија“ Види: АМ, Архив на Македонија, Ф–20/276, Ф–20/196.

СО ОФОРМУВАЊЕТО НА НОФ, МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ПЕТТЕ ГОДИНИ (1945–1949) СЕ НАЈДОА ВО СТЕГИТЕ НА БИНАРНИТЕ ПОЛИТИКИ; ОД ПОЗИЦИЈА СО КОПНЕЖ ЗА „ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА“ ДО ЧУВСТВО НА

ГЛУВОСТ, ПРОГОНСТВА И ИСТРАЈНОСТ – НАДВОР ОД ПРАДЕДОВИТЕ ОГНИШТА.

Денес секој од нас се прашува:

– Имаа ли НОФ и АФЖ визија каде одат!?

– Дали македонскиот (проколнат) народ тргна по „врвицата“ на тој историски и воен данок“? Таа колективна и поединачна траума сè уште и по толку години остана отворена како македонска рана!?

– Против кого се формирани овие македонски организации и нивните фронтови?

– Кои беа отспротива на фронтовите?

– Која им беше целта на борбата?

– Дали сето тоа беше по директивите на Цветко Узуновски – Абас, односно: Тито и Колишевски?

Македонската приказна од април 1945 – до октомври 1946 како и зошто беше оставена во сенка.

Македонските организации НОФ и АФЖ како најголеми гласници во почетокот на 1945 година ги имаа опфатено скоро сите Македонци, а грчката власт преземаше незапамтени терористички акции, убиства и прогонства над обичните селани кои имаа национално македонско чувство.

Македонците кои членуваа во НОФ и АФЖ во 1945 – 1946 година, под команда на КПЈ/КПМ беа натерани со своите акции, сосема полека да ја отворат вратата на прогонот и геноцидните акции, за да излезат засекогаш од своите домови и потем, жртвувајќи се во редовите на ДАГ, сосем обезличени со растурени семејства, да се прогонат и да се најдат пред затворена вратата, за да не се вратат никогаш во своите прадедови огништа.

ЗНАЧИ ЛАЖНА БИЛА НАДЕЖТА од КПЈ/КПМ. Каква политичка и национална изопаченост од главните раководители на КПМ.

Нели е грев да го туркаш сопствениот македонски народ во војна, во која Македонците под Грција доживеаја геноцид и за навек го изгубија родното огниште. Да, тоа е грев со ис-

ториски димензии на КПЈ (Тито) и на КПМ (Колишевски и Узуновски).

НЕПОБИТНИ ФАКТИ:

ПРАКТИЧНО, НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПЕТ ГОДИНИ ОДЕВМЕ САМО ПО ТОЈ ПАТ, СТРОГО КОНТРОЛИРАНИ И ПОД ТУЃА (МЕЃУНАРОДНА) ПРИСМОТРА. И НЕМАВМЕ ДРУГ ИЗБОР, ТУКУ САМО: Војната, конфликтите, суровостите, трагедиите и злосторствата што долго не се заборааваат.

ФАКТ БР. 1

На 5 мај 1949 година, Ф. Меклеан, се сретна со Тито во Белград. Маклеан по директива на британската влада побара од Тито гаранции за еден решителен пресврт на Југославија срема ДАГ, со возврат доделување на економска помош од западните земји. Тито на Маклеан му признал дека Југославија во минатото ја помагала ДАГ, но, потенцирал дека ситуацијата веќе е променета. Сепак, не може да откаже давање на азил на бегалците од Грција, на кои сега не им дозволувал да се вратат во своите формации. Тито се обрврзал дека во иднина на ниеден Грк бегалец нема да му се дозволи повторно да стапи во редовите на ДАГ и нема да им дава помош на партизинаните. Тито побарал од Меклеан да не биде обелоденета оваа негова обврска, бидејќи едно такво нешто многу ќе ги изложи Британците да го одржат ветувањето, информирајќи ги само Американците. (Ф. Меклеан бил шеф на Британската воена мисија во ВШ на НОВ И ПОЈ — види: белешки 172

ФАКТ . БР. 2)

ОФИЦИЈАЛНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НОФ ЗА АГЕНТУРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СО ТОА НИ ЈА СТАВИЈА ЈАМКАТА

На 20. 06. 1949 година на состанокот одржан во една пештера меѓу селата Орово и Нивици, Преспа, во реонот „Африка“ на состанокот кој го отворил генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, кој меѓу другото, го потврдил следното: „... НОФ е агентурска организација која ја пречеше

реализацијата на линијата на КПГ и со тоа му нанесе штети и непријатности на демократското движење во земјата. Во земјата Македонија дејствува и уште има корени на трите агентури: на ОЗНА, на ЈА и на Колишевски, која ги контролира првите две агентури. Сите агенти на југословенските известителни служби даваа писмени обврски дека доследно ќе ја извршуваат агентурската работа...

ФАКТ. БР. 3

Во педесетите години, грчките комунисти, настојуваа да ја сменат и азбуката на македонскиот јазик. Таквиот актив беше организиран во Полска. Да се прифати бугарската азбука тоа го организира новата организација–ИЛИНДЕН. Преставници беа и од ТАШКЕНТ.

* * *

ЗАВРШНАТА РЕЧЕНИЦА

Сувогорски се исправи и рече: Ова ми е последното предавање. Но ние сите уште многу години во маглата ќе го бараме нашето минато. Војната и Сибир ме натоварија толку многу што не знам од кој пат да се вратам дома. Само сакам да им запалам свеќа на моите предци. Тој осети дека дека има мачнина во стомакот. Ги присобра растурените листови со своите белешки, се поздрави и си замина низ магловата квечерина, но по толку предавања, никогаш не ги откри трагите кои водеа до неговата смрт.

Живееше со некаква надеж, можеби смртта ќе настапи пред да му мине стравот... Ете како реалноста и сегашноста ни станаа привремена категорија.

Фаза за одбрана, фаза за смирување... Се разбира, историјата, посебно нашата, македонската (викана „Егејската“), знае да си поигрува со нашата судбина... вели СУВОГОРСКИ. Се покажа дека нашето македонско простумение, не го сакаше ни Тито, а најмалку Захаријадис

ДОКУМЕНТ БР. А–176

Социјалистичка Република Македонија
ИЗВРШЕН СОВЕТ НА
СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

ДО ПАВЛЕ РАКОВСКИ
СКОПЈЕ

Ул. „Ресенска“ бр 6/1–4

Во одговор на Вашата жалба испратена до м–р Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија во прилог Ви доставуваме одговор на републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика бр. 13–5935 од 5. 10 1989 година

Прилог 1

ШЕФ НА КАБИНЕТОТ
Душан Стојанов



161

Д О С И Е

За херојот на романот "Талкачи" Добрин Сувогорски-Гоце (Павле Раковски-Гоце, син на Мара и Мијаиле, роден на 23 мај 1913 година, во село Долно Клештина, Леринско)

N: Акт. АО-238 (Тајшед логор О-41) СССР

N: Акт.Бр. К19-126/2 (Скопје, "Ресенска" 6/1-4) СРМ

Почина на 10 февруари 1990 год. во Скопје

Сведоштва за талкачите:

Во пеколот на војната (1945–1949) со Павле Раковски се сретнавме само еднаш.

Втор пат се сретнавме во септември 1949 година, по ликвидацијата на ДАГ во месноста Бурели во Албанија.

Третата средба беше кога од Алм-ата дојде во Ташкент 1956 година. Неколку дена остана кај мене и бараше да појдеме кај секретарот на партиската организација на ККГ другарот ЦИФРОНИ и ПАПАДИМИТРИУ. Целта му беше да се врати кај нас борците во Ташкент.

Четврттаа средба – во прифатилиштата во Скопје.

Последната средба на закопот.
Плачев и ги слушав пофалните зборови од неговите соборци и соработници во организаците – НОФ и АФЖ, кои до вчера го клеветеа како руски шпион.

ЕПИЛОГ

СВЕДОШТВА:

Историјата за Македонците под Грција во искривено огледало од д-р Ристо Кирјазовски: Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција, издавач Институт за национална историја Скопје, 1998.

Историска анализа:

Книга со амбициозен наслов, но нереализирана. Се покажа дека овој наслов е прекрупен зафат за овој автор (а и за други). Како прво: недефиниран концепт (книга градена по исцрпен историски модел), но и лабава методолошка конзистентност, со испрекршена внатрешната структура и систематски празнини, ни ја предава историска хроника, со многу раскинати алки. Во многу искази со некоректност и непрофесионалност. Но, посебно, кај овој автор, што и по пола век не сака да се повини и да признае дека само говорот на вродостојните факти, тоа е историската вистина! Така по кусиот приказ на меѓународната положба на Грција и при крајот на Втората светска војна, ја анализира внатрешната состојба во Грција; почетокот на Граѓанската војна; интернационализација на грчкото прашање; Америка и Граѓанската војна. Сите тие прашања, кои се обработени од триесетина и повеќе компетентни грчки историографи (од левицата и од десницата – т. е од оние кои беа завојувани: грчката влада во Атина и другата страна КПГ-ПДВ-ДАГ. Во тие трудови на грчки јазик, научно се обработени и презентирани со изворни документи и логично е дека токму тие се компетентни бидејќи сите аргументи и факти ги поседуваат во своите грчки архиви, но и со назнака на своите трудови : No copyright. Сега авторизирани од овој автор, ни ги презентира во ова книга.

Сите тие трудови, сега со новата интерпретација на овој автор, даваат еден лош пресек на тие настани, и не кореспондираат со тие факти. Што значи, со несериозен и голем провизориум, се третира македонското прашање, во бомбасти наслови, ниту со каква и да е историска логика, како што се: „Македонското прашање во времето на Граѓанската војна и односот на големите сили; Балканските земји; Граѓанската војна и македонското прашање; Македонското национално прашање и Балканскиот штаб, итн. А пак, колку овие поглавја се со исполитизирани термини, е навистина едно посебно и многу сериозно прашање во историјата, како што се термините: „Македонското биро на КПГ“, а тоа е – Биро за областа Македонија под Грција. Па следат омилените атрибути: Егејци, Крвава епопеја на Егејците, Беломорци, четници итн., а најверојатно е со единствена цел да направи полесен пробив во колективната свест, но очигледно е дека во овој труд преовладува перфидна жонглерска таткика – историска дивоградба, која зборува со идеолошка пизма, но во друга прилика за таквите проблеми, оти тоа за странците преставува-анатомија на магла, а не историја на македонската нација.

Токму по тие прашања, авторот Р. Киријазовски манифестира толкава неукост и непознавање на состојбите, како да станува збор за човек што не го познава (почитува) основниот морален кодекс на историската наука. Но, на овој историограф, најголем проблем му се фактите. Во оваа книга, токму фактите противречат на тоа што го пишува. Фактите говорат, дека не сме бранеле татковина со автохтон ум – македонски, туку со туѓо идеолошко проклетство и доказите се тука – недоброј. Видливи со голо око. Но семоќниот историограф Киријазовски не сака да се повини, туку сè уште пишува утешни илузии и ја отфрла вистината. Посакува да остане чувар на државните тајни и фактите да ги прилагодува спрема дневната политика.

Значи, нешто кај овој автор пола век појде наопаку; сè што напиша и пишува е ништо друго, туку конвенционална исто-

рија – нарачана. Алките што недостигаат и во овој историски опис „Македонското национално прашање и Граѓанската војна“, се искривоколчени факти и аргументација за целиот тој период (Граѓанската војна 1945–1949), и со тоа пак не ги согледува национално политичките импликации од робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ, оти таа војна за нас Македонците под Грција е без никаков реален мотив да се дадат 20. 000 жртви и да доживееме тотален национален пораз.

Секој паталец од Македонија под Грција, пола век си го поставува прашањето: зошто историските факти никогаш не пристигнуваат до читателот „чисти“, туку тие секогаш се прекршуваат низ поданичката свест на овој историограф и посакува од нас да направи полавековни заробеници. До кога и која е смислата на молчењето, а истовремено ќе им се заблагодаруваме на КПГ и КПЈ, за тоа што нè исподелија и нè оставија по светот.

Ќе објасни ли еднаш овој автор: Дали Граѓанската војна била револуција (продолжување на илинденските традиции- како што се сретнува таквата оцена само кај него) или измама за Македонците под Грција?

Што ни кажувал овој автор досега:

1. Види: „Гласник“ 1976 година, Скопје: „Првиот актив на народноослободителниот фронт (НОФ) на Македонците од Егејска Македонија“

На 23 април 1945 година во Егејска Македонија беше формирана македонската организација НОФ (Народноослободителен фронт). Истовремено и во состав на НОФ се појавија и македонските организации АФЖ (Антифашистички фронт на жените) и НОМС (Народноослободителен младински сојуз)#. 19 стр. Понатаму вели: „Под такви услови на 23 април 1945 година беше формиран НОФ на Македонците од Егејска Македонија. НОФ се роди од националните стремежи на македонскиот народ за создавање на сопствена организација како орган на борба против националниот и класниот непријател за извојување на национални права, право за самоопределување.“ 20 стр.

2. Види: „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945–19490, од 1995 година.

„На 23 април 1945 година, кога сè уште не беше завршена Втората светска војна, а во Грција пак, десницата, со помош на Велика Британија ја спроведуваше својата власт, применувајќи остри репресивни мерки против движењето на отпорот, во егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и, спротивно на нејзината политика, стратегија и тактика, се појавија организации на КПМ, СКОЈ, НОФ, а во состав на НОФ и масовните политички организации НОМС и АФЖ. Едновремено НОФ организира и свои вооружени еденици, кои развија герилска борба. Организатор на тие активности беше КПМ. Со овој чин, македонското национално–ослободително движење во егејскиот дел на Македонија се институционализира. Целта на организацијата НОФ, која застана на чело на македонското ослободително движење беше, со примена на сите форми на борба, да се бори за самоопределување и обединување на македонскиот народ.“ Стр. 10.

Значи, за истиот настан, измислува нови факти. Тој без научна аргументација, пола век нè шета, како што вели Едвард Халет Кар: „Без срам пред богот на историјата.“ Учените предупредуваат на критериумите според кои треба да се разликуваат фактите за историјата од другите факти за минатото, но за овој автор останува она руското „все рамно“. Тој не може да разбере дека прецизноста на фактите е должност, а не доблест. И во оваа книга авторот не ни го покажува она што реално се случило, туку само она што е напишано во конвенционалната историја (му било речено така дека се случило), односно го напишал она што сакале другите да мислат дека така се случило.

3. Види: „Правната дискриминација на големогрчката политика во егејскиот дел на Македонија по втората светска војна“, Скопје, 1996 година :

„НОФ и другите наведени организации од нивното формирање до ноември 1946 година се раководеа од КПЈ-КПМ.“ стр. 181.

Каква е вистината за создавањето на „Првиот актив на народноослободителниот фронт (НОФ) на Македонците од Егејска Македонија“:

1. Како се оформи НОФ, раскажува еден од основачите Павле Раковски: „Автобиографија“ (моите страдања), АЕА издавачи, 2000/ стр. 341: „Кон средината на април 1945 година добив порака од Цоцо Урдов веднаш да заминам за Скопје. Отидов. Политичката комисија веќе беше распуштена. Наместо неа, при ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април се конституира, односно се формира Народноослободителен фронт – НОФ на Македонците од Егејска Македонија(без конференција и избори, по пат на кооптација). Митревски добил одврзани раце да одбере уште четворица и да го состави централниот раководен орган – петчлено Биро. Ме повика и само ми го соопшти тоа.

Ме праша за мислење. Кои четворица други, освен него, мислам оти треба да влазат во ова Биро? Му ги предложив следните. Георги Урдов-Цоцо, Ило Димаков-Гоче, Наум Пејов и Махаил Керамициев.

Ми заблагодари и отиде. А Бирото го состави вака: Паскал Митревски, Георги Урдов-Цоцо, Михаил Керамициев, Танас Коровешов и Павле Раковски.

Јас веќе споменав дека Митревски високо стоеше пред моите очи поради довербата што му ја укажуваше партиско-државното раководство на СР Македонија. Го ценев и почитував едноставно и отворено. И тоа, ми се чини, одлучи за мојот избор во највисокиот раководен орган на НОФ.

По првата седница, петтемина тргнавме да ги удриме темелите на НОФ на терен: Во Костурско, во Леринско, Воденско, Енице-Вардарско и Серско...“

Види: „Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945–1949)“, издавач „Култура“, Скопје 1985 година. Авторот вели:

„Првиот конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година) претставува најсветла етапа во македонската поилинденска историја.

Раководството на НОФ, и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност и опуртунизам на раководството на КПГ, стоејќи на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развојот на грчкото движење, се согласува три четвртини од Македонците партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп, односно во сите краишта во Грција. Понатаму, за да се зајакне грчкото младинско движење, да се расформира македонската младинска организација НОМС и нејзините членови да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН, а за да може да егзистира, односно опстане Земјоделската партија на Грција, НОФ им поставува задача на своите членови да влезат во нејзините редови“. И уште еден мотив: дислоцирањето на македонските единици во длабината на Грција за превентива, да не се повтори случајот од 1944 година, кога македонските баталјони се одделија од ЕЛАС. Стр. 213.

Понатаму вели: „Народноослободителниот фронт (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на македонскиот народ внатре, во условите на отворена интервенција на англо-американските империјалисти во внатрешните работи на нашата земја (сега не Македонија, туку Грција м. з) и варварскиот напад на монархофашистите против демократските сили во земјата, а особено против македонскиот народ“.

Ете, така не информира овој автор. Но, целиот учен свет се прашува: за што зборува овој автор, за револуција или за измама? За какво македонско прашање по Втората светска војна? Тоа ни покажува дека овој автор не ја познава глобализацијата на светската идеологија и не сака да признае дека НОФ се најде во менгемето на КПГ и КПЈ и чекореше преку

тенка нишка (токму по моделот на идеологизацијата е спроведен во практиката по Втората светска војна во Македонија под Грција), туку авторот го прикажува како воено политички фактор во Граѓанската војана и со тоа ги потхранува идеолошките активисти.

Во овој труд, авторот, се гледа дека нема големи знаења и за положбата на поделените Македонци во четири држави, но и за тој период кога државите се најдоа под влијание на разни политички сфери (глобализација–световна идеологија) и тука се раѓаат прашањата (кои досега не ги допрел во своите книги напишани за Егејците) кои следуваат:

А. ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИМАВМЕ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ДУХОВЕН И ФИЗИЧКИ ОПСТАНОК НА СВОИТЕ ОГНИШТА?

Еве неколку непобитни факти и клучни моменти во целата историја на НОФ, не почитувајќи ги влезе во конфликт (да го саможртвува својот народ) за туѓи интереси. Што значи за чиста идеологија којашто немаше никаков реален човечки контекст со македонскиот селанец под Грција. Чисто залажување на сопствениот народ.

Како било можно?

Кој посака Македонците под Грција, ова мирно население да го внесе во глобалниот процес за Советизација за Балканот? Зошто ние Македонците влеговме во моделот за социјализам на Балканот, кога по Втората светска војна веќе беше исцрпен и бесмислен. Зарем, беше почеток (да вршат „легални миграциони движења“ за тие што одамна посакуваа да го снема од тој простор македонскиот човек. м. з) на нашата глобална, светска одисеја, сега преку идеолошкиот активизам? Туѓинците, преку тие идеолошки активисти, го натераа народот не само да ја прифати, туку пола век се тераше и да ја преживее. И со тоа, процесот на миграцијата почна и по сè изгледа ништо не можеше да го запре. Оттука, се чини, тешко

веќе можат да се прифатат оние во историјата наша, кои и понатаму инсистираат на некаков политички одлуки на автохтона Револуција – продолжување на Илинден. Таквите тези се веќе проблематични. Ете зошто: НОФ, „минувајќи“ преку подолу наведените добро познати – политички паравани, (не само од капиталистичкиот режим, туку и од комунистичкиот) направи кобна грешка: си го изгуби народот и својата земја, значи го доведе својот народ да доживее национален пораз.

1. Македонскиот народ, во тој период беше поделен во четири суверени држави и со различни системи.

Посебно тешките последици за семакедонското движење на отпорот настапиле по истакнувањето на познатата теза на Коминтерната „Една држава – една партија“.

По завршувањето на Втората светска војна и познатиот довор за поделба на сфери на влијание помеѓу големите сили, македонскиот народ се најде во следната положба:

Македонците во Вардарска Македонија под влијание: 50 % источно, 50 западно.

Македонците во Пиринска Македонија под влијание: 90 % источно, 10 % западно.

Македонците во Македонија под Грција под влијание: 100 % западно.

Македонците во Албанија под влијание: 10 % западно и 90 % источно.

Со времето, а посебно по Версајскиот договор, во 1919 година, таа теза, преминува во практиката, сè повеќе придобива карактер на злосторство над ослободителната борба на македонскиот народ. Но, не помалку донесе и одлуката на И. Сталин во мај 1943.

2. Тезата: Една држава – една партија.

Со нејзината строга партиска примена во општата комунистичка пропаганда за советизација(глобализација) на Балканот: се признавала распарченоста на македонската територија; се легализирала поделеноста и неповрзаноста на македонската борба и револуционерното движење;се создавала легална можност за анексија на македонската територија и за присвојување на револуционерната борба; трајно се оневозможувало постоењето и развојот на општомакедонската ослободителна организација, односно конструирање на единствено раководство на македонската националноослободителна борба;

Што значи, се создавале претпоставки според кои секаков повик за конструирање на општ македонски фронт за заедничка борба, однапред бил третиран и осуден како сецесионистички, предавнички, разурнувачки или фракционерски. На истакнувањето на општо македонскиот национален стремеж, се спротивставувале државно–правни реалности на државните–окупатори кои ја заземале и воспоставиле власт на македонската територија. Во таквата ситуација македонското национално движење добивало карактер на сепаратистичко (Како што се случи со НОФ во 1945). Но, тоа важеше за во сите три комунистички партии (југословенската, бугарската и грчката). Суштината на проблемот може да се сублимира во неколку прашања, но за тие да бидат појасни и да се избегнат недоразбирањата, неопходно е овие проблеми да бидат соодветно објаснети.

Еве како ја објаснува основната теза во комунистичкото движење д–р Стојан Киселиновски во својата статија: „Националното и државното во македонското револуционерно движење (1893–1944). Во Пулс, 17 март 1995 година.

„Комунистичкото движење, поради еден суштински ленински историски дискунтинуитет, решавањето на националното прашање не го става врз принципиелна основа (се-

когаш да одговара на интересите на поробената нација), туку врз тактичка основа (да одговара на т. н класни интереси што секогаш одговараа со државните интереси на доминантната нација) и со тоа во суштина се негираше правото на самоопределување на народите."

Значи, во годините на Граѓанската војна, повеќе од јасно е дека Македонците беа растргнати меѓу националната совест и свест и обврзувачките политички насоки на КПГ, КПЈ и КПБ.

Прокламираната програма на Коминтерната, што беше наполно прифатена од КПГ (декларативно) и која гласеше: „Полна рамноправност на малцинствата со другите граѓани во рамките на грчката држава", која важеше од 1935–1949 год. Тоа може да се потврди и од нашите инструктори (на КПГ; КПЈ и КПБ), коишто ја завршија високата (партиска) школа во Москва во годините пред Втората светска војна. Тие истите тоа го агитираа; а такви ги имаше од трите дела на Македонија (Вардарска, Егејска и Пиринска). Тие повеќе од строго се придржуваа кон овие коминтернистички решенија, што беа донесени на 7-от конгрес во 1935 година; додека тезата „Една држава – една партија", иако потекнува од комунистичкото движење, во почетокот на војната претставува основна пречка за реализација на секаква македонска обединувачка програма. Но, тоа е сторено по етничките промени во Македонија; а комунистите нè убедуваа дека тоа е „цивилизирана размена на населението". Додека крајната цел беше сето тоа да го платиме ние Македонците.

На чело со сите овие луѓе, сеќавањето наше остана трајно, клинкајќи по нив со чиста намера да се верува во некакво јасно и вистинско партнерство, но накрај доживеавме национален пораз: ја изгубивме земјата, луѓето – младото поколение, а сега е проблем и името. Но, не смее, се разбира, да се тврди, дека немало Македонци кои не мислеле поинаку.

Меѓутоа, се манипулира со прашањето: Дали комунистите Македонци во КПГ се бореа за самостојна независна и

обединета Македонија? Но, исто така се поставува прашањето, дали тие можеа?

Ако основните принципи врз кои се засновуваат нациите/државите се: територијалниот, државниот, историското и културното минато, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, тогаш македонските комунисти како членови на КПГ практично спрема нивните прифатени програми, се откажаа од принципите: територијалниот и државниот. Тоа им беше наложено од КПГ, бидејќи таа се бореше исклучиво за територијалниот и државниот суверенитет на грчката држава и затоа остануваа (прифатени и неприфатени) само принципите: етничкиот и јазичниот, а исто така и историското и културното минато на Македонците. Што значи, сето наше (само)жртвување беше за една минимална програма што ја нудеше КПГ, посебно: „по 15 мај 1943 година кога во Москва, на иницијатива на Ј. В. Сталин е донесена одлука за распуштање на Комунистичката интернационала (Коминтерна), со што формално е признато правото на самостојно решавање на секоја комунистичка партија. (Види: Историја на македонскиот народ, Скопје 1988 година, страница 345.“

3. Ставот на Велика Британија.

Многу компетентно со непобитни факти се говори во документот од 16–08–1944 година „Македонија – Меморандум“, на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: „Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција;

Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на сфери на интерес, и дека Грција беше 100 % под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

Дека Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција. Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави; Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет СТАТУС КВО на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција. (Види: Владо Ивановски: „Нова Македонија“ од 11–12 октомври 1997 г. број 3 „Зошто не на Солун“. (Пренесено од Македонија тајмс), особено во број 3: „Зошто не на Солун“ дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: „Желбите посилни од околностите“ и „Ставовите на големите сили“, што заслужува посебен респект. Ова прашање го споменуваа и други автори во своите трудови: „Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт...“ и сите преминуваа со голема леснотија, како и Кирјазовски во овој труд, а е едно од клучните прашања. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвара и го анализира историчарот Владо Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ. (Види понекогаш како овој автор ја открива вистината и ја остава како информација, но од друга страна ја турка тезата дека водевме револуција, а не измама: Кирјазовски Ристо 1966/181) за создавањето на НОФ, АФЖ и нивното раководење од периодот во времето (1945–1946). Секој што чита историја и тој што посакува да знае, лесно ќе открие колку сме грешеле ние Македонците во нашето (само)жртвување, односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Значи, се поставува прашањето: Дали ние Македонците преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено-политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и

компактноста на македонското население по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено станаа и воени граници на двата табора?

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги истражувам корените на злото: како и зошто беше активиран македонскиот синдром по Втората светска војна во Граѓанската војна 1945–1959 година и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија да ги сочуваме вековните огништа или тоа ѝ одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод...

Никако не сакам да зборувам за тоа како само другите се виновни за тоа што се случило со нас Македонците, за сето тоа во нашата историографија се има доста напишано. Но досега не е речено за заедничката одговорност на Македонците.

Многу компетентно со непобитни факти проговори Ивановски за:

1. Односот на трите големи сили на антифашистичката коалиција: СССР, САД и Велика Британија;

2. Дека е непобитен и фактот за време на НОВ и ПК на комунистичката партија на Југославија за Македонија и ЦК на КПМ – присутен е проблемот за обединување на Македонија;

3. Го наведе и документот од 16. 08. 1944 година „Македонија – Меморандум“, на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: „Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална југословенска држава. Притоа, мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција;

4. Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на сфери на интереси, и дека Грција беше 100 % под британско влијание,

со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

5. Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција. Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

6. Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот интегритет СТАТУС КВО на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

И на крај дава заклучок:

„... Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле катастрофални.“

Јас, исто така, половина век си ги поставувам прашањата:

– Зошто КПМ-меѓу КПЈ и КПГ ги жртвуваше Македонците под Грција?

– Зошто КПМ дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот?

– Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ ѝ направи непроценлива услуга, но не помала на КПЈ.

Зарем не можеше да се согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се шириле како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944–1950 година...

Зошто ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за зачувување на сопствениот исконски македонски простор – нашето прадедово парче земја и ком-

пактноста на македонското население во Македонија под Грција?

4. Ставот на СССР.

КАКОВ БЕШЕ СТАВОТ НА СССР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА?

На 8 март 1949, советскиот ополномоштен во Грција Чернишов телефонира во Москва, дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката партија и андартското движење (ДАГ) за „македонското прашание“ за кое станува збор, односно за донесените решенија на 5-от пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на Народниот ослободителен фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на дражавата. „Ставот по ова прашање за обединување на Македонија во овој момент, продолжува Чернишов, ... Таквата пропаганда на владата на Атина ѝ дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите (ДАГ). Грчкиот народ кон ова прашање за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите (ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно ослободителниот фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март во слободните територии кои се наоѓаат под ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига и изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и

југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција прави предавство на грчка Македонија“

Во согласност со информациите што Чернишов (за ставот на СССР[2]) ги доби од Москва, на организаторите на Конгресот им се укажува дека таквата намера е непромислена за да на Конгресот стане збор за такво прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им се препорачува дека делегатите на Конгресот треба да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција“.

5. Ставот на ЕЛАС и КПГ.

„На 16 октомври 1944 година, со наредба (потпишана од командантите на ЕЛАС: Еврипидис Бакирџис и Маркос Вафијадис) до армиските единици на ЕЛАС во Македонија се однесуваше главно за уништување на германските армиски единици кои отстапуваа од југот на Грција, но се даваaа и наредби за уништување на „Славомакедонските“ баталјони кои имаа пребегано во Југославија. Тоа беше и ставот на КПГ . Тоа покажува дека во тој период Маркос не беше „Титовист“ и не ги симпатизираше идеите за Обединета Македонија, во рамките на една балканска федерација.

Секој прогонет се прашува:

Зошто ЕЛАС посака да ги ликвидира македонските баталјони, како што сакаше тоа да го стори со германската армија, а сега таа гаранција ја имавме од генерал Маркос, кога тој лично ја потпиша горната наредба, па сега НОФ и АФЖ влегуваа во заедничка борба во годините 1946–1949?!

На 16 јули 1943 година командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на командата за Блискиот Исток. Но, да видиме како се одвиваа работите. На

31 октомври 1944 година поголема група англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун пред ЕЛАСИТИТЕ. ЗОШТО? Три дена подоцна лондонската радиостаница на Би би си објави вест дека британските трупи го слободија Солун. На 12 февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС практично ѝ ја предадоа власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

Но, да видиме каква е оценката, дадена во резолуцијата на ПЕ на ЦК на КПГ од 15. 11. 1948 година и зошто таму баш така се вели: „Дека Маркос Вафијадис, како комесар на групата дивизии на ЕЛАС во Македонија, следел шовинистичка политика спрема Славомакедонските борци.“ (Види: Сп. „Неос космос“ август 1950, „Десет години борба“ стр. 470). Но, зошто толку доцна тоа го вели овој орган, кога Маркос беше веќе отстранет, а Македонците им требаа за војници во Граѓанската војна.

6. Синдром на лажно сеќавање.

Да се бара логика во „братска“ подршка, по поделбата на Македонија(1913) и да се намамува Македонецот за „Обединета Македонија“ по Втората светска војна, со нашите горди идеолошки активисти, тоа е триумф на „танцување во мрак“.

Зарем може некој да смета дека бугарската, југословенската или грчката власт била толку налудничава што би го вооружувала НОФ или какво било македонско ослободително движење, само и само да одвои дел од нејзината државна територија?

Знам дека секој разумен ќе рече: Не! А тоа се виде дека, и од „братските“ комунистички партии (Бугарската – КПБ, Југословенската – КПЈ и Грчката – КПГ) не биле толку недоветни, па да нè подржуваат за да одделат дел од својата државна територија. Напротив, во таков случаи и НОФ и која било пар-

тија од наведените – конкретно за во Граѓанскат војна: НОФ и КПГ би биле прогласени за предавници и како такви осудени.

Какви беа тогашните реакции:

7. Ставот на Бугарија.

Трајче Костов, бил еден од најжестоките противници на федерацијата меѓу Југославија и Бугарија образложувајќи го тоа со долготрајна традиција на бугарската државност и на разликите кои со текот на времето настанале во структурата и менталитетот на Бугарија и Југославија и стоел на становиште дека од таквата федерација нема да се изроди ништо добро. За федерација без одлагање бил Черненко, додека останатите членови на на Политбирото (Коларов и др. бугарски стари комунисти) се залагаа за федерација во принцип, но со големи резерви при што не биле воодушевени. Било очигедно дека тој принцип се темелел единствено поради дисциплина спрема Москва.

Не треба да заборавиме и на: македонското движење (со бугарска етничко историска тенденција) и дека во Пиринска Македонија по падот на владата на Александар Стамболиски во 1923 година беше препуштена на ВМРО на Тодор Александров и посебно Ванчо Михајлов, кој таму изигруваше парадржава и пред меѓународната јавност сакаше да се претстави како идниот пиемонт на самостојна Македонија.

8. Ставот на Југославија.

Како и зошто КПМ дозволи Југославија да има двострана политика: јавна и тајна – со која ги потикнуваше Македонците под Грција за вооружена борба? Зарем тоа не беше против волјата на македонскиот народ? Дали со тоа Македонскиот народ дозволи друг да му ја крои судбината. Зошто во интегралната македонска историографија не е објаснета таквата вина на КПМ/КПЈ?

Да ги проследиме настаните:

Треба да знаеме дека со паролата за слободна Македонија во есента 1941 година почнала народноослободителната војна во Вардарска Македонија. Но, со формирањето на македонската држава, т. е. со одржувањето на АСНОМ, завршила значајна фаза од развојот на НОВ во вардарскиот дел на Македонија. Нејзината карактеристика била прецизно формулирана на програмските цели и нивното спроведување во живот. Основна суштина на тие цели била: тесно поврзување на народноослободителното движење во вардарскиот дел на Македонија со ослободителната борба на другите народи на југословенскиот простор. Но треба да се има предвид и политиката на КПЈ, која имала огромно влијание на македонските комунисти во вардарскиот дел на Македонија. Значи, ставот на ЦК на КПЈ настојувал тежиштето на националноослободителната борба да го канализира во заедничка борба со сите југословенски народи.

Види: Едвард Кардељ: Борба за признавање и независност на Нова Југославија, 1944–1957, Сеќавања, Комунист, Скопје, Мисла, Скопје 1980, 122.

Едвард Кардељ во својот поздравен говор кој беше подолг и од рефератот на Президиумот на АСНОМ ги изнел рамките во кои е можно опстојувањето на македонската државност. Во поголемиот дел од текстот на говорот како да се настојувало да се прикаже македонската импотентност во водењето на сопствена политика во самостојна Македонија. Во поздравниот говор посебно го нагласил опстојувањето на Македонија само во „јака Југославија“ што било предуслов за „среќна Македонија без страв за својата слобода и независност“, дека „слободна и рамноправна Македонија тоа е најцврстиот столб на Југославија... нема слобода на ниеден наш народ без нашето единство“. Нова Македонија, 3. 1. 1945, г. втора, бр. 28.

Светозар Вукмановиќ во својот говор во предизборниот говор во Куманово, на 16 октомри 1945 година, како кандидат на кумановската околија, решително се спротиставил на сите

оние кои обединувањето на Македонија го гледаа надвор од рамките на Југославија или обединета Македонија под покровителство на големите сили. Според Темпо сите оние кои ја поддржувале таа идеја биле истите оние личности кои биле одговорни за бугарската окупација на Македонија од 1941–1944. Значи, македонскиот фактор го нема, и сè е во склад со политиката на КПЈ која имала огромно влијание на македонските комунисти во вардарскиот дел на Македонија. Значи, во ваквиот еволутивен историски процес, се роди и *Македонското движење со пројугословенска ориентација* и го официјализира ставот: Обединета и независна Македонија НЕ!, туку обединување на другите делови на Македонија (Пиринска и Егејска Македонија) во рамките на Југославија (кон мајката земја). Значи, вардарскиот дел да се прогласи за пиемонт на обединувањето во составот на СФРЈ. На што нè упатува таквиот јасен став на Југославија?!! Значи, дека сега тој исконски национален македонски набој, некој посака да го насочи проблемот на сосема попримамлива национална рана. Тој став, колку беше реален и остварлив во таквите меѓународни состојби на Балканот , сега без никакво историско маскирање во анализите од многу автори е реално прикажан како невозможен.

Значи: Официјалниот став на Југославија беше: „Југославија нема никакви претензии кон грчка Македонија и целата кампања (околу обединувањето) нема ништо задничко со неговото мислење...“, изјави Тито, на средбата одржана на 15 ноември 1944 година во Белград меѓу него и Анастасијадис, член на ПБ на ЦК на КПГ.

Зарем, грев е да се праша: зошто тој исконски национален македонски набој – сè што беше за обединета Македонија надвор од таквиот став, беше сотрен? Илјадници луѓе од кои најголем дел беа млади луѓе, чамеа по затворите само затоа што, како приврзаници или симпатизери на идеите за самостојна Македонија го „поткопувале суверенитетот и територијалниот интегритет на државата“, СФРЈ.

Но што со улогата на чело со НОФ (создадена од КПМ/КПЈ, па препорачана и покорена на КПГ) и зошто беше различна од таквите официјални ставови, па и од која било војна во светот. Но, што е најстрашно за сите борци; по ликвидацијата на ДАГ, учесниците во Граѓанската војна (Македонците под Грција) нè не дефинираа во македонската интегрална историја „како патриоти што загинаа за својата татковина“. Ако грчката држава ги дефинира Грците како борци што учествуваа заедно со нас, вистината е во тоа што нè командуваа во таа војна: „Како големи патриоти беа тие Грци што нè тараа да гинеме за нивната татковина“ за Македонија да остане грчка“, како што изјави свечено во Атина генералот Маркос.

Идеолошката офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.

Несфатливо е и ден-денес, како сме можеле и самите (учесници во редовите на ЕЛАС) да учествуваме во уништувањето на една компактна целина организирана од 64 костурски села, со повеќе од 9. 800 вооружени македонски комити, кои застанаа храбро и достоинствено против грцизмот и не сакаа да ја прифатат елинизацијата и да се откажат од националниот идентитет. Наместо да го валоризираме како национален отпор, во нашата историја го оцрневме преку сите можни идеолошки етикетирања. Но, што е за чудо, во новиот поход, пак масовно ги ангажираме (од сите тие што останаа живи или нивните синови), но сега како добри синови на партијата.

Појавата на комитите е неверојатен миг на македонската стварност, наместо да имаме почит и достоинство спрема сопствениот народ, ние повторно влегуваме во политички игри со тие, кои најмногу го носеа гревот за уништување на костурските комити.

Ако земеме предвид дека во светот нема нација која срушила нешто што било создадено (автохтоно) од сопствениот народ, тогаш ние Македонците сме први. Токму за гревот на македонските костурски комити.

Но, треба да знаеме, дека комитите се тие кои ја доживееа најстрашната дискриминација од грчката држава што ја спроведуваше спрема Македонците, дури и пред да се родат, а од родната (сопствена) историјата се заборавени, па дури и непромислено анатемисани. Поделбите на „... фили“ или „... мани“, кои во повеќето случаи вештачки се одржуваат (потикнувани од туѓинците) срамно и понижувачки зборуваа за нашиот народ. Состојбите беа уште пострашни, бидејќи тие потекнуваа од највисоките политичари (на НОФ, АФЖ и КПГ). Политичарите, дури и во граѓанската војна, негуваа опасни анахронизми во нашето национално опстојување и живеење, напаѓајќи ги своие политички противници – комитите. Дали тие беа свесни колку со тоа го оптоваруваа и го наредуваа својот сопствен народ, а посебно младите македонски поколенија (деца на комити и деца на партизани-комунисти). Дали беа свесни колку им ја заматуваа младата душа и нивната национална свест.

9. Пред кои меѓународни институции НОФ и АФЖ беа признати како легитимни субјекти и од нив можеа да бараат (државничко-правна) заштита.

„Ставовите на посилниот секогаш се најобри!“
Лафонтен.

Да се повикува народот на национално востание е доблест, но тоа може да биде и национална измама. Ако НОФ и АФЖ решија да го повикуваат македонскиот народ под Грција на сенароден фронт за спроведување на своите стратешки определби, се поставува прашањето: водеа ли сметка (имаа гаранции) дека тие не се легитимни пред светот и не ќе можеа да го постават македонското прашање; ниту пред Советот за безбедност, ниту пред Обединетите нации, туку пак требаше, тоа да го сторат Грција или Југославија. Не знаеја дека тие се строго контролирани и од сите балкански комунистички пар-

тии и ни од далеку нема да успеат да ги реализираат и валоризираат тие историски желби.

За жал, никогаш во програмата на националната стратегија не постоеше единство и достоинство, туку лично калемење и корист на поединци, членови на Комунистичките партии (КПГ или КПЈ).

Значи: сме сакале со КПГ и КПЈ и сме ги прифатиле правилата да бидат нивни, а колку бевме во состојба да ги контролираме како луѓе со поданичка душа, тоа е докажана работа преку исходот на настаните кој не доведе до национален пораз – геноцид.

Тогаш, поради нашата ропска покорност (кон било кој), дефинитивно ја правиме судбината сè посплеткана, па дури и со нашето име во самата Европа.

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање, ние Македонците ја доживеавме и со геноцид ја плативме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција (а не можевме да имаме, бидејќи под контрола на КПЈ и КПГ) и без присутност за националните интереси, и бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво; – за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која самите сме и сведоци.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни творби, кога во тоа време и на тој простор беше акумулиран голем историски фанатизам, акумулирани разни смртоносни идеологии. Значи Балканот и натаму остануваше најконфликтен регион во Европа, особено во т. н Западен Балкан тлееја потенцијални кризни жаришта. Но, што е за чудо, во тоа време истите тие стратези и политичари беа ангажирани со градење нови

„цивилизации“ во Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците, во овие 50 години, не оценивме дека овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот договор во 1953 година, кога се создаде СИД НА МОЛЧЕЊЕ, бидејќи во февруари 1953 година се потпиша.

По таквата состојба, дали македонскиот народ требаше повторно да го бара исходот во војна, кога знаеме дека кај обичниот човек, одвај имаше останато само една исконска желба: да остане Македонец, без разлика уште колку ќе трпи, само со цел да ги сочува: својата земја, јазикот и својот народ – чедата свои.

Токму со физичката поделба, туѓинците посакуваа да настане и тотална духовна поделба, а таа се одрази толку разорно, што ни донесе катастрофални последици по сите стратешки национални проблеми: до геноцид на Македонците под Грција и да се стави како проблем пред светот едно од најчувствителните за нацијата – прашањето за името на целокупниот македонски етникум.

Таквата духовна поделба и негрижа за интегрално гледање на македонската судбина (низ матичната историја, литература, едукацијата и високите институции на Република Македонија), се покажа многу експлицитно низ историјата на минатиот век, па и до ден-денес се гледа таквото индифирентно гледање на судбината на Македонецот.

Аргументите што се истражувани во оваа студија, не се во прилог на напишаната историја за „Егејците“. Тие сугерираат сосема поинаков критички однос кон историските настани, а не лицемерно однесување самите кон себе, затворајќи ги очите пред сопствената судбина. Нашата судбина е наша судбина и моравме да ја земеме во сопствени раце. Оти сурово е кога луѓето не сакаат сами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели и нашиот народ, судбината загосподарува со нив. Ова мора јасно да се каже барем по 50 години, оти со години туѓинците нѐ влечеа за нос. Аргументите говорат, дека навистина тоа се случи со нас Македонците под Грција.

Додека во светски рамки се вршат важни истражувања во проучувањето на миграционата проблематика, т. е на присилните и со политичка умисла – преку идеологијата миграциони движења, и се појавуваат нови трудови и студии, се откриваат најсуровите и најсложните елементи за проектираното прогонство, нашата наука на оваа проблематика, пола век остана глува. Како да не се случило ништо со Македонците под Грција и нивните одземени 28. 000 деца, за време на Граѓанската војна и фактот што сè до ден-денес да немаат право да се вратат.

Проблемот со одземените деца за време на Граѓанската војна во Грција, за нас Македонците претставува еден од најсериозните проблеми во македонската историја. Зошто? Затоа што, тоа не се случило ни во најсуровите балкански војни, да се посегне по недолжното дете и да се вршат таквите миграции со политичка умисла (одземените Македончиња, од своие родни огништа беа испратени со билет во еден правец, а Грчињата со повратен билет. По Граѓанската војна Грчињата се вратија, Македончињата останаа по светот. Како што стана и со нивните татковци, мајки, браќа, сестри, дедовци и баби) и со невидена бруталност, во современата цивилизација да им се спречува нивното враќање во родното место, на своите прадедови корени. Тоа не ќе беше толку иронично, ако во тој судбиски зафат и Македончињата добиеја, како и Грчињата, повратен билет.

Основната цел на ова иследување е да се дојде до што пореални погледи кон историската вистина и политичката умисла за т.н. чедособирството, реализирано од двете завојувани страни: Владата на атинскиот режим во Атина, и Привремената демократска влада на партизаните (КПГ и ДАГ) во планина, кои војуваа во Граѓанската војна 1945–1949 година.

Конфликтите помеѓу овие завојувани страни, исклучиво беа класните (но и не многу јасните, токму во таа насока, ставови на луѓето од врвот на КПГ: Маркос и Захаријадис, но и на КПМ/КПЈ) и идеолошките прашања за уредување на

грчкото општество т.е. комунистите наводно водеа борба за социјализам, односно за глобалниот проект: Советизација на Балканот. Но, во овој период од исклучителна важност е и улогата на организацијата НОФ и АФЖ, кои ѝ служеа верно на комунистичката партија на Грција (спрема препораките на КПЈ), а таквата препорачлива приврзаност, КПГ ја искористи по „комунистически“ до максимум и преку ова организација, успеа да го организира и мобилизира Македонецот во оваа Граѓанска војна, а по ликвидацијата на ДАГ да замине заедно со соборец–Грк, надвор од Грција од своето родно место (по поранешните социјалистички републики и СССР), но Македонецот рамноправен борец во ДАГ и многу од Македонците, дури и членови на КПГ, со билет во еден правец. Грците со исти гревови: борба за социјализам во Грција, ем големи комунисти, се вратија во своите огништа, само затоа што им беше обезбеден повратен билет. Тоа е факт, сè друго е во сферата на шпекулации, дилеми, небулози и фантазмагории.

Секој разумен човек, си го поставува прашањето: Какви последици имаше формирањето на НОФ и АФЖ кај Македонците под Грција. Ако се знае дека еден дел Македонците под Грција, сега под влијание на македонската држава што се создаде во рамките на Југославија и на нејзиното раководство, (КПМ/КПЈ), се спротистави на ставот и практиката на КПГ спрема македонското прашање, се одделија од неа и побараа да им се признае правото на самоопределување, а друг дел продолжи да го следи ставот на грчките комунисти за македонското прашање кој на Македонците им ги признаваше малцинските права во рамките на грчката држава. Со тоа Македонците се поделија на два табора: со КПГ и со КПМ/КПЈ и како крајна стратешка цел (во неа на мошне успешен начин беа обмислени и исконструирани формите и содржините преку кои тие добиваа и соодветна конкретизација во практиката токму на тлото на Македонија под Грција) на туѓинците им беше да го натераат НОФ сè повеќе да располага со судбината на Македонците под Грција, а потоа да ги распоредуваат и регрутираат како што сакаат.

Формирањето на организацијата НОФ, по иницијатива на КПЈ односно КПМ, надвор и независно од КПГ е спротивно на нејзиниот став за македонското прашање и за формата на водење на борбата, оти тоа предизвика поделба во македонското националноослободително движење кај Македонците под Грција со непомирливи и трагични последици. Разногласијата, судирите, сомневањата и предрасудите беа толку остри што и по т.н. обединување во ноември 1946 година, кога НОФ се стави под раководството на КПГ, не беа елиминирани, односно тие продолжија во целиот тек на Граѓанската војна и по неа, па и до ден-денес. Таквиот напромислен или намерен чин, трагично го платија луѓето од Македонија под Грција, оти тие беа соочени токму со „македонскиот синдром“ спрема многу дамнешниот модел на владиката Карвангелис – за самоуништување.

Дали НОФ и АФЖ (од 23. 4. 1945 – 1946) го повикуваа Македонскиот народ во борба со своите национални белези и стремежи, а тоа беше спротивно на „грчките национални интереси“ на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, а по 1946 – 1949, сосема нешто друго – покорно и беспрекорна (сервилна) соработка? Има ли некој документ: за што и за какви отстапки се договорија, или македонскиот народ уште не треба да знае за сето тоа? Сега каква национална цел имаше НОФ? (Види: Прилози – Оценките на генералниот секретар на КПГ, Н. Захаријадис, по ликвидацијата на ДАГ.

Дали ние Македонците, смееме да ја заборавиме историјата, и да носиме некаква вина дека, небаре сме ја изгубиле револуцијата!? Како што нè учеа и инсистираа полавек, па дури и сега, на клима на комформизам, но минатото никогаш целосно не умира.

Во ова полувековно време: зошто тие што треба да зборуваат, беа и сè уште се замолчени, а тие што требаше да молчат зборуваа?

Но, се потврди, дека потхранувањето на историските несреќи е само полза на оние кои уште сакаат мали и големи Македонци.

Немоста и ако не кажеме дека сме биле жртви, ќе биде голем историски грев на македонската наука и со тоа само ќе им ги потхрануваме злонамерните и геноцидни зафати на туѓинците, оти барем сè е на видело она што нè снајде, и е напишано, но не од нас Македонците.

За сето време на ропската послушност на (НОФ и АФЖ), колку што е болен фактот дека се враќаме на она познатото на Труст „во потрага за изгубеното време“, по макотрпните истражувања, сега би додал дека фактите покажаа дека многу работи се обелоденија: за изгубениот македонски народ (тоа значи исчезнување на една голема гранка од големото македонско стебло), македонски простор (тоа исто така значи дека изгубивме повеќе од 50 % од етничка Македонија и не господариме како староседелци со ништо). Значи, ако гледаме интегрално македонската нација ја снајде една голема катастрофа.

Негирањето на клучните факти, дека Македонците под Грција не беа жртвувани и манипулирани во Граѓанската војна па дури и во полувекот и дека сето сторено од туѓинците било со добра намера, нè става во позиција вечно да се соочуваме со постојаните повратни удари на минатото во сите сфери на нашиот живот дури и пред сопствениот македонски народ.

Во оваа книга постои и уште една голема демагогија.

Авторот ни кажува дека е многу горд што членувал и се борел во ЕЛАС и ЕАМ. Тој на едно место во списанието „Сонце“ вели: „... сметам за патриотска должност (за тоа што служел во ЕЛАС и бил член на ЕАМ) и се гордеам со тоа“.

Но, останува несфатливо за какво македонско прашање говори овој автор во Втората светска војна?

Дали во програмата нè има нас Македонците, па затоа е горд овој автор. Да проследиме:

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт, формирана на 27 септември 1941 година главно се состоеше во следното:

А) 1. Прогонување од земјата на германско-италијанскиот и на бугарскиот окупатор;

2. Воспоставување на интегритетот на Грција;

3. Самоопределување на Кипар, Додеканезите и северен Епир. А каде сме ние почитувани Еамити? и

4 Стратешко регулирање на северните граници на Грција (значи им требаше уште малку македонска земја на овие сојузници). Види: весникот „Махитис“, орган на комитетот на ЕЛАС од 10 февруари 1944 година, во коментарот: ЕАМ е националното прашање. Зарем и досега уште да не знаеме, дека во програмата на ЕАМ апсолутно ништо не се предвидуваше за нас?

Б) Програмата на ЕЛАС (Грчката народноослободителна војска, формирана во Румели – како партизански одреди, на 15 мај 1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ). Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржоаски сталеж, а ние Македонците за нив бевме само „Славофони“, никакви борбени сојузници, туку пак само живи војници, како и нашите татковци во претходните војни. Ние, за тој период можеби погромко ја пеевме „Емброс ЕЛАС гиа тин Елада...“ и ништо повеќе. Но, има уште еден непобитен факт за секој што бил ЕЛАСИТИН, и не треба да заборава дека дал свечена заклетва. Види: заклетвата на Еласитинот во која гласи дека – Ќе се бори за ослободување на татковината Грција и за заштитата на интегритетот на грчкиот народ“.

ЗАКЛЕТВАТА НА ЕЛАСИТИНОТ: „Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување, стабилноста и независноста на Грција. За зачувување на интегритетот на грчкиот народ и воспоставување поредок и ред на основните човечки права. За оваа цел ќе се

потчинам на дејствијата и решенијата од наредбите на ПЕЕА и ќе ги извршувам совесно и дисциплинирано, сите наредби и упатства од претпоставените и ќе ја одбегнувам секоја постапка што ќе ме прави недоверлив како личност и како борец спрема грчкиот народ."

Што сè успеа да направи Кирјазовски од македонската историја (секторска историја за Егејците) се виде (односно ќе се види по уште многу анализи) на фактите и дека за луѓето од неговиот ков никогаш нема(ло) зима. Но, да го потсетам господинот Кирјазовски дека постои една чудна верзија, која можеби објаснува зошто сè уште не се открива историската вистина за Македонците под Грција, верзија која сè уште не се „прифаќа". Таа верзија вели дека Македонците под Грција биле турнати во Граѓанската војна од самите Македонци на ФРМ, по наредба на КПЈ (по само ним на КПМ/КПЈ – значајни тајни стратегии, но и проблемите во тоа време што се јавија со „Сакаме на Солун, не на Срем" и др.), поради тоа што претставувале опасен потенцијал за немир во Југославија. Во таа верзија се вели дека имало големо грчко лоби кое преку Англија и Америка одиграло голема улога во таквата реализација (прво, во Југославија ја разоружаа и расформираа егејската бригата, потоа ја образуваа во Скопје НОФ и ја раководеа повеќе од една година и најпосле ја натераа да се потчини на КПГ. Резултатот за секоја историска вистина е познат – Македонците доживееја национален пораз.

За крај: знам дека сме виновни за нашиот пораз, оти ние не се спротивставивме кога можевме и кога требаше. Јас со години се обидувам да бидам крајно коректен во презентацијата на информациите (историските факти) што ги поседувам и ги објавив во книгите: „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција" и „(Само)жртвувањето на Македонците под Грција", но Кирјазовски го злоупотреби. Но, затоа, повеќе од нужност, нека ми биде дозволено само неколку збора да му одговорам за поганењето во написите што ги објавил во списанието „Сонце", бидејќи самиот знае што е идентитет,

а јас не сакам да му кажам дека навистина тој треба да трага по сопствениот идентитет – инфантилност. И уште едно да го прашам оти тој вели дека пред македонскиот народ се чувствува горд и победнички: Зошто прерано ја напушти ДАГ (дезертира) и не ја доврши крвавата епопеја на Егејците, кога веќе знаеше дека вождот на КПГ на Македониците ни даде дури и самоопределување во 1949 година, кога од Сталина доби налог да ја ликвидира ДАГ?

Сакам да му порачам на овој автор, дека научни поени со селектирање на подобни и неподобни Егејци да се печалат педесет години преку идеолошкиот активизам, со поганење на луѓето (дури ги одродува), кои не се сложуваат со неговите писанија, е показ на непоседување на интелектуална моќ.

Од стилот (ако може да се каже дека има сопствен стил) и вокабулар што е употребен во написот, може да се заклучи дека тоа е патолошки врисок. Можеби ова представува политичко историски тест на интелигенцијата за овој историограф на Егејците. Тој парадира со својата ученост и наивно е да се полемизира со таква персона чија единствена автентична способност е бескрупулозното уценување. Сета негова умност и ученост, која бесрамно ја пласира во своите писанија (лакрдии) печатени во списанието „Сонце“ бр. 390. 391. 392, се покажа дека тој не пишува историја, туку кривични пријави и останува да живее во херојските времиња кога со полна уста клевети се стануваше полковник или покоен, историчар или началник... Една стара поговорка вели дека умот има граници, глупоста нема. Но, тој уште на почетокот вели: „Но, притоа нема да се спуштам на ниво (на тие што не се сложуваат) бидејќи не ми дозволува човековата и научна етика“.

Ништо ново – невротично самољубие. Изгледа дека тоа што го објави во своите писанија му се лизнало од контрола. Но сето ова ме потсети што напишал Белински, по исчитувањето на „Мртви души“ од Гоголь: „Господе, зарем толку е јадна, бедна и жална напишаната вистина?!“

15. 03. 2002 СТОЈАН КОЧОВ

ДОСИЕ – ГЕНОЦИД

ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО 1945–1949

За туѓи политички цели – наша историска безсмисленост; со наша крв да си испишуваат големи истории.

ПРИКРИЕНА ИСТОРИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА (ТАЈНА ЧУВАНА ПЕТ ДЕЦЕНИИ – ИСТОРИЈА БЕЗ ДЕТАЛИ, БРАНЕТА ПРЕКУ СИНДРОМОТ НА МОЌТА, СО УМИСЛЕНО ИСТОРИСКО МАСКИРАЊЕ.)

КОРЕНИТЕ НА ЗЛОТО И МРАЧНИТЕ ТАЈНИ НА ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ ЗА ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ГОДИНИТЕ (1945–1949)

Секој Македонец денес се прашува:

Зошто само ние Македонците имаме модел на секторска историја?

Постои, можеби, само една надеж за иднината. Таа надеж е луѓето да ги дознаат фактите.

Време е историјата да ги отвори незараснатите рани.

Оној што барем малку ја знае историјата може да заклучи дека сегашната историјаграфија ги имаше изместено фактите во корист на дневната политика.

За жал, имаме една многу нереална желба – сакаме да ја прикажеме историјата без никаква наша вина.

Најверојатно, историчарот Лазар Лазаров автор на трудот: „Македонија во француската политика на Балканот 1944 – 1957“, како историчар, појде од тоа дека историската наука има задача на секое општество да му го покаже огледалото на нејзиното минато, за да му даде можност да се соочи со вистината. Но, истовремено и да потврди дека полувековното минато не сме можеле така лесно да го менуваме, бидејќи во нашите македонски услови на овие историски прашања уште се однесуваме како „слободни заробеници“.

Можеби и затоа импресионира по многу нешта, но она најбитното е дека авторот со овој труд е меѓу првите историчари кој разгради, односно наговестува „ремонт“ на еден поголем дел од идеолошката историографија и небаре со тоа го разби моделот на секторската (наша) напишана историја (за Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија, која претставува само наш феномен на неинтегрално толкување на историјата на македонскиот народ), која беше градена од „пределкани“ факти и аргументи, изнесувани оцени со умислена дисквалификација и дискреминација на многу личности, отстапувајќи од научната етика, и да стане историја за славење на луѓето од политичкиот рејтинг.

Книгата на Лазар Лазаров, може слободно да се нарече „најжива книга“, во која го елаборира минатото и се говори

токму за тие настани; низ една сеопфатна анализа на изобилие од веродостојни факти и можеби со тоа ќе нè ослободи од досегашниот колективен страв. Тој како историчар, едноставно направи една ретроспекција од континуиран процес (1944 – 1957) со факти кои му припаѓале на минатото и ги располагаше од француската архива. Не осведочи со еден непроценлив дијалог помеѓу сегашноста и минатото. Но, што е најбитно, без дотерување на фактите за да одговараат на толкувањето, т. е без да има двоен однос кон фактите и затоа оваа книга предизвикува голем интерес и отвори видик за досегашните табу-теми. Во оваа книга ни откри дека сме имале еден редок феномен: многу ноеви, а малку песок.

Авторот, обработувајќи го периодот на време од 1944 – 1957 година, оценил дека треба да направи ретроспекција на нашите реалности на објективната состојба во која, нас Македонците не третираа под која и да било комунистичка партија или држава да сме биле.

Како што самиот вели: „... Заслужува внимание да се нагласи дека низ официјалната документација на Франција се опфатени и застапени сите три дела од Македонија, третирајќи ги нив како една интегрална целина, не само во географски, туку и во етнички и општествено–економски поглед. Ваквите согледувања се изразени кај француските дипломати, воено–полтички и економски експерти...“(23).

Оттука се поставува и прашањето: Кој е тој наш автор, кој така во интегрален дел нè престави пред светот?!

Можеби книгата: „Македонија и односите со Грција“, Скопје 1993 година, од врвот на науката или можеби, пак некој ненашинец како што е авторот на книгата: „Македонскиот конфликт“, Скопје 1996, од Лоринг М. Денфорд, книга која без засенчување нè доведе пред вратата на минатото и претставува еклантантен доказ за цената на неинтегралното гледиште во македонската национална историја.

Но, да одиме по ред на нештата и за да можеме полесно да sирнеме во корените на злото и мрачните тајни, нека

ни послужи како поткрепа во проследувањето на оваа книга и трудот на Тодор Чепреганов 1997 (52): „Велика Британија и македонското национално прашање 1944–1948“. Тој во својот труд ќе забележи:

„... ЦК на КПЈ во југословенските рамки, македонското прашање го поставува формално, без да навлезе во неговата суштина и покрај фактот што македонските комунисти уште на Конференцијата од 8 септември 1940 година сосема јасно го поставија прашањето за решавањето на македонското прашање. На конференцијата во промовираноста „македонска платформа“, зад која стоел Методија Шаторов-Шарло, се предвидувало борба на македонскиот народ за докажување на својот национален идентитет, за рамноправност со другите народи на Балканот, слобода во својата суверена државна заедница како крајна цел, самостојност или во сојуз со другите југословенски, односно балкански народи.

На 5-та земска конференција во Загреб Методија Шаторов-Шарло (кој покасно стана жртва на политичките игри) остро реагирал во врска со начинот на поставувањето и ставовите на КПЈ во врска со ставот за решавање на македонското прашање, посебно во однос на ставовите на Ѓилас по националното прашање, забележувајќи му за апстракноста на рефератот, нарекувајќи го дури „шовинист“. Шаторов истапи со став во кој ја обвини КПЈ за секташко застранување. Според него, погрешен бил ставот на КПЈ по македонското национално прашање, да се чека и да се разреши во текот на револуцијата...“

Но, да се вратиме на авторовото иследување и да видиме како тој го анализира синдромот на моќта во еден тоталитарен систем, од нашата блиска историја. И, конечно, ќе се запознаеме како се решавало македонското прашање и каков беше стремежот и стратегијата за обединување на Македонија под грижата на туѓинците.

Авторот, педантно ги анализира ветувањата на политичките лидери што ги добивавме од она наше време, но и нè

потсетува на нашите ропска послушност, за тоа, како и зошто го држевме чекорот во негодувањето на демагогијата, сè до ден-денес, за овие витални национални прашања.

Да проследиме неколку извадоци од книгата и да видиме што кажуваат француските документи за тој период (1944 – 1857):

„... Македонија од сите региони на Југославија е оној каде комунизамот има најсилна позиција. Нивното население е угнетувано со векови од Турците, потоа од неговите „Ослободители“ и за нив е најприфатлива комунистичката идеологија. Тито најде во овој регион (во Македонија–б. м.) поткрепа..., ...За Македонците, нивната земја ги опфаќа деловите од бугарските и грчките територии и за вистински главен град го сметаат Солун...“ (185).

„До нападот на Инфорбирото не беа одржани пленарни седници на ЦК на КПЈ, така што целата власт му припаѓаше на Политбирото на ЦК на КПЈ, кое го свикуваше Јосип Броз-Тито, генерален секретар на Партијата.

Македонија за жал, од непознати и неоправдани причини, немаше ниту еден свој преставник во Политбирото на ЦК на КПЈ, освен Колишевски, кој беше повикван само на оние седници на кои беа разгледувани прашања сврзани за Македонија или во случаите сврзани за Македонија. Најголемата власт беше концентрирана во ова тело, кое де факто беше нервниот центар, мозокот и наредбодавниот пункт за сите органи и организации во земјата. Својата волја и политика ја спроведуваа преку: Организационо-инструкционото одделение, Кадровското одделение, Агитпропагандното одделение, како и преку советодавните интерни партиски комисии за одделни гранки на работа – за Народната власт, Синдикатот, ресорот за надворешни работи, за просвета и школство итн.“ (102).

Авторот, во анализата, не случајно си поставува едно од најсериозните прашања: зошто Македонија немала низ це-

лиот период по Втората светска војна свои претставници во Политбирото на ЦК на КПЈ!?

„... Политбирото на ЦК на КПЈ, а кое го свикуваше Јосип Броз Тито како генерален секретар на партијата. Политбирото, како извршно тело и наредбодавен пункт за целокупниот живот на земјата, во август 1948 година доби нов состав во кој се забележува дека пак нема преставници од Македонија, а се избрани следните 9 члена: Јосип Броз Тито, Милован Ѓилас, Иван Бошњак, Едвард Кардељ, Борис Кидриќ, Франц Лесковшек, Благоја Нешковиќ, Моша Пијаде и Александар Ранковиќ.“ (186).

Колку за потсетување: според грчката историографија, исто така немаше Македонци ни во Политбирото на ЦК на КПГ , но ни во Централниот Комитет на КПГ, од формирањето, па дури ниту за време на Граѓанската војна, кога ресурсите на ДАГ беа околу 50 % Македонци кои на КПГ ѝ служеа многу посветено, а историографијата наша нѐ убедуваше (во колку се појавуваше критика за тоа, одговорот беше: „... подобро да не ја сечеме гранката“, а повеќе од јасно е дека тие што не водеа за време на сите војни, дури ни го посекоа стеблото и нѐ искорнаа, и тие се вратија на своите огништа), толку уверено дека КПГ не треба да носи вина, дури ни за нашиот национален пораз, туку таа не водеше победоносно.

ОД ДЕНЕШЕН ВРЕМЕНСКИ ПОГЛЕД

Со оваа моја интервенција, сакам да изнесам уште една карактеристична белешка од денешен временски поглед од Никола Кљусев 1998/190:

„... Чентовата влада, од кои повеќето потоа беа жестоко мачени и погубувани по занданите и логорите на титовистичкиот систем. Таа тешка судбина ја доживеаја, покрај Ченто како потпретседател на Президиумот, и двајца потпретседатели, стариот илинденец Панко Брашнаров и професор д–р Мануил Чучков. Потоа истата судбина ги најде секратарот на

Президиумот на АСНОМ доктор на Сорбона Владимир Полежина, министерот за стопанство д–р Лазар Соколов, министерот за правосудство Петре Пирузе и легендарниот ѓемиција илинденецот Павел Шатев, министерот за внатрешни работи Кирил Петрушевски, членот на Президиумот Венко Марковски, партискиот секретар и политички комесар на Главниот штаб Бане Андреев и други".

Што, всушност, значи и на што ни укажува оваа книга во интегрална смисла:

Прво: Ние Македонците требаше одамна да си ги избришиме илузиите дека некој друг ќе биде повеќе заинтересиран за Македонците и Македонија, отколку ние самите.

ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ОСТАВИЈА ПРЕМНОГУ ПУКНАТИНИ И ДЛАБОКИ ДУШЕВНИ ТРАГИ ВО СВЕСТА НА МАКЕДОНЕЦОТ

Илузија е дека комунистичката идеологија е таа која треба да се грижи за нашата среќна обединета Македонија.

Живот во служба на КПГ и на идеологиите.

Обземени од таквата еуфорија на полавеков, поверувавме и верувавме во сè. Еве еден таков еклактантен пример кој е лансиран од поодамна во нашата историографија, но тоа сега го прави и овој автор и вели:

Така, официјалните француски извори од Париз од 19 февруари 1949 година, заведен со ознака „тајно Грција", укажуваат на тајно потпишан договор помеѓу Тито и генерал Маркос од 1 јуни 1948 година.

Се знае дека Маркос никогаш не сакаше да отстапи еден дел од грчката територија, но на 25 јули 1948 година информацијата беше потврдена од Асошиетед–прес, според која Маркос веќе потпишал Таен договор со Тито (на 1 јуни 1948 година – б. м).

Наводно со овој договор, Маркос се согласи со обединување кон Југославија на трите грчки области – Флорина (Лерин, б. м), Касторија (Костур, б. м) и Едеса (Воден, б. м)". (64).

Што треба да значи сето ова?!

Авторот и покрај тоа што строго се придржува на француските извори, тој, низ текстот прави и доста смели прошетки низ „историјата“ од каде може да се види дека и тој недоволно интегрално ги познава проблемите и само ги потхранува илузиите, што може да донесе огромно разочарување, посебно за историската вистина за Македонците под Грција, а тоа најверојатно се должи на тоа дека и тој учел токму од извори на кои сега посакува да изврши тивка демонтажа.

Зарем не знае дека за тој период се случи Информбирото?! А на 30 Јуни 1948 година, членот на Политбирото на ЦК на КПГ Мичос Вландас испрати цИркуларно писмо до полит-комесарите на ДАГ, во кое сакаше да ги запознае со содржината на Резолуцијата на Информбирото против КПЈ и Тито и за ставот на КПГ, која се согласува со ставот на Информбирото (КПГ со овој проблем се занимаваше повеќе месеци сè додека не се одлучи на овој став. м. з). Освен тоа, би требало да знае, дека на 27 август 1948 година, генерал Маркос Вафијадис е суспендиран од Врховен командант на ДАГ, а на 5-от Пленум на ЦК на КПГ, кој се одржа на 30-31 јануари 1949 година е суспендиран и како председател на ПДВ (Привремена демократска влада) во Грција , но од никоја држава непризната.

Зарем не знаел и така невнимателно гази на скапана штица дека тој генерал Маркос Вафијадис е роден во село Тосиј близу до Анкара, во Мала Азија, колонист во Македонија под Грција од 1922 година, кој го сретнуваме низ нашата историографија, но не знам од кои причини е величен како легенда, а истиот ете што им изјавил на списанието „Епикера“ кога се вратил во Атина. Прашањето било поставено да одговори, во што беше смислата на неговата борба. Генерал Маркос одговорил: „Смислата беше во тоа што ги протеравме Славомакедонците (Македонците), да остане Македонија грчка!“

Ете, зошто, ние Македонците одамна требаше да сфатиме, дека од такви псевдогрижници нашата историја е полна со национални катастрофи, посебно во Граѓанската војна, во која доживеавме смислено етничко чистење, рамно на гено-

цид, токму од сите тие личности што ги опишува авторот во книгата. Обичниот човек кој си го изгуби огништето и денденес си го поставува прашањето: Треба ли уште да веруваме во демагогијата на едно пред полавековно време и ЗОШТО?

Второ. Туѓите пропаганди оставија премногу пукнатини и длабоки душевни траги во свеста на Македонецот и можеби затоа во таквата тоталитарност беше општо прифатено: Молчењето е злато!

Трето. Илузијата дека комунистичката идеологија е таа која треба да се грижи за нашата среќна обединета Македонија, а на тоа сме верувале дека можело и без македонскиот фактор, авторот успешно успева да го излачи низ овие факти и да ја долови таа примамлива нитка што сме ја прифатиле ние Македонците, по поделбата на Македонија, но посебно ние Македонците во Граѓанската војна.

Секое време си има своја бесмисленост, но по Втората светска војна, да се активира македонскиот синдром преку идеолошкиот активизам над Македонците под Грција не е ништо друго, туку само туѓи политички цели – наша историска бесмисленост. Тоа го потврди и историчарот Владо Ивановски во „Нова Македонија“ од 11–12 октомври 1997 година (Пренесено од Македонија тајмс), особено во број 3: „Зошто не на Солун“ и дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: „Желбите посилни од околностите“ и „Ставовите на големите сили“, што заслужува посебен респект. Ова прашање и авторот во својата книга го спомнува: „Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт...“ и преминува со голема леснотија, а е едно од клучните прашања, во колку ќе имаше уест во политичките игри, а тој проблем, јасно го открива и разјаснува сето тоа што го анализира во својата книга. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвора и го анализира Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ, (види: Кириазовски Ристо 1966/181) за создавањето на НОФ, АФЖ и нивното раководење од период (1945 – 1946) и секој што чита историја и тој што посакува да

знае, лесно ќе открие колку сме грешеле ние Македонците во нашето (само)жртвување, односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Значи се поставува прашањето: Дали ние Македонците преку таквата стратешка опција бевме интелектуално и воено-политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и компактноста на македонското население по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено кога тие станаа и воени граници на двата табора?

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги иследувам корените на злото: како и зошто беше активиран македонскиот синдром по Втората светска војна во Граѓанската војна 1945 – 1959 година и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија за да ги сочуваме вековните огништа или тоа ѝ одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод...

Никако не сакам да зборувам за тоа како само другите се виновни за тоа што се случило со нас Македонците. За сето тоа во нашата историографија се има доста напишано. Но досега не е речено за заедничката одговорност на Македонците.

Многу компетентно со непобитни факти проговори Ивановски за:

1. Односот на трите големи сили на антифашистичката коалиција: СССР, САД и Велика Британија;

2. Непобитен е фактот за време на НОВ и ПК на комунистичката партија на Југославија за Македонија и ЦК на КПМ – присутен е проблемот за обединување на Македонија;

3. Го наведе и документот од 16. 08. 1944 година „Македонија – Меморандум“, на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: „Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција;

4. Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на сфери на интереси, и дека Грција беше 100 % под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

5. Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција. Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

6. Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет СТАТУС КВО на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

И на крај дава заклучок:

„... Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле катастрофални“.

КПМ – МЕЃУ КПЈ И КПГ – ГИ ЖРТВУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

НОФ се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот.

НОФ на КПГ ѝ направи непроценлива услуга, но не помала на КПЈ.

Идеолошкиот активизам на туѓинците се шириле како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944 – 1950 година...

Чувството дека бевме народ во Грција, го имаше секој Македонец, а во историјата наша да станеме малцинство не можете вие да го почувствувате како што тоа го почувствуваа Македонците под Грција, да бидат виновни за тоа што му препаѓаат на тој народ македонски. Сега со полна уста го нарекуваме малцинство (се служиме со неисториска дефиниција, бидејќи ние Македонците не сме доселени во Грција, па да нѐ третираат како малцинство. Ние сме народ, дел од Македонија и Македонците), а историографијата наша е преполна со вековни стремежи за обединување на Македонците и Македонија. Но, за жал, значи од Обединета Македонија по Втората светска војна, беа само илузии или манипулации на туѓинците и не можеше да има такво нешто, а факт е дека тој порив за нас Македонците останува само како историска матрица. Но, сакам да наведам како мудро работеле и размислувале Германците: Германците велат: „Наивен и глупав е тој што зборува гласно за обединување на распарчената татковина, а страшливец и изрод е тој што не мисли за нејзиното обединување!“

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА Е НАЈТРАГИЧНИОТ НАСТАН НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, БИДЕЈЌИ СИТЕ НАС ОД ТАМУ Нѐ ПРАВИ ЛУЃЕ БЕЗ КОРЕН И КАЈ СИТЕ Е ВСАДЕНО ЧУВСТВОТО НА ОТТУЃЕНОСТ.

Фактите од Втората светска војна и од Граѓанската војна (1945 – 1949), зборуваат за длабочината на македонската трагедија и имаат големо влијание врз психата на Македонците и врз нивното политичко однесување. Новите генерации не се идеолошки слободни, зошто и тие живеат во сенката на минатото, па дури и авторот на оваа книга остава таков впечаток. Но, ние Македонците, не можеме да го отсечеме минатото и да тргнеме во иднината и да гледаме рамнодушно на обезмакедончувањето на Македонија под Грција. Со ист респект ќе ги читам одговорите на моите прашања, кои произлегоа од овој заклучок дека: „политичкото и воено раководство на македонија реално ја оцени, ја држеше и ја контролираше ситуацијата“.

Тоа е за почит, ако така се држеше, оти факт е, дека паролата за обединета Македонија по Втората светска војна немаше никаква реалност. Сите ние Македонците под Грција ја доживеавме надвор од своите родни огништа за навек, оти се покажа со таа идеја туѓинците ги искористија исконските желби на Македонците и беше потсилувана, бидејќи со моделот за нашето (само) жртвување се бараше масовност и со тоа се создаваа услови за реализирање на етничко чистење.

Но, историчарите во поново време изнесоа доста валидни аргументи и непобитни факти кои го побиваат заклучокот на Ивановски и точно укажуваат на една Историја со многу детали од дејанијата на КПМ/КПЈ, односно на политичкото и воено раководство. Таквите сведоштва откриваат една сурова правда и коренита ревизија на свеста за интегрална македонска историја.

КОГА НОФ БЕШЕ ОФОРМЕН И ОРГАНИЗИРАН ОД КПЈ/КПМ, СЕ ПОКАЖА ДЕКА ГОТОВА БЕШЕ ТЕАТАРСКАТА СЦЕНА ЗА ВОЈНА И СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ

Еве зошто;

Прво: На 23 април 1945 година во Скопје во ЦК на КПМ, биле формирани организациите за Македонија под Грција

НОФ, АФЖ и НОМС и раководени од КПМ/КПЈ, сè до ноември 1946 година. Програмската цел им беше за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. (види: Киријазовски Ристо 1966/181 и Раковски Павле 1990/199).

Но и авторот Лазаров нè упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 од страна на францускиот генерален Конзул во Солун Жерар Раул Дувал, во кои вели: „... Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија... по сè ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира оваа организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската теритоија..."(62).

Ова е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ (види: Киријазовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ (КПМ/КПЈ) ѝ беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш зошто само за неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: „Да го свртиме оружјето кон Солун!", односно „На Солун, не на сремскиот фронт?!"

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беа создадени 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се уништени во времето на Граѓанската војна м. з), функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации – до баталјони. (Види: Киријазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот

победата над фашизамот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се одзва со невиден терор до Втората светска војна. Ова се се правеше уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално е дека Граѓанската војна е прогласена на 31 март 1946 година со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ – СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: „НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗАМОТ“ И ПОДДРШКА САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА – ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА – СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА

Второ: На 26. 04. 1945 година во Москва Маршал Тито даде изјава за „Њујорка тајмс“ во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби“. Од тој период има доста такви потсилувања, со необјаснето потхранување на илузиите наши, но да се потсетиме на третата и последна средба Тито – Сталин, мај 1946 година (Види: Спиридон Благоев: „Н. М“ фељтон од 17. 05. 1997 година.

Сталин: „А Грција покренува ли барања во однос на Југославија?“

Тито: „Во однос кон нас немаме провокации, меѓутоа во последно време...“.

Сталин: „Англичаните таму држат армија, со цел да ја зајакнат реакцијата, да, возможно, и за други цели...“.

Тито (со насмевка): „Ние кон нив имаме барање: Егејска Македонија и Солун.“

Молотов: „Да, Солун, стар словенски град. Нужен е излез на Егејското Море. ”

Трето: Врз основа на одлуката помеѓу Тито–Захаријадис од 14 октовмри 1946 година, на КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис (пак без Македонци) ја остварија следната спогодба: „Македонските орѓанизации НОФ и АФЖ и НОМС и нивните раководства да поминат во целост под КПГ, а вооружените единици под раководството на генерал Маркос. По ова, зачудува фактот: Како ќе можеше НОФ да ја реши рамнотежата на моќта? Нели по овој чин на КПМ/КПЈ, НОФ го оставија овчар без стадо? Повеќе од очевидно е дека, алката што не достиѓа за да се откријат овие факти е поради прикривањето и прилагодувањето на фактите.

УБЕДУВАЊАТА НА КОЛИШЕВСКИ, ДЕКА СЕГА КПГ Е ДОБРА, НЕМА ЛОШИ КОМУНИСТИ, СЕ ПОКАЖА САМО КАКО НАМАМУВАЊЕ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ДА ГИ ОБЛЕЧАТ УНИФОРМИТЕ НА ДАГ

По постиѓнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесен број денови, членовите на Главниот одбор на НОФ беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски на кои им го рече следното: „Вие сега одете долу (Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба (значи, најверојатно, сега не на Македонците за обединета Македонија) ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа... Борете се со сите расположиви сили против шовинистите, сепаратизмот и локалните тенденции“ (исто: Киријазовски).

Се поставува прашањето: Со какви шанси влеговме во Граѓанската војна и зошто?

1. Ако се знае дека: учесниците на ДАГ беа 50–60 % Македонци од вкупните ефекти на ДАГ и целокупните воени ресурси на ДАГ беа околу 25. 000 илјади борци од 17 до 55 годишна возраст, а владината армија на Грција броеше околу 270. 000 војници од сите родови и наоружани со најмодерно оружје.

2. Политичките леви сили во Грција во однос на ЕЛАС, беа намалени за три пати и имаа политички рејтинг не поголем од 5–6 % од вкупното население во Грција и во Граѓанската војна учествуваа не повеќе од 03–1, 5 %.

Но, не треба да заборавиме, дека во тоа време и на Труманова-та доктрина. (Види: Тодор Чепреганов 1997/178) Тој вели: „... Непосредно по прокламирањето на Труманова доктрина во Грција е формирана извастителна служба од агенти на ФБИ и ОСС. Била испратена и воена мисија. Преставниците на САД пристигнале во Грција на повик од грчката влада за давање по-мош во зачувувањето на суверенитетот на Грција како нација. Нивното присуство било со цел регулирање на материјалната помош, имале советодавна функција и биле невооружени. По пристигнувањето во Грција членовите на мисиите ги презеле најважните раководни функции во штабовите на армијата, морнарницата, воздухопловството и поставиле свои претста-вници во сите армиски единици и ја презеле организацијата и раководењето со воените операции против востаниците...“

Ние Македонците се најдовме во средина на еден најго-лем акумулиран фанатизам, па дури и недоверие од КПГ, по-ради тоа што до вчера, цела година НОФ и АФЖ, не само што беше создадено, туку и раководено од КПМ/КПЈ.

По ова, па сè до ликвидацијата на ДАГ, дури и во емиг-рацијата, познато е како КПГ ни ја напиша црната страница на црвената книшка и нè остави по светот со колективен статус на „грчки политемигранти“ во разни логори исчекувајќи го крајот на животот. Но, мошне интересно е и авторовото заб-ележување за Париската мировна конференција. Историчарот Лазаров сосема искрено ќе забележи :

„... Југословенското раководство и на Париската мировна конференција и потоа не само што не го постави Македон-ското национално прашање, туку и во годините што следеа избегнуваше воопшто да го иницира и поставува, сè со цел да не се нарушат добрите југословенски односно српско-грчките односи.

КАКО И ЗОШТО ТРГНАВМЕ ВО НОВ СМРТОНОСЕН ПОХОД?

Туѓи политички цели – наша историска бесмисленост.

Кој и како нè водеа во Граѓанската војна?

Војна со силен интензитет на исцрпување и опустошување на населението.

Македонскиот воин низ историјата на ДАГ и невиденото херојство на Македонците.

Настаните што уследија по Конфернцијата, а посебно по сплетот на меѓународните околност со Резолуцијата на Инфорбирото од јуни 1948 година и потоа, мошне негативно се одразија во остварувањето на македонските национални права и обединувањето на Македонците во една самостојна држава.

СТРАТЕГИЈАТА НА КПГ ПРЕКУ НОФ И АФЖ, СО ДЕЈСТВУВАЊЕТО БЕШЕ (ДА СЕ ИЗМЕСТИ МАКЕДОНСКАТА СВЕСТ) ИНДУВИДУАЛНА ПРОМЕНА НА ЛИЧНОСТА. БОРБА ЗА ДУШАТА НА ИДНИТЕ СЛЕДБЕНИЦИ

Меѓу Тито и Захаријадисбило договорено дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето со оружје, облека и храна. (Види: Кириазовски „Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945 – 1949“ (стр. 263), список на комплетна опрема за единиците на ДАГ, истото го потврдува и списанието „Данас“ од 6. 3. 1990 година, број. 418, 419, и 420 пишува: „Балкан на потезу“ и „Корак у грчку трагедију“ (Непромишљеним потезима свих актера, сукоб у Грчкој доведен је до тачке са кое није могло бити мирног повратка), стр. 64. Значи, по ова готова беше театарската сцена за војна.

На крајот од овие договори помеѓу Тито и Захаријадис, се вели дека било дозволено да се вршат мобилизации над Македонците кои биле политички бегалци во Југославија. Над

сите тие луѓе, кои штотуку си го имаа спасено животот, уште полн со страв од неволји. Под какви услови беа мобилизирани низ градовите Скопје, Штип, Велес, Битола и др. и носени до грчката граница во камиони покриени со церада.

Во македонската историја не се памти, дека секоја презимена акција од туѓинците (Бугари, Грци или Југословени) да не ја реализирале преку Македонците – манипулирајќи или поткупувајќи ги таквите идеолошки поданици, а денеска тие и по полавек изигруваат војска на очајници. (Види: Ворјас: ФМ. во ИНИ СК. 4. 271/60 (стр. 73–76). Кога човек, ќе прочита како се вршеле овие мобилизации на околу 10. 000 луѓе и по чиј налог и критериуми (... Јас, се разбира во почетокот, воопшто не испраќав другари сѐ додека не дознам за нив и нивното минато, како и моменталниот став спрема денешницата во СФРЈ, па и движењето, – пишува мобилизаторот Ворјас), ќе се вџаси, и ќе се револтира од тоа дека се пропагира за одење во револуција, а мобилизираните револуционери ги крijат под церада и тоа од сопствениот народ. Такво нешто, досега нема забележано ни светската историја.

Со не помала кобна ароганција беше и чинот на одземањето на децата, кои денес се нарекуваат „Деца бегалци“, а беа земени со умисла, за да нивните мајки бидат испратени на фронтот, а не за да се спасат децата. Тоа преставуваше сечење на семејните корени. (Поговорката вели: „на лиотот земи му ги младенчињата, тој повеќе не навраќа на леглото – седелото“). Но, за сите овие брутални ароганции над Македонците под Грција, да се надеваме дека судот на историјата нема да признае застареност, ниту одбрана со молк.

ПО ВОЗВИШУВАЊАТА И ПАДОВИТЕ, СЕГА НОФ ГИ ПРИФАТИ СИТЕ БАРАЊА НА КПГ И ОДЕШЕ ПО ЛОКАЛНИОТ ВОЗЕН РЕД И СО ТОА МАКСИМАЛНО СЕ ИСЦРПУВАШЕ МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Денес, многу истражувачи си го поставуваат прашањето: Зарем било можно, во единиците на ДАГ да загинат толку луѓе од исто село? А, пак, што е како доказ дека нема македонско

село (каде беше стратешки лоцирана војната и само оттука се црпеа сите резеви) да нема од 60–100 жртви. Но, ете и тоа се случи и што е најважно за Македонците под Грција сето тоа останува неизбришливо од свеста и несфатливо, зашто сето тоа до ден-денес е необјаснето: ни херојскиот македонски воин во ДАГ не е во ранг со тие што се во историјата на Македонија; ни национално политичките импликации; ни за сите нас Македоци под Грција, што значеше робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ и тоа во едно време на демагогија кое продуцираше: сила врз сила над обичниот човек, над селанецот преку двојниот идеолошки активизам (за КПЈ? или за КПГ?) кој не беше ништо помал од „калашников“ најубиствениот руски производ, само и само да се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено-стратешки натпревар меѓу идеологиите за туѓи цели. Целта на таквите идеологии им беше, едноставно, да влезат во колективната свест и да станат незаобиколена слика на општа еуфорија и страв за поинакву да мисли македонскиот селанец (не дај Боже да останеше аполитичен и идеолошки неопределен пред паролата: „Ако не си со нас, ти си против нас!“

Откога ќе се осознаат овие работи ќе се види, дека нашите заблуди преставуваат една голема трагична иронија. Сè беше во една потресна големомаченичка легенда, која набргу по Информбирото и траеше дури и по ликвидацијата на ДАГ и која се претвори во уште една незапамтена наша трагедија, на која сме ѝ свидетели, кога за првпат во историјата е ставен Македонецот да е против Македонецот, а при што, сите се однесувавме како идеологизирани примитивци во интерес на нацијата. Еве еден таков пример од тогашните туѓи пропаганди кои настојуваа сè да се претвори во сурово сознање, дури и во разделените семејства (побегнатите родители и деца во Југославија – Скопје да бидат во служба на пропагандата на КПЈ, односно нивните синови и татковци кои се мобилизирани во ДАГ, да бидат во служба на пропагандата на КПГ). Види: „Хронологија на народноослободителната борба во

Егејскиот дел на Македонија – (1945 – 1949)“, 1973 г. Пишува: „На 1 август 1949 година, Органот на Главниот штаб на ДАГ „Прос ти ники“ (Кон победата) бр. 168 од 3. 08. 1949 г. го донесе одговорот од раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС, дека на 29 јули 1949 г. во Скопје е одржана Конференција на претставниците на околу 30. 000 бегалци од Егејска Македонија. (На кои повеќето синови, браќа и сестри им се мобилизирани во редовите на ДАГ и гинат на боиштата на Грамос, Вич и низ цела Грција и сега ја бранат политиката на КПЈ). На Конференцијата, покрај другото, е донесена резолуција во која се вели дека македонскиот народ од Егејска Македонија, никогаш нема да ја заборави укажаната помош и секогаш ќе ја запазат вечната љубов и благодарност кон југословенските народи на чело со маршал Тито. Конференцијата најостро ја осуди клеветничката кампања и со најголемо гнасење ги отфрли најновите клевети од раководството на КПГ. Како одговор на оваа Конференција, раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС (Борците на ДАГ, на кои повеќето од семејствата му се во Југославија, а сега ја бранат политиката на КПГ) издава соопштение во кое се вели: „Ние Македонците ќе ги браниме позициите и ставовите на другарот Захариадис и раководство на КПГ за земените ставови спрема Југослвија и нејзиното раководство кои водат предавничка политика и ќе се бориме заедно со грчките комунисти, за справедливата борба што ја води КПГ и ДАГ за ослободување на Грција од монархофашизамот“.

Значи, по Втората светска војна, се одеше се со цел да се создаде нова балканска заблуда, а за сето тоа, нели е премолчена вистината од интегралната историја на КПМ? Значи, повеќе од јасно е дека некој нè натера да бидеме први што ќе одекнеме со воените барабани и труби за дигање на Македонците под Грција во сенароден ослободителен фронт. Кој е тој? Што нè натера да прибегнеме кон воена опција? Ќе го посочи ли еднаш нашата историја? Ќе ни ја објасни ли таа кобна,

злокобна, несреќна, погубна, розорана и смртоносна национална стратегија или уште ќе си ги потхрануваме илузиите?

Само со објективен пристап кон нашето (само)жртвување, може реално да ја согледаме величината на манипулациите за нашиот конечен геноцид над Македонците под Грција.

Книгата на Лазар Лазаров е исклучителна фактографска граѓа и значајна поука за иднината. Авторот се разликува од тие историографи, по тоа што, својата вистина ја соопштуваа само тогаш кога се совпаѓаше со таа на власта. Тој уште еднаш ни потврди дека во нашата историја не се памти дека секоја преземена акција од туѓинците, да не ја реализирале преку Македонците – манипулирајќи или потплатувајќи ги таквите идеолошки поданици.

ПСЕВДОЗАГРИЖЕНОСТ. КПЈ ГИ КРИЕШЕ ДВОЈНИТЕ СТАНДАРДИ

За крај, авторот ни кажува, каква беше сета псевдогрижа:

„... При постата на југословенската парламентарна делегација на Атина, во септември, кога еден грчки новинар го прашал Моша Пијаде што мисли „за македонското прашање?“, одговорот според францускиот амбасадор во Атина Жан Белан бил следниот: „Грчката влада е сама надлежна да просуди дека тоа (македонското прашање, б. м.) воопшто е едно чисто внатрешно прашање и секоја влада треба да го регулира според своите проценки...“

Денес, многу луѓе се прашуваат, дали мошевиот став не е идентичен со сегашниот наш?

Ете така завршија манипулациите со нас Македонците и ужасните заблуди.

Трагајќи по таа нишка на нашата судбина се покажа колку била препуштена во рацете на одредени личности, кои навистина низ целиот тој период за нас Македонците ни ја пишуваа црната страна на црвената книшка, во отсуство на македонскиот ПРОСТУМ.

Секој што ќе ги прочита таквите книги се препознава, се тревожи од тие дамнешни оглушувачки чекори. А можеби и на сите крвта ни замрзнува, зашто знаеме, дека се откриваме себе, без разлика на која идеолошка (поданичка) страна се наоѓавме и без разлика на тоа во каква политичка облека сме биле облечени, но сите нè тераа да трчаме да стигнеме кон геноцидот и ниту еден не се најде да го поучи народот македонски под Грција, дека напуштањето на огништето е документ за НАЦИОНАЛЕН ПОРАЗ!

ВРЕМЕ Е ДА СЕ РАСТАЈНИ ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА (1945–1949)

Каква одговорност би можела да им одреди македонската историографија на грчките и југословенските комунисти???!

Каква исориска улога одигра НОФ, кој беше создаден од КПЈ и уништен од КПГ???!

Националниот пораз го опевавме како победа.

Збогум роден крај, збогум илузијо дека македонската држава е гарант за Македонците под Грција.

Колку свеќи треба да горат за жртвите во Граѓанската војна!!!???

По ликвидацијата на ДАГ, сите воени единци на 29–30. 08. 1949 година се повлекоа од Грција во Албанија. Едно попладне згрмија звучниците и ја прочитаа пораката на Политбирото на ЦК на КПГ и ни соопштија дека: „Единиците на ДАГ се повлекоа од боиштата во Грција, бидејќи си ја извршија предвидената задача!“

31 август, Бурели, НР Албанија

Секој од нас се праша: КАКВА ЗАДАЧА СМЕ ИЗВРШИЛЕ?

По два дена беа осудени (се разбира учествувајќи и ние Македонците) раководителите на НОФ и беа интернирани во сибирските логори.

Останатите (заедно со Грците кои покасно си ги прибра државата, бидејќи беа Грци по род), се најдовме низ логорите на светот фрлени во идеолошкиот отпад. Туѓинците точно постапија спрема моделот – жртвата мора да соработува во интерес на туѓите цели, за тоталното доразбивање на македонското јадро. На илјадници политемигранти се нудеше „услуга за услуга“ ти ќе бидеш Бугарин, Грк или Југословен, ние ќе ти ги обезбедиме сите права на голем борец (се разбира, тоа не важеше за сите). И резултатот од сето тоа беше да си го искодошиме својот народ, до степен на анатемисување (Павле Раковски еден од видните борци за Македонците под Грција, по смртта, не доби ни сопствен гроб во татковината Македонија, туку беше закопан во туѓ гроб), на основа на идеолошко-политичко стојалиште во мигот каде припаѓавме. Значи, доживеавме време, кое во политичкиот жаргон се нарекува – време на стаорци.

Од тогаш, па сè до денес се прашувам: каква задача сме извршиле ние Македонците?

Некој ќе праша: А потоа што стана со сите вас?

Повеќето, останавме цели 50 години неми набљудувачи, раскажувајќи (пишувајќи) си ја сами историјата за Егејците, бранејќи се сами, сами оплакувајќи си ги 20. 000 жртви, и во последно време, сами протестираме против навредите од Пангалосна минис 25 степени, без ниеден Вардарец. Тоа покажува дека како македонски народ не сме солидарни во интерес на нацијата, барем како што тоа го праватАлбанците. Повеќе од јасно е дека дефинитивно го добивме конечниот удар и сме доведени да си го коригираме чувството на Македонци во својот паспорт, едноставно и со неверојатна лесноотија да напишеме само толку, дека сме родени во Грција. Ете, зошто, останувам запулени со ужас во македонската поданичка секира, како е зариена во македонската душа...

По исчитувањето на оваа книга, сепак треба да се сложиме дека благородните цели бараат реалистичност. Фундаменталниот проблем е во тоа што нашиот народ под Грција немаше искуство за такви големи промени, но ниту реална можност за воена опција, односно не му требаше воинствена политика, туку му требаше филозофија за опстојување на прадедовата земја. Тоа беше време на невреме за Македонците под Грција, но исто така е и факт дека имаше и такви луѓе кои донесоа одлуки со огромни катастрофални последици, во интегрална смисла; за Македонците и за македонската национална историја. А тоа покажува на неопходноста од единствени критериуми за историското минато на македонскиот народ.

Текстот го завршив на 25. 12. 98 година. Сполајму на Господ, имало правина. На по еден ден од новата година (по старо) петок 14 јануари 1999 година во списанието „Денес“ прочитав иако постериорен, прагматичен текст од историчарот д-р Ристо Киријазовски. Тој лаконски вели: МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА Е НА ВИСИНА НА СВОЈАТА ЗАДАЧА. И објаснува:

„... На пример, македонската историографија аргументирано ја обелодени големата одговорност на грчките и на југословенските комунисти за трагичната судбина на Македонците од егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна. Затоа таа и констатира дека, ако се избегнеа страшните настани во петте повоени години, за што постоеја објективни услови, денес во егејскиот дел на Македонија ќе имавме едно компактно македонско малцинство, во компактна територија и ќе ги немавме денешните проблеми со актуелната грчка власт.“”

Ова најдобро ќе го разбере, секој што си го изгуби огништето и кога бараше одговор беше анатемисан (наклеветен дека го клевети југословенското раководство на КПЈ и на КПГ). Еден од нив сум и јас за мојата книга: „(Само) жртвувањето на Македонците под Грција 1994“, со која барав одговор: Како и

зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945 – 1949 година. (Види: Кирија-зовски: СК. ИВ–1118 од 8. 04. 94 година.).

Но, сега ќе добиеме одговор, ако ги изместиме зборовите и кажеме: Леле, колку зависела политиката од историчарот!

Овој историчар, со текстот во „Денес“, ме потсети на мислата од СПИНОЗА: „Немој да се смееш, не плачи, немој ни да презираш, туку размислувај и сфаќај“.

Токму така. Познато е, дека историчарот Ристо Кирија-зовски има напишано доста трудови за Граѓанската војна во Грција и не би требало да биде засенчен и во ова иследување, но и да не биде сфатен според руската изрека: „Так сказал начаљник! Молчат и нерасуждат!“, да видеме како тој дошол до тоа дека: „... македонската историографија аргументирано ја обелодени големата одговорност на грчките и на југословенските комунисти за трагичната судбина на Македонците од егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна.“

Се поставува прашањето:

1. Каква одговорност би можела да им одреди македонската историографија на грчките и на југословенските комунисти?

2. Тогаш каква историска улога изигра НОФ, кој беше создаден од КПЈ и уништен од КПГ?

Во војните постојат некои норми, на пример да не бидат лични, да бидат сенародни, но за нас Македонците под Грција која преку НОф е претставена Револуција, па дури и продолжење на традициите на Илинден е бесмислено талкање низ историјата и потхранување на непотребни илузии. Повеќе од јасно е дека Македонците под Грција беа залог во таа војна и КПГ и КПЈ имаа монопол спроведуван преку НОФ.

Каква задача сме извршиле? Кога единствена цел беше уништување на македонскиот народ!

Иако, по полавековен молк за почит се изнесените историски факти од д-р Ристо Кирјазовски во Рубриката „Погледи и мислења“ во Нова Македонија од 10 јануари 1995 година во

написот: „Големите ѓи изневерија очекувањата на Македонците“ и во својот фељтон: „Озаконување на насилството против Македонците во Грција по Втората светска војна“, до 18 јануари 1995.

Тој како историчар, изнесе такви релевантни историски непобитни факти што недвосмислено се во настанувањето на ѓеноцидот над Македонците под Грција и со тоа ѓи урна режимочуварските илузии на самоуверените идеологизирани „лидери“ и покажа дека, навистина, не постојат големи факти, непознати за историјата на „Егејците“ и секој паталец од тоа време ќе може да оцени; дали за нас, Македонците, под Грција, Граѓанската војна беше неминовна или безумие!

Едвар Халет Кар, во својата книга „Што е историја“ вели: „фактите зборуваат само тогаш кога историчарот ќе ги повика: тој е, оној што одлучува на кои факти ќе им даде збор и по кој ред и во кој контекст“.

Ете навистина, на еден концизен и сублимиран начин, тоа го стори и нашиот историчар Кирјазовски, изнесувајќи ги појдовните стратешки цели на Граѓанската војна, направи извесна деконтаминација на идеолошкиот активизам и нивните актери. Тој вели: „Во април 1946, Захаријадис (генерален секретар на КПГ) се сретна со Сталин и со Тито, кои ја одобрија (Граѓанската војна) таа одлука на КПГ и ветија сестрана помош.“ Понатаму вели: „Во Егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ, а под влијание на КПЈ–КПМ, дејствуваше силно македонско национално-ослободително движење предводено од НОф кое, во согласност со договорот меѓу Тито и Захаријадис, во октомври 1946, помина под непоседно раководство на КПГ.“ Што значи, политичките и воените стратези на Граѓанската војна биле Захаридис, Тито и Сталин. Не треба да имаме никаква апорија во изнесеното на историчарот Кирјазовски. Тој, сигурно, со чувство на професионален порив, преку својата специфична функција на истражувањето, а тоа се гледа од сентенцата на текстот и, најверојатно, бил соочен со листа од релевантни причини но, воспоставувајќи хиерар-

хија, го утврдил заемниот однос на причините и како фундементална причина за Граѓанската војна (1945 – 1949) ги посочи овие личности на комунистичкото движење.

Ние, во полувековното минато се носевме со некакво задоволство од изјавите на тогашните политичари (стратези) кој се однесуваше на личниот став и промените на политичката сцена, за што дури и научните стандарди (институциите) им биле прилагодувани на тие потреби за полесно да манипулираат со нас, а можеби тоа се должеше на тоа што не сме имале (не сакаа да имаме) со нив никаков сојуз, туку само да им го прифаќаме нивниот статус, без да бараме исполнување на нашите национални интереси.

Со респект кон секој обид да се создаде амбиент за реално расветлување на сите темни дамки и за трезвено вреднување на историските факти и со тоа да се прекине со понатамошното потхранување на нашите историски несреќи, од голема корист се фактите што ни ги нуди и книгата: „Југословенскиот комунизам и македонското прашање“, од американските автори: СТИВ Е. ПАЛМЕР и РОБЕРТ Р. КИНГ. Во главата 7 – Континуиран интерес за Егејска и Пиринска Македонија на страница 125 се вели:

„КПЈ била претпазлива во своето дејствување за присоединување на Егејска Македонија. Меѓутоа, кога КПЈ цврсто застана на власт, прашањето за обединување на Егејска Македонија било оживеано. Во средината на 1945 година, во статиите што се печателе во југословенскиот печат се оплакувале „неиздржливата ситуација“ на Македонците во Грција што стенкале под „теророт на грчките шовинисти“ за коишто се велело дека подготвуваат „оргии во краен бес“ (40) (“Борба“, 19 јуни 1945).

Говорејќи во Скопје во октомври, Тито ја потврдил тезата дека Југославија никогаш нема да му го оспори правото на македонскиот народ да се обедини (41) (Јосип Броз Тито, „Изградња нове Југославије“, 1 стр. 158). Сосема природно, КПГ

чинела сè што било во нејзина моќ да го намали знаењето на македонското прашање.

Подготвувајќи ја следната фаза на грчката граѓанска војна, Никос Захаријадис, генералниот секретар на партијата, во почетокот на пролетта 1946 ги посетил Белград и Прага. Додека грчките комунисти се подготвиле, КПЈ придонела кон разјаснување на своите цели со тоа што „Борба“ на својата прва страница објавила една карта на Егејска Македонија, на којашто биле покажани „етничките граници“ на македонија, во коишто биле вклучени Солун и голем дел од северна Грција. Во статијата што била печатена заедно со картата се оплакувала судбината на „над 250. 000 Македонци во Грција“. „Грчките реакционерни кругови имаа решено да ги уништат“. Грчките Македонци се бореле во грчките партизански единици за своето ослободување – продолжувала статијата – и тие го заслужиле правото на самоопределување и обединување со нивните браќа во НР Македонија. Статијата завршувала со заканата дека Југославија „не можела да остане рамнодушна спрема уништувањето на нашето население во Грција“ (42) („Борба“, 26 август, 1946).

ПРЕДАВСТВО СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ–ИЗМАНИПУЛИРАНИ, ИЗЛАЖАНИ И ПРОДАДЕНИ

Како сега да му се објасни на македонскиот народ дека обединета Македонија беше излитена парола.

Тајните на тајните идеолошки активисти на КПЈ и КПГ, треба да се кажат, зошто се определија кон воената опција, која секогаш ѝ годеше на грчката држава.

Кога започна Граѓанската војна во Грција, КПЈ јавно не инсистирала до тој степен на македонското прашање за да ја комплицира внатрешната ситуација на КПГ. Меѓутоа, Југословените продолжиле тивко да работат за зголемувањето на своето влијание меѓу Словените во Грција. Тие користеле

логори за обучување герилци организирани на југословенска територија, со цел меѓу грчките Словени да стимулираат поддршка за обединувањето на грчката Македонија со НР Македонија (43) (Баркер, „Македонија“, стр. 118). Тито бил готов да ги користи сите средства, со исклучок на општа војна за да му помогне на агресивниот водач на грчките герилци Маркос Вафијадис. Југославија била во многу подобра ситуација да дава материјална помош отколку Бугарија или Албанија, поради тоа што базите на грчките герилци се наоѓале во планинското подрачје на границата со Југославија. Маркос станал зависен од Тито и очевидно на КПЈ ѝ дал право да испраќа свои организатори во Егејска Македонија. Во почетокот на 1947 година СНОФ, којшто сега го сменил името во НОФ влегол во акција. НОФ прокламирал дека неговата цел е да ги обезбеди националните права на Македонците во рамките на комунистичка Грција. Меѓутоа, силното југословенско влијание преку инструктори и „доброволци“ од НР Македонија, а исто така и пропагирањето на македонскиот јазик, воспоставувањето школи и честите барања за поголема автономија на Славо-Македонците, индицираат дека НОФ бил користен за унапредување на југословенските експанзионистички амбиции (44) (Кофос, „Национализмот и комунизмот во Македонија“, стр. 166–167; 170–173).

Исклучувањето на Југославија од Коминформот ставило крај на акцијата на Југославија што била насочена кон обединување на Егејска Македонија. Иако КПЈ продолжила да го подржува Маркос во текот на повеќе од шест месеци нејзиниот прекин со Коминформот, сериозна борба избила во редовите на КПГ меѓу пројугословенската и прокоминформската фракција (45) (Избит, стр. 175–177). Прокоминформската група конечно се наметнала. На петтиот пленум на ЦК КПГ, на крајот на јануари 1948 година, Маркос бил сменет од својата командантска функција и исклучен од Партијата. ЦК им ветила на грчките Македонци „Целосно самоопределување“, но истовремено ги предупредил против деструктивната акција што

ја разбиваат „опортунистичките и реакционерските елементи, потикнати од странство, со цел да го разбијат единството на Македонците, славомакедонскиот и грчкиот народ“ (46) (Пијаде, цитиран во „КПЈ и македонското прашање“, стр. 98). Реорганизираниот НОФ се обидел да поведе една македонска политика слична на политиката што ја применувале Бугарите и Коминформот, повикувајќи на создавање единствена Македонија како независен, рамноправен член на федерацијата на балканските народи. Грчката реакција на оваа изјава била толку единствена и енергично негативна, што НОФ бил принуден да го повлече овој свој балон за обединета Македонија (47) (Хамилтон Фиш Амстронг, „Тито и Голијат“, стр. 192; Кофос, „национализмот и комунизмот во Македонија“ стр. 179–183).

Кон крајот на јули 1949 година Југославија им ја затворила својата граница на грчките герилци и на тој начин мошне придонесла за нивниот конечен пораз. Но, Колишевски ги повикал егејските Македонци од НР Македонија да прават база за постигнување на своите национални цели (48) („Нова Македонија“, 3 август 1949).

Инволвирањето на Југославија во грчката револуција било толку големо што КПЈ се почуствувала обврзана да изнесе подобна анализа за неуспехот на револуцијата. Општиот заклучок бил дека КПГ не успеала поради што недвосмислено не ја признала македонската нација и што била сосема претпазлива во преземање воени акции, особено откако Маркос бил сменет „под лажен изговор“ (49) (Вукмановиќ-Темпо, „Како и зошто народноослободителната борба во Грција доживеа пораз“, стр. 77). Ете, тоа се фактите од таа блиска наша кобна трагедија, што ни покажуваат дека никогаш не бил присутен македонскиот фактор во темата на националната стратегија и дека немавме принципиелно единство, туку имавме луѓе кои лично се калемеа кон КПГ и КПЈ, и од тука произлегува таквата свирепост на идеолошката активистичка бруталност кон Македонците под Грција.

Таа злокобна игра на туѓите пропаганди, која прво постапи со лаги за да потоа проговори смртоносното оружје – ни го донесе геноцидот. Тоа се факти што треба да се уважат и со тоа да се создаде здраво македонско чувство. Всушност, што се случи: што ни беше ветено и што сме добиле?

Пред сè се покажа дека во Граѓанската војна ролјите на НОФИТИТЕ биле често изигрувани, а не играни. Од друга страна, на НОФИТИТЕ им се чинеше дека играат јуначки ролји и со тоа исконската желба – за обединување на Македонија ја подгреваа и пренесуваа на обичниот наш човек, кој навистина се одзва и се покажа херој во таа војна и тука е успехот на стратезите за нашиот геноцид.

Но, од сето тоа на македонскиот народ под Грција му остана да ја запамти како епоха на брутална пропаганда и полувековен страв, а практично тоа им било и крајна цел на стратезите – жртвата да остане во карантин, за да не може да си ја види цената на грешките ни во сопствената историја. И, ете, под таквите полувековни услови, геноцидот над нас не го осудивме и не ја запознавме меѓународната јавност што е сторено со нас Македонците под Грција, туку сите тие дејства ги одредивме како историска категорија на изгубена револуција.

Но, што значи сево ова за нас Македонците? Трагедија на незнаење или на поданичка свест кон југословенството? Дали ние Македонците, во историографијата за Македонците под Грција – „Егејците“ – досега браневме Револуција (со која се надоврзуваме на идеите на Илинден) или нашето (само)жртвување? Дали овие комунистички лидери од висок ранг имаа оценето дека Граѓанската војна во Грција е историски неизбежна? Или сето тоа беа нивни апсурдни творби за колективни халуцинации: „Советизација на Балканот“, „Балканска федерација“, „Обединета Македонија“ итн. Но, од таквата конфузија на целите ние, Македонците, не треба да го исклучиме и прашањето што во тоа време го имаше покренато грчката буржуазија (Види: „Етникос Кирикас“ во својот

бр. од 21 мај 1946, каде што вели: Наместо иселување, треба да се бара протерување: „Од Грција треба што набргу да се протераат 80. 000 Славомакедонци"), Граѓанската војна тоа го потврдува, можеби се сакало да се разрешат малцинските прашања меѓу Грција и Југославија , како што тоа го сторила Грција по Првата светска војна со Бугарија и Турција и тогаш доведе во Македонија под Грција повеќе од 600. 000 Маџири.

Несомнено е дека Граѓанската војна (1945 – 1949) во Грција од овие лидери беше дефинирана како класна револуција и со крајна цел: да се воспостави социјалистички систем. Тоа го потврди и Захаријадис во својата книга: „Проблеми на раководењето" од 1950 година стр. 81, каде што објаснува: „Постоењето на Советскиот сојуз и народните републики на Балканот и во Источна Европа, претставуваат грандиозен, уверлив и решавачки фактор за нашето влегување во Социјалистичка револуција". Што значи, Граѓанската војна и за нас, Македонците под Грција, беше револуција за социјализам во Грција. Ова е мошне битно за натамошната анализа, бидејќи во досегашната наша историографија, толкувањето на историските факти профункционира според познатите југословенски модели на владејачките клишеа и со тоа настана слепилото „судбински" како историска традиција.

На познавачите на историјата, преку грчките и другите историчари, одамна им се познати сите консултации и разговори што ги имал Захаријадис со највисоките комунистички лидери за почнувањето на Граѓанската војна или не. Тоа се Сталин, Молотов, Торез, Толјати, Тито и други. Сето тоа е добро објаснето. Види: „Ксенократија", изд. 1975, познато дело на екипа стручњаци; „Разговори со Захаријадис" изд. Атина, 1986, од Лефтерис Елефтериј; „Саранда хронијаагонес ту ККЕ", 1948 година; „Еписима кимена ту ККЕ" (1940 – 1945) и други.

Во куси црти, еве како се развиваа тие средби: На 20 март 1946 во Прага пристигна Захаријадис и таму имаше можност да се сретне со европски лидери на комунистичките партии.

Тој се среќава и со еден од најавторитетните личности, како што беа Топез од Франција и Толјати од Италија, кои го предупредија да не прибегне кон воен оружен судир. Но Захаријадис остана непоколеблив. На 31 март Захаријадис допатува во Белград, на средба со Тито. На таа средба е одредена стратегијата на оружената борба (според југословенскиот модел) и за таквата оружена борба на Захаријадис му била ветена материјална и морална помош (види: списанието „Данас“ од 6. 03. 1990 б. 418; 419 и 420 пишува: „Балкан на потезу“ и „Корак у грчку трагедију““ (непромисленим потезима свих актера, сукоб у Грчкој доведен је до тачке са које није могло бити мирног повратка), на стр. 64 пишува дека организираната мрежа под Раководство на Александар Ранковиќ (човек бр. три во политиката на КПЈ) ги снабдуваше грчките партизани од почетокот на војната сè до 1948 година со 35. 000 пушки 2. 000 минофрлачи (германски), 7. 000 противтенковски пушки, 10. 000 нагазни мини, 12. 000 комплетна војничка облека и 30 вагони храна. Потоа пишува за испратени 8. 000, луѓе избегани од Грција (луѓето беа прибрани по скопските улици и испраќани на најдолен начин) и како најважно што тоа го потврдил самиот прв човек на новоформираниот Главен штаб на 28 октомври 1946 година, генерал Маркос. Но, не треба да се заборави дека учеството на Македонците во ДАГ беше повеќе од 50 %, а Грците учествуваа со 3–4 % во целокупниот период на Граѓанската војна, и тоа со сите партиски и воени функции раководеа и командуваа најчесто Грците. Се поставува прашањето: ако таа револуција беше за социјализам, значи ли тоа дека ние, Македонците, требаше да го решиме тоа прашање, па потоа да ги добиеме сите национални права?

Средбата и ставовите на Сталин познати се од многу историографи. Еве како ја опишува Петре Галабов во „Пулс“ од 27 октомври 1994 во својот напис „Граѓанската војна во Грција (1945 – 1949)“: „По Белград, Захаријадис отпатува за Москва, каде што се сретна со Сталин, Жданов и Молотов. На оваа средба Молотов ја потврди критиката за неучеството на избо-

рите. Захаријадис им одговори со познатите аргументи дека и тие биле однапред фалсификувани за да се легитимира власта на странците и на десницата, кои ни наметнаа Граѓанска војна". За формите на Граѓанската војна и методите се дискутираше на посебен состанок меѓу Сталин и Захаријадис. Според грчкиот водач, Сталин ја одредил и тактиката на борбата: „ќе почнете постепено од село спрема град за да се избегне непотребната воена интервенција на Англичаните, а со насока на изнаоѓање компромис". Но да ги проследиме другите факти што говорат за ставовите на Сталин спрема Грција и спрема КПГ, и како Сталин го гледа политичкиот интерес на СССР. (Види: „МЕЛЕТЕС ГИА ТОН ЕМФУЛИО ПОЛЕМО 1945 – 1949"стр. 288/289. Но, исто така е од голем интерес тука ставот на историчарот Рој Медведев изнесен во својата книга: „Нека оцени историјата" Рос Медведев (Лет Хисторѕ јудге), Спокесман Боокс, 1976, /473. ":

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕСТА НА СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ!!!

Граѓанската војна, алиби за грчкиот антимакедонизам.

Слобода и самоопределување за Македонците.

Еден од најистакнатите грчки историографи – Тасос Вурнас, во својата книга „Историјата на денешна Грција – Граѓанската војна" на стр. 176 вели дека Сталин на 10 февруари 1948 на Југословенската делегација во Москва ѝ рекол, буквално: „Не се согласувам со југословенските другари дека треба да продолжи револуцијата во Грција. Таа борба нема никаква надеж за успех. Што мислите, Велика Британија и Американците, најсилните држави на светот, ќе ви дозволат да ја урнете линијата на комуникација со Средоземното Море? Глупости! А и немаме речиси ништо од морски сили! Не! Револуцијата во Грција треба да ја прекинете, што е можно побрзо.

Тоа го потврдува и Владимир Дедиер во својата книга „Тито“ (1953), но истото го вели и Милован Ѓилас во книгата „Разговори со Сталин“ (1962). Тоа им го препорачуваше Сталин на Југословените, најверојатно базирајќи се на договореното, меѓу Сталин и Черчил, на Јалта и во Москва (од 5–20 октомври 1944 за победа на Балканот под влијание на сфери меѓу големите сили). И уште еден јасен Сталинов став е непобитен, дека СССР беше против исфрлената парола на Захариjадис која беше изласана со одлука на 5-от Пленум на ЦК на КПГ за „Независна и обединета Македонска држава во рамките на балканска федерација“. Тоа добро се гледа од преписките на советскиот амбасадор во Атина, Чернишов, со раководството на СССР и КПГ за таквата одлука дека се против: Види: книгата „НикоВ ЗАЦАРИАДХС-ЉУТХС КАИ ЉУМА“ страница 462 гласи:

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање, ние Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја платившме авантурата преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција и без присутност за националните интереси, бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво; за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапамтена трагедија во која самите сме сведоци.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни творби, кога во тоа време и на тој простор беше акомулиран голем историски фанатизам, акомулирани разни смртоносни идеологии. Но, што е за чудо, во тоа време истите тие беа ангажирани со градење нови „цивилизации“ во Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците во овие 50 години, не оценивме дали овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот

договор во 1953 година, кога се создаде СИД НА МОЛЧЕЊЕ. Во февруари 1953 година во Анкара се потпиша тространиот Балкански пакт за пријателство и соработка помеѓу Грција, Југославија и Турција, а покасно во август 1954 година оваа спогодба се дополни и со потписот во Блед за воена соработка помеѓу погоре договорените држави. Балканскиот пакт од 1953 година. Со тоа на сите учесници во Граѓанската војна им беше гаранцијата само принудниот молк кој траеше 50 години, што наполно ѝ одговараше на грчката држава. Таквата југословенско-грчка стратегија спрема нас Македонците, значеше намерно расекување на македонскиот крвотек во полза на двете држави и затоа Грција, сè до ден-денес, плаче по изгубената Југославија.

Организаторите за да го релаксираат политичкиот набој што доаѓаше од злоупотребата спрема страдалникот, криејќи се зад сожалувањето, ја применија филизофијата и политиката што се крие зад хуманитарната помош и важеше тезата: по војната – сите се заслужни, никој не е виновен! Но сепак, сожалувањето спрема „Егејците“ за историјата ќе остане како трагедија на незнаење и на поданичка свест на денешната политика на посилните. Таа „желба“ на Македонците да ги затворат очите пред вистината, стигна дотаму што самите застанавме на позицијата како да бевме грешка на минатото и дозволивме со доминацијата на молкот, да не можеме да преземеме иницијатива по нашите национални теми.

Второто прашање што го потврди историчарот Кирјазовски е: „Во Егејскиот дел на Македонија надвор и независно од КПГ, а под влијание на КПЈ–КПМ, дејствуваше силно македонско национално-ослободително движење, предводено од НОФ...“ Истото ова одамна го имаше потврдено еден од ветераните на НОФ, Павле Раковски во својата книга „КП на Грција и Македонците“ од 1990 година види 107 стр. Но затоа беше анаметисан и најнехумано подвргнат, сè до неговата смрт, со методите на Берија. Еве што пишува Раковски: „Уште на почетокот на април 1945 престана да постои Политичката

комисија. Наместо неа, при ЦК на КПМ, на 23 април се конституира Основачко биро на НОФ за Егејска Македонија од пет членови, без конференција и избори, по пат на кооптација.

Бев еден од нив. Со нашата активност, сè до преминувањето на организацијата на НОФ, под раководство на КПГ, во ноември 1946, раководеше ЦК на КПМ/КПЈ преку свој претставник...“

По два месеца по формирањето на НОФ раководителите на КПГ, преку 12-от Пленум на ЦК на КПГ (јуни, 1945) во Резолуцијата грчките позиции ги прогласуваат несигурни и загрозени, односно границите на север. „Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот“ (види: То ККЕ апто 1931 – 1952, стр. 210). Понатаму се вели дека Англија како „голем пријател“ на Грција, односно воено-политичкото присуство на Британците го прогласуваат како неопходно нужно за да бидат осигурени нашите позиции и нашите граници на север. Ете, сега сосема е јасно како го прифативме ритамот на глобалното индоктринирање и со тоа немаше назад. И тогаш ја изгубивме историската шанса за остварување на националните права во Грција, кои беа утврдени со меѓународните критериуми во рамките на меѓународното право. Нели сево ова беше туѓински аршин за Македонците под Грција? Дали сега ќе можеме да го растајниме прашањето: Кој го активира „македонскиот синдром“ за нашето (само)уништување? Дали сега ќе можеме да најдеме одговор на прашањето: Како и зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна (1945 – 1949)? Дали периодот од формирањето на НОФ (23. 4. 1945) сè до октомври 1946, кога, како што вели историчарот Кирјазовски: „Во согласност според договорот Меѓу Тито и Захаријадис во октомври 1946, НОФ помина под непосредно раководство на КПГ“, беше поттик од КПЈ и КПМ за локална сцена и, со тоа грчката влада да го ОЗАКОНИ НАСИЛСТВОТО ПРОТИВ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА?

Зарем ова не претставува триумф на една вистина на Македонците? Но повеќе од јасно е дека нѐ имаа научено прво да гледаме со стравопочит кон туѓинците, а потоа кон интересите на сопствениот народ. Тоа беше подмолно поткопување на македонското национално ткиво и, како крајна цел, не треба да ја отфрламе хипотезата дека со тоа се посакуваше да се остварат нечии долгосонувани цели: да се разрешат малцинските прашања со Грција и Југославија. (м. з. – Кој ни го намести името „малцинство“, тоа е сериозно прашање и сѐ до денес никој не сака да се придржува на АСНОМ-ските определби, каде што се вели: Поради тоа што македонскиот народ не е малцинство, туку нација, затоа што Егејска Македонија претставува економска и историска целина со сите други делови на Македонија). Таквата корекција во историјата за „Егејците“ од историчарот Кирјазовски е за почит бидејќи, во суштина, досега ќе беше поинаку толкувањето во историографијата и за цели 50 години не сме добиле толку обемни сознанија за нашите македонски работи. Но, ако си припомниме на изјавата на Кирјазовски во „Вечер“ од 1 јули 1989, каде што вели: „Еден ден, сакал некој или не, овој народ ќе мора да ја дознае целата вистина за сопствената историја“. Ете, тоа го стори сега, растајни некои релавантни фактори, и да останеме со уверување дека ќе проговори за сета вистина за Македонците под Грција и со тоа ќе се отворат сите „бели страници“ од нашето минато.

Она што го нарекува „идентитетот на човекот и на народот“, таа исконска сила – македонска, ја открил токму НОФ (бидејќи таа вековна желба за обединета Македонија беше во свеста на Македонецот) ја мобилизира за наводно да ја носи својата историја, онаква, каква што ѝ прилега на националните интереси, но, по налог на Тито и Захаријадис, во октомври 1946 година, сите тие ингеренции му се предадоа на КПГ и со тоа сите наши максимални национални програми што ни ги нудеше КПЈ и КПМ (за обединета Македонија) се најдоа во пат позиција. Практично пропаднаа, само што тоа идеолози-

те и лидерите на НОФ не смееја отворено да му го соопштат на сопствениот народ. Но, што е најважно, тоа го потврдува и дневникот на ОК на КПГ за Македонија „Лаики фони“ (Народен глас) во својата статија под наслов „Повторно за Судетите“, меѓу другото пишува: „... Група пратеници поставија прашања во парламентот во врска со Славомакедонците и бараат, ни помалку, ни повеќе, да се донесе решение за нивното прогонување од Грција“. Потоа, сите тие лидери кон новиот стопан КПГ, се јавија со друго пропагандно мерило: македонскиот народ ќе ја добие слободата, та дури и самоопределувањето по остварената Социјалистичка револуција во Грција.

Во „Нова Македонија“ од 22 октомври 1985 во 12 часот во Институтот за национална историја во Скопје, беше промовиран трудот на д-р Ристо Кирјазовски: „Народноослободителниот фронт (НОФ) и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945–1949)“. Статијата е озаглавена со наслов: „На традициите од претходните национално–револуционерни борби“. Во статијата се вели: „Без организираната борба на Македонците од Егејска Македонија преку НОФ не би можело да се објасни постоењето на посебни организми за македонската проблематика...“ Тој, во својот труд, зборува за целокупната дејност на НОФ, но во овој компаративен преглед да се задржиме само на НОФ–развојот и политичките цели. Д–р Ристо Кирјазовски зборува за два периоди на развојот и тоа: Првиот период (23. 4. 1945 – 21. 11. 1946) кога дејствуваше, организацијата на НОВ самостојна и независна (тука не станува збор дека била раководена од КПЈ/КПМ) и од КПГ.

СЕ БОРЕВМЕ ЗА ДА ЈА ЗАДРЖИМЕ МАКЕДОНИЈА – ДА СТАНЕ ГРЧКА

Зачудува однесувањето на официјалната државна номенклатура пред светот, како да немаме факти и аргументи дека сме постоеле и дека постоиме?

Озаконување на грчкиот расизам за тотално протерување и уништување на Македонците.

Вториот период (21. 11. 1946 до 2. 4. 1952) кога дејствуваше под раководство на КПГ и формално кога беше расформирана од КПГ. Тој за првиот период вели: „Според непотполни податоци, во почетокот на 1946 година Организацијата НОФ, покрај главното, имаше 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, НОМС и АФЖ. На територијата на Егејска Македонија беа организирани 220 села (половина од овие се уништени во времето на Граѓанската војна – м. з.) функционираа над 170 селски и градски организации, во кои членуваа 4. 784 Македонци и Власи во НОФ, 4. 823 младинци и младинки во НОМС и 2201 Македонки и Влаинки во АФЖ“. Види стр. 129. Во тој период за оружените состави вели: „Во подрачјето на Вичо, во август дејствуваа над 100 борци; Во Централна и западна Егејска Македонија, дејствуваа околу 500 македонски партизани на НОФ. Тие беа распоредени: Кајмакчалан 200, на Пајко 80 на Вичо 130 и на Грамос 80. Македонските партизани беа организирани во групи и од 10–15 и во одреди од по 40–50 борци. Покрупна воена формација беше формирана само во Воденско – до баталјон. (Види: стр. 143.)

Во „Борба“ од 3. 9. 1946 година во својот напис Вања Кралевиќ, под наслов: „Положбата во Егејска Македонија“ изнесува податоци за резултатите од теророт на грчките власти по војната кои имаат за цел искоренување на македонскиот народ во Егејска Македонија: Од Варкиза (12. 02. 1945) до јули 1946 година 20. 000 Македонци и Македонки биле принудени засолниште да побараат преку границата, 22. 458 се затво-

рени, 21. 202 се осудени. 225 се убиени, 1. 309 најдоа прибежиште во планините итн.

Врз основа на законот за вонредни мерки од 6 јули 1947 година беа обвинети 200 илјади демократски граѓани, од кои 80. 000 беа Македонци.

СЈАЈОТ И БЕДАТА НА „ВОЗВИШЕНИТЕ“ ЦЕЛИ

Дали сето ова покажува дека ние, Македонците, бевме готови како народ за таков степен на револуција (војна) и да покажеме гордост со оган и меч?

За сето ова што се случуваше, пред да се објави Граѓанската војна, грчката држава за да ги спречи овие дејанија на НОФ – организирана од КПЈ – КПМ донесува најригорозни закони против Македонците и со тоа прави озаконување на насилствата против Македонците во Грција.

Ги донесува следните закони:

Закон 543/45 „Против организации и лица што дејствуваат за отцепување на грчки територии“.

Закон бр. 453 и Законот ТОД од јули 1945 „За обезбедување на јавната безбедност“.

Декретот „Г“ од 18 јуни 1946 „За вонредни мерки за јавната безбедност“.

Принудниот закон (КЗ) 4124/1945 „За кривично гонење на сомнителни лица“.

Законот ПЗ 453 од 17 јули 1945 „Против автономистичка дејност“ и со кој македонските организации НОФ, НОМС и АФЖ се прогласени автономистички, се ставија надвор од Законот и нивните членови се прогласени за бандити и им се судеше за велепредавство. И други закони. Но, тука треба да напоменеме дека тоа го сторија и комунистите кога, Резолуцијата на ИБ, сите членови на овие организации беа прогласени за „Титови агенти“ и беа безмилосно гонети до без милост. Дали со сево ова се оствари целта што ја изне-

се „Етникос Кирикас“ дека „Од Грција треба што побргу да се протераат Славомакедонците“? Но, што е најважно, тоа го потврдува и дневникот на ОК на КПГ за Македонија „Лаики фони“ (Народен глас) во својата статија под наслов „Повторно за Судетите“, меѓу другото пишува: „... Група пратеници поставија прашања во парламентот во врска со Славомакедонците и бараат, ни помалку, ни повеќе, да се донесе решение за нивното прогонување од Грција.“

ОД ИЗМАМА ВО ИЗМАМА. ПО ТАКА-НАРЕЧЕНОТО „БРАТСТВО И ЕДИНСТВО“ ПОМЕЃУ НОФ и КПГ, НОФ ПОМИНА ОД ЕДНА ВО ДРУГА „БРАТСКА ПРЕГРАТКА“ ОСТАНА ОВЧАР БЕЗ СТАДО И ЈА ИГРАШЕ УЛОГАТА НА ЗБУНЕТО ДЕТЕ...

Вториот период на НОФ е период кога дејствуваше под раководство на КПГ (21. 11, 1946 до 2. 4. 1952 кога и формално беше расформирана). Во својот напис д-р Ристо Кирјазовски пишува: „На 31 март 1946 една поголема група ѓерилци нападнаа жандармериска станица во Летихоро-Катеринско, со што беше означен почетокот на Граѓанската војна во Грција“. Во својата книга „НОФ и другите организации на Македонците од Егејска Македонија 1945-1949‘, на стр. 173 пишува: „На 28 октомври 1946 сите партизани, кој број изнесуваше околу 1800 борци, беа обединети во Демократска армија на Грција (ДАГ), на чело со Главен штаб, составен од: Маркос Вафијадис, командант, Георгиос Протопапас-Кикицас, заменик на командантот, Ламброс Каникаридис-Ласанис, Ѓорѓис Бланас-Кишавост и Панос Капетењос, членови на штабот. Основни задачи што ги постави ГШ на ДАГ, по конструирањето, беа зајакнување на регрутацијата на нови борци и склучување спогодба со НОФ за обединување, врз основа на принципиелната согласност, постигната меѓу преставниците на КПГ и НОФ на 14 октомври 1946“.

ВЕКЕ СО ГОДИНИ ВО ТИЕ КОМУНИСТИЧКИ ПАРТИИ ЗА ЖАЛ, НИ СТАНА ВООБИЧАЕНО ДА СЕ ДОВЕДУВАМЕ ВО АПСУРДНИ СИТУАЦИИ, ДА ГО ДОКАЖУВАМЕ СОПСТВЕНИОТ

ИДЕНТИТЕТ, ЛОЈАЛНОСТ. ДА ВЛЕГУВАМЕ ВО КОНФЛИКТ МАКЕДОНЕЦ – МАКЕДОНЕЦ.

Така пишува во книгата д–р Ристо Кирјазовски, а сега вели: „... Во согласност со договорот Тито Захаријадис, во октомври 1946, помина НОФ под непосредно раководство на КПГ“. Верувам, дека „упатените“ противници на мојата книга „(Само)жртвувањето на Македонците под Грција“ на моето поставено прешање пред македонската историографија и институции: „Како и зошто беше изманипулиран и жртвуван македонскиот народ под Грција во Граѓанската војна 1945–1949 година“, а сега им е јасно, бидејќи тоа го потврди најкомпетентната личност, историчарот д–р Ристо Кирјазовски. Секако, ќе треба да имаат респект спрема него, бидејќи нивните пишувања во „Нова Македонија“, во рубриката „Писма“ беа полни со пасуси од неговиот материјал (41 стр.) што им послужил како адјудикација и јавно денунцирање во корист на неговата досегашна напишана историја за „Егејците“, а потоа од 8. 04. 1994 депониран во фондот „Мемоари“, бр. Ск. 4. 11118 во Одделението за документација во ИНИ – Скопје. По поминот на НОФ под непосредно раководство на КПГ, цената на заблудите и на погрешните патишта мораа да се платат сега пред КПГ. Тоа беше цената на сјајот и бедата на нашите „возвишени“ цели што ги пропагираше НОФ, а секој обичен човек може да си престави во каква положба беше по Резолуцијата на ИБ секој Македонец, кој беше член на НОФ, НОМС и АФЖ. Сега НОФ, од револуционерна сила, која се опираше на традициите од претходните националноослободителни борби, нè натера (Тито и Захаријадис) да им ги предадеме сите македонски војници и пред нашите очи од формираниот ГШ со ниеден Македонец, а сите новомобилизирани Македонци да заминуваат длабоко во пределите на Грција, требаше да им ги остваруваме задачите на ГШ на чело со Маркос и со тоталните насилни и незаконски мобилизации да извршиме пустош по македонските села, та дури во тогашната НР Македонија (особено во Скопје) од луѓето кои бегаа од злото – беа

испраќани во прегратките на смртта со паролата „Сега или никогаш!“ – што претставуваше чисто осакатување на македонскиот ум, да ги праќа луѓето во револуција, покриени во камиони со церади: „Виа Скопје“– Грамос. Сето тоа траеше до март 1948 кога им беа земени и малите деца од прегратките на мајките, за и нив да ги направат војници на ДАГ, да ја опустошат македонската куќа.

КПГ ЈА ИЗМИСЛИ КАТЕГОРИЈАТА ЗА САТИСФАКЦИЈА НА СИТЕ ОНИЕ КОИ КАКО ЧЛЕНОВИ НА НОФ ПОМОГНАА ДА ГИ МОБИЛИЗИРААТ МАКЕДОНЦИТЕ, ГИ ПОСТАВУВАШЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ДАГ, КАКО ОДГОВОРНИ ЗА „СЛАВОМАКЕДОНЦИТЕ“. СМЕШНО, НЕЛИ? ТОА СЕ СЛУЧИ ЗА ПРВ ПАТ ВО ИСТОРИЈАТА НА ВОЈУВАЊЕТО, А ЗОШТО ТОА ГО ПРАВЕШЕ НЕ Е ТЕШКО ДА СЕ РАЗБЕРЕ.

Таквата сурова пропаганда што го имаше доведено македонското население, небаре го имаа доведено во одмазнички транс и со тоа ние, Македонците, не можевме да ги видиме наменетите сигнали на зоната на ужасот, што сè беше планирано против нас.

Од друга страна, грчката држава ги донесе и законите за да не може никогаш да се вратиме.

Декрет „З“ од 7 декември 1947 „За лишување од грчко државјанство на сите лица кои дејствуваа антинационално во странство“.

Декрет „НА“ од 24 април 1948 „Околу одземањето на пензиите на лица кои дејствуваат антинационално“.

Декрет „Н“ од 20 јануари 1948 „Околу конфискување на имотот на учесниците во бандитската војна“.

Законот 2536/53 „За раселување и населување на пограничните подрачја“.

Законот 3958/1959 „ Околу имотите на бегалците“.

Законот 660/1977 „Околу репарацијата и сопственоста на бегалците“.

ОТКОРНАТИ ОД МАКДОНИЈА ПОД ГРЦИЈА

И на крај, грчката влада во 1985 година го донесе последниот Закон бр. 1540, со кој се решава прашањето за враќање на имотите на политичките бегалци. Но, овој закон се поврзува со Уредбата на Министерството за јавен ред и Министерството за внатрешни работи, бр. 106841, од декември 1982, ва Грција може да се вратат само „Грци по род“. Со овој акт Грција правно ги нормира фактичките дискриминации спрема нас Македонците. Зачудува фактот дека пред светот како да немаме факти и аргументи дека сме постоеле и дека постоиме.

Што значи, како резултат на сево ова, ќе мораме дури по половина век да тргнеме од многу пониско скалило отколку што некогаш сме биле. Сите откорнатици од Македонија под Грција, долго живееме под пропагандите на стерилните и непродуктивни советувања и трибини. Сега многу нешта се изменија, познати се многу елементи на трагедијата, но не треба да зборуваме, дека уште има живи учесници на ДАГ, кои од самите Грци беа пофалувани за херојската борба. Никогаш не се слушна од воените и политичките стратези дека ги анализирале сите петна на погубната политичко-воена тактика, туку нашата судбина се виде кога нè однесоа во Ташкент и нè оставија, и уште толку мајки со црни шамии и илјадници деца, откорнати од своите огништа, ги оставија низ Европа, без чувство на морал за да нè вратат и да нè претстават пред грчката држава онакви какви што нè признаа во времето на Граѓанската војна. Такво нешто во светот – да ги остават своите соборци и сограѓани – не го сторила никоја армија, тоа го стори само КПГ и генералот Маркос (Грк по род). Тој, кога се врати во Грција, на Атинскиот аеродром го дочека началникот на Генералштабот на воените сили на Грција и од сè срце се прегрнаа. На прашањето од една новинарка од неделникот „Епикера“. Во што беше смислата на неговата борба, Маркос одговорил: „Смислата беше во тоа што ги протеравме

Славомакедонците од северните краеви на Грција. Македонија, да остане грчка". Види „Нова Македонија", 25. 02. 1992. Ете зошто се бореше генералот Маркос, доселеник како колонист – мацир, во 1927 година, а ние од него се надевавме дека синдрофос (другарот) Маркос ќе ни го реши македонското прашање.

КПМ – МЕЃУ КПЈ И КПГ – ГИ ЖРТВУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ЛЕГАЛИЗИРАЈЌИ ЈА ГРЧКАТА ДОМИНАЦИЈА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДНИЈА

Македонците од Егејскиот дел на Македонија беа изневерени од грчките комунисти.

Дали САД ја дестабилизира Грција со македонското прашање.

Чесно е, иако по 50 години, да му се каже на македонскиот народ дека сами сме си виновни за своите постапки и мина времето кога, по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за она што самите сме си виновни.

Време е историчарите да проговорат и да не им ги кријат злонамерите низ историјата на македонскиот народ на сите самонаречени стратези, политичари и на разни идеологизирани наивници од типот на Ворјасовци со својот инфантилизам, без чувство на почит кон илјадниците жртви на боиштата во неразумната Граѓанската војна и дури уште и ден-денес да имаат смелост да нѐ советуваат да живееме во еден конфузен оптимизам и дека требало да го почитуваме Захаријадисовиот завет (комунистичко ветување: За обединета Македонија, што ни го дал токму во грчот на ликвидацијата на ДАГ. А зошто го сторил тоа Захаријадис, го разбира секој разумен човек).

Тоа се само најеклатантни примери од кои може да се поткрепи тезата за развојот и падот на НОФ. Преку целиот период на Граѓанската војна сосема добро беше позната

политиката на сите грчки раководители спрема НОФ: „Зборувај благо, ветувај, а носи долг стан“ и, како крајна цел на стратезите и наредбодавците, овие луѓе (НОФИТИТЕ и АФЕЖИТКИ) да го претворат пред сопствениот народ како воен барабанџија, само да им ги обезбедуваат воените резерви. Така, раководството на НОФ, вклештено меѓу двете моќни комунистички партии (КПЈ и КПГ), дириџирајќи спектар од желби без визија за исполнување на татковиот долг спрема сопствениот народ. Тие му препорачуваа на сопствениот народ „Смрт или слобода“ во оваа т. н. „Света војна“, односно Револуција за социјализам, а такви признаци таа војна немаше и не можеше да има, бидејќи 90 % од учесниците на ДАГ беа насилно мобилизирани и учеството на грчкото население не беше поголемо од 4 % од вкупното население на Грција. Тоа го потврдуваат сите аналитичари на Граѓанската војна во Грција.

И, како доказ, по сè изгледа, успешно е оценет потегот за умислено вовлекување на македонскиот народ под Грција во оваа злокобна прегратка на смртта и прогонот сè до ден-денес. Кога раководството на НОФ, ќе сфати дека проблемите се далеку повеќеслојни и посложени и од сопствениот народ направија жртви на туѓите идеолошки системи, се најдоа пред „комунистичката правда“ во Сибир.

ТАЈНА ЧУВАНА ПЕТ ДЕЦЕНИИ – ИСТОРИЈА БЕЗ ДЕТАЛИ, БРАНЕТА ПРЕКУ СИНДРОМОТ НА МОЌТА, и со умислено историско маскирање.

Тајна, чувана пет децении, и да не знае човекот кои се виновниците, тоа е сурово за секого, кога живтниот век ќе му биде покорен пред стравот на сопствената историја и да не може да си го докаже своето историско наследство.

За оваа немилосрдна вистина, иако по 50 години, во својот фељтон историчарот Кирјазовски со право на КПГ ќе ѝ забележи: „И, на крајот, со огорчување и револт можеме да констатираме дека двете комунистички партии на Грција не

само што не ги зедоа под заштита своите соборци Македонци кои, заедно со Грците, се бореа и крвареа кои поради заедничките идеали, не само што не се спротивставија на погорното решение (се мисли на Законот 400/76) на Владата на Папандреу, туку го оценија позитивно.

И овој пат Македонците од Егејскиот дел на Македонија беа изневерени од грчките комунисти".

Се поставува прашањето: Зошто отсекогаш КПГ бараше суров закон против сите членови на НОФ, АФЖ и НОМС? Или, дали ова беше последна изневера од грчките комунисти, што ја наведува историчарот Кирјазовски, или тие тоа го правеа со еден обмислен план?

ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

Ако на презентираните факти во весникот „ЗОРА" – Соботско, објавени во „Нова Македонија" од 8 април 1995 година им придеме без сомневање, тогаш пред нашите очи излегува уште една ноторна вистина – а тоа се факти од нашите луѓе, кои останаа на предедовите огништа и достоинствено се борат за опстанок како Македонци – тогаш ќе се увериме дека тоа се несоборливи факти за тоа каков однос имала и има сега КПГ спрема нас Македонците.

Во оваа статија ќе видуме како на грчки начин сè би требало да биде во „Одбрана на националните грчки интереси". Во статијата се вели: „Според КПГ за Леринско: САД ЈА ДЕСТАБИЛИЗИРААТ ГРЦИЈА. По повод средбата на вицеконзулот на САД во Солун Дејвид Сулер со раководителите на Виножито во Лерин, Окружниот комитет на КПГ за Леринско издаде соопштение, во кое ги осудуваат САД за дестабилизација на Балканот со нивната империјалистичка политика „подели па владеј". Делови: „Како класичен случај на различно искажување, лицемерие и непринципиелност, ќе го спомнеме неодамнешното соопштение на Окружниот комитет на КПГ

на Леринско (чии делови беа објавени и во весникот Ризоспатис), по повод средбата на вицеконзулот на САД во Солун г. Дејвид Сулер со раководителите на нашето движење во Лерин. Тоа е случај, кој ги боде очите затоа што КПГ е партија, која им ветуваше на Македонците од рамноправност па сè до самоопределување. Факт дека КПГ ги истакна овие ветувања со цел да обезбеди сојузници за време на Граѓанската војна, со познатите последици, а потоа не ги одржа нив и стаса до таму да го негира нивното постоење, ни дава право оваа партија да ја определиме како партија со злосторничка нечовечност". Понатаму се вели: „... На крајот еве еден карактеристичен дел од документите на КПГ за да се потсетат господата од раководството во Лерин, за составот на КПГ, тогаш, кога таа беше максимално и вистински револуционерна: „За малцинствата: Организирање масовни организации кај секое национално малцинство (Македонци, Турци, Албанци, Евреи и др.) и сполтување на антифашистичките сили во нив...", а во поглавјето за македонското прашање се вели: „... ја довршуваат (владејачките класи) нивната тиранска политика со најнечовечно терористичко задушување на правата на националните малцинства, што живеат во Грција, а во прв ред на Македонците. Неограничената одбрана од страна на КПГ на правата на Македонците ја претставуваат како „национално предавство". (Одлука на 6 Конгрес, 1935; „Комунистички преглед" бр. 2, 3/1936).

Ако денешните господа од раководството на КПГ намаат храброст да се судрат заради „правата на Македонците", барем нека не зборуваат за борба за човекови права, и нека не се заплеткуваат во „... најнечовечкото терористичко задушување на правата на националните малцинства, што живеат во Грција, во прв ред на Македонците".

Но, добро е, денешните комунисти, да се присетат и на следното: На 8. јули 1945 година Органот на ЦК на КПГ „Ризоспастис" објави статија под наслов „Вистината за Славомакедонците". Во статијата, меѓу другото, се вели дека македон-

ската нација има свои обичаи и нарав, своја историја и дека националната свест на Македонците е доста развиена.“

Ете, со оваа последна верификација, излегува на јавен очиглед континуитетот на КПГ по овие прашања. Меѓутоа, пак преку фактите, се гледа и идеолошкиот активизам во македонската историографија, како се изразува тој во историски македонски позитивизам

Нашата историографија (од поданички тип) беше таа, што успеа да го натера (преку едукативниот систем) целиот македонски народ да ја прифати одговорноста, за тоа што правеше и за тоа што се случи во Граѓанската војна (дека НОФ раководел со воено-политичката ситуација). А со тоа ги ослободи вистинските стратези и проектанти за нашиот македонски геноцид не само од историска одговорност, туку и од сомневање. На крај, би било редно да се постави и прашањето: Како гледаа(т) историчарите на становиштата и дејанијата, што ги имаше КПМ, кога пред очи ѝ беше жртвуван сопствениот народ; или беше само мост меѓу КПЈ и КПГ?

МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ И НАЦИОНАЛНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД РОБУВАЊЕТО НА НОФ КОН КПЈ И КПГ. ДАЛИ ЗА ИСТОРИЈАТА ОСТАНУВААТ ОТВОРЕНИ СЛЕДНИТЕ ПРАШАЊА?:

Дали ние Македонците, ако по Втората светска војна, не влегувавме во сенароден фронт преку организацијата НОФ (формирана во Скопје на 23 април 1945 година при ЦК на КПМ/ КПЈ) ќе ја препуштевме историската шанса во разрешувањето на македонското прашање во Грција?

Како пред овој тежок оклоп на историјата да ја согледаме трагичната грешка, нашето бегство од историјата и откривање на полавековните заблуди?

Кој, всушност, нѐ мобилизира и со каква стратешка цел ја оформивме НОФ (сенароден фронт) и тргнавме во оружен отпор, а ја отфрливме алтернативата за која не би била пома-

ла славата, ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за сопствено парче земја?

Зошто сме се натопориле со оружје за време кога уште не беше почната Граѓанската војна?

Дали опцијата на воен отпор беше наша стратешка цел или на туѓинците, организирана преку идеолошките активисти (оперативци на стратешки задачи) со поданичка свест кои по полавек нè принудија да водиме конформабилна политика спрема извршителите на нашиот геноцидот?

НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТОЈ НОВ ПОРЕДОК КПГ СТАНА СЕМОЌЕН ГОСПОДАР, А ПОСЛЕДИЦИТЕ СТРАШНИ. ВО ТОЈ НОВ ПОРЕДОК, ВРЕДНОСТА СЕ МЕРЕШЕ СО ДАВАЊЕ ЖРТВИ И ВАЖЕШЕ ПАРОЛАТА: „ОЛА ГИА ТОН АГОНА – ОЛА ГИА ТИ НИКИ!“ (СÈ ЗА БОРБАТА – СÈ ЗА ПОБЕДАТА!).

Дали ние, како народ, преку таквата опција бевме интелектуално и воено политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет на Македонија под Грција и компактноста на македонското население по Втората светска војна?

На големите сили, по поделбата на сфери на влијание, ставот им беше: „Политика на статус кво“. Кога меѓународните државни граници на Грција и Југославија истовремено по Втората светска војна станаа и воени граници на двата табора?

Дали со таквата стратешка цел на НОФ не сме ја лоцирале војната (спрема измисленото сценарио на „Пекол и изгорена земја“) во регионот кој на туѓинците им беше како главна цел – етнички да го преуредат и да ја закрепат граничната линија на железната завеса помеѓу двата табора?

Ако во историјата нема „Ако било“, ами има „Како било“, тогаш и во тоа е нејзината врвна мудрост. Но, во оваа анализа можеби за оние „Чуварите“ на „Историјата за Егејците“, кои

уште велат, дека немаше друга алтернатива, остана едно, навистина сериозно и тешко прашање: „Ако би било“. Дали ако, од демократските сили на Грција, Граѓанската војна би била лоцирана во други делови на Грција, и се разбира да ја немаше претходница на НОФ раководена од КПМ/КПЈ, ќе ја доживеевме таквата масовност (принуда) и таквата катастрофа?

Прашањата се толку чувствителни и набиени со емоции, па дури и во овој миг кога ќе помислиме да му пристапиме со еден конструктивен став , кон тајните на црнилата од минатото, се соочуваме со жестока реакција на поединечни идеолошки активисти , кои и ден-денес се против секаква корекција на историјата, изигрувајќи ветерани низ туѓи војски грконосталгичари (Ворјасовци), а од сосема јасни цели, сега се декларираа како југословеноносталгичари и само тие знаат зошто... Можеби, сите овие противречија, најмногу се должат на тоа што нашата историја пишувана под цензурата на комитети за арбитража со историската вистина и по полавек не смогна да ги открие корените на злото и мрачните тајни на геноцидот наш и со тоа бевме одвлечени во некаква мистификација, односно цинизам, обмислен за истуркување на фактите во корист на дневната политика.

Од историјата знаеме, дека сите успешни или погубни војни, секој цивилизиран народ преку критичкиот суд на историјата има дадено историска оцена, па време е и македонската историографија да го разреши тој политички рубикон за да остави поука за иднината, бидејќи специфичната функција на историјата е токму истражувањето на тие причини. Ако земеме во оглед, дека ни една тема во Грција не беше толку релевантна во текот на столетието и остана толку жива, освен тоа како да се сотрат Македонците и присвои Македонија. Ние Македонците одамна требаше да си ги избришиме илузиите, дека некој друг ќе биде повеќе заинтересиран за нас и токму на тоа се должи успехот на елинизмот. На феноменот на нашите делби, неединство и поданичката свест. Дали нашата стратешка цел ја имаше истата функција

да стори сè за да не се напушти прадедовото огниште, оти тоа пред светот ќе биде и конечен документ за национален пораз. Сведочењата на настаните во триполгодишната Граѓанска војна ни ја потврдуваат старата вистина дека војната не беше никаква случајност, дека идеолошкото насилство, бруталните мобилизации над македонскиот народ, кој даде сè од себе, а за возврат да добие смрт на своите синови, доби прогонство и разурнување на своите огништа, да не може, сè до ден-денес да им запали свеќа на своите синови и браќа кои загинаа. Па зарем тоа, не е добросмислена политичка акција.

Политичката трагедија на НОФ. Дали во триполгодишната војна НОФ имаше своја автономна програмска цел или еволуираше спрема интересите на туѓинците и зошто? Во првиот период од 23 април 1945 година кога беше формирана и раководена од КПМ/КПЈ, до 21 ноември 1946 година, програмската цел ѝ беше: НОФ, да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. Ова е период кога дејствуваше надвор и независно од КПГ и беше раководена од КПМ/КПЈ (Види: Кирјазовски 1995/10). Нема сомнение, дека оптималната стретешка цел на НОФ(КПМ/КПЈ) им беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенародниот фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел ја прифативме како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само за неполни три месеци, овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: „Да го свртиме оружјето кон Солун“, односно: „На Солун, не на сремскиот фронт!?“. Тие македонски војници, беа немилосрдно казнети и ликвидирани. Тоа го направија против сопствената армија „Титова“, знаејќи ги последиците од поделбата на сфери, а сега по три месеци, од кој интерес го правеа спрема Македонците под Грција?

Ете зошто е апсурд во историјата, кога од една се оди во друга крајност и затоа е повеќе од јасно, дека формирањето на НОФ, беше уште една НОВА БАЛКАНСКА ЗАБЛУДА. Така

изабраната елита на НОФ, навистина уште во почетокот оствари завидни резултати, а тоа говори дека кај македонскиот човек беше допрено исконското национално чувство.

Ова покажува, дека веќе е створено локалното жариште на идната војна, но дали елитата на НОФ како македонски фактор можеше да се носи со барањата и целите на сенародното национално ослободително движење за обединета Македонија? Ќе можеше ли македонскиот субјективен фактор, сега по Втората светска војна, да се соочи со многуте сложни проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори?

Ќе беше ли во состојба да ги процени нивните сили, стратешките интереси и планови и врз основа на тоа да ја гради својата политика, стратегија и тактика? Но, се поставува прашањето: Зошто КПМ/КПЈ го охрабруваше се подлабокото воено ангажирање на НОФ во Грција, кога знаеше дека во тој период беше склучен договорот во Баркиза и со таа спогодба левите сили му ја имаа предадено власта на десницата. И, кога уште се знаеше и Московскиот договор меѓу Сталин и Черчил во октомври 1944 година, дека Грција подпадна под сферата на влијание на Велика Британиа и САД. Ние Македонците, можеби не знаевме за постоењето на политика на „статус кво“, но како можеле да не знаат КПМ, КПЈ и КПГ? Но, од друга страна зачудува изјавата на Маршалот Тито, дадена во Москва на „Њујорк Тајмс“ во која вели: „...Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци од Југославија, ќе ги почитуваме нивните желби...“. Но, како да се протолкува оваа изјава кога самиот Тито на средбата на 15 септември 1944 година во Белград, по меѓу него и Стериос Анастасијадис (член на ПБ на ЦК на КПГ) , Тито го изнесе следниот став: „Југославија нема никакви претензии кон Грчка Македонија и целата кампања (околу обединувањето) нема ништо заедничко со неговото мислење... Можете да му соопштите на грчкиот народ дека тој нема никакви претензии за грчка Македонија. Прашањата за границите

се меѓународни и не треба да се брза со поставувањето на тоа прашање.“

А еве што за ова вели историчарот д–р Иван Катарџиев во својот фељтон во „Н. М.“ од 1. 10 1994г. „Македонското национално движење и територијалниот интегритет“ – ГРЕШКИ ВО ПОСТАПКТА ЗА ОБЕДИНУВАЊЕТО: Сосема нереално беше да се бара обединување на другите делови на Македонија во рамките на Југославија, а вардарскиот дел да се прогласува за пиемонт на обединувањето. Во НОБ постојано е присутно прашањето за обединувањето, но дали поради отпорот пред сè од Англија можело да се направи нешто повеќе од тоа што е направено?”

Во ова катастрофално сценарио, злото да биде поголемо, сега македонскиот човек под Грција, од идеолошките активисти на сенародниот фронт е предупредуван: „Ако не си со нас, ти си фашист и против нас!“ Во тој матен временски период се преплетуваа новите и старите термини и доаѓаа во судир и нејаснотии. Тука беа и конфузиите околу обединувањето на Македонија, Балканска федерација, Конфедерација, Автономија и на крај за сецесија итн. Секако, сите тие контрадикции не беа само академски и терминолошки, зошто спротивното толкување не беше прашање на вистината, туку политичко средство за спекулирање или зачувување на идеолошката активност. Аргументите беа излишни пред таквата идеолошка бруталност на туѓинците. Лозинката „Лесно ќе биде...“ и навистина се случи со нас Македонците кога преку агитацијата на НОФ, ни се внесе како сопствен мит за воената сигурност и тоа исклучиво без вербалните ветувања и упорно неприфаќање на реалноста на мигот во кој живеевме. И ете зошто на проектантите на геноцидот им успеа стратегијата „ќе бие лесно со нас Македонците“. По ова, во поход против Македонците, со најголема жестокост беа ангажирани најцрните оружени банди и целокупниот десничарски печат и другите средства за информирање. Грчките обвинителства и истражните органи ги обвинуваат Македонците, дека тие

биле бандити, предавници, авантуристи, сецонисти и крипто фашисти. Грчката влада настојува потфатот на НОФ, АФЖ и НОМС да го озакони со цел да ги уништи Македонците, како физички, така и духовно да ги деградира преку донесените закони: 4124/45; 753/45; 453/45; 43/45; ТОД/45; Декретот Г/46 и други. Но, како што се гледа, дека сите овие закони се донесени пред да почне Граѓанската војна (31. 03. 1946 година е почеток на Г. војна).

ОД ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ, ИЗЛИТЕНИТЕ ИДЕАЛИ И СИНДРОМОТ НА МОЌТА, НА МАКЕДОНЕЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИМ ДОНЕСОА СКРБ, СТРАВ И ВЕЧНА РАЗДЕЛБА СО РОДНИОТ КРАЈ

Но, трагедијата е во тоа што политичките решнија се донесуваа во Белград и сè до денес историографите на КПМ/КПЈ, не преземат одговорност, сакаат да останат молчаливи, бидејќи исходот на настаните се покажаа дека формирањето на НОФ, беше најголема грешка во историјата и развојот на македонската нација и затоа е нејасен, необјаснив, премолчен и во корист на дневната политика, туркајќи го проблемот надвор од интересите на матичната историја на Македонците во некаква посебна филозофија на „Историја за Егејците“ во која националниот пораз го воспеваме како победа и се бранеше за овие 50 години со синдромот на моќта, а сета вина е посочена на членовите на НОФ. Зошто? Тоа уште еднаш потврдува, дека во историјата за Македонците под Грција, со политичка умисла запретани се уште многу тајни за извршениот геноцид и за навек напуштените огништа. Оти едноставно, не можам да сфатам како македонскиот проблем би можел да се реши со оружена сила. Вториот временски период на НОФ е од 21 ноември 1946 година, сè до 23 декември 1947 година кога се формира ПДВ (Привремената демократска влада) на Гр-

ција. Првото соочување со националниот пораз на НОФ. Овој временски период не претставува само гордо потклекнување на НОФ, туку и политичка трагедија. Сега настана една деликатна рамнотежа помеѓу НОФ и КПГ и КПЈ и се очекуваше само ефектот од големиот стап спрема НОФ од КПГ за ненаучената лекција. Зошто сега КПГ бараше суров закон против сите членови на НОФ? Што значи, за НОФ беше и поуката од КПЈ, спрема логиката: Ако една управа е создадена (наложена) од политиката, таа секогаш ќе биде слуга на политиката. Почна да се спроведува ригорозната политика која не признаваше противници и така стотина политички и паметни кадри се поминати низ чистилиштето како „Најголеми македонски синови“, а потоа фрлени како „Предавници на македонството“. Сурова правда. Сега КПГ, преку овие НОФИТИ, посака народот да го натерат да гледа како единствен и вистински претставник на Македонците е КПГ, а сите други се предавници, или помали Македонци и што е најважно да го натерат целокупниот народ да ја прифати одговорноста за да даде сѐ од себе, и за се поголем потик за локалната сцена на разулавениот ритам на огнот. За да по војната бидеме сите заслужни, никој не виновен, а всушност, сѐ беше поинаку, и проблемите се далеку повеќеслојни и посложени.

На 14 октомври 1946 година, меѓу КПМ/КПЈ и КПГ во Белград е постигната согласност за обединување на грчките демократски сили и силите на НОФ, односно за ставање на сенародниот фронт (НОФ) под непосредно раководство и контрола на КПГ. Спогодбата, наводно произлезе и ја наметнаа стратешките интереси и планови на Советскиот Сојуз и на Југославија што ги прифати раководството на КПГ. Присутни: Александар Ранковиќ; Милован Ѓилас, Лазар Колишевски, Цветко Узунов и Паскал Митровски. (Види: Кирјазовски 1995/204)

На 21 ноември 1946 година, спогодбата ја спроведоа преставниците на Југославија и Грција т. е на КПЈ (Иван Караиванов) и претставникот на КПГ и Јоанис Јоанидис) и со тоа про-

грамската цел на НОФ се смени и сега се прокламира дека ќе се бори во борбен сојуз со грчкиот народ и ќе се бори за спасување на македонскиот народ од физичкото уништување, односно за целите и задачите на КПГ. Но по таквото „Обединување“, не треба да се заборави дека за многу Македонци проработи и кадровската метла. По ова дојде и времето на неподобните и непожелните. Значи, со ова се потврди дека програмските цели на НОФ не беа автономни со македонски стратешки фактор, туку сме биле турнати во реализација на туѓи интереси, па тогаш се поставува прашањето: Со каква сигурност сме го повикувале народот на револуција како продолжение на нашиот светол Илинден? Дали таквата „Братска“ тактика на туѓинците имаше крајна цел македонското прашање да дојде до македонско-македонско предавство, односно катастрофален судир?Зошто предавство? Затоа што сега од Македонците беа создадени гркоснталгичари И југословенски носталгичари. Нè зедоа во игра од една страна КПГ и од друга КПЈ, а од трета жестоко нè прогонуваше атинскиот режим – легитимната власт на грчката држава. Значи, сега против Македонците беше вклучен комплет грчкиот етнички инжинеринг.

НОФ како елита формирана од КПМ/КПЈ, досега ја исполнуваше нивната програма, а од сега исклучиво ќе ја исполнува само програмата на КПГ, со која ќе ѝ ја обезбедува нејзината моќ, како на семоќен господар над Македонците. и совршено така стана. По извршените тотални мобилизации над Македонците, КПГ ја измисли категоријата „Одговорни за Славомакедонците“ и како сатисфакција сите членови на НОФ во редовите на ДАГ ги поставуваше за такви одговорни. Сега како основна задача од КПГ на НОФ ѝ беше наложено со приоритет; од Македонците да направи идеолошки војници за полесно да ги приклучи во катастрофалното сценарио на Граѓанската војна. Сега верноста на НОФИТИТЕ се мереше со (само)жртвувањето и важеше паролата: „Ола гиа тон аѓона, ола гиа ти ники!“(Сè за борбата – сè за слободата!).

Всушност, се покажа дека ролјите на НОФИТИТЕ биле изигрувани, а не играни. На НОФИТИТЕ им се чинеше дека играат јуначки ролји, тоа го пренесуваа и на обичниот човек кој сè до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца живееја со ист дух; да го негуваат македонскиот национален идентитет и да бидат единствени. Тој наш обичен човек, сега верувајќи на тие наши НОФИТИ во паролата: Сега е момент..., се покажа повеќе од херој, но на крај беше оставен по светот. Во „Името на народот!“, тој збор беше задолжителен дел од политичкиот вокабулар, мотив и алиби за многубројните идеолошки превирање и воени цели.

Третиот временски период на НОФ е кога по 23 декември 1947 година сè до ликвидацијата на ДАГ, кога НОФ ја прифати програмата на ПДВ (Привремена демократска влада) по националното прашање: „Признавање на целосна рамноправност на националните малцинства и на нивните слободни национални активности“ (Види: АЕ: 179/47).

НОФ потпирајќи се кон КПЈ или кон КПГ, напуштајќи ја едната или другата и безрезервно спроведувајќи ја нејзината политика, придонесе да ја изгуби својата самостојност. Трагајќи по таа нишка на судбината ни покажува колку била препуштена во туѓи раце на одредени личности, кои навистина низ целиот тој период ни ја пишуваа црната страница на црвената книшка, во отсуство на македонскиот фактор. Сага, КПГ измисли нов поредок, своја филозофија за сите НОФИТИ: „... засега треба да се успие нивната будност, да се појави грижа и внимание спрема нив...“ Сето тоа се правеше со умисла преку колективното замолчување на свеста на Македонците. Стратешки беше отстранувано тимското ангажирање на колективниот ум и уништуван преку манипулациите, што значи Граѓанската војна беше прерасната во полигон на кој од една страна големите сили си ги одмеруваа силите и оружјето, а комунистичките партии своите идеологии над обичниот голорак македонски човек.

Овој долг период на неизвесност, претставуваше еден облик на ПОСТОЈАНО ИСЦРПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ СÈ ДО НАЈБРУТАЛНИОТ ЧИН СО ОДЗЕМАЊЕ НА МАЛИТЕ ДЕЦА ШТО И ДЕНЕС ОСТАВИ ЛУЗНИ ВРЗ МЛАДОСТА НИВНА. Тоа беше катастрофичен национален чин, со што конечно беше обезмакедончена Македонија под Грција. Вистинската вина пред историјата треба да ја носиме во поголемата мера само ние, Македонците!

Таквото сеќавање на вистината, од ова кривулкање низ нашето паметење низ измешаната историја, главната причина за нашата судбина треба да ја бараме во нас, што ние Македонците не се организиравме и не се изборивме да го задржиме нашето опстојување како интегрален дел во грчката држава и тоа требаше да ни биде единствена алтернатива.

Ако од нашите предци низ историјата беше кондензирана максимата: „Свиткај ме, но нема да ме скршиш!“ и го издржаа турското ропство, ние под туѓите пропаганди во Граѓанската војна ја прифативме како начело, никаде и никогаш неприменетата максима во националната историја: „Скрши ме, но нема повеќе да ме виткаш!“, си го изгубивме огништето со годото (само)жртвување, но и останавивме документ за национален пораз, оти денеска не е случајност дека политиката калкулира со таквите реални состојби, па дури и за името. Но, ако сакаме да резимираме за животот и борбата во служба на КПЈ И КПГ, од бегството по Граѓанската војана, за нашата „гордост“ не стоеше ни нацијата, ни политиката, ни идеологијата, тоа беше бегство од смртта. По ликвидацијата на ДАГ од КПГ и од генералите „наши“ добивме билет во една насока и тоа само ние Македонците. Па зарем тоа не беше обмислена политичка акција за да нè остават по светот, а тие да се вратат на своите огништа. Зошто тие генерали (Гусиас, Маркос, Вландас и др.) кои нè водеа во битките за освојување на Лерин, Воден, Соботско, Негуш, Грамос итн., не нè вратија, да нè претстават какви што нè познаваа и нè фалеа на бојното поле?

Денес, секој воин на ДАГ си ги поставува прашањата: Која комунистичка партија на светот, тоа го направи со своите членови што гинеа за нејзините цели?

Кои генерали ја оставија армијата по светот, а тие се вратија како херои?

Зошто и ден-денес наследниците на КПГ, се плашат да му ја кажат вистината на грчкиот народ, историјата на ДАГ, таква каква што беше, и која претставуваше еден историски непобитен идентитет за Македонците во Грција?

Оваа истражувачка студија, не сакам да се сфати како судски процес пред историјата, но тоа е документ за горчливиот вкус на полавековното идеолошко робување. Таа лекција многумина ја научија, но многумина и не ја научија и сè уште многу инфантилни Ворјасовци не ја разбират.

Верувам, дека овие две мои книги: „(Само)жртвувањето на Македонците под Грција“ и „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција“ се можност да бидат скромен прилог кај следните генерации да се создаде сопствен и колку е можен поразумен суд за Македонците под Грција, за да и тие луѓе се најдат во интегралната историја на македонскиот народ. Без да имам особени научни претензии, моето истражување е засновано врз еден стремеж да им се каже на младите луѓе вистината за Македонците под Грција. Оти ние Македонците (во отсуство на интегралниот фактор) дозволивме во Граѓанската војна (1945 – 1949) да доживееме сила врз сила од КПГ и КПЈ и со тоа ја обезмакедончивме Македонија под Грција. Ние! Ние, Македонците дозволивме да бидеме: Еден голем дел жртви: Еден дел извршители (под туѓи идеолошки замки) и најголемиот дел (гледано интегрално од целокупната етничка Македонија) полавековни набљудувачи: за народот што ни се ретчи и просторот што ни се тесни.

На крајот од овоа иследување, сакам да кажам дека ги почитував аргументите и не сакав да ја измислувам историјата. Сакав само да ја изразам длабочината на трагедијата на Македонците под Грција, која уште се држи во тајност.

ФАКТ БР. 1

На 5 мај 1949 година, Ф. Меклеан, се сретна со Тито во Белград. Маклеан по директива на британската влада побара од Тито гаранции за еден решителен пресврт на Југославија спрема ДАГ, со возврат доделување на економска помош од западните земји. Тито на Маклеан му признал дека Југославија во минатото ја помагала ДАГ, но, потенцирал дека ситуацијата веќе е променета. Сепак, не може да откаже давање азил на бегалците од Грција, на кои сега не им дозволувал да се вратат во своите формации. Тито се обрврзал дека во иднина на ниеден Грк бегалец нема да му се дозволи повторно да стапи во редовите на ДАГ и нема да им дава помош на партизаните. Тито побарал од Меклеан да не биде обелоденета оваа негова обврска, бидејќи такво нешто многу ќе ги изложи Британците да го одржат ветувањето, информирајќи ги само Американците. (Ф. Меклеан бил шеф на Британската воена мисија во ВШ на НОВ И ПОЈ)

ФАКТ . БР. 2

ОФИЦИЈАЛНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НОФ ЗА АГЕНТУРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СО ТОА НИ ЈА СТАВИЈА ЈАМКАТА во една пештера меѓу селата Орово и Нивици, Преспа, во реонот „„Африка“, на состанокот кој го отворил генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис. Тој меѓу другото, на 20. 06. 1949 година, на состанокот го потврдил следното: „... НОФ е агентурска организација која ја пречеше реализацијата на линијата на КПГ и со тоа му нанесе штети и непријатности на демократското движење во земјата. Во земјата Македонија дејствуваа и имаа корени трите агентури: на ОЗНА, на ЈА и на Колишевски, која ги контролира првите две агентури. Сите агенти на југословенските известителни служби даваа писмени обврски дека доследно ќе ја извршуваат агентурската работа...

„Кој сака да зборува?“ прашал Захаријадис.

Молк! НОФИТИТЕ И АФЕЖИТКИТЕ тргнаа за СИБИР.

А за Захаријдис веќе беше донесено решение од воениот колегиум при Врховиот суд на СССР за сместување во затворот СУРГУН. И таму се обесил...

ПРВА РЕЦЕНЗИЈА

Со изострено чувство за селективност на одредени настани, личности и процеси, авторот на романот „Новела за талкачите“ Стојан Кочов, отворено и смело говори за идеалите и заблудите на нашите борци, раководени од други влади и туѓи команди во Граѓанската војна во Грција. На страниците од ова возбудливо дело на показ избива превласта на Македонецот над Македонецот, а во тој контекст кулминира националната погибија. Личноста на Павле Раковски олицетворена во името на Добрин Сувогорски, зазема средишно место во книгава. Неговата животна врвица е отсликана верно, почнувајќи од младешкиот идеал искажан во виорот на војната, па сè до преживеаните трауми во заданите во Русија, но и во „слободата“ во родната Македонија. Заедно со своето семејство минува низ Сцили и Харидби, дочекувајќи ја смртта, рехабилитацијата од власта, а, апсурдот да биде поголем, по смртта доживува рехабилитација и од своите „верни“ соборци и другари.

„Талкачи“ е потресна приказна, за љубовта и занесот кон светите идеали за Таковината.

Раде Силјан

ВТОРА РЕЦЕНЗИЈА

Делото *Новела за ѿалкачиѿе* претставува извонреден спој на историски настани и лични судбини, спој кој почитуваниот автор Стојан Кочов на виртуозен и само нему својствен начин успеал да го преточи во една целина. Стојан Кочов е еден од ретките хроничари и толкувачи на настаните кои се случуваа во егејскиот дел на Македонија во текот на Граѓанската војна и последиците кои следуваа по таа временска рамка. И доблесно е да се потенцира дека Кочов е херој на нашето време бидејќи тој, преку пишаниот збор, постојано им пркоси на заборавот и на лажните сведоштва. Ова го пишувам имајќи го предвид фактот дека кога многумина молчеа Кочов и неговите дела беа авангардата која ни ја овозможуваше средбата со вистината, без оглед на тоа каков облик имаше таа.

Неговите ликови и настаните низ кои тие ликови минуваат истовремено се сурово реални и реално сурови. Авторот, низ призмата на можноста да се патува низ времето, стил кој е негова карактеристика и е постојано присутен во неговите дела, ни овозможува да се вратиме во времето и просторот и да се соочиме со премрежињата на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

На ова место се присутни лажни поборници за основните човекови права на Македонецот, како и оние кои потојано се залагаа за компромис. Само малкумина ја увидоа опасноста од компромиси и епилогот од тоа сценарио, бидејќи историјата нè научи дека секој компромис во кој се бара учество на Македонецот е како ненаситен ѕвер кој ја пие македонската крв. И треба да учиме од минатото, токму од трудовите како овој на почитуваниот Кочов, дека секогаш кога македонскиот народ бараше да биде еднаков со другите, да биде свој на своето, македонските жртви никогаш не беа оставени да

почиваат во мир, туку постојано изникнуваа мародери, оние кои се движат помеѓу мртвите тела на бојното поле и истите ги ограбуваат. Понекогаш тие мародери ги ограбуваа малубројните вредни предмети на паднатите Македонци, многу почесто им ја ограбуваа славата и жртвата.

Е токму заради погоре наведеното *Новела за ѿалкачиѿе* е извонреден труд. Бидејќи во него нема компромиси, затоа што авторот храбро се соочува со тегобите на минатото и ни ги пренесува.

Ова е дело за малкумина знајни и многуминатa незнајни, за оние кои немаа име и презиме, за оние кои се викаа меѓусебно другари. И како соборците кои беа другари одеднаш станаа другари иследници, другари кои се сомневаа во доскорешните соборци. Основната цел на овој труд е да придонесе во пренесувањето на вистината од генерација на генерација, да претставува еден патоказ за сегашните и идните генерации кои се движат кон иднината, кои со себе го носат заветот да не го забораваат минатото.

Со ѿочиѿ,
ѿроф. д-р Теон Џинѓов

БЕЛЕШКА ЗА ИЗВОРИТЕ

Целосен и многу опширен список на литературата што е користена при пишувањето на книгава можете да ја најдете на веб страницата на авторот.

http://kochovstojan@yahoo. com

БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ
СТОЈАН КОЧОВ

Стојан Кочов е роден во 1930 година во селото Турје, Леринско. Во годините на Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949) е активен учесник во единиците на ДАГ сè до капитулацијата на ДАГ. Од 1950 до 1957 година живее и се школува во СССР, сè до своето враќање во Р Македонија во 1957 година. Дипломирал на белградскиот универзитет. Живее во Скопје.

Автор е на делата:

1. СРЕДБА&раскази „Студентски збор“ – Скопје, 1989;
2. ЕДНА МРТВА ВОЈСКА – поезија „Македонска книга“ – Скопје, 1992;
3. (САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА – критички огледи „Матица македонска“ – Скопје, 1994.
4. МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА – ПОЕЗИЈА – „Македонско сонце“ – Скопје, 1996.
5. ЃОРЃИ ПЕЈКОВ – МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ (1945 – 1949) – Монографија – „Академик“ – Скопје, 1996.
6. ТАЛКАЧИ – роман, „Матица македонска“, Скопје, 1997;

7. НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС – роман „Матица македонска“, Скопје, 1998
8. КАЗНА БЕЗ ВИНА – роман „Матица македонска“, Скопје, 2001
9. ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА – раскази „Огледало“, Скопје, 1998
10. ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА – критички огледи. „Матица македонска“, Скопје, 2000
11. ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА – критички огледи, „Матица македонска“, Скопје, 2002.
12. КОБА И ГНЕВ – Раскази „Менора“,Скопје, 2010.
13. ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН – роман „Детска радост“, Скопје, 2001
14. БАЛКАНСКА САГА – роман „Макавеј“ – Скопје, 2004.
15. БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ – Историски критички огледи „Матица македонска“, Скопје, 2004
16. ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ – роман „Современост“, Скопје, 2006
17. МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ПЕКОЛОТ НА ЦРВЕНОТО ГУБИЛИШТЕ – Историски критички огледи „Матица македонска“ Скопје, 2007.
18. ВОИНОТ И МАРГАРИТА – Роман „Матица македонска“, 2008.
19. ЈАМКА – роман „Матица македонска“, Скопје, 2009.
20. ВРАЌАЊЕТО НА ПОТОМЦИТЕ – роман „Менора“, Скопје, 2009.
21. ГЛАСОТ НА ТАЛКАЧИТЕ – Поезија, 2009
22. ЕДНОВЕКОВНО МОЛЧЕЊЕ – роман, 2011.
23. ТАЛКАЧИ (НОВЕЛА ЗА ТАЛКАЧИТЕ) ЗА ПУСТИНАТА КОЈА ВЛАДЕЕ СЕГА ВО РОДНИОТ ЕГЕЈ И ЗА ИЗГУБЕНИТЕ ИЛУЗИИ НА ТАЛКАЧИТЕ НИЗ ВИОРОТ НА СУДБИНАТА ВО ГОДИНИТЕ НА Г. ВОЈНА (1945 – 1949)